# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

Издавач:
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Адреса на Редакцијата:
Министерство за одбрана
Списание „СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“
ул. „Орце Николов“ бб 1000 Скопје
Телефони: 442-302 и 447-547
Списанието излегува два пати годишно.
Цената на еден примерок е 70 денари.
Претплата за 2001 година изнесува 140 денари (плус поштенски трошоци).
Претплата за странство е двојно поголема (плус поштенски трошоци).

# СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА

ТЕОРЕТСКО СПИСАНИЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РМ

***ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ***
*Ѓорѓи* ХРИСТОВСКИ, **претседател**
*Параскева* ЧАТМОВА
*Зехедин* ТУШИ, генерал-мајор
*Ѓорѓи* ТРЕНДАФИЛОВ
*Сашо* МИЈАЛКОВ
проф. д-р *Стојче* ДЕСКОВСКИ, полковник
*Васил* ДИЧЕВСКИ
проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
проф д-р *Љупчо* АЈДИНСКИ
проф. д-р *Билјана* ВАНКОВСКА
проф. д-р *Ратко* НАЧЕВСКИ
*Никола* КОСТЕСКИ, потполковник
проф. д-р *Анастас* ЛАКОСКИ
*Панде* ПЕТРОВСКИ, генерал-потполковник
доц. д-р *Росе* СМИЛЕСКИ, полковник
доц. д-р *Ванче* СТОЈЧЕВ, мајор

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
доц. д-р *Сокле* КОЧОСКИ, полковник
проф. д-р *Митко* КОТОВЧЕВСКИ
проф. д-р *Зоран* НАЦЕВ
доц. д-р *Росе* СМИЛЕСКИ, полковник
ас. *Оливер* БАКРЕСКИ
*Добре* ТРАЈАНОВСКИ, мајор

Главен и одговорен уредник: проф. д-р *Трајан* ГОЦЕВСКИ
Заменик главен уредник: доц. д-р *Сокле* КОЧОСКИ, полковник
Технички уредник: *Сашо* ИВАНОВ
Ликовно решение на корица: *Кочо* ФИДАНОВСКИ
Лектор *Ксенија* МИТЕВА

Печат: „НАМ“ Скопје

Сите права се резервирани
Се забранува репродуцирање на публикацијата и нејзините делови, како и нивно трансформирање во разни медиуми: електронски, магнетни ленти, механичко фотокопирање, снимање и друго, без писмено одобрение на издавачот и авторите.

All rights reserved
No part of this publication may be reproduced, stored in a retrieval system or transmitted in any form or by any means: electronic, electrostatic, magnetic tape, mechanical photocopying, recording or othewise, without permission in writing from the publisher and authors.

Според Мислењето на Министерството за култура бр. 07-7144/2 од 27. 12. 1999 година, за списанието „СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА“ се плаќа повластена даночна стапка.

# СОДРЖИНА

## 1 *Општо теоретски, доктринарно-стратегиски и други теми од областа на одбраната*

Антон БЕБЛЕР
**БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА НА ПРЕМИНОТ НА МИЛЕНИУМОТ** ..... 7
Трајан ГОЦЕВСКИ
**БАЛКАНОТ И КРИЗИТЕ** ..... 21
Стојан КУЗЕВ
**ОД КОНЦЕПТ И ДОКТРИНА, ПРЕКУ СТРАТЕГИЈА, ДО ОПЕРАТИКА И ТАКТИКА** ..... 31
Марина МИТРЕВСКА
**КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ НА НАТО** ..... 47
Темелко РИСТЕСКИ
**ЦИВИЛНАТА КОНТРОЛА НАД ВОЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ** ..... 57

## 2 *Геополитички, геостратегиски, военополитички и теми од меѓународен ангажман во областа на одбраната*

Билјана ВАНКОВСКА
**МАКЕДОНИЈА ПОМЕЃУ ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ФРАГМЕНТАЦИЈАТА** ..... 69
Радко НАЧЕВСКИ
**ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА - СУПРАНАЦИОНАЛЕН СТРАТЕГИСКИ КОНТЕКСТ НА ПРАГОТ НА 21 ВЕК**
**- политичка димензија-** ..... 83
Зоран НАЦЕВ
**БЕЗБЕДНОСТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА** ..... 93
Ванче СТОЈЧЕВ
**БУКУРЕШКИОТ МИРОВЕН ДОГОВОР И ПОДЕЛБАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1913 ГОДИНА** ..... 99
Тони МИЛЕСКИ
**ТЕРИТОРИЈАЛНИОТ ИМПЕРАТИВ - ФАКТОР КОЈ ВЛИЈАЕ НА СТАБИЛНОСТА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА** ..... 113

## 3 *Техничко-технолошки достигнувања, вооружување и опрема*


Стојче ДЕСКОВСКИ, Росе СМИЛЕСКИ и Славко АНГЕЛЕВСКИ

**КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДЕЈСТВОТО ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ТКИВО НА ПОЕДИНЕЧНИ ВИДОВИ ПРОЕКТИЛИ И ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ МЕТОДИ ЗА НИВНО ИСПИТУВАЊЕ** ........ 125

Сокле КОЧОСКИ

**ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА СТРУЧНО-СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ОБУКА НА ЛОГИСТИЧКИТЕ СПЕЦИЈАЛНОСТИ** ........ 147

Илија ГЛИГОРОВ

**ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО МИРНОВРЕМЕНСКИ И ВОНРЕДНИ УСЛОВИ** ........ 155

Оливер БАКРЕСКИ

**ВОЕНОИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС** ........ 173

Зоран ИВАНОВСКИ

**ВОЕНА ЛОГИСТИКА, ЛЕКЦИИ НАУЧЕНИ ОД ИСТОРИЈАТА И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ИДНИНАТА** ........ 191


## 4 *Други рубрики од областа на безбедноста, одбраната и заштитата*


Митко КОТОВЧЕВСКИ

**РАЗУЗНАВАЧКО – БЕЗБЕДНОСНАТА ЗАЕДНИЦА НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА** ........ 199

Ванчо КЕНКОВ

**ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО НОВАТА ДРЖАВА ОД ГРАЃАНСКИ ТИП И ПРОМЕНИТЕ ВО ОДБРАНБЕНО-ЗАШТИТНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА** ...213

Милош ЗМЕЈКОВСКИ

**ВОДАТА КАКО ИЗВОР НА КОНФЛИКТИ** ........ 225


## 5 *Прикази на книги, стручни трудови и др . од областа на одбраната*


Кирил ТЕМКОВ

**ИСКЛУЧИТЕЛНО ВАЖНА КНИГА ЗА ИСТОРИЈАТА И ОДБРАНАТА** .... 235

Ванчо КЕНКОВ

**ПРИКАЗ – НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА I, II и III дел (д-р Митко Котовчевски)** ........ 243

# БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА НА ПРЕМИНОТ НА МИЛЕНИУМОТ

**Антон БЕБЛЕР**
Факултет за општествени науки, Универзитет во Љубљана, Р.Словенија

**Абстракт:** *Во фокусот на текстот се става евалуацијата на промените во подрачјето на Југоисточна Европа, и нивниот импакт на безбедноста како на индивиудуалните држави, така и на регионот како и целост, но и пошироко на Европската безбедност. Истражувањето е всушност обид да се направи пресек на историските, географските и политичките карактеристики на Балканот, да се евалуираат движењата и тенденциите, и да се предочат безбедносните предизвици за милениумот кој тукушто настапува. Безбедносните закани се, во таа смисла, категоризирани, а исто така се посочени и актерите кои можат да придонесат за успешно справување со потенцијалните и/или акутните безбедносни проблеми и конфликти со кои се соочува регионот. Централната точка на трудот е лоцирање на т.н. научени лекции од изминатата декада откако започна распадот на поранешна Југославија, со цел во иднина и локалните, и регионалните, но и меѓународните фактори поуспешно да ја изведуваат својата мисија на конфликтен менаџмент.*

**Клучни зборови:** *безбедност, Југоисточна Европа, конфликт, меѓународна заедница*

**Abstract:** *The main focus of this article is on the evaluation of the developments and changes that have been going on in the region of Southeast Europe, as well as on their impact on the security of individual states, the region as a whole, but also on the European security. The article attempts at making a general overview on the historical, geopolitical, and other characteristics of the Balkans in order to make an assessment of the current developments and tendencies. Furthuremore, it also points out the possible future security challenges in the forthcoming millennium. The author categorizes the security concerns and identifies the security agents who should contribute to successful handling with the potential and/or acute security problems and conflicts in the region. The focal point of the article are the so-called 'lessons learnt' in the past decade since Yugoslavia's breakdown with a sole aim to suggest better conflict management efforts from all parties concerned and involved.*

**Key words:** *security, Southeast Europe, conflict, international community*

## 1. Општ преглед на Југоисточна Европа

Југоисточна Европа (ЈИЕ) во последните два века го доби приматот на највознемирувачки и најпроблематичен дел од европскиот континент. Востанија,

револуции, герилски војувања, масовно протерување и истребување на населението, тероризам и други форми на насилство, локално војување и коалициони војни со континентални импликации го уништија периодот на релативен мир речиси во постојани интервали од 1804 па натаму. Само во 20-от век војните и другите воени операции од пошироки размери се случија во 1912-1913, 1914-1918, 1934-1938, 1941-1945, 1947-1948, 1956, 1975 и 1991-1995. ЈИЕ повторно стана место на крваво насилство на преминот на 21-от век, во 1999. Брзото влошување на безбедносната ситуација во регионот во голема мера беше поттиканато од други позитивни настани - крајот на Студената војна, распаѓањето на авторитарните комунистички режими, преминот во демократските политички системи и пазарната економија.

Денес, привидниот мир е наметнат однадвор, преку енергични воени интервенции од Западот, воспоставување меѓународни воени и безбедносни протекторати во делови од регионот, како и стационирање мировни трупи, меѓународна полиција, вооружени и невооружени странски набљудувачи на најпроблематичните места во ЈИЕ. Прикривањето на вооружената воена состојба сепак не придонесе за реален и траен мир. Така, безбедноста во регионот сè уште останува несигурна.

Целосната состојба во овој дел на Европа на преминот на милениумот може да се опише како комбинација на долготрајни извори на тензии и конфликти со грижите на динамичната промена која го потресе регионот во доцните 80-ти години. Промената влијаеше на сите поранешни источноевропски комунистички држави и поранешната суперсила СССР. Распаѓањето на советската доминација, контролата и/или влијанието во делови од ЈИЕ доведе до крај на комунистичките авторитарни режими и до последователна трансформација на политичкиот, социјалниот и на економскиот поредок во повеќето држави од регионот. Овие тектонски промени, кризата на неутралност, и неприклучување доведе до преструктуирање во рамките на ЈИЕ, а исто така и во регионалните односи со надворешните сили. Завршувањето на Студената војна и политичкото и воeното ривалство помеѓу Истокот и Западот имаше безбедносни позитивни и негативни последици.

За Источна Европа и нејзиниот јужен дел позитивните промени се состојат во:

• големо намалување или можеби целосно отстранување на заканата од нуклеарно, хемиско и биолошко оружје и исто така отстранување во голема мера на внатрешнодржавното конвенционално војување во централна, источна и југоисточна Европа;

• многу значителни или драстични намалувања практично на сите елементи на воена моќ во регионот (човечка вооружена сила, инвентарите на тешко оружје, воеnото индустриско производство, трговијата со оружје итн.);

• повлекување на советските трупи од регионот;

• општа демократизација на политичкиот поредок и на цивилно-воените односи во регионот;

• напредок во разрешување на бројни конфликтни прашања во регионот во врска со оспорените граници, националните, етничките и религиозните малцинства;

• зголемено учество на државите од регионот во кооперативни и мировни активности во ЈИЕ и во други делови на светот.

Од друга страна тектонските геополитички промени од доцните 80-ти години доведоа до бројни јасно негативни феномени:

• појава на национализам, ксенофобија, нетрпеливост како и повторно појавување на претходно потиснатите расцепи и конфликти;

• неколку појавувања на масовно вооружено насилство; масовни репресии, прогонувања и протерување на националните, етничките и религиозните малцинства; неколку милиони бегалци и раселени лица; масовно уништување на покуќнината, економските ресурси, културни споменици, јавни установи итн.;

• нарушување на економските активности и движење на лица и стока предизвикана од вооружени конфликти и меѓународни санкции;

• значителни, драстични падови во нивото на индустриското производство, меѓурегионална трговија, висок пораст на невработеност и сиромаштија како резултат на системските промени, распаѓањето на претходно постоечките модели на економска соработка во рамките на источниот комунистички блок, во и со поранешен СССР;

• интензивирање на неколку видови на невоени закани на националната и регионалната безбедност (корупција, организиран криминал, илегална трговија со оружје, дрога, луѓе итн.).

Вооружено насилство и уништување од различен интензитет се случи помеѓу 1989 и 1999 на територијата на поранешна СФРЈ и во многу помала мера во Романија и Молдавија. Најпогодени делови беа Косово, Босна и Херцеговина, Хрватска и Србија. Оваа просторна дистрибуција на вооружено насилство влијаеше врз единствената етничка, религиозна и културна композиција и политичката структура на Југоисточна Европа.

Исто така имаше важни промени во геополитичкиот модел на регионот. Ова беше проследено со распаѓање на Варшавскиот пакт и на две мултинационални "социјалистички федерации" - Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на СССР. Како резултат на тоа се дуплираше вкупниот број на меѓународно признати држави и на посебни парови државни ентитети. Наместо седумте претходно постоечки држави (две членки на НАТО, три членки на Варшавскиот пакт и две неврзани / изолирани држави) ние денес се соочуваме со дванаесет признати држави и најмалку четири други ентитети со различни

статуси. Помалите ентитети кои произлегоа од распаѓањето на поголеми држави се во голема мера помалку хетерогени отколку претходните држави од етничко, религиозно и национално гледиште. Потенцијалот за понатамошно политичко цепкање на регионот не е исцрпено, и покрај јасно негативниот став кој беше искажан од страна на големите сили и меѓународните организации. Оваа опасност е присутна денес во СРЈ, во Македонија и исто така во Косово. Бројот на реални или потенцијални конфликтни парови на држави значително се зголеми како и мноштвото на внатрешни извори на конфликти. Сето ова го компензира опаѓањето на претходно постоечкиот конфликтен потенцијал помеѓу државите кои им припаѓаа на различен и конкурентен политичко-идеолошки поредок и на два воено-политички блока. Така, Југоисточна Европа докажа дека е многу повеќе нестабилна и осетлива на промените во односите помеѓу големите сили отколку северниот дел од поранешна Источна Европа. Во оваа и некоја друга смисла ЈИЕ беше слична или аналогна во структурата на геополитичката линија која се протегаше од Турција па дури до Кина.

З. Бжезински го нарекува овој појас на сегашност и идна нестабилност "азиски Балкан".

Бидејќи со векови ЈИЕ беше поделена помеѓу неколку империи, таа никогаш не станала кохерентен регион во културна, економска и политичка смисла. Веројатно политичкиот неутрален термин "Југо-источна Европа" почна да се користи во современата дипломатија како замена и еуфемизам за друг поим, кој стана негативно проценет во минатиот век. Кои држави припаѓаат на Југоисточна Европа, а кои на нејзиното најпроблематично јадро наречено Балкан е дискутабилно, посебно кога станува збор за нејзините западни и северни граници. Еден од неодамнешните политички тестови беше реализиран од т.н. "Југо-Источна европска иницијатива за соработка" (SECI) спонзорирана од САД во 1995. Во таа пригода Унгарија, Словенија и Србија искажаа значителна воздржаност да бидат вклучени во шемата, додека Романија и Молдавија бескомпромисно ја прифатија поканата. Четирите горе споменати држави (Словенија, Унгарија, Романија и Молдавија) ги претставуваат северните граници на регионот. За југот и југоистокот, регионот ги опфаќа европскиот дел од Турција, континенталниот и островскиот дел од Грција, и логично исто така би требало да го вклучува и Кипар.

## 2. Посебноста на Балканот

Безбедносните проблеми на Југоисточна Европа во голема мера се концентрирани или директно поврзани со областа наречена Балкан. Како што споменавме порано овие два изрази не се еднозначни. Југо-источна Европа е поширок поим кој неодамна беше креиран од западните сили и претставува интересна политичка димензија како додаток на географската содржина.

Всушност од чисто географска гледна точка ЈИЕ треба исто така да ги содржи Украина и јужно-европскиот дел од Руската Федерација кој се протега помеѓу Украина, Казахстан и Киргисан. Сепак Западот претпочиташе да ги задржи Украина и Русија во поинаква категорија на држави. Концептот на Балканот, од друга страна, уште од неговата прва употреба пред околу три векови имаше специфично, самостојно политичко и културно значење. Негови изумители биле германски географи кои го употребиле турскиот збор "балкан" (планина) за да ги означат европските поседи на Отоманската Империја. Оттогаш терминот "Балкан" тесно се поврзува со политичкиот и со културниот белег добиен од петвековното турско владеење во областа на југоисток од Австриската Империја од осумнаесеттиот век. Историски гледано тоа е област на инвазии, борби на регионалните сили и масовни миграции. Како резултат на тоа Балканот стана жив етнографски музеј. Веќе неколку века тоа е најхетерогениот дел од европскиот континент на километар квадратен во етничка, религиозна и од неодамна национална смисла. Тоа кажува дека жителите немале заедничко вродено име за областа и подоцна го прифатиле германскиот изум, иако тој беше заснован на погрешна географска претстава. Недостатокот на регионален фокус и кохезија значително придонесе за конфликтите помеѓу етничките, религиозните и националните групи, помеѓу регионалните сили, парадржавите и новоформираните држави, еднаш кога процесот на деколонизација (и пацијална демократизација) го зафати Балканот во деведесеттите години од дваесеттиот век. Овие повремени судири му ја обезбедија на Балканот добро заработената репутација на европско "буре барут". Внатрешната слабост и збрканост на Балканот како и постојаните несогласувања помеѓу нејзините владетели го направија регионот во дваесеттиот век, лесен плен за регионалните империјалистички и експанзионистички сили - Австрија, Унгарија, Русија, Германија, Италија и Советскиот Сојуз.

Крајот на конфронтацијата Исток-Запад во последната декада на дваесеттиот век доведе до геополитичка промена од големи размери. Со смртта на Варшавскиот пакт, Балканот престана да биде објект на жестоки натпреварувања за политичка и за воена контрола или доминација на надворешните империјалистички сили. Областа ја изгуби претходната геостратегиска важност. Бидејќи исто така му недостасуваат минерални, енергетски или други ресурси, клучни за светската економија, постои веројатност дека регионалните извори на конфликт во, околу и за Балканот значително се намалени или целосно елиминирани. Оваа состојба, според мое мислење, ќе преовладува најмалку неколкуте следни децении. Другата страна од истиот состав или управување покажа значително намален интерес на големите сили да обезбедат финансиска и воена помош за режимите во регионот. Исто така квалитетот и мотивите на овој интерес претрпеа фундаментална промена.

Првенствениот интерес на Западот стана да го содржи и ако има потреба, директно или индиректно да ги контролира географски најблиските извори на нестабилност кои ѝ се закануваат на областа на ЕУ и исто така на кохезијата во Евроатланската заедница.

Движењата после Студената војна на светската сцена во основа ги намалија реалните регионални воени закани за Југоисточна Европа. Од друга страна драмата на босанските Муслимани и косовските Албанци ги обновија или зајакнаа политичките, економските и културните врски на Босна и Херцеговина и во полмала мера исто така на Косово со исламскиот свет. Турското економско присуство порасна и во некои други земји на ЈИЕ. Исто така, можеби и од други причини идните конфликти надвор од регионот (пр. во CIS областа, околу Каспиското Море и на Блискиот Исток)) би можеле индиректно да влијаат на балканската безбедност. Може исто така да се шпекулира за идните воени предизвици кои би произлегле од ширењето на технологиите и способностите за користењето на оружје за масовно уништување. Најкарактеристично е зголемувањето на способностите за производство на хемиско оружје и проектили со среден дострел кои веќе стигнаа на Блискиот Исток и во Северна Африка. Оваа посебна комбинација на воени способности во иднина може да стане опасен инструмент на закани и уцена поврзана исто така со ЈИЕ. Понатаму, степенот на невоени закани надвор од регионот драматично се зголеми. Технолошкиот развој и процесите на глобализација ја изложија Југоисточна Европа на нови ризици на социјална и на еколошка нестабилност. Југоисточна Европа на пример, имаше закана од влегувањето на нелегални економски емигранти од азискиот дел на Турција, Ирак, Иран, Авганистан, Шри Ланка, Бангладеш, Кина како и од некои афрички замји. Управувани од организиран криминал овие бранови на емигранти всушност се обидоа да стигнат во областа на ЕУ преку ЈИЕ. Друга реална закана претставува значително зголемениот прилив на дроги за интерно конзумирање во регионот и испорачување на Запад.

Драматичната промена, војните и другите процеси уште од доцните 80-ти години предизвикаа голема економска дислокација и штета на регионот. Значителните падови во индустриското (и во помала мера земјоделското) производство и во БНД, во некои земји ги зголемија разликите помеѓу најмногу и најмалку развиените земји во ЈИЕ. Денес Грција, Словенија и Кипар ја сочинуваат горната скала на БНД по жител, додека Косово, Србија и Албанија се на дното. Разликите во просечната плата и степенот на невработеност во регионот се зголемија за десет пати па дури и повеќе. Такви разлики долж границите во истиот регион неизбежно ја хранат социјалната нестабилност и политичкиот немир посебно ако тие се зголемени од страна на современите јавни медиуми како и изманипулирани и експлоатирани од страна на безмилосните политичари. Трауматичната историја на регионот служи како

моќно оружје за масовна мобилизација зад националистичките, религиозните и ксенофобични слогани. Длабоките економски и социјални корени на политичка нестабилност исто така придонесуваат за континуитетот со негативни карактеристики од балканското минато.

Потенцијалот за ослободување на вооруженото насилство и негово експлоатирање за политички цели се рефлектира во квантитетот и квалитетот на резервите на оружје и муниција, на домашното производство на оружје и увозот на оружје во ЈИЕ од други региони. Вкупното ниво на вооруженост во инвентарите на вооружените сили значително опадна после 1990, делумно поради примената на Договорот за конвенционално оружје. Овој Договор ги обврзуваше само членките на НАТО и на Варшавскиот Пакт. Понатаму, Дејтонскиот договор наметна ограничувања на инвентарите на тешко оружје во Босна и Херцеговина, СРЈ и Хрватска. Поважна причина за намалувањето беше редукцијата во одбранбената намена и во големината на вооружените сили поради строгите економски ограничувања и политичката промена во поранешните комунистички земји. Понатаму, голем квантитет на тешко оружје стана застарено заради распаѓањето на Варшавскиот пакт и заради големата редуцираност во домашното производство на релативно напредни системи за оружје. Значителен пораст во домашното производство на оружје се забележува само во Турција.

За време на војните во бивша Југославија значителен квантитет на тешко оружје, муниција и експлозиви беа потрошени или уништени без замена. Додека трансферот на западно оружје во регионот остана умерен, приливот на советско/руско и централно источноевропско оружје за нивните поранешни сојузници на Балканот во голема мера престана да се дистрибуира. Исклучок од овој општ тренд беа испораките на руски МИГ-29 авиони за Унгарија и Југославија како надомест за акумулираниот негативен баланс во трговијата на размена. Инаку, руските извозници на оружје се концентрираа и направија неколку упади во Грција, Турција и Кипар. Најпредприемливи иновации беа израелските изработувачи на оружје и снабдувачите на воени услуги. Тие подобро се адаптираа отколку големите сили, на политичкиот, на финансискиот и на другиот притисок и исто така на одбранбените потреби во некои земји од регионот.

Треба да се забележи дека Југоисточна Европа содржи индустриски и технолошки капацитети за производство и распоредување на оружје за масовно уништување како и проектили со краток и среден дострел. Нуклеарната соработка помеѓу СРЈ и Ирак како и акумулираните југословенски резерви на материјал за нуклеарно оружје предизвика сомневање во земјите на Западот. СРЈ под водство на С. Милошевиќ употреби формално незадоволување на Повелбата за намалување на оружјето, како дипломатско средство да изврши притисок врз Западот, за да добие признание како единствен правен наследник

на поренешна СФРЈ. СРЈ исто така поседува значителен капацитет за производство на хемиско оружје и веројатно скриени резерви на сарин и иперит во Лучани близу Чачак во Србија. Овие загрижувачки прашања да се надеваме дека ќе бидат разјаснети од страна на новиот режим во Србија и СРЈ.

## 3. Мноштво безбедносни прашања во Југоисточна Европа

Меѓународните безбедносни прашања во ЈИЕ се прегледани од бројни автори и категоризирани според критериумите како што се историја, географија, типовите и мешавината на конфликтни прашања итн. Џефри Симон, на пример, ги подели "корените на балканската несигурност и нестабилност" во четири групи: (1) психолошки фактори; (2) предизвиците за градење на држава; (3) прашања за економскиот развој и (4) безбедносни/одбранбени прашања.

Наместо таа поделба јас ќе применам двократна типологија:

*А. Конфликти во кои вооружените судири се случија или можеа да се случат, или сè уште постои можност за нивно случување:*

1. Југословенската армија и српската полиција наспроти албанските герилци кои оперираат во јужна Србија.

2. Југословенската армија наспроти КФОР по должината на административната граница помеѓу Косово и Србија.

3. Југословенската армија наспроти црногорската полиција

4. СФОР наспроти Армијата на Република Српска и наспроти Армијата на Федерацијата во Босна и Херцеговина.

5. Вооружените сили на Република Молдавија наспроти вооружените формации на "Република Трансднестар".

6. Турските воздухопловни сили и морнарица наспроти грчките воздухопловни сили и морнарица во Егејското Море и неговиот воздушен простор.

7. Турската армија наспроти Националната Гарда на Кипар (и грчката армија).

Од 1980та, и се додека траеше режимот на Милошевиќ, Србија остана главниот протагонист во острите регионални конфликти кои се појавија на територијата на поранешна СФР Југославија. "Југословенската Народна Армија" (ЈНА) и нејзините три последователни армии (во СРЈ, Босна-Херцеговина, Хрватска) водеше воени операции од широки размери на териториите на четирите поранешни југословенски републики. Понатаму, бруталната политика на режимот на Милошевиќ во Косово, во март 1999 провоцира жесток одговор на Западот во форма на најдеструктивната воздушна кампања во Европа после крајот на Втората светска војна. Режимот на Милошевиќ се надеваше и активно се обидуваше да ги замеша руските вооружени сили во овој конфликт. Југословенската официјална пропаганда и

некои јавни медиуми тогаш се закануваа и шпекулираа за широк интернационален, па дури и континентален вооружен конфликт ако НАТО ги примени своите закани против СРЈ. Следејќи ги воздушните напади на НАТО, руските вооружени сили беа ставени на висок степен на готовност, а илјадници Руси волонтираа да се борат на српска страна. Сепак, Владата на Јелцин мудро одлучи да остане на страна. Произлезениот вооружен конфликт доведе до значителна напнатост во односите на САД и НАТО со Руската Федерација како и во односите помеѓу САД и Кина.

Уште од 1998 режимот на Милошевиќ очигледно содржеше опширни подготовки за брза воено-полициска операција за да се одземе политичкото водство на претседателот М. Џукановиќ во Црна Гора. Оваа операција ќе следеше, се разбира во помала мера, како модел на првичната фаза на советската интервенција во ЧССР на 22 август 1968. Вооружениот напад на главните државни институции, на радио и телевизиските станици во главниот град на Црна Гора, Подгорица, требаше да се изведат од баталјон на југословенската воена полиција. Оваа единица со околу 920 професионални специјални трупи беше сместена и се обучуваше во Црна Гора посебно за оваа цел. Се сметаше дека таа се состои главно од луѓе кои се црногорски политички приврзаници на С. Милошевиќ. На денот напаѓачите требаше да бидат зајакнати со падобрански одред од Ниш, со паравоени одреди на српската полиција и од редовните единици на Југословенската Армија стационирана во или близу до Црна Гора. Планираната акција беше постојано одложувана, до последниот момент во почетокот на октомври 2000. Оваа воено-политичка операција веројатно ќе водеше до крвави судири во Црна Гора и ќе ги ослободеше сериозните тензии исто така и во Србија.

*Б. Безбедносните предизвици со само индиректни или без очигледни воени импликации:*

1. Сè уште неразрешени прашања помеѓу државите на ЈИЕ за делот со границите, нивната демаркација, прашањата за малцинствата, различни аспекти за наследство на бивша Југославија, пристап до меѓународните води и водни патишта, права за транзит итн.

2. Опасните остатоци на минатите воени конфликти на Балканот како што се неколку милиони на неексплодирани противпешадиски мини, големи нелегални резерви на лесно оружје и експлозиви итн.

3. Најмалку два милиони бегалци, раселени лица или други емигранти од Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Србија, Кипар итн. кои сè уште не можат да се вратат во нивните домови.

4. Социјалниот и политичкиот немир предизвикан од сиромаштијата, високиот степен на невработеност, недостатокот на основни продукти, недостатокот на сместување, корупција итн. во Босна и Херцеговина, Косово,

Србија, Албанија и во некои други поранешни комунистички балкански земји.

5. Разбирливи внатрешни судири од поголеми размери во Косово, Босна/Херцеговина, Србија, Македонија, Молдавија и на други места.

6. Можни политички протести, демонстрации и судири со безбедносните или мировните сили во Србија, на Косово и во Република Српска (Босна/Херцеговина).

7. Политички тензии предизвикани од барањата на малцинствата за повисок колективен статус (регионална автономија, зголемена автономија, федерален или конфедерален статус). Овој извор е присутен или може да стане акутен во голем број држави од ЈИЕ, вклучувајќи ја Македонија, Србија, Косово и сл.

8. Тероризам, организиран криминал нелегална трговија со дрога и оружје.

9. Организирано криумчарење на работници, деца, проститутки и човечки органи од Азија и Африка во Западна Европа (со СРЈ и Босна-Херцеговина како главни канали).

10. Трансрегионално загадување и еколошки катастрофи (како труењето со цијанид во Дунав предизвикано од златниот рудник во Романија кој е во сопственост на Австралија).

Овој исцрпен список ја покажува разновидноста и сериозноста на бројни социјални, економски, политички културно-религиозни и еколошки проблеми кои се закана за стабилноста на Југоисточна Европа. Вкупната решителност за невоени закани на безбедноста за време на изминатата деценија беше заедничка карактеристика за сите поранешни комунистички земји од Источна Европа. Сепак, во јужниот дел оваа решителност беше помалку нагласена и повремено беше засенета во јавноста и медиумите со драматичните воени настани.

Понатаму, многу невоени закани ги хранат и стимулираат политичките тензии и конфликти со можни воени импликации. Тогаш останува причината дека досегашната трајна стабилност бара кардинални подобрувања во социо-економските услови во ЈИЕ. Како еден од најмалку просперитетните региони во Европа (од неодамна збогатен со вооружено насилство кое резултираше со човечки загуби и деструкција) на ЈИЕ ѝ недостигаат материјални, технички и човечки ресурси за да успешно се справи со предизвикот. Дури подеструктивна е нестабилноста, недоволната волја или целосната нерасположеност на групите да соработуваат по должината на државните граници во надминувањето на овие тешкотии. Постојат различни историски, психолошки и други причини кои го објаснуваат овој недостаток на културна и регионална соработка. Оваа специфична карактеристика ја издвојува ЈИЕ од повеќето други европски региони (пр. Скандинавија). Сè уште присутната воздржаност за соработка дури и со соседните земји бара од меѓународната заедница (особено Западот) да обезбеди не само економска и техничка помош како поттик за соработка туку

исто така и активно да врши политички притисок на непокорните партии во регионот.

## 4. Искуството на меѓународната заедница во справувањето со несигурноста во Југоисточна Европа

Уште од 1919 постојат неколку обиди на земјите од ЈИЕ заеднички да се справат со безбедносните закани. Со само неколку краткотрајни исклучоци овие обиди беа во голема мера неуспешни. Проширувањето во ЈИЕ на поларизацијата на Студената војна и на две оргинални регионални воени алијанси (НАТО и Варшавскиот пакт) им наметнаа на своите членови притисок на дисциплина и потиснаа бројни меѓурегионални конфликти. Геополитички високо осетливата и истакнатата позиција на СФР Југославија помеѓу двата блока исто така придонесе за ставање крај на внатрешните конфликти во таа мултинационална држава. Резултатот беше релативен мир и стабилност, кој опстојуваше на Балканот до крајот на конфронтацијата Исток-Запад.

Како последица изливите на насилство и деструкција, посебно на територијата на бивша Југославија беа големо изненадување за меѓународната јавност, за повеќето творци на одлуки на Запад и исто така за неврзаното движење (во кое Титова Југославија имаше угледна и влијателна позиција). Во тоа време Варшавскиот пакт и Советскиот Сојуз беа во процес на дезинтеграција, додека Кина беше предалеку и веќе без својот поранешен балкански клиент Албанија. Таа мудро избра да не се меша во ситуацијата. Третиот свет остана притиснат од своите проблеми, поделби и рсаправии. Сето ова ги направи Западните сили како единствени важни актери способни сериозно да влијаат на динамиката на конфликтите во регионот и и исто така да планираат примена на воена сили ако се јави потреба. Истакнувањето на западното мислење сепак во голема мера се намали заради погрешните проценки и упатства (ова се однесува на EEC/EU и на САД) како и од неслогата помеѓу западните сили. Западот во основа реагираше бавно и покажа само секундарна, рефлективна грижа за регионот, бидејќи првенствено се плашеше од домино ефектот на ЈИЕ врз распаѓањето на СССР. Потоа САД користеше дипломатски притисок, укор и предупредувања и главно остави место за посилна акција на нивните западноевропски сојузници. Овие пак, исто така се обидоа со дипломатски притисоци, проследени со финансиски поводи, (лажни) ветувања за членство во ЕЕС и со експлицитни закани за економски санкции. Како правило на секое брзо развивање ситуација, акциите на Западот беа задоцнети и неефикасни. Во време кога кратка, но силна демонстрација на западната воена моќ можеше да ги спречи изливите на вооружено насилство на Балканот, тоа не се случи. Кога воените судири почнаа да се шират во Хрватска, ЕЕС ја презеде посредничката улога и за прв пат во нејзината историја испрати невооружени посматрачи во

кризната област. Ниеден инструмент не го спречи ширењето на насилството. Неспособни да се договорат меѓу себе за најдобриот тек на акцијата, западните сили ги повикаа ОН (и CSCE) да ангажираат меѓународни мировни сили и хуманитарни организации за да применат санкции. Западот се обиде да ја задржи областа на конфликт. Тој им дозволи на непокорните Југословени "да се варат во сопствената каша" со надеж дека вооружените конфликти и насилства сами по себе ќе престанат како резултат на исцрпување на вмешаните партии.

И оваа стратегија не функционираше. Иако ширењето на вооружените конфликти во соседните држави и во CIS областа не се случи, се покажа невозможно да се спречи прелевањето на другите негативни последици (бегалци, раселени лица, загуби во трговијата, нарушувања во комуникациите и протокот на стока, на лица, на услуги итн.) Мировните сили на ОН (УНПРОФОР) не можеа да ја извршат нивната првенствена мисија, бидејќи немаше мир за да се чува. Понатаму, силите беа погрешно поставени уште од почетокот, бидејќи беа засновани на несоодветните склоности на непристрасност кон завојуваните страни. Тие исто така беа лесно вооружени заради застарената доктрина на зачувување на мирот. Понатаму, Генералното собрание на ОН не обезбеди адекватни воени и финаснсиски средства. Можностите на УНПРОФОР очигледно беа недоволни за спроведување на мандатот кој претрпи бројни модификации од страна на Советот за безбедност. Растечките политички несогласувања и тензии помеѓу западните сили, во врска со Балканот, исто така ги оптоварија евроатланските односи. На крај Западот сфати дека акумулираниот директен и индиректен финансиски и политички товар значително ги надминуваат можните трошоци на енергична воена интервенција која наметнува мир. Кратките воздушни и копнени операции изведени против босанските Срби во 1994 и летото 1995, комбинирани со сопствена воена кампања на Хрватска, навистина ја сопреа војната во Босна/Херцеговина и го трасираа патот до Дејтонскиот мировен договор. Несоодветната аналогија со оваа успешна воена операција доведе до грешни пресметки и до бројни сериозни грешки пред и за време на следната операција на НАТО на Балканот во март-јуни 1999. Западното досие во справувањето со Балканот во 90-те може да се сумира како бурно искуство на учење преку обиди и грешки.

Бесплатното место на меѓународната акција беше манифестирано во напорите да се предизвика и влее економска, политичка и безбедносна соработка со и во ЈИЕ. Сите овие напори беа иницирани и воведени однадвор. Меѓу нив треба да се спомене мрежата на соработка, заедничка царина и асоцијативни одговори со ЕУ, Централната европска иницијатива (CEI), CEFTA, SCEI, NATO програмата "Партнерство за мир" и сл. Ниедна од овие шеми не се покажа истовремено универзална (регионално) и ефикасна. Понатамошното ширење во ЈИЕ на НАТО (со примањето на Унгарија во 1999) и на ЕУ (веројатно околу

2005) досега не ги намали, ниту бројот, ниту пак интензитетот на безбедносните грижи во регионот.

Набргу после прекинувањето на насилствата во СРЈ и имплементацијата на Меѓународните мировни сили на Косово (КФОР), беше креиран нов и амбициозен инструмент за справување на долгорочните проблеми во ЈИЕ. На 30 јули 1999 учесниците на Меѓународниот самит во Сараево го потпишаа "Пактот за стабилност за Југоисточна Европа". Пактот предвидуваше "промовирање на политичките и економските реформи, развој и зголемена безбедност". Западните сили, првенствено ЕУ, предвидоа значителни фондови за исполнување на овие амбициозни цели. (Сепак предвидената сума на предвидената исплата за наредните пет години не може да се спореди со големината на Маршал-планот и е неколкупати помала од вредноста на западната помош за Титова Југославија помеѓу 1949 и 1995). Нивната имплементација исто така беше бавна и отежната од бирократската црвена линија.

Нов и високо позитивен развој се манифестира во креирањето на балканска способност за брза реакција наречена "Мултинационални сили за Југоисточна Европа" во јануари 1999. Земјите-учеснички претставени во силите се: Албанија, Бугарија, Грција, Македонија, Романија и Турција. Штабот на силите до 2003 е Пловдив (Бугарија). Овој проект ако биде успешен, ќе придонесе за потиснување на линијата која ги разделува членките на НАТО и ЕУ од оние кои не се членки и да се развие културата која недостасува за регионална безбедносна соработка.

Меѓународното досие за справување со изворите на нестабилност и несигурност во ЈИЕ ја истакна потребата од:

- јасно разбирање и реалистичка проценка на комплексноста на безбедносните проблеми на Балканот кои предизвикуваат брзи решенија;
- претходно потценетата поврзаност помеѓу безбедноста во ЈИЕ и безбедноста во другите делови на континентот;
- голема предност на енергични превентивни воени демонстрации и стационирања (најдобриот и за жал многу редок пример на превентивно распоредување на трупи беше во Македонија);
- силна и добро координирана меѓународна акција за да се подобри економската и социјалната ситуација во ЈИЕ, да се развие нејзината инфраструктура, да се овозможи и да се охрабри соработката помеѓу земјите во регионот;
- проширување на мрежите на западно ориентираните интеграции и нивни кооперативни програми во регионот (ЕУ, НАТО ПзМ) како и зајакнување на меѓународните организации и други инструменти за економска и политичка кооперација во и за регионот (Пактот за стабилност, CEFTA, Советот за соработка на црноморските земји, итн);

• потребата за рационална поделба на работата и координација на активностите помеѓу бројни меѓународни организации кои оперираат во регионот (OUN, OBSE, NATO, EU, UNHCR, IBRD итн.);

Учејќи од лекциите од изминатата деценија и делувајќи соодветно, би можела да се подобри способноста на меѓународната заедница да се справи со безбедносните проблеми во европскиот најнепостојан регион.

Главниот заклучок од овој преглед е дека активната вмешаност на земјите-членки на НАТО и ЕУ во ЈИЕ како и присуството на меѓународните мировни сили ќе биде неопходно за најмалку една деценија за да се спречат новите изливи на насилство. Сепак структурите на два меѓународни воено/полициски/цивилни протекторати не можат да придонесат за самостојна политичка и општествена стабилност во регионот. Дејтонските договори и резолуцијата бр. 1244 на Советот за безбедност на ОН се базирани на две правни имагинации - постоење на единствена држава во Босна/Херцеговина и суверености на СРЈ на Косово. Понатаму Дејтонскиот договор наметна во Босна/Херцеговина политички систем чиј темел е посебно национално, религиозно претставување и институции на трите најголеми заедници во нивните соодветни мнозински области. Овие одредби се против основните демократски принципи за еднакви права на сите граѓани пред законот и против воспоставените принципи и цели на меѓународната заедница. Постоечките договори всушност ја зацврстија националната и религиозната поделеност и покрај пофалените напори за преместување и заштитување на бегалците кои се малцинство. Многу слична, дури подрастична просторна поделба се случи во Косово после вооружениот конфликт во 1999. Во двата случаи, целта за создавање мултиетнички, мултирелигиозни и мултикултурни општества едноставно е недостижна но сè уште останува западна официјална догма или изговор.

# БАЛКАНОТ И КРИЗИТЕ

**Трајан ГОЦЕВСКИ**
Филозофски факултет-Скопје

**Апстракт:** *Денес, на почетокот на 21 век, кризите не само што не го изгубиле својот примат, туку за жал можеме да констатираме дека тие се постојан придружник на човекот и наша судбина.*
*Постојат голем број на фактори кои ја детерминираат кризата. Тие придонесуваат за појавата на кризата, и истите се презентирани на самиот почеток на овој труд. Во трудот е дадена една ретроспектива на настаните почнувајќи од Втората светска војна, завршувањето на Студената војна, како и денешните појави. Со завршувањето на Студената војна, доаѓа до редистрибуција на политичката, економската и воената моќ, која резултира со глобални промени во меѓународните односи.*
*Како резултат на дезинтеграционите процеси и длабоките општествени промени во Југоисточна Европа во последната декада на минатиот век, примената на насилството стана доминантен фактор во решавањето на споровите.*
*Во трудот се дадени и истражувањата кои се правени, а се однесуваат на траењето на меѓународната криза, како и потврдата за нејзиниот долготраен карактер. На крајот се посочува рамка за управување со кризи и се нуди стратегија за справување со истите.*
*Искуствата во регионот покажуваат дека кризите добиваат карактеристики на трајност и долгорочност, а од досегашните научени лекции потребно е да се најде патоказот за нивно надминување или елиминирање.*

***Клучни зборови:*** *кризи, Балкан, стратегија, справување со кризи, конфликт.*

**Abstract:** *Today, at the beginning of the 21st century, crises have not lost their primacy, but unfortunetely they have become a continuous companion of the man and our desteny.*
*There are numerous factors which determine the crisis and contribute for the appearance of the crisis. All these factors are presented at the beginning of this study which gives a retrospect of the events beginning from the World War II, the end of the Cold War, as well as the current phenomena. The end of the Cold War brought to new distribution of the political, economic and military power, which resulted in global changes in the international relations.*
*As a result of the desintegrating processes and profound social changes in South-Eastern Europe in the last decade of the previous century, the implementation of violence became a dominant factor in resolution of disputes.*
*The study also presents researches regarding the duration of the international crisis, as well as the confirmation of its protracted character. At the end the framework for crisis management is offered as well as the strategy for their settlement.*

*Experiences in the region show that crises obtain protracted and long-lasting characteristics, and from the lessons learned so far it is necessary to find the direction for their outgoing or elimination.*

**Key words:** *crises, Balkans, strategy, crisis management, conflict.*

## 1

И покрај цивилизациските определби за започнување глобален процес на воспоставување нов светски поредок кој ќе почива врз демократија, слободен пазар, мир и разоружување и врз почитување на човековите права, веков го завршуваме во обратна насока. Цивилизацијата е придружена со постојано мултиплицирање на силата, расте арсеналот на средствата за масовно уништување, сè уште силата се јавува како краен арбитер во решавањето на споровите меѓу државите, а војната, како феномен, останува на сцената, речиси, без прекин.

Со еден збор, кризите стануваат наша судбина, а ние нивни заложници.

Причините за ваквата состојба се различни и тоа: историски, политички, економски, воени, верски, национални и слично, но се необјасниви ако се направи анализа на последиците што ги носи војната и насилството врз населението, врз материјалните добра, врз културните вредности и врз историското наследство.

За согледување на оваа појава можат да послужат повеќе индикатори. Во овој век, поради разни кризни состојби, се водени над 270 војни од кои две светски, што значи 2-3 војни годишно. Само по Втората светска војна се водени над 150 војни или 3-4 војни годишно. Биле ангажирани над 6 милиони војници, во војните биле вмешани околу 50 држави, а жртвите ја надминале бројката од 22 милиони.

Само за потсетување, во нашето непосредно опкружување, поради кризата во поранешна Југославија, се водеа 4 војни во последните неколку години и сè уште сме далеку од стабилизирање на регионот во кој живееме.

Според сè уште непотврдени бројки, како последица на кризата на просторот на поранешна Југославија, досега се евидентирани: околу 500 000 мртви, околу 1 000 000 ранети и повредени и над 5 000 000 раселени лица.

Постојат огромен број причини за појавата на кризи, особено по Втората светска војна, но тие можат да се подведат под единствен заеднички именител, а тоа е прераспределбата на политичката, на економската и на воената моќ, што доведува до нова констелација на силите и односите во Европа и пошироко од неа. Ваквата редистрибуција на односите и силите неминовно ја изострува стратегиската позиција на земјите, која резултира со кризи, антагонизам, војни и насилства. Кога се анализира оваа ситуација настаната по Втората светска војна, би биле наивни ако помислиме дека зад таа поларизација не стојат огромни економски, политички и воени интереси на водечките актери во кризите.

Всушност, тие се јавуваат во улога на нивни менаџери.

Новата фаза на промена на односите, а со тоа и на кризата, како на глобален, така и на регионален план, настанува при крајот на деветтата и првата половина на десеттата деценија на овој век, која се карактеризира со нова редистрибуција на силите и односите предизвикана со распадот на СССР и Варшавскиот пакт и почнувањето на периодот на Постстудената војна или, како што уште може да се нарече, периодот на студениот мир. Во овој кус период од неполна деценија настануваат тектонски нарушувања на силите и односите на политички, на воен и на економски план, кои можат да се илустрираат преку следниве манифестации:

- се распаднаа СССР, Југославија, Чехословачка како држави, а од тој процес се создадоа нови суверени држави;
- се распадна Варшавскиот пакт како еден од протагонистите на Студената војна и трката во вооружувањето;
- се обедини Германија, која најверојатно чекори кон позицијата на водечка европска, политичка, економска и воена сила;
- настанаа темелни промени на политичките и на економските системи во новите држави во Европа;
- се напушти социјалистичкиот модел на уредување, а со тоа и причината за конфронтации по овој основ;
- се отворија нови кризни жаришта, особено на подрачјето на поранешна Југославија, кои создадоа услови за нова констелација на односите на Балканот;
- се создадоа одредени претпоставки за нови односи, особено од аспект на големодржавните апетити и стратегии на балканските земји, што може да биде вовед во нова ескалација на непријателствата и криза на овие простори, што е историски потврдено;
- настанаа нови здружувања, како и идеи за нови регионални асоцијации, кои ако не водат сметка за новата реалност на Балканот, можат да ги доведат во прашање новонастанатите политички и воени односи;
- нараснаа етничките проблеми и малцинските прашања кои исто така се константа на новите односи на Балканот и пошироко и доколку не се контролираат можат да доведат до нови нарушувања и на така неповолните политички односи во регионот;
- се појави организираниот криминал, тероризмот, трговијата со droги и општествено штетни појави, кои со оглед на кревките состојби во новоформираните држави можат да бидат дополнителен фактор за нови кризи;

**2**

Наведените појави го детерминираат периодот во кој живееме како непредвидлив, нестабилен и ризичен за државите кои, пред сѐ, се наоѓаат во

периодот на т.н. транзиција, кој трае долго, со тенденција да се задржи и понатаму и кој, надополнет со економските и социјалнитге проблеми, може да предизвика нови жаришта за нестабилност во регионот и кризи од пошироки размери.

Неизвесноста во овој милениум и можноста од појава на нови кризи особено ќе се изрази преку повеќе појави кои се наследство од дваесеттиот век. Имено:

- ќе продолжи тенденцијата за унификација на политичките системи како основа за новиот светски поредок, кој ќе се базира на демократија, пазарна економија и човекови права. Овој процес ќе предизвикува реакции кај определен број држави и режими кои и понатаму ќе бидат извор на кризи или ќе бидат причина за појава на нови кризи;
- ќе продолжи процесот на глобализација на економската сфера при што ќе се создаваат нови економски групации кои меѓусебно ќе се конфронтираат и ќе ја прошируваат можноста од појава на кризи;
- во овој век особено ќе дојде до израз верската нетолеранција и конфронтација, при што ќе доаѓа до израз верскиот екстремизам, кој исто така може да биде генератор на нови кризи. Одредени аналитичари сметаа дека судирот на цивилизациите во XXI век ќе биде токму врз таа основа.

## 3

Меѓународните односи по завршувањето на Студената војна се здобија со нови карактеристики. Од една страна, присутни се интеграциските процеси во Западна Европа, кои се карактеризираат со унапредувањето на позитивните карактеристики на Европската унија, додека, од друга страна, се кризите и нестабилноста што произлегоа од дезинтеграциските процеси и длабоките општествени промени во Источна Европа, за кои ќе стане збор.

Нестабилноста и несигурноста што владее на просторот на Југоисточна Европа, веќе долг период го привлекува вниманието на меѓународната заедница. Но, во рамките на набљудувањето на проблемот со којшто се соочуваме, можеме да предочиме дека загрижеността околу заканите за мирот и безбедноста произлегуваат од комплексноста на дезинтеграцијата на поранешна Југославија и примената на насилство во тој процес. Всушност, се покажа дека во најголем број случаи, примената на сила, наспроти демократски пристапи, претставува доминантен приод кон проблемите. Како последица на тоа, заканите за мирот и сигурноста се дефинираат на национално и на меѓународно ниво со висок степен на индивидуална несигурност и страдање.

Затоа сметаме дека во барањето на одговор или на соодветен пристап во однос на проблемот со којшто се соочуваме, ќе треба да разложиме барем три дилеми:

- прво, во однос на проблемот или неговото дијагностицирање, неопходно е да се дефинира нивото на односот помеѓу мирот и конфликтот, односно од траен мир до војна;
- второ, да се издиференцира стратегијата за справување со кризите, со влезни решенија и средства за дејствување како и со јасна излезна стратегија;
- трето, да се проценат способностите или капацитетот на националната стратегија за справување со проблемот којшто продуцира криза и да се лоцира нивото на ангажирање на меѓународните организации.

На оваа релација како сериозно се наметнува прашањето на расположливост со релевантни стратегии и средства, односно валидноста на традиционалните пристапи кон заканите за мирот и безбедноста и барањето на комплексен одговор кој можеби ги надминува расположливите капацитети.

**4**

Во однос на првата дилема, или дијагностицирањето на проблемот со којшто се соочуваме, забележливи се различни теоретски пристапи.
Од една страна, некои автори го применуваат пристапот на внатрешен, меѓународен конфликт, со примена на варијаблите за видот на учесниците во кризата и за бројот на жртвите, за да ги диференцираат кофликтите од мал или од среден интензитет од војната.

Други автори го применуваат пристапот на односот на развојни фази на кризата, почнувајќи со траен или позитивен мир, движејќи се кон стабилен мир, нестабилен мир, криза и војна.

Според присуството на тензиите, конфронтацијата, избувнувањето на насилствата, прекинот на насилствата, разрешувањето или реконсилијацијата, се определува стратегијата за справувањето со нив.

Лоцирањето на кризата како предизвик или закана за мирот и безбедноста, носи сериозни концепциски дилеми. Оттука, мора да се има предвид дека справувањето со кризите претставува комплексна активност којашто може да се набљудува од неколку аспекти. Од една страна се:
- теоретските проблеми со кои се соочува секој истражувач во обидот да ги генерализира спецификите и атрибутите на поимот криза;
- потоа, во согласност со избраниот концепциски лимит да ја утврди рамката на кризата и нејзината позиција во развојниот циклус на конфликтот;
- нивото на насилство и употребата на воена сила.

Од друга страна:
- дефинирањето и реалистичното толкување на кризата ќе го дефинира контекстот и актерите и ќе го одмери одговорот;
- соодветниот одговор на кризата може да бара интероперативност на повеќе актери, како на национално така и на меѓународно ниво;
- приоритетните проблеми коишто ќе ја редуцираат кризата.

**5**

Во таа смила значајни се показателите од истражувањето на однесувањето на меѓународни кризи, коишто нудат дефинирање на меѓународната криза како секвенца од интеракции меѓу владите на две или повеќе суверени држави во сериозен конфликт, помал отколку војна, но којшто вклучува перцепција на висока опасност од можност за војна.

За да се дообјасни пристапот кон концептот на криза, треба да се нагласи дека авторите ги третираат, вообичаено, актерите во кризите како субјекти коишто имаат:

- перцепција за заканата,
- перцепција за ограниченото време и
- перцепција за висока можност од вооружени непријателства и криза.

Според истражувањата, всушност, високиот степен на можност од вооружени непријателства е клучна детерминанта на дефинирањето на кризата и актерите во неа. Притоа треба да се потенцира и тоа дека постоењето на трите детерминанти на меѓународната криза се неопходни, но перцепцијата за можност од вооружен судир е клучна детерминанта и вовед во кризата на военобезбедносната компонента на надврешната политика на одредена држава.

**6**

Во однос на овој труд, истражувањата покажуваат дека траењето на меѓународни кризи е долгорочно т.е. тие имаат долгорочен карактер, без исклучок. Определени истражувања што ги третираат меѓународните кризи од 1918-1994 година покажуваат дека тие се и многубројни, вкупно над 412, и со над 895 актери во кризите. Само во Втората светска војна имало преку 171 криза од кои 112 се со странско мешање. Според согледувањата за можноста од насилство во кризата, истражувањето ги диференцира интравоените кризи од едностраните кризи (109) и двостраните (216). Оваа поделба е искористена за да се спореди можноста од ескалација на насилството во двата случаја.

Според истражувањата, доколку согледувањата за можна ескалација на насилство е еднострана (криза), односно не е споделена (двострана криза), помала е веројатноста од ескалација на кризата. Наспроти тоа, истражувањата сугерираат дека можноста од ескалација и вооружен конфликт се поверојатни во двостраните кризи, кога согледувањата за можна ескалација на насилството се двострани.

Ова понатаму корелира со техниките што се употребуваат за управување со кризите, а коишто можат да се движат од инструменти за влијание, преку преговори и други ненасилни техники, до употреба на вооружена сила. Според резултатите од досегашните истражувања, насилните техники за управување со кризите се поверојатни во двостраните кризи (62%) отколку во едностраните (26%).

На технитите за управување со кризите и можноста од ескалација на насилството влијаат различни фактори како:
- географската близина;
- рамнотежата или односот на силите;
- насилството или ненасилното иницирање на кризата;
- нивото на закана на вредностите;
- видот на актерите;
- видот на кризата.

## 7
## Стратегии за справување со кризите

Имајќи предвид дека концептот на кризи го поставивме во еден поширок контекст на циклусот што се простира меѓу траен мир и војна, во определувањето на стратегијата за справување со кризите ја прифаќаме претпоставката дека контингенцискиот пристап, односно соодветна техника за соодветна фаза од конфликтот, е рационален пристап.

Во таа смисла неопходно е да се направи дистинкција во однос на стратегиите за справување со конфликтите во смисла на одбегнување, превенција, управување, решавање/разрешување, и терминот управување со кризи. За таа цел би ја посочиле рамката според која управувањето со кризите се состои од напори да се одржи ситуацијата на високи тензии и конфронтација меѓу конфликтните страни што е определена со примена на закана со сила, од можната употреба на вооружено насилство. Со тоа правиме дистинкција меѓу превенцијата на конфликтите којашто се потпира на превентивни техники, управувањето со конфликтите коешто го опфаќа ублажувањето на конфликтот, писмејкингот и присилата кон мир, пискипингот, разрешувањето на конфликтот или писбилдингот, од управувањето односно менаџментот со кризите.

Дистинкцијата е важна затоа што определена фаза од конфликтот, во таа смисла и кризите, имаат свои развојни циклуси коишто реагираат на соодветни техники. Затоа управувањето со кризите треба да се сфати како дел од процес/активност што е поставен како комплексен пристап кон определен конфликт. Кризата сама по себе не може да се набљудува изолирано од циклусот на конфликт, туку, напротив, потенцијалите за справување со кризите се дел од комплексноста на пристапите и механизмите за одржување на мирот и безбедноста.

## 8
## Комплексност на пристапот

Кога станува збор за управувањето со кризите, може да се потенцираат нејзините воени, политички, економски и социјални аспекти, како и

хуманитарните и еколошките аспекти. Секој од овие аспекти претпоставува соодветна подготвеност на одделни држави да се справат со кризите и да ги редуцираат последиците од нив. Во таа смисла капацитетот на одделни држави за справување со кризите е само дел од национално-безбедносната стратегија којашто се насочува кон конкретен проблем што продуцира криза. Во најголем број од случаите, кога државите немаат способност или таа способност ја сведуваат исклучиво на техники што се засновувани на примена на присила, може да се очекува продлабочување или проширување на кризата или вовед во отворен конфликт.

Може да се каже дека предизвиците за мирот и безбедноста во периодот на Студената војна, во смисла на блоковската конфронтација, оформија двоен пристап на управување со кризите: меѓу блоковите и во рамките на блоковите.

Периодот по завршувањето на Студената војна отвори нови предизвици и закани. Овој период недвосмислено покажа дека конфликтот, особено внатрешниот конфликт, претставува најсериозна закана за мирот и безбедноста. Во тој контекст искуството покажа дека традиционалното чување на мирот не е доволен одговор на комплексноста на конфликтот и дека меѓународните и регионалните организации не можат еднострано да одговорат на заканите. Дел од нив можат да одиграат значајна улога во превенирањето на конфликтите, во дел во постконфликтното градење на мирот, но сериозни резултати можат да се очекуваат само во услови на комплексен, координитан и навремен одговор којшто ќе се потпира на капацитетите на ООН, НАТО, ОБСЕ, ЕУ.

Може да се констатира дека дел од одговорот за долгорочно превенирање на конфликтите е развивање систем на односи и во регионален контекст коишто ќе содржат широк спектар на елементи за превенција.

**9**

Еден поглед наназад ќе покаже дака Македонија како културен, економски и геополитички центар на Балканот и врска меѓу Европа и Блискиот и Средниот Исток, постојано била крстопат за цивилизациите, но и арена за војни, кризи, освојувања, грабежи, палежи, и што е најтрагично, раселувања и егзодуси коишто ретко се забележани во друг регион.

Уште во деветнаесеттиот век, Србија, Грција и Бугарија создадоа свои држави, а Македонија остана во состав на турската империја, под турско владеење. Во тој период во Македонија, во разни бранови, се доселија мноштво народи од новосоздадените земји Србија, Грција и Бугарија, но и муслиманско население коешто беше населувано во Македонија, со што се наруши етнонационалниот состав на овој простор.

Ваквите тенденции продолжија и во дваесеттиот век, така што во двете балкански војни Македонија е поделена меѓу соседите, при што раселувањата и

егзодусот продолжиле. И во Првата светска војна положбата не се промени, напротив, со разни договори вршени се мосовни раселувања и колонизација, при што македонскиот народ доживеа разни егзодуси со големи размери. Бројката надминува неколку стотици илјади раселени Македонци и исто толку доселени.

И Втората светска војна не направи позитивни промени за Македонија. Таа остана поделена, а уште полошо, по Граѓанската војна во Грција, Македонија ја зафати бегалска криза при што трајно беа раселени најголем дел жители од егејскиот дел, околу 500 000 Македонци.

Како резултат на економскиот развој по Втората светска војна, Македонија ја следат разни бранови на емигрирање на македонското население во прекуокеанските земји. Истовремено вршени се разни доселувања од Косово, Санџак и од други делови на регионот, околу 300 000, што ја измени етнонационалната карта на овој регион.

По распадот на Југославија, Македонија се соочи со нов бран бегалци коишто претежно доаѓаа од Косово и од Албанија, а со ескалацијата на косовската криза и воената интервенција на НАТО против СРЈ во 1999 година, настапи нова бегалска криза со која во Македонија беа сместени близу 400 000 граѓани. Оваа бегалска криза сè уште трае, бидејќи голем дел од раселените лица сè уште не се вратиле на своите огништа.

Оваа кратка ретроспектива има за цел да укаже на долгорочниот карактер на кризите со кои се соочува регионот во кој живееме, па оттука и заклучокот дека земјите од регионот заедно со ООН, НАТО, ОБСЕ и другите релевантни фактори треба постојано да го проучуваат феноменот на кризите, да ги анализираат искуствата и да нудат адекватни решенија за нив. Притоа, од особено значење е потребата од создавање на инфраструктура, кадри и опрема, како и од соодветна процедура за канализирање на кризите кои станаа наше секојдневие.

**10**

## Научени лекции

Искуствата во регионот покажуваат дека кризите добиваат карактер на трајност и долгорочност. Оттаму досега научените лекции од нив треба да бидат наш натамошен патоказ за нивно надминување или елиминирање.

Нашите искуства покажуваат дека е потребно:

1. Опсежни подготовки, опремување, оспособување и планирање на сите институции на системот за прифаќање на предизвиците кои ги носи кризата и конфликтот, бидејќи развојот на кризите е тешко предвидлив.

2. Да се изгради систем на целосна транспарентност меѓу сите институции кои учествуваат во решавањето на кризите, ставање во функција на

расположливата инфраструктура, националните ресурси и современ менаџмент на кризите.

3. Уште во мирно време целосно да се регулира статусот на граѓаните коишто, како последица на кризата од политички, економски, социјални, демографски, етнички или верски мотиви ќе станат предмет на присилни миграции.

4. Улогата на институциите на меѓународната заедница мора да биде поефикасна, навремена и целосна, доколку сакаме да постигнеме последиците од кризите да бидат во подносливи граници.

5. Улогата во решавањето на кризите и последиците за земјите кои учествуваат во тој процес мора однапред да бидат разбрани, поддржани и материјално компензирани од меѓународната заедница како и од земји-донатори.

6. Прашањето на националната безбедност на сите земји учесници во решавањето на кризите мора да биде приоритетно и поддржано од меѓународната заедница, доколку сакаме да постигнеме поефикасно учество на поголем број држави-контрибутори во излезот од кризата.

7. Искуствата покажуваат дека регионалниот пристап во надминувањето на кризите, регионалните контингенти и регионалната координација се клучни за излез од кризните зони.

8. Мотивацијата од секој вид и логистичката поддршка на актерите во решавањето на сите димензии на кризата се услов за ефикасност на мисиите.

9. Координацијата на активностите и планирањето на мисиите на ООН, НАТО, ЕУ, ОБСЕ и други организации се покажаа како неопходност за излез од зоната на кризата.

10. Поддршката и јакнењето на невладиниот сектор и неговото оспособување за учество во канализирањето на кризните текови е, исто така задача од првостепено значење за ефикасноста на зададените мисии.

**ЛИТЕРАТУРА:**

1. Гоцевски Т., Разрешување и трансформација на конфликтите, Македонска ризница, Куманово, 1999
2. Vukadinovič R., Međunarodni odnosi, Fakultet političkih znanosti, Zagreb, 1995
3. Wiberg. H., European peace research in the 1990’ s, Akademiai Kiado, Budapest, 1993
4. Galtung J., Peace Research –Education- Action. Essays in Peace Research Vol.1, 1999
5. Rapqport A., Conflict in Man-Made Environment, Harmondsworth, Middlesex and New York: Pengium Books, 2000
6. Sandole D., Conflict Resolution in the Post-Cold War Era: Dealing with Ethnic Violence in the New Europe, Working Paper No.6, Institute for Conflict Analysis and Ressolution, George Mason
7. Rostow W.E., Toward a Managed Peace, New Haven Vale University

# ОД КОНЦЕПТ И ДОКТРИНА, ПРЕКУ СТРАТЕГИЈА, ДО ОПЕРАТИКА И ТАКТИКА

**Стојан КУЗЕВ**
Воена академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје

**Апстракт:** *Секоја наставно - научна област и дејност, во рамките на своето теориско и практично фундирање, користи вообичаена и најфреквентна низа на зборови, кои е неопходно претходно да бидат поимно определени, заради нивно подеднакво теориско разбирање и практично операционализирање. Кога се говори за одбраната како дејност, таа вообичаена и најфреквентна низа на поими главно е следната: концепт/концепција, доктрина, стратегија, оператика, тактика и др. Не се ретки случаите, кога при користењето на овие поими, за ист поим разбирањето е различно, поради што се наидува на определени теориски недоследности, па сѐ до практични проблеми. Прашањето, уште повеќе се усложнува кога на овие поими им се додаваат атрибутите: национална, државна, одбранбена, општа, војничка, воинствена, воена и др. Токму, прашањето за релациите и односите помеѓу овие поими е предмет и содржина на овој труд, што може да даде придонес за единствен теориски пристап, што е мошне важно кога е во прашање дејноста на одбраната.Сепак, тежиштето е дадено на поимот стратегија.*

**Клучни зборови:** *концепт/концепција, доктрина, стратегија, оператика, тактика.*

**Abstract:** *In the framework of its theoretical and practical existence, every scientific area and field of work uses an ordinary and most frequent sequence of words, which are necessary to be conceptually determined, because of their equal theoretical comprehension and practical operationalization . When regarding defence as a field of work, the usual and most frequent sequence of notions is as follows: concept/conception, doctrine, strategy, operation, tactics etc. There are cases when using these notions the comprehension is different for same notion, as a result of which one can encounter certain theoretical inconcistencies, following to practical problems. The question becomes more complicated when these notions acquire the atributes such as: national, state, defencive, common, war, military etc. Thus, the question of relations among these notions is a subject of this study, which could contribute for simpler theoretical approach, which is very important when regarding the field of defence. However, the study is focused on the notion of strategy.*

**Key words:** *concept/conception, doctrine, strategy, operation, tactics.*

**Вовед**

Денес поимот стратегија има мошне широка употреба. Тој најчесто се користи кога трба да се изрази определен глобален пристап во практичното решавање на некое отворено прашање. Самиот факт што со таквиот глобален пристап се решаваат практични прашања, наведува на заклучокот дека на стратегијата ѝ претходи определена мисловна активност, која всушност треба да ја даде рамката во која ќе се остварува стратегискиот пристап. Оттука произлегува и потребата, пред поблиску да се определи поимот стратегија, да се даде експликација на поимната катеорија концепција, а особено на поимната категорија доктрина. Секако, ваквото разгледување ќе биде во непосредна врска и во релација на тие поими со дејноста на одбраната како државна функција.

## 1. Поимите концепција и концепција на одбраната

Поимот концепција потекнува од латинсиот збор "conceptio", кој етимолошки, како општ поим, значи основна замисла, главна мисла, првобитна или логична претстава за некоја појава, и за начините и правците на нејзиното разгледување и разрешување. Концепцијата, исто така, значи најглобален начин на разгледување на определена појава, без навлегување во детали и целосно решавање на определени проблеми.

Денес поимот концепција, особено кога е во прашање одбраната во Република Македонија, речиси и да не се употребува. За ваквата состојба најчесто се наведуваат следните причини: прво, заради тоа што тој поим е иманентен на социјалистичкиот самоуправен систем кој Република Македонија го напушти и второ, поимот концепција е еквивалент на поимот доктрина, па нема причина од употреба и на двата поима. Без посериозна амбиција за давање одговор на овие отворени прашања, треба да се напомене дека и денес некои држави имаат свои концепции/концепти за одбрана, при што најмалку станува збор за идејни или идеолошки определби во таа област, туку за концепти утврдени како ставови или друг вид на документи, кои ги донесуваат највисоките дршавни органи, и служат како основна платформа за изградба на одбраната на државата. Изворност за употреба на поимот концепција има и во македонскит јазик. Имено, под поимот концепт се подразбира "нацрт, скица на писмен документ"[1], односно под поимот концепција се подразбира "1. (сфаќање на појавите) научна концепција, 2. (замисла, основана мисла)"[2]. Според тоа, прашање на државна определба е

[1] Речник на македонскиот јазик, Македонска книга : Графички завод "Гоце Делчев", Скопје, 1986, стр. 351.

[2] Исто.

дали Република Македонија ќе утврдува и донесува концепција за одбрана како нацрт, скица на писмен документ, основна замисла, или пак не, како впрочем и за другите дејности во државата*.

По прашањето на концепцијата за одбрана, треба уште да се нагласи, дека таа е производ и се изведува од политичкиот систем на државата, што пак наведува на заклучокот дека секоја одбранбена концепција е поврзана со конкретно општесво (општествено уредување) и со времето додека тоа општество трае. Сепак, ваквото искажување не треба да не наведе на грешката, дека при градењето на одбранбената политика не постојат трајни и универзални ставови и начела, кои се прифатливи и за различни политички системи и кои најчесто се врзуваат со одбраната на трајните вредности на државата. Како резиме на ваквата елаборација, треба да се додаде, дека, концептите за одбрана на државите ги изразуваат трајните државни определби во сферата на одбраната, за чие натамошно научно и практично оживотворување се исклучиво надлежни и одговорни носителите на власта во државата.

Прашањето за еднаквоста помеѓу поимите концепција и доктрина, свој одговор ќе добие по определувањето на поимот доктрина.

## 2. Поимите доктрина и доктрина на одбраната

Поимот доктрина потекнува од латинсиот збор “doktrina”, кој етимолошки значи наука, теорија, учење, знаење, збир на мислења на некоја филозофска школа, збир на догми на некоја вера, збир на теории на некоја научна област и друго. Сфатена во потесна смисла, доктрината претставува систем на учење за некое филозофско, економско, правно, теолошко и друго прашање. Во поширока смила пак, доктрината претставува целокупен систем на средени, научно засновани ставови, принципи и погледи за некое подрачје на општествената дејност, со кои се дава основниот правец за решавање на битните прашања во таа област.

Од напред изнесеното може да се констатира дека доктрината сфатена како систем на научно засновани ставови и погледи* , систематизирано ги дава фундаменталните ставови за определена општествена дејност, кои имаат понепосредно практично значење. Токму овие редови го отвараат основното прашање за тоа дали доктрината е наука, односно каков е нивниот меѓусебен однос.

---

* Република Македонија досега нема донесено концепт/ставови за одбрана.

* Во практиката постојат и доктрини кои не се научно засновани, па од тие причини и не се научно докажливи, како што се на пример религиозните догми.

Мислењата по ова прашање главно се поделени. Еднаквоста помеѓу доктрината и науката се бара во фактот што “доктринарните теории независно од формата во која се јавуваат како заокружени теориски системи, со тек на време, во практиката и во другите сфери, почнуваат да ја преземаат улогата на научни теории”[3]. Во прилог на ваквата констатација е и фактот што филозофијата на науката одамна утврдила дека сите науки имаат доктрина како свој конститутивен дел, но неа така не ја нарекуваат, па затоа најчесто се говори за економска политика, политика во одбраната, политика во образованието, во здравството и сл. Ваквите синтагми се логично неодржливи и еднаквоста помеѓу доктрината и науката ја прават неприродна.

Имено, кај доктрината акцентот не е ставен на утврдување на објективната вистина, туку се нагласува поврзаното изложување на стручни стојалишта кои имаат непосредно практично значење. Во таа смисла, “тоа не е ништо друго туку апстрактен израз на еден став, односно тоа е обид тој целосно и рационално да се изложи”[4]. Напред наведеното, укажува дека, доктрината е конститутивен елемент на сите апликативни науки, создадена и оформена во вид на искази што ги определуваат нормите на практична дејност во едно подрачје, поради што и јазикот на доктрината е јазик на норма, кој нужно се потпира на јазикот на науката.

Кога станува збор за доктрина на одбраната, веднаш треба да се каже дека таа претставува дел од општата или генерална државна доктрина, која уште се нарекува и национална одбранбена доктрина. Под поимот национална одбранбена доктрина на нашата држава се подразбира “поврзано изразување на одбранбените ставови (стојалиштето) на Република Македонија во вид на комплементарни норми од практично значење со кои се искажуваат определби и обврзни постапки, односно се даваат упатства и правила за однесување во доменот на одбраната”[5]. Со други зборови, таа претставува збир на одбранбени ставови од речиси сите општествени дејности кои влијаат на одбранбеното организирање на државата. Притоа, од ваквото толкување на одбранбената доктрина, јасно произлегува дека кај неа не се инсистира на објективната вистина, односно научноста на пристапот не е во преден план, иако и науката е неопходна во толкувањето на истите тие ставови. Во однос на карактерот на одбранбената доктрина, треба да се истакне нејзината отвореност, односно нејзината

[3] Нацев, З., Теоретски основи на доктрината и стратегијата за национална одбрана, НИП “Ѓурѓа”, Скопје, 1997, стр. 43.

[4] Исто стр. 44.

[5] Исто стр.45.

флексибилност и развојност, во смисла на изнаоѓање на најоптимални решенија во конкретно дефинираниот општествен феномен, и можност за прилагодување на решенијата преку предвидување.

Денес, кога е во прашање доктрината, вобичаено е да се употребуваат поимите **одбранбена** и **воена** доктрина. Овие два поима, заради широчината на опфатот, се наоѓаат во меѓусебен однос како општо на спрема посебно, односно како посебно спрема поединечно. Имено, одбранбена доктрина опфаќа систем на усвоени теориски ставови и основни практични решенија по битните прашања на војната, односно на одбраната во целина, додека воената доктрина ги опфаќа ставовите и решенијата кои се однесуваат на воената одбрана. Во прилог на ваквата констатација е пишувањето според кое одбранбена доктрина (или големата стратегија како што ја нарекуваат), опфаќа збир на воени, стопански и политички средства и цели со помош на кои државата настојува да постигне безбедност, односно дека одбранбена доктрина "е синџир на политички и воени средства"[6], а како "клучна компонента на големата стратегија е воената доктрина"[7].

Кога е во прашање **одбранбена доктрина**, како конкретни прашања по кои се бараат ставови и решенија од неа, можат да се наведат следните: погледите на државата по прашањето на војната, карактерот на војната, можните облици и начини за водење на војната, физиономијата на војната, улогата и начинот на ангажирањето на силите, ставовите за воено-политичката и военостратегиската положба, прашањето на сојузништвото, вклучувањето во колективните системи за безбедност и одбрана, целите на војната, организацијата на командувањето и др.

Во врска со изработката на одбранбена доктрина, треба да се истакнат уште неколку мошне важни работи. Во основа, тие би биле следните:

- дека нејзината изработка е навистина многу сложен процес, од причина што на тоа големо влијание имаат бројни фактори, кои најчесто се класифицираат како објективни и како субјективни, за кои се вели дека треба да бидат во балансиран соодност заради реалност, односно соодветност на доктрината;

- потребата од дефинирање на прашањата по кои треба да се изградат доктринарните ставови, како и начинот на нивното презентирање;

- логично најбитното прашање за содржината на самите доктринарни ставови кои мора да произлегуваат од државните и од научните сознанија, но и од искуствата и од потесната и од поширока воено-политичка состојба; и

---

[6] Pouzn, B., Izvori vojne doktrine (превод од англиски), Vojnoizdavacki i novinski centar, Beograd, 1992, str. 32.

[7] Исто.

- определувањето на карактерот на доктрината (одбранбена, нападна/агресивна, или на одвраќање/застрашување).

Кога е во прашање **воената доктрина**, како конкретни прашања по кои се бараат ставови и решенија од неа, можат да се наведат следните: местото, улогата и задачите на војската во остварувањето на воените цели; организацијата, командувањето, подготвувањето и употребата на вооржените сили во вооружената борба и др. При натамошната конкретизација во изноѓањето на доктринарни ставови и решенија, може да се говори и за доктрини на видовите (копнена војска, противвоздушна одбрана и воено воздухопловство), па дури и за доктрини на родовите и службите.

Во врска со изработката на воената доктрина, треба да се истакнат уште неколку мошне важни работи. Во основа, тие би биле следните:

- определувањето на нејзините темелни, научни и други основи, кои се втемелени во општеството, воената вештина, искуствата и др.);

- дефинирањето на конкретните ставови и начела по одделни компоненти на воената одбрана (местото и улогата на воената организација во одбранбениот систем, по прашањето на силата воопшто, внатрешната организација, вооружената борба и др.); и

- определувањето на карактерот и целите на воената доктрина (офанзивна, дефанзивна, одвраќање);

## 3. Поимите стратегија и стратегија на одбраната

Поимот стратегија етимолошки потекнува од грчките зборови “stratos” што значи војска и “ago” што значи води, под што се подразбира водење на војската, или во послободна интерпретација употреба на вооружените сили во вооружена борба.

Од појавувањето на поимот стратегија во Стара Грција па наваму, тој постојано се надградувал, зависно од развојот на општествените односи, техничко-технолошкиот развој, а паралелно со тоа и со развојот на физиономијата на војната и на вооружената борба. Затоа, напред изнесеното значење на поимот стратегија, одговарало само за тоа време, и се додека војната е сведувана на вооружената борба, односно додека поимите војна и вооружена борба изразувале еднаквост. Веќе во подоцнежниот период, јасно се наметнала потребата за тоа, војната како поширока општествена појава да се третира посебно, а во нејзини рамки посебно да се издвои вооружената борба, како нејзина битна содржина, но не и единствена. Тоа довело до поделба на стратегијата на општа и воена, при што интерес на општата стратегија се најкрупните проблеми на одбраната воопшто, а интерес на воената стратегија се теоријата и практиката на подготвување и водење на вооружената борба.

Сепак, заради значењето на поимното определување на стратегијата, ќе се обидеме накусо да го презентираме тоа низ историскиот развој.

Уште во стариот век се забележани обиди за воопштување на некои искуства и сознанија од војувањето. Имено, уште од големите походи и битки на тогашните војсководители, биле промовирани одделни принципи и правила во водењето војни, што се однесувале на некои појави кои се повторувале континуирано во судирите, а се јавувале и обиди за нивни систематизирање.

За перодот на средниот век можат да се истакнат неколку покарактеристични видувања. Така на пример, **Макијавели** настојувал да ги изнајде објективните релации што постојат помаѓу целта на војувањето и техничките можност за нивно остварување, како и помеѓу војската и политичките структури. Врз основа на Наполеоновите војни, **Жомини** ја развива тезата дека стратегијата е речиси неменлива, односно, дека остварениот успех во судирот во кој се почитувале одделни принципи, може да се повтори во исти или слични ситуации, притоа целосно запоставувајќи го техничко-технолошкиот фактор. Според **Клаузевиц**, стратегијата во поширока смисла претставува вештина во употребата на воените средства за постигнивање на целите на војната што ги поставува политиката, а пак во потесна смисла нагласува, дека, стратегијата претставува водење на битки за постигнување на воената цел. Карактеристичен е и погледот на овој воен теоретичар за односот помеѓу стратегијата и тактиката. Имено, тој смета дека стратегијата е таа која го изработува воениот план, дека ги проектира воените походи, операции, борбите и битките, додека вистинските борбени задачи ги извршува тактиката, односно дека тактиката практично ги решава задачите на терен во рамките на стратегијата.

Од погоре изнесените погледи на **класичната мисла** за стратегијата, може да се заклучи дека тие целосно кореспондираат со тогашното сфаќање за еднаквоста помеѓу стратегијата и вооружените сили во остварувањето на политичките цели, иако општиот општествен развој веќе исфрлил на површина и други форми и облици во остварувањето на политичките цели. Секако, тука пред сè, се мисли на класиците на марксизмот, кои ја промовираа тезата за вооружен народ, со што практично стратегијата се прошири (излезе) надвор од вооружените сили, па и од вооружената борба.

За развојот на **современата мисла** за стратегијата, исто така можат да се истакнат неколку покарактеристични видувања. Така на пример, според **Харт**, британски воен теоретичар, стратегијата е вештина на употреба на вооружените сили за постигнување на целите во војната кои ги поставила политиката. Според **Бофр**, француски воен генерал, стратегијата е вештина на остварување на содејство на силите во постигнувањето на политиката и дека стратегијата е вештина на дијалектика на силите, или поточно, вештина на дијалектиката на волјата со употреба на сили заради решавање на нивниот

судир, а според **Осгуд**, стратегијата е широк план за користење на сите средства, почнувајќи од воените, преку дипломатските и психохолошките, со кои се помага надворешната политика, со употреба на легални, илегални или премолчени средства*.

Во рамките на ова разгледување, секако посебно место имаат гледањата по ова прашање на поранешниот СССР, кои се актуелни и за денешна Русија, како и на САД. Според советската воена теорија, воената стратегија претставува систем на научни знаења за закономерностите на војната како вооружена борба во име на одредени класни интереси, при што предвид се земаат воените искуства, воено-политичката ситуација, економските и моралните можности на земјата, новите средства за борба, погледите на веројатниот противник и сл., со што се прави проекција на идната војна и начинот на нејзиното подготвување и водење. Тука, посебно место се дава на највисокото воено-политичко раководство во подготвувањето на земјата за војна и вооружена борба во конкретните историски услови*. Ваквото поимно определување, иако е насловено како воена стратегија, мошне јасно укажува на комплексноста во пристапот, односно дека станува збор за определување на општата стратегија.

САД имаат две стратегии и тоа: национална безбедносна стратегија (општа) и воена стратегија. Притоа, стратегијата за национална безбедност е дефинирана како вештина и наука за развивање и користење на политичките, економските, психолошките и воените сили потребни во време на војна и во време на мир, со цел максимално да се потпомогне политиката, а заради зголемување на веројатноста за победа и намалување на можностите од пораз*. Под воена стратегија пак, се подразбира вештина и наука за употреба на вооружените сили и на другите елементи на националните сили за време на мир, на конфликт и на војна, а заради обезбедување на националните безбедносни цели.

Од досега искажаното може да се констатира дека стратегијата за одбрана се занимава со прашањата на одбраната во целина, со тоа што најчесто прашањата на подготвките и водењето на вооружената борба се издвојуваат како битна и посебна содржина. Оттука впрочем и произлегува поделбата на стратегијата на општа и воена.

---

* Пошироко за класичната и современата мисла за стратегијата, види кај Нацев, З., Теоретски основи на доктрината и стратегијата за национална одбрана, НИП "Ѓурѓа", Скопје, 1997, стр. 77-86.

* Според воената стратегија од Соколовски.

* Според воениот речник на Министерството за одбрана на САД.

За **општата стратегија** може да се рече дека претставува научна дисциплина која се занимава со најглобалните проблеми на теоријата и практиката на одбраната во целина, посебно со проблемите на подготвување и водење војна. Од аспект на извршување на политичко-стратегиските цели, непосредно ги извршува задачите на политиката и претставува дејност на највисокото државнополитичко раководство.

Тргнувајќи од ваквата комплексност на општата стратегија, не ретко за неа се користат и поимите како: национална стратегија, одбранбена стратегија, генерална стратегија, тотална стратегија и сл. Токму затоа, се вели дека општата стратегија е таа која ги насочува и координира одделните стратегии - воената, политичката, економската и дипломатската. Тоа е и основната причина поради која оваа стратегија се нарекува "национална одбранбена стратегија како синоним на изразите, тотална, голема, одбранбена и сл. стратегија. Составни делови на таа стратегија би биле воената, дипломатската, политичката и економската стратегија, што произлегуваат од неа и се од понизок ранг на општост"[8] .

**Воената стратегија** е научна дисциплина на воената наука и дел на општата стратегија, која се занимава со истражување на воените аспекти на организацијата, подготовките и водењето на вооружената борба во целина, како и употреба на вооружените сили заради остварување на целите на вооружената борба. Накусо речено, таа се занимава со најкрупните прашања од доменот на вооружените сили и вооружената борба.

Бидејќи во средиштето на нашиот интерс е општата стратегија, кога се говори за неа треба да се укаже и на релацијата помеѓу неа и политиката. Имено, при третирањето на општата стратегија треба да се има предвид дека таа многу често навлегува во делокругот на политиката, и дека во практиката не е лесно да се повлече граница помеѓу нив. Забуната ќе биде помала, доколку општата стратегија се сфати како едно од средствата на општата политика. Односот помеѓу стратегијата и политиката можеби "најсликовито" е изразен преку познатата синтагма дека "војната не е ништо друго туку продолжување на политичките односи со други средства"[9] . Од вака прикажаниот сооднос, јасно произлегува дека "војната ја повела политиката заради остварување на своите цели и дека политичките односи заради кои почнала војната сѐ уште траат, па затоа војната не може да се одвои од тие односи. Политиката врши подготвки за војна, обезбедува сили и средства за нејзино водење, ги насочува воените

[8] Нацев, З., Теоретски основи на доктрината и стратегијата за национална одбрана, НИП "Ѓурѓа", Скопје, 1997, стр. 89.

[9] Klauzevic, K., O ratu, Vojno delo, Beograd, 1951, str. 521.

дејства и настојува да создаде што поповолни политички, економски и други услови за водење и за резултат од војната. Стратегијата, во водењето на војната, како и во водењето на вооружената борба, тргнува од целите и барањата на политиката. Затоа стратегијата е подредена на политиката”[10] .

## 4. Односот помеѓу доктрината за одбрана, стратегијата за одбрана и стратегијата на вооружената борба

Во досегашното излагање беше извршено разграничување на клучните поимни категории во ова поглавје. Да се потсетиме, тоа беа поимите концепција, доктрина и стратегија како општи поими, и на истите тие поими, но ставени во контекст на одбраната. Самата елаборација на секоја од наведените поимни категории, доволно јасно го определи нивното значење, содржина, суштина, релации и меѓусебна поврзаност. Од тие причини, секој обид за изразување на односот помеѓу одделни категории неминовно би довело до повторување на веќе искажаното. Од тие причини, овде ќе биде направен само обид за извлекување на неколку општи констатации; да се укаже на неколку моменти или подобро речено грешки кои се прават при поимното разграничување, што е можеби најдобар прилог за односот помеѓу елаборираните поимни категотии; и на крајот да се дообјасни односот помеѓу доктрината и стратегијата за одбрана спрема доктрината и стратегијата на вооружената борба.

Како општи, можат да се извлечат следните две **констатации**:

- редоследот на изнесените поими ја изразува нивната општост. Имено, поимот концепција е поширок од поимот доктрина, односно доктрината е поширок поим од стратегијата. Нивниот меѓусебен однос е како општо на спрема посебно, односно како посебно на спрема поединечно; и

- наведените поими редоследно се наоѓаат во дијалектичко-логична релација и врска, почнувајќи од идејната концепциска замисла, преку изнаоѓање на системски средени и научно засновани ставови и принципи, па се до изнаоѓање на глобални теориски и практични решенија за остварување на определена дејност. Во конкретниот случај, тоа би значело остварување на дејноста одбрана како државна функција, од идеја до реализација, се разбира во објективизирани и конкретни услови и можности.

Како **позначајни моменти** кои треба да се се имаат предвид при поимното разграничување можат да бидат следните:

Прво, присутната тенденција за изедначување на поимите доктрина и стратегија, односно настојувањето со стратегијата да се опфатат и доктри-

---

[10] Grupa avtori, Koncepcija, doktrina i sistem opstenarodne odbrane, privremen materijal, Beograd, 1977, str. 39.

нарните аспекти, што е неприфатливо. Ваквата оценка секако ќе се совпадне со мислењето на читателот во подоцнежната фаза, кога ќе се изврши категоризација на поимот стратегија. Со оглед на сегашната состојба со донесувањето на фундаменталните документи од областа на одбраната во Република Македонија, може да се рече дека ваквото поистоветување доминира;

Второ, изедначувањето на поимот доктрина со поимите концепција за одбрана, одбранбена политика или воена политика, што е исто така погрешно. Основна причина за ваквото поистоветување лежи во занемарувањето на фактот за теориската втемеленост, а со тоа и на научниот пристап на доктрината, за разлика од другите поими за кои може да се рече дека го немаат токму тоа, и дека нивната суштина е производ на определени политички ставови, кои доколку во исто време се од владејачките политички структури, добиваат дури и карактер на државна политика;

Трето, изедначувањето на поимите концепција и доктрина на одбраната, при што се занемарува основниот факт дека концепцијата претставува глобална логична претстава и начин за разрешување на појавата наречена одбрана, а пак доктрината врши поврзано изложување на ставови и искази од непосредно практично значење за истата таа појава; и

Четврто, можеби најгрубата грешка што се прави во поимна смисла, која во исто време е со најголема можност за практични последици, е поистоветувањето на поимите национална и воена доктрина. Грешката од овој тип, најчесто се прави поради пренагласувањето на воената одбрана во рамките на вкупната одбрана на државите.

За **односот помеѓу доктрината и стратегијата на одбраната на спрема доктрината и стратегијата на вооржената борба** веќе е доста кажано. Имено, уште во поднасловот во кој се говореше за доктрината, беше нагласено дека воената доктрина претставува основен, суштински дел од единствената национална одбранбена доктрина со која се дефинираат основните начела и ставови за функционирање на вооружената компоненета на војната и тоа на различни нивоа на воената организација. Имено, доктрината на вооружената борба ги обликува доктринарните документи, посебно за стратегиско, оперативно и тактичко ниво, и истите систематски ги изложува во правила, упатства и други материјали со кои целосно се разработува содржината и технологијата на подготвувањето и водењето на вооружената борба. Притоа, доктрината на вооружената борба на ниво на стратегија ги дава битните определби и ставови на државата за водење на вооружената борба во целина, на ниво на оператика, битните определби за подготовка и водење на операции, а доктрината на ниво на тактика битните определби за водење на борби и боеви.

Веќе од овие редови може да се согледа тесната врска помеѓу доктрината и стратегијата на вооружената борба. Тука уште може да се додаде дека,

стратегијата на вооружената борба претставува наука и практика за подготвување и водење на вооружена борба во војна. Инаку, стратегијата на вооружената борба е интегрален дел на стратегијата за одбрана и со неа прави неделива целина. Односот помеѓу стратегијата за одбрана и стратегијата на вооружената борба е однос помеѓу општо и посебно. Предмет на стратегијата на вооружената борба е вооружената борба во целина. Таа се занимава со целосно изучување на вооружената борба, односно со нејзините подготовки и водење, и со неа се решаваат најсложените проблеми на водењето на вооружената борба, се влијае на физиономијата и на резултатите од војната. Затоа се вели дека, доктринарните ставови и определби на стратегиско ниво се од одлучувачко значење за вооружената борба во целина, а со самото тоа, свое влијание тие имаат и на стратегиско, оперативно и тактичко ниво.

## 5. Порзаноста на стратегијата за одбрана со оператиката и тактиката

За стратегијата за одбрана веќе констатиравме дека се занимава со прашањата за одбраната во целина, со тоа што најчесто прашањата на подготвките и водењето на вооружената борба се издвојуваат како битна и посебна содржина. Тоа всушност и беше основната причина за поделбата на стратегијата на општа и воена. Притоа, за општата стратегија констатиравме дека претставува научна дисциплина која се занимава со најглобалните проблеми на теоријата и практиката на одбраната во целина, посебно со проблемите на подготвување и водење војна. Значи, општата стратегија е комплексна, поради што таа ги насочува и координира одделните стратегии - воената, политичката, економската и дипломатската, односно дека тие стратегии се нејзини составни делови.

Претходниот став, иако претставува извесно повторување, беше неопходен да се нагласи, и тоа од две причини,

- прво, јасно да го изрази местото на воената стратегија во рамките на општата стратегија; и

- второ, да го најави воениот амбиент на случување кога станува збор за стратегијата (воената), оператиката и тактиката.

Кога се употребуваат поимите стратегија, оператика и тактика, веднаш не упатуваат на фактот дека случувањата се наоѓаат во комплексот на воената одбрана, во делот на вооружените сили, односно во делот на нивната употреба на различни нивоа на војната.

Со **нивоата на војната** најчесто се изразува значењето на борбените дејства на копно, водни површини и воздушниот простор, со што се изразуваат најбитните карактеристики на вооружената борба. Притоа, “основни фактори кои го определуваат нивото и значењето на борбените дејства се:

- целта која треба да се постигне;
- силите кои ги изведуваат борбените дејства;
- просторот на кој се изведуваат борбените дејства; и
- времето и метеоролошките услови во кои се изведуваат борбените дејства”[11].

Секое ниво на војната, пред сé, е дефинирано од резултатот што се очекува да се постигне, додека “Целите, задачите и севкупните активности на единиците во текот на подготовката, организацијата и изведувањето на борбените дејства можат да се согледуваат низ три меѓусебно поврзани нивоа, и тоа: стратегиско, оперативно и тактичко”[12]. Овие три нивоа, практично го дефинираат вкупниот спектар на борбени дејства и особено врската помеѓу тактичките актвности и стратегиските цели.

**Стратегиското ниво** опфаќа наука и вештина за употреба на вооружените сили како и на другите сегменти на општеството, за во текот на вооружената борба да се постигнат стратегиските цели, поради што се вели дека ова ниво на војната е поврзано со остварување на државните цели. Министерството за одбрана стратегијата ја толкува како воена политика и поставува одредени барања кои претставуваат појдовна основа за натамошен развој на плановите на вооружените сили. Врз основа на стратегиските определби и оперативната ситуација, во стратегиската команда се планираат операции, при што поставените стратегиски цели се појдовна основа за понатамошно планирање на оперативните цели.

На **оперативно ниво**, оперативните состави во зоната на својата одговрност планираат, организираат и изведуваат операции за да ги остварат поставените оперативни цели. Оперативното ниво претставува витална врска помеѓу стратегиските и тактичките цели. Тежиштето на ова ниво е водење на синхронизирани борбени дејства заради постигнување на стратегиските цели, низ планирање, организирање и изведување на поголеми операции. Корпусите вообичаено ги планираат и изведуваат главните копнени операции, додека бригадите изведуваат боеви. Без оперативната вештина, војната чиј краен резултат е победа или пораз, би била збир на неповрзани борби.

На **тактичкото ниво** на војната, боевите и борбите се планираат и се изведуваат за да се постигнат цели доделени на тактичките единици, или на силите формирани за посебни задачи. Тактиката претставува проблем кој се решава на бојното поле, вообичаено, брзо и динамично. Тактичкото ниво на војната ги обработува боевите и борбите, кои претставуваат активности преземени во блиска борба - во непосреден борбен контакт со непријтелот. Бојот

[11] Цветковиќ, С., Општа тактика, “ЦИНОМ” Скопје, 2000, стр. 1-2.
[12] Исто, стр. 1-3.

и борбата се основни и најмасовни облици на борбени дејства, карактеристични по својата сложеност, динамичност, брзина на изведување и со постојана промена на борбената ситуација. Во однос на условите во кои се изведуваат бојот и борбите можат да бидат офанзивни или дефанзивни, а се изведуваат на копно, водни површини и воздушен простор, во зафатот на фронтот, непријателската длабочина и сопствената заднина.

На крајот, во врска со ова прашање би го истакнале и толкувањето на поимот доктрина според теоријата на САД. Имено, тие под доктрина подразбираат збир на принципи, начела и постапки во вид на тактички активности, без разлика на нивото на борбените дејства. Поради ваквото сфаќање "Основната американска борбена доктрина е наречена воздушно - копнена борба"[13], при што за "со доктрината на воздушно - копнената битка се обезбедува посебна задача за пешадиските сили"[14]. Ваквото сфаќање на доктрината во САД, а со самото тоа и пошироко, треба да се има предвид при нашето билатерално приближување кон САД и безбедносните интеграции.

## Заклучок

Денес толкувањето на клучните поими од низата на зборови кои најфреквентно се употребуваат во сферата на одбраната, е неизедначено. Ваквата состојба е карактеристична и за други држави, но особено е изразена кај нас во Република Македонија. Неизедначеноста, или подобро речено различното разбирање на клучните поими од областа на одбраната, се движи од несогласување за опфатот, односно за содржината и суштината на самите поими, па сè до крајниот резултат што треба да произлезе од изедначеното разбирање на овие поими. Затоа, не случајно и денес, се поставуваат прашањата во стилот: Дали Република Македонија треба да има концепт, доктрина и стратегија за одбрана како посебни документи или не? Треба ли Република Македонија да има стратегија за одбрана како единствен документ, и што е со стратегијата за цивилна и воена одбрана? Што е со стратегијата за национална безбедност? Што е со опеертивното ниво на војување? и др. Сите овие прашања бараат систематски одговор од македонската интелегенција во сферата на одбраната и од носителите на политиката во одбраната. Недостигот од единствен пристап и координирана цел по овие прашања, води кон "разводнување" на одбраната, а нејзиното делување го прави инцидентно. Би било добро, доколку овие отворени прашања се расчистат побрзо и во чекор со нормативните промени кои се во тек, за да не се случи подоцна, тие, како сега да претставуваат тесна рамка.

---

[13] Infantry Rifle Platoon and Squad, Department of the Army, Washington DC, 14 December 1990, FM 7-8, page 1-1.

[14] Исто, стр. 1-1.

**ЛИТЕРАТУРА**:

1. Нацев, З., Доктрина теоретски основи и стратегија на националната одбрана, НИП "Ѓурѓа", Скопје, 1998.
2. Pouzn, B., Izvori vojne doktrine (prevod od angliski), Vojnoizdavacki i novinski centar, Beograd, 1992.
3. Klauzevic, K., O ratu, Vojno delo, Beograd, 1951.
4. Grupa avtori, Koncepcija, doktrina i sistem opstenarodne odbrane, privremen materijal, Beograd, 1977.
5. Цветковиќ, С., Општа тактика, "ЦИНОМ" Скопје, 2000.
6. Infantry Rifle Platoon and Squad, Department of the Army, Washington DC, 14 December 1990, FM 7-8.
7. Ванковска-Цветковска, Б., Војската и демократијата, Детска радост, Скопје, 1995.
8. Георгиева, Л., Творење на мирот, Студио АДА, Скопје, 1999.
9. Гоцевски, Т., Современи тенденции во одбраната, "Македонска ризница", Куманово, 1977.
10. Димишковски, С., Војна, војска и политика, НИП "Глобус", 1984.
11. Димишковски, С., Основи на националната одбрана на Република Македонија (воено - политички аспекти), НИП "Глобус", Скопје, 1996.
12. Кузев, С., Цивилната одбрана како дел од системот на одбраната на Република Македонија, НИП "Ѓурѓа", Скопје, 1988.
13. Кузев, С., и Давидовски, П., Збирка на прописи од областа на одбраната (со појаснувања и судска пракса), "НИКО-ТРЕЈД", Скопје, 1998.
14. Митревска, М., Цивилна одбрана-меѓународен статус, НИГП "Европа '92", Кочани, 1998.
15. Нацев, З., Начевски, Р., Војна, мир и безбедност, Македонска ризница, Куманово, 2000.

# КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ НА НАТО

**Марина МИТРЕВСКА**
Филозофски факултет-Скопје

**Апстракт:** *Трудот се фокусира на потенциранатa актуелност на кризите, менаџментот и кризниот менаџмент на НАТО. Ова го потенцира и фактот што загрозувањето на мирот и безбедноста во основа го изменија редоследот или својот приоритет. Тоа значи дека во однос на релацијата мир-криза-војна настанале извесни сериозни поместувања, односно, дека мирот и безбедноста подеднакво се загрозени. Според тоа, изменетата природа на кризите укажува на итноста од создавање на посуптилни пристапи во однос на справувањето со нив, наспроти досегашните кои се покажуваа сè помалку ефикасни. Во вакви услови НАТО како дел од новиот стратегиски концепт разви нов приод кон управување со кризите. Во својата основа тој се фокусира кон нов, поширок приод кон безбедноста и со поголеми можности за постигнување на долгорочните цели со политички мерки. На тој начин, нагласувајќи ја радикално поинаквата природа на ризиците во Европа, стратегискиот концепт го поместува фокусот на стратегијата на Сојузот од одбрана и закана кон кризниот менаџмент заснован на три заеднички елементи: дијалог, соработка со други земји и одржување на колективните одбранбени капацитети.*

**Клучни зборови:** *криза, менаџмент, кризен менаџмент, НАТО.*

**Abstract:** *The study is focused on the stressed actuality of the crises, management and the crisis management of NATO. This also stresses the fact that the peace and security have basically changed their order or priority. That is to say that in respact of the relation peace-crisis-war a certain serious displacements have been made, i.e. the peace and security are equally endangered. Accordingly, the altered nature of crises points out the urgency for creating more subtle approaches in terms of handling them, despite the former which have shown to be less effective. In this terms, NATO as a part of the new strategic concept has developed a new approach towards crisis management. Primarilly, it focuses on new, wider approach towards security and on greater oportunities for accomplishing the long-term goals using political measures. Therefore, stressing the radically different nature of the risks in Europe, the strategic concept displaces the focus of the strategy of the Alliance from defence and threat to crisis management based on three common elements: dialogue, co-operation with other countries and maintenance of the collective defencive capacities.*

**Key words:** *crisis, management, crisis management, NATO.*

## Вовед

Анализата за можноста за решавање на кризите во Европа од страна на НАТО во минатото се доведуваше во врска со односот на суперсилите, военополитичките блокови и воените конфронтации. Денес во услови на нова политичка ситуација, сите тие елементи сосема го изгубија значењето.Според тоа, изменетата природа на конфликтите и кризите со коишто се соочува Европа укажува на итноста од создавање посуптилни пристапи во однос на справувањето со нив, наспроти досегашните коишто се покажаа сè помалку ефикасни. Ова го потенцира и фактот што откако кризата ќе завршеше, многу малку или воопшто не се правеа напори да се тестираат и да се анализираат резултатите, да се извлечат поуки така што идните кризи да се пресретнат на поорганизиран и пофлексибилен начин. Сето тоа покажува дека новиот контекст не само што нуди можност да се стори нешто повеќе, туку создава состојба којашто неизоставно бара поставување и развивање на нов пристап.

Во тие околности, кризен менаџмент на НАТО се поставува како исклучително важен пристап, кој треба да води сметка за следните елементи: отвореност на границите, прифаќање на основните економски, политички и цивилизациски текови и можноста кризите да ескалираат и да се прошират. Оттука, механизмите на кризен менаџмент на НАТО во практикувањето на активностите, треба да овозможат влијание врз кризната состојба ( односно кризата ), и мора да се раководат од директен, конкретен и усогласен однос на целосен концепциски приод за справување со кризата. Тоа пак значи, за секоја активност на НАТО-алијансата , којашто е насочена да ја спречи кризата мора најнапред да има потврда во практиката, што треба да биде анализирана. Доколку таквата врска не постои, тогаш е многу тешко да се испитаат позитивните и негативните ефекти од носителите на активностите. Токму затоа, управувањето со кризи несомнено бара низа претпоставки. Во таа смисла ќе се направи поединечна анализа на кризен менаџмент на НАТО.

## Што е тоа кризен менаџмент ?

Што е тоа кризен менаџмент? Навидум едноставно прашање, но теоретската анализа претпоставува најнапред детерминирање на поимите или категориите " криза " и " менаџмент ", па потоа детерминирање на поимот " кризен менаџмент ". Затоа, одговорот на ова прашање не може да се даде без претходни макар и минимални поставки за тоа што е криза, а што е менаџмент. Еден од патиштата по кој поаѓаат авторите се респективното референцијално влијание во оваа наука. Но, да одиме по ред. Содржината на поимот "криза" е повеќе значна и речиси безгранична.Според првата, криза е критичен или одлучувачки степен ( место, точка ) или ситуација, односно точка на пресврт. Според втората, криза значи нестабилна состојба, како во политички, општествени или економски работи, со ненадејна или одлучувачка промена. Според третата, кризата може да биде разбрана како национална или како меѓународна состојба во која има третирање на примарни вреднувани интереси или целини на партиите што се инволвирани. Или пак зборот " криза" во прв

момент асоцира на природна катастрофа или на катастрофа предизвикана од антропогениот фактор. Во тој случај јавните менаџери би имале задача да управуваат со кризата многу бргу и во корелација со нивната секојдневна област на одговорност.

На крај криза може да се дефинира и како сериозно искривување на основните елементи на општеството, или влијание на основните вредности и стандарди на општеството.

Постојат огромен број причини за појавата на кризи, особено по Втората светска војна, но тие во основа можат да се наведат под единствен заеднички именител, а тоа е прераспределбата на политичката, на економската и на воената моќ, што доведува до нова констелација на силите и на односите во Европа и пошироко од неа.

За да се дообјасни пристапот кон концептот на криза, треба да се нагласи дека авторите вообичаено ги третираат актерите во кризите како субјекти, коишто имаат перцепција за закана, перцепција за ограниченото време и перцепција за висока можност од кризи.

Според истражувањата, всушност високиот степен на можноста од дејство на изворите на кризи се всушност клучни детерминанти на дефинирањето на кризата и на актерите во криза. Имено, кризите имаат долгорочен карактер, тие се многубројни и со голем број актери.

Што е тоа менаџмент? Поимот менаџмент како современ универзален процес значи серија чекори или насочување на акциите во правец на остварување на дефинираната цел. Па така, менаџментот е збир акции водени кон некоја општа цел. Исто така, менаџментот има организациска улога, ги поставува обврските, одговорностите и односите. Менаџментот се дефинира како општествен процес на пренесување на одговорноста за корисно планирање и регулирање на операциите, на остварување на формулираните цели, како и одговорноста која вклучува: расудување и одлучување на плановите, употреба на податоци за контрола на извршувањето и унапредувањето на напорот и водење; поврзување; мотивирање и контрола на кадрите и спроведување на активностите. Менаџментот се дефинира од аспект на ситуацијата во која се применува. Ситуацискиот менаџмент се однесува на односите меѓу важни варијабли во опкружувањето и соодветниот менаџмент, на концептот и техниките кои водат кон ефикасно остварување на целите.

Менаџментот од стратегиски аспект се дефинира како начин за определување на долгорочната прилагоденост кон опкружувањето. Тој се дефинира како процес на идентификација, избирање и извршување на најпрофитабилен начин на поставените цели, остварување на долгорочна компатибилност меѓу внатрешните искуства и ресурсите и конкурентското, економското и општественото опкружување.

Менаџментот е дисциплина која ги систематизира правилата, принципите и теориите. Тој се дефинира како интердисциплинарна наука која го подига сопственото научно ниво и примена на интердисциплинарна системска наука која ги анализира проблемите.

На крај да заклучиме, кризен менаџмент ( crisis management ) претставува нов приод кон безбедноста и спречување на конфликтите. Имено, во поголемиот број случаи кризниот менаџмент се дефинира како добра дипломатија со која се настојува да се реши нестабилната состојба со одбегнување на тензиите. Оваа дефиниција на прв поглед асоцира на поврзаноста со минатата блоковска поделеност и сегашниот европски развој, но со јасна идеја и порака, дека мирното решавање на кризата и дипломатската акција и денес се повеќе потребни. Имено, кризите кои доаѓаат ја наметнуваат се поголемата потреба од мирно решавање и поголема улога на дипломатијата.

## Што е тоа кризен менаџмент на НАТО?

НАТО е организација која и служи на Алијансата, има одбранбен карактер од сите видови загрозувања на земјите членки, односно, НАТО е практичен израз од ефективните напори на нејзините членови за поддршка на нивните заеднички интереси. Нејзината суштинска намера е да ја заштитува слободата и безбедноста на сите нејзини членови со политички и воени дејства, во согласност со принципите на Повелбата на ООН и со договорот склучен меѓу нив.

Кризниот менаџмент на НАТО подразбира организација, уредување и мерки со цел: да се стават кризите под контрола и да се овозможат услови за обликување на идната насока на кризата.

## Цели на кризен менаџмент на НАТО

Гледано од суштински аспект новиот стратегиски концепт на НАТО ја истакнува улогата на дијалог и соработка во Европа, што служи како средство за остварување на кризите и спречување на конфликтите. Имено, влијанието на НАТО во одржувањето на мирот во голема мера зависеше од успешното управување со кризните ситуации што можат да имаат влијание врз безбедноста. Кон тенденцијата да се издиференцираат мултидимензионалните од традиционалните цели на кризниот менаџмент во рамките на НАТО, покрај мноштвото квантитативни показатели, придонесуваат и соодветни квалитативни елементи.

Прво, во денешната стратегиска средина стравот од "силна" агресија повеќе не ја преокупира нацијата, туку повеќе тензиите и антагонизмите генерирани од етнички конфликти, екстремни национализми и внатре државни

политички судири, кои резултираат со кризи штетни за стабилноста и безбедноста на макро и микро ниво. Во вакви комплексни услови главните закани ги нема, тие се заменети со многу поголем број на помалку предвидливи ризици кои се многу присатни и многу директни, тешки за анализирање и непостојани. Сето тоа покажува дека постои континуирана потреба од делотворен, контролиран одговор, организирано раководење со кризите, мерки и комуникации, кои би можеле да бидат вклучени поединечно или колективно во контрола на кризите и обликување на идните насоки и задоволување на политичките чинители и раководители со кризи.

Второ, од извонредно значење е категоризацијата на целите на кризен менаџмент на НАТО, и тоа :

- да се придонесе кон намалување на тензиите и нивна превенција, со што, директно се влијае врз безбедноста на членките на Алијансата;
- ефикасно раководење со кризите, со тоа што ќе се спречи тие да прераснат во конфликти;
- да се обезбедат цивилни и воени подготовки,и
- да се спречи ескалација на кризата.

Трето, комплексноста на условите за дејствување условува квалитативно различен начин на НАТО- алијансата во превенција на конфликтите низ контролиран одговор и подготвеност за акција на сите нивоа на кризата. Ваквата улога го промовира и новиот стратешки концепт на НАТО,чии поенти се потреба од отворен пристап за безбедноста и стабилноста во новата стратешка средина. Одделно овој пристап рефлектира:

- користење на политички ,економски, и социјални инструменти, исто како и воени;
- поголемо истакнување на превенцијата на конфликтот, одржување на мирот и кризен менаџмент.

Четврто, промовирање на системот за управување со кризите во рамките на НАТО. Всушност, тој систем подразбира организација, уредување и мерки со цел:

- да се стават кризите под контрола, и
- да се овозможат услови за обликување на идната насока на кризата.

Петто, интензитетот на кризата, во принцип значи поголема агресивност во дејствијата на една или повеќе страни и дава повисок интензитет на кризата.

Шесто, определување животен циклус на кризата е можно од перспектива на управување со кризата. Сето тоа покажува дека има две фази во развојниот процес на кризата: фаза на ескалација, следена од некои својства од фазата на деескалација. Имено, овој премин може да се случи во било кој процес на кризата.




Седмо , апликацијата на НАТО во активностите на управување со кризите стана многу почеста, и тоа преку:

- мониторинг;
- детектирање на кризата;
- поставување на планови и цели;
- преговори ( посткризна "стабилна " ситуација);

Осмо, определување на главните активности на НАТО за управување со криза, придружено со секоја состојба на кризата која сугерира едноставна матрица преку целиот процес на управување со криза. Ова може да се види од табелата.

| | | СОСТОЈБА НА КРИЗАТА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ЕСКАЛАЦИЈА | | | | ДЕЕСКАЛАЦИЈА | |
| | | МИР | НЕСОГЛАСУВАЊЕ | КОНФРОНТАЦИЈА | ОРУЖЕН КОНФЛИКТ | ОПАЃАЊЕ НА ИНТЕНЗИТЕТОТ НА КРИЗАТА | СТАБИЛНОСТ |
| АКТИВНОСТИ НА РАКОВОДЕЊЕ СО КРИЗА | МОНИТОРИНГ | X | X | X | X | X | X |
| | ОТКРИВАЊЕ НА КРИЗАТА | X | X | | | | |
| | ОПАЃАЊЕНА ИНТЕНЗИТЕТОТНА КРИЗАТА | | X | X | X | X | |
| | ПРЕГОВОРИ | | | | X | X | X |
| | ГРАДЕЊЕ МИР | | | | | X | X |

Деветто, определување на задачите на НАТО при управување со кризата. Од овој аспект, од особено значење е да се посочат заедничките задачи за раководење со кризата, и тоа :

- општо разгледување, координирано собирање и предавање на информациите;
- собирање на информациите и градење слика;
- одржување на состојбата на ситуацијата;
- идентификување на главните актери, нивните цели и нивната стратегија;
- општа проценка на можни консеквенци од ескалација на кризата.

Десетто, јасно дефинирање на националните и институционалните цели претставува политичка рамка во која активностите на управување со кризата ќе заземат значајно место. Имено, алтернативниот политички/воен план за дејствување е неопходно да биде конзистентен со национално институционалните цели. Оттука, формалниот список на задачи би можел да го вклучи следното:

- формирање на алтернативни стратегии;
- поставување критериуми на ризик;
- филтрирање на опциите;
- истражување на преостанатите опции;
- присилно влијание на политичкиот фактор.

Исто така, формалниот список на задачи ќе вклучи имплементација на сите активности на планирање, следено со формални одлуки, грижејќи се за специфичните акции кои се преземаат со стратегиско, опциско разгледување, и тоа:

- идентификување на факторите за принуда и имплементирање на пакетот опции (политички, воени,логистика и др.)
- сили за истражување;
- план за движење и трансформирање;
- координација со сите во текот на кризата.

## Управување со кризи во системот на НАТО

НАТО како дел од новиот стратегиски концепт разви нов приод во управувањето со кризите. Во својата основа тој се фокусира кон нов, поширок приод кон безбедноста и со поголеми можности за постигнување на долгорочни цели со политички мерки. На тој начин, нагласувајќи ја радикално поинаквата природа на ризиците во Европа, стратегискиот концепт го поместува фокусот на стратегијата на Сојузот од одбрана и закана кон управување со кризите заснован на три заеднички елементи: дијалог, соработка со други земји и одржување на колективните одбранбени капацитети.

Трите елементи меѓусебно се надополнуваат и истовремено секој од нив е планиран да ги обезбеди кризите што би влијаеле на европската безбедност, да можат да бидат спречени или решени по мирен пат. Во таа смисла, НАТО ги развиваше и своите способности за да може да го изврши целиот опсег на задачи, вклучувајќи го управувањето со кризите и одржувањето на мирот, а притоа запазувајќи ги можностите за колективна одбрана. Токму затоа, земјите-членки на НАТО ги адаптираа своите политички и воени структури и процедури за поефикасно и пофлексибилно извршување на нивните задачи и истовремено ја модифицираа и ја засилија соработката со сите членки на ПзМ и со другите организации, а пред се со ЗЕУ и ОБСЕ.

Од овој аспект, од особено значење е да се посочи значењето на севкупниот сојузнички стратегиски концепт ( МС 400 ), од кој понатаму се разви системот за предупредување. Неговата апликација придонесе кон подобрата севкупна подготвеност на НАТО структурите, подеднакво и на цивилните и на воените, за поддршка на воените реакции. Сето тоа покажува дека системот опфаќа голема разновидност на цивилни и на воени мерки за соодветно реагирање на ситуацијата во временска, координирана и рафинирана смисла. Истовремено, системот за предупредување на НАТО опфаќа широк спектар на кризи и е исто така, приспособен за операции за поддршка на мирот. Според тоа, системот за предупредување на НАТО е клучно средство за зголемување на севкупната цивилна и воена подготвеност на Сојузот, кој може да одговори на која било криза и да се обезбеди навремена и координирана акција соодветна на ситуацијата.

Инфраструктурата за поддршка на процесот на управување со криза го опфаќа Ситуациониот центар на НАТО. Целта на системот за предупредување во НАТО е да обезбеди механизми и инструменти што ќе бидат употребени за време на криза.Тоа, пак, значи иницирање на мерки што треба да бидат преземени, како од сојузниците во целина така и поединечно од земјите-членки за поддршка на воените реакции.

Исто така, во НАТО е разработена и доктрината CIMIC, за реагирање во случај на кризи и создаден Евроатланскиот координативен центар за координирање на дејствата при вонредни ситуации последица на природни катастрофи.Оттука, произлегува прашањето: Може ли НАТО да управува и командува со кризите? Одговорот е позитивен, под услов да се прифатат трите основни правила, а тоа се: кризите се неизбежни; управувањето со кризите бара некои процедури за управување, кои можат да бидат усогласени однапред и употребени штом се појави криза; и управувањето со кризи е интегрален дел на одговорноста на секој раководител ( менаџер ). Исто така, управувањето со кризи во рамките на НАТО за време на кризи бара низа претпоставки помеѓу кои се најзначајни следните: брзо донесување на одлука за мерките и активностите што треба да се преземат на политичко поле;

брзо донесување на одлуки за мерките што треба да се преземат на воено поле и на планот на вонредните состојби. Исто така, поврзувањето на мерките и активностите во време на кризи, ќе бара итно реагирање, за да се обезбеди позитивно и ефикасно влијание за решавање на кризната состојба. Овие неопходни мерки ќе бидат тешко, но не и невозможно, да се реализираат, со што ќе се овозможи спречување на кризата. Елементите кои што придонесуваат за успех на управување и командување со кризи претставуваат перманентна преокупација на НАТО алијансата. Како три заеднички елементи што се надополнуваат се наведуваат: дијалогот, соработката и одржувањето на колективните одбранбени капацитети. Во своја основа елементите поединечно се фокусирани да обезбедат, кризите кои би влијаеле на безбедноста да можат да бидат спречени или да бидат решени по мирен пат. Системот за управување и командување на кризен менаџмент во рамките на НАТО тргнува од правилото дека тој мора да се состои од четири фази и тоа:превенција, подготовка, реакција и обнова. Во однос на нивните активности може да се констатира дека овие фази се поврзани во кружна врска, што значи дека треба да делуваат како целина и да се надополнуваат.

Имено, кога станува збор за управување и командување со кризи , може да се потенцираат нејзините воени, економски и социјални, како и хуманитарните и еколошките аспекти. Секој од овие аспекти претпоставува соодветна подготвеност да се справи со кризите и да ги редуцираат последиците од нив.Во таа смисла, капацитетот за справување со кризите е само дел од национално-безбедносната стратегија што се насочува кон конкретен проблем што продуцира криза. Во најголем број, случаите кога државите немаат способност или таа способност ја сведуваат исклучиво на техники што почиваат на примена на присила, може да се очекува продлабочување или проширување на кризата.На тој начин создадени се можности за промовирање на ангажманите на НАТО алијансата за развивање на своите способности да ги изврши сите задачи, вклучувајќи го и управувањето со кризите и одржување на мирот. Исто така, од суштински аспект е создавањето услови за адаптирање на процедури за поефикасно и пофлексибилно извршување на задачите што ќе овозможи соработка на НАТО, на асоцијацијата Партнерство за мир со меѓународните институции: ООН, ЗЕУ И ОБСЕ.

**ЛИТЕРАТУРА**:

1. Buars.L., Strategic Management, Harper Row Publishers, New York, 1987.
2. NATO- Handbook, NATO Office of Information and Press, Brussels, 2000,
3. Generic crisis management, Handbook, 2000 II-1.

4. SIPRI, Stockholm International Peace Research institute, Oxford University Press, Sweden, 2000.
5. NATO'S SIXTEEN NATIONS, Special issue 2/1998, Jules Perel's Publishing Co, Netherland,1998.
6. Anderson S., EU, NATO and OSCE, Responses to the Yougoslav Crisis: Testing Europe's New Security Architecture , Vol 4., N-2.
7. Azar E.E.,Moon C., National Security in the Third World: The Management of Internal and External Theats, Edward Elgar Pub, Alder Shot, 1988.
8. Dunn J.D. Stephens E.,Kelley J.R.,Management essentials: Resource, Mc Graw-Hill Book Company Inc, New York,1973.
9. Dwan R., Armed conflict prevention , management and resolution, SIPRI, Sweden,2000.
10. Grocki R., Generic Crisis Management, Handbook, Brussels,1999.
11. Griffin R.W., Management, 3 rd ed., Houghton Mifflin Company, Boston,1990.
12. Heyel C., The encyclopedia of management, Reinhold publishing corporation, New York.
13. Missie J.L.,Essentials of Management, University of Kentucky,1987.
14. The North Atlantic treatry Organisation, Facts and Figures, Published bu NATO, Information Service, Brussels,1990.

# ЦИВИЛНАТА КОНТРОЛА НАД ВОЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Темелко РИСТЕСКИ**
Воена академија," Генерал Михаило Апостолски" – Скопје

**Апстракт:** Воспоставувањето циивилна контрола над војската е императив на демократизацијата на оппттеството. Но, цивилната контрола над војската не може во потполност да се воспостави ако образованието на воените старешини е под контрола на генералштабовите или на други воени организациски состави. Низ образованието воените старешино стекнуваат бројни знаења коишто по својата природа и структура се од поширок интерес за одбраната. Образованието има одлучувачка улога во формирањето на структурата на личноста на воениот старешина, согласно со барањата на раководењето и командувањето со воените организациски состави на демократското општество. Токму поради тоа, нужно е военото образование да се интегрира во цивилното општество и да се стави под сеопфатна цивилна контрола. Согласно со принципот на цивилна контрола над војската треба да се бараат и идните организациски решенија за образованието на воените старешини во Република Македонија.

**Клучни зборови:** цивилна контрола, начело, образование, воено образование, воена академија, академија – факултет на одбраната, генералштаб.

**Abstract:** Re-establishing the civil control over the Army is imperative for the democratization of the society. But, the civil control over the army can not be completely reestablished if the military officer's education is under the control of the general staff's or in other military organization structures. Through the education the military officers acquire many knowledge which according to its nature and structure are with wider interest for the defence. The education has the main rule in the creation the structure of the military officers personality in accordance with the demands of the military leadership and commanding with the military organization structures of the democratic society. There for it is necessary for the incorporate military education in the civil society and put them under the completely civil control. The future organization solutions for the military officers education in Republic of Macedonia shold be looked for in accordance with the priciples of the civil control over the army.

**Key words:** civil control, principles, education, military education, military academy, academy – faculty of defence, general staff.

## Вовед

Образованието на луѓето е сложен процес на стекнување општи и стручни знаења неопходни за живот во општеството и за извршување на работите и задачите со кои човекот ја обезбедува својата егзистенција. Тоа опфаќа стекнување на општи и стручно-специјалистички теоретски знаења, развивање креативни способности, создавање научен приод кон проблемите, развивање на аналитички и на индуктивно-дедуктивни способности кај личноста со цел таа да се оспособи преку механизмот на психички трансфер и креативно да го користи наученото во вршењето на професионалните должности. Се спроведува низ студии и учење во јавни установи специјализирани за вршење на образовна дејност - училишта, академии , факултети и сл.

Военото образование е интегрален дел на системот на образованието на државата. Како активност тоа претставува плански и организиран процес на усвојување знаења потребни за извршување на должностите во организациските состави на вооружените сили. За спроведување на ова образование се организираат посебни воени институции: средни воени училишта, воени академии, односно академии на одбраната, факултети на одбраната, командно-штабни школи за определни нивоа на военото раководење (тактичко, оперативно), школи на националната одбрана (за стратегиското ниво на раководење со одбранбените активности ) и други воени, односно одбранбени образовни институции.

Трендовите во поглед на намената и задачите на современите армии ја наметнуваат потребата од јакнење на цивилната контрола над ова образование и потребата од негова трансформација во образование за одбраната.

## 1. Еволуцијата на военото образование

Враќајќи се назад низ историјата, почетоците на военото образование ги гледаме уште во војските на робовладетелските држави. Покрај обуката во командувањето со воените организациски состави, на командниот кадар на робовладетелските држави му се давале и извесни општи и стручни знаења заради запознавање со военоисториските искуства, познавање на физиолошките и психичките особини на луѓето (посебно на војниците), планирањето, организацијата и изведувањето воените акции, изработката на разни воени направи и орудија, употребата, чувањето и одржувањето на воената опрема, дресурата и негувањето на бојните животни (коњи, слонови, камили), воената фортификација, физичко-географските и климатските особености на непријателската територија, етичките и етничките карактеристики на непријателското население и сл.[1]

[1] Податоци за ова среќаваме во делата на Херодот, Тацит и Тит Ливије, Вегеције, Плутарх, Сун Цу Ву и др.

Подоцна, со развојот на борбената техника, на историска сцена стапува нова, поусовршена методологија на планирање борбени дејства, нови начини за изведување на дејствата, нови форми на воени маневри и нови методи на раководење и командување. Тоа ја зголемува потребата од проширување на обемот на општи и стручни знаења на воените старешини. Подигнувањето на образовното ниво на војничкиот состав, сè повеќе бара од старешините да поседуваат нова форма на авторитет чија што основа не се само храброста, физичката сила, умешноста во ракувањето со оружјето и во водењето на единицата, туку и општото и стручното знаење. Токму поради тоа, на подигнувањето на општото и стручното знаење на воените старешини сè повеќе и повеќе му се посветувало внимание. Така веќе во средината на деветнаесеттиот век во воените академии на големите сили, руската, француската, пруската, австриската, и други е присутен забележителен број на цивилни предмети. Воведувањето цивилни содржини во воено то образование доживува натамошен прогрес во текот на дваесеттитот век. Така кон средината на втората половина од овој век тие содржини стануваат предоминантни во вкупниот корпус на знаења коишто треба да ги стекне офицерот. Овде треба да се имаат предвид знаењата коишто офицерот ги стекнува во рамките на цивилните предмети од областа на природните, општествените и техничките науки, така и знаењата коишто тој ги стекнува во рамките на воените предмети кои се базирани на достигнувањата на науката во цивилните научни опбласти (математиката, физиката, хемијата, социологијата, психологијата, правото и други). По 1980 година, клише за примерен офицер не е оној кој што елегантно и отсечно го гази строевиот чекор, кој со молскавична брзина го расклопува личното оружје, кој непогрешиво ја погодува секоја мета и чиј глас грми по војничкиот круг, туку оној којшто држи речити и содржајни говори ,од којшто блика ерудиуција, кој знае еден или повеќе светски јазици, којшто одлично ракува со информатичката и комуникациската техника. Денес многу воени старешини школувани во претходните времиња, со својот застарен и сувопарен вокабулар и своето неспретно држење предизвикуваат потсмев кај слушателите и гледачите при јавните настапи.

## 2. Намената на современите армии и воено то образование

Воено то образование е во најнепосредна врска со намената на современите армии. Тие пак се институции на државата, пред сè наменети за одбрана на нејзиниот суверенитет и територијален интегритет со примена на вооружено насилство. Но класичната општествена улога на армиите во современите општества се трансформира со тоа што војската, покрај наведената задача добива и други , пред сè мирновременски задачи како што

се заштитата на населението  од елементарни непогоди и други несреќи (земјотреси, пожари, поплави, лавини, хаварии на фабрики од хемиската индустрија, авионски, железнички  и други несреќи и сл.), отстранување на последиците од вакви непогоди, односно несреќи (расчистување на урнатини, откривање затрупани лица и имот, детекција на отрови, деконтаминација на замјиштето и објектите), изведување на јавни работи (изградба на патишта, мостови, железнички пруги, водоводи, телефонски водови, јавни објекти и сл.), заштита на населението од диверзантски, терористички и други одметнички групи, обезбедување јавни објекти од значење за одбраната и други задачи.

Нема сомнение дека наведените активности на војската за потребите на поширокото општество во мир, по својата бројност и по интензитетот се предоминантни во однос на чисто воените активности насочени кон нејзино подготвување и оспособување за водење на вооружена борба, борбени и други дејства во воена состојба. Но, и во воена состојба, значаен дел од активностите на воените организациски состави ќе биде насочен кон изведување на спасувачки активности за потребите на цивилното население, како поддршка и помош на единиците на цивилната заштита.[2] Тука на прво место доаѓаат следниве активности: евакуација на населението, спасување од уривање, поплави и експлозии; противпожарна заштита, откривање и означување на опасни зони, деконтаминација и други слични мерки за радиолошка и хемиско-биолошка заштита, згрижување на населението, помош во запазување на добрата суштествени за опстанок, асанација на теренот и други мерки за заштита и спасување[3]

Воените задачи денес се извршуваат со примена на оружје и воена опрема чија употреба е незамислива без солидно познавање на математиката, електрониката, оптиката, електротехниката, општата механика, механиката на флуидите, општата и органската хемија, биохемијата, физиологијата и други технички, односно природно-научни дисциплини.

Современите воени организациски состави се составени од луѓе коишто поседуваат завидно образовно ниво (во просек на ниво на средно образование

[2] На ваков заклучок упатуваат содржините на стратегиите за одбрана на современите демикратски држави, белите книги на одбрраната, бројните податоци содржани во стручните воени и одбранбени списанија, како и податоците и сознанијата за вежбите кои што се одржуваат во рамките на колективните системи за безбедност (НАТО и Партнерството за мир) во кои беа вклучени и воени организациски состави на АРМ.

[3] Види член 15 од Уредбата за организирање, подготвување и извршување на активностите и задачите на цивилната заштита во  воена состојба и за формирање и подготвување на единиците и штабовите на цивилната заштита ("Службен весник на РМ, број 51/92).

со четиригодишно траење). Тие луѓе се добро информирани за случувањата во своето социјално окружување. Токму поради тоа, работата со воените колективи составени од такви луѓе бара солидно познавање на социологијата, социјалната психологија, психологијата на личнаста, андрагогијата и други општествено-научни дисциплини.

Намената на современите армии, социјалната структурар на воените организациски составиі, технологијата на изведувањето на воените акции, и техниката која се употребува за нивното изведување ја наметнува потребата воените старешини да поседуваат широки општи и продлабочени специјалистички знаења. Поради тоа, современите офицери се школуваат во високошколски институции – воени академии и факултети на кои стекнуваат широки општи и сеопфатни стручно-специјалистички знаења неопходни за квалитетно, ефикасно и ефективно извршување на нивните должности во рамките на воените организациски состави. Акцентот на образованието на офицерите се дава на стекнување знаења од областа на природните и општествените науки на кои се базираат стручно-специјалисстичките знаења неопходни за ракување со современата техника и за успешно раководење со воените организациски состави.[4] Овие знаења претставуваат сознајно-информативна база за изведување на задачите на припадниците на војската. Тие својата природа повеќе се цивилни отколку воени. Во нив, како што се глада предоминантни се знаењата за извршување на одбранбени задачи. Знаењата за управување со военото насилство како класична задача на војската заземат сразмерно мал дел. Тоа е и главна причина за трансформација на современаото воено образование во образование за одбраната. Оваа трансформација која е очигледна и неизбежна ја наметнува потребата од засилена цивилна контрола над воспитно-образовниот процес во воените школи и академии.

Воспоставувањето цивилна контрола над военото образование е компатибилно со современите трендови за воспоставување на сеопфатна цивилна контрола над војската во демократските општества. Таа одговара на духот на граѓанската демократија како правно-политичка основа на

[4] Во Армијата на САД клучни институции за образование на офицерите се воените академии кои се во ранг на високи школи. Акцентот во образованието на ова ниво е даден на природните науки, но не се занемарува ни јазичката култура и формирањето на критичен и снаодлив дух, како и на самостојност на офицерите. За понатамошна воеnostручна надградба постои систем на наменски курсеви и кратки програми на усовршување. Широко се применува и формата на паралелни студии по програмите за воено образование на цивилните универзитети за кандидати од чии редови потоа се регрутираат резервни офицери како и дел од офицерите на регуларната армија. Во воените школи на оваа земја се школуваат и високи стручњаци за воени, за економски и за политички прашања на државната управа, на безбедноста, дипломатијата, военото стопанство и т.н.

политичките системи кои се изградуваат во тие општества. Во врска со ова, цивилната контрола над воеhistoто образование во овие општества има одредени социјално-психолошки аспекти. Општо е познат фактот дека во формирањето на структурата на личноста на субјектите на образованието голем удел имаат клишеата коишто ги преферираат неговите носители. Воените кругови секогаш биле носители на висок степен на формализам и на помал или поголем степен на конзервативизам. Доколку образованието на припадниците на офицерскиот кор им се препушти на генералштабовите и на нив подредени организациски состави, формализмот и конзервативизмот ќе бидат одлики на структурите личности т.е. на офицерите. Степенот на конзервативизам е правопропорционален со степенот на затвореноста на воените академии во однос на поширокото општество. Ставени под крутите рамки на воените формации, воените академии не ќе можат пошироко да се отворат кон општеството. Затворени за општеството тие ќе бидат надвор од дострелот на контролата од страна на јавното мислење чии креатори се граѓаните, се разбира со помош на средствата за јавното информирање – печатот, радиото и телевизијата. Современото воено раководење и командување не трпат воени старешини задоени во духот на формализам и конзервативизам. Со современите армии можат да командуваат само креативни и снаодливи старешини, со развиен слух за случувањата во потесното и поширокото општествено окружување. Такви старешини можат да се формираат само во воени академии кои се отворени за цивилнато општествоо, непосредно контролирани од органите на цивилната власт и интегрирани во високообрразовниот ситем на својата држава. Токму поради тоа современите воени академии се интегрираат во цивилното општество и интегрирајќи се, сè повеќе се отвораат за јавноста.

Високиот степен на војнички конзервативизам се доближува до милитаризацијата на духот на припадниците на офицерскиот кор. Милитаризаираниот дух во одредени кризни моменти кога пораснува општествената улога на војската доведува до милитаризам во општеството[5] . Милитаризмот пак, како социјално-патолошка појава не им е туѓ ни на современите општества. Поради тоа, цивилната контрола над военото образование претставува своевидна брана од милитаризација на духот на воените старешини и од појава на милитаризам во општеството.

[5] Види d-r Ejub Kucuk, Militarizam, RAD i VIZ, Beograd, 1977, str. 170-175.

## 3. Цивилната контрола и моделот на образование на воени старешини

Старешинскиот кор на секоја современа армија го сочинуваат активните и резервните воени старешини. – офицери и подофицери.

Активните офицери се школуваат на воените академии и на факултетите во граѓанство. Согласно со принципот на економичност во одбранбеното образование широко е прифатен ставот, на академиите да се школуваат офицери за потребигте на некои од родовите на копнената војска и на военото воздухопловство и противвоздушната одбрана, а во поморските земји и на некои од родовите на воената морнарица. Така, на академиите претежно се школуваат офицери за родовите пешадија, артилерија, оклопно-механизирани единици, авијација, противвоздушна артилерија, ракетни единици на ПВО, поморство и сл. Офицерите за останатите родови – врски, инженерија, АБХО, како и офицерите за службите се настојува да се школуваат на цивилните факултети, со тоа што на академиите да завршуваат повеќемесечни курсеви за стекнување на воеothстручни знаења неопходни за работа во соодветните воени организациски состави.

Образованието на родовските офицери во академиите се одвива во две фази. Во првата фаза доминатни се општообразовните наставни содржини од областа на природните, техничките и општествените науки (математиката, физиката, хемијата, електрониката,. биологијата, филозофијата, социологијата, правото и др. Во втората фаза пак преовладуваат наставни содржини од областа на применетите науки и стручно-специјалистичките предмети.

Постдипломското образование на офицерите се спроведува на воените академии низ специјализација за командни, штабни и други должности и низ постдипломски студии за стекнување на научен степен-магистер од областа на одбранбените науки, како и докторски студии за стекнување на научен степен доктор на науки од областа на одбраната и низ специјалистички, магистерски и докторски студии на цивилните факултети. Ова образование се спроведува и во наменски воени школи за постдипломско образование на офицерите командно-штабни школи за определени нивоа на военото раководење (тактичко, оперативно) и школи на националната одбрана (за стратегиското ниво на раководење со одбранбените активности).

Обуката на офицерите се изведува во специјализирани родовски наставни центри наменети за обука на припадниците на родовите и службите. Таа го опфаќа нивното оспособување за ракување со борбените средства и други воени средства и опрема, за гаѓање од оружјето на родовите за кои се специјализираат, за управување со борбените возила, за изведување на одредени тактички дејства и постапки карактеристични за соодветниот род – служба и сл.

Во повеќе земји активните подофицери се регрутираат од завршените ученици на средните училишта во граѓанство. Кандидатите за подофицери завршуваат соодветни повеќемесечни курсеви во посебен центар за обука на подофицери или во соодветните центри за обука на родовите и службите на армијата.

Резервните офицери своето општо воено образование го стекнуваат за време на отслужувањето на воениот рок во посебни школи за резервни офицери на родовите и службите на војската, на воените академии или на посебни оддели за школување на резервни офицери во рамките на цивилните факултети – универзитети (САД).. Стручно-специјалистичката обука тие ја стекнуваат во центрите за обука на родовите – службите, а потоа се упатуваат на повеќемесечно стажирање во трупните единици каде го проверуваат и утврдуваат она што го научиле во текот на дотогашното школување.

Од изложеното може да се заклучи дека во повеќето замји е извршена редукција на старешинскиот кадар којшто се школува на воените академии и школи така што на нив се школуваат старешини само за оние родови и служби на војската за кои не може да се организира школување на цивилните военообразовни институции поради непостоење на соодветни специјализирани насоки за нивно школување. Тоа е императив кој произлегува од принципот на цивилната контрола над војската во демократските општества, како и од принципот на економичност и рационалност во задоволувањето на одбранбените потреби на тие општества.

## 4. Остварувањето на цивилната контрола над военото образование во Република Македонија

Република Македонија како држава во која се изградува граѓанско и демократско општество го прифати принципот на цивилна контрола над војската. Согласно со овој принцип, таа го уреди и своето воено образование. Основите на военото образование во Република Македонија се уредени со Законот за Воената академија.[6]

Според одредбите на член 2 и 3 од од овој закон, Академијата е воена високообразовна и научноистражувачка установа со својство на правно лице. На неа (член 5 и 7) се организираат и остваруваат постдипломски студии за родовите на копнената војска на Армијата, постдипломски студии за стручно усовршување - специјализација за командни и штабни должности), постдипломски студии за научно усовршување – магистратура од областа на воените науки и докторат на науки од областа на воената стратегија,

[6] Законот е објавен во Службен весник на РМ. број 30/95 и 54/97.

оператика и тактика. Покрај тоа, на Академијата се остварува и стручно оспособување и усовршување на лица со високо образование за службите на копнената војска на Армијата.

Школувањето на резервните офицери и на подофицерите за потребите на родовите и службите на АРМ се врши според посебни правилници донесени од страна на министерот за одбрана согласно со одредбите на Законот за одбрана (член 17, точка 25 и член 27 точка 3).

Како што произлегува од одредбите на член 3 и член 9 до 11 од Законот за Воената академија, Академијата му е непосредно подредена на Министерството за одбрана. Со измените и дополнувањата на овој Закон, покрај другото, треба јасно да се прецизира нејзината подреденост на Министерството. Ова произлегува од фактот што на неа како и на другите модерни воени академии на помали земји (бугарската, чешката, словачката, холандската, полската и други) во иднина без сомнение ќе се школуват кадри, не само за потребите на Армијата, туку и пошироко за одбраната во целост. Ова е императив што го наметнува начелото на цивилна контрола над одбраната и начелото на економичност во искористувањето на човечките и материјално-финансиските ресурси. Во врска со ова посебно треба да се потенцира начелоото на цивилна контрола над војската. Согласно со ова нечело недопустливо би било образованието на кадрите за потребите на Армијата, а и за одбраната во целост, како извонредно значаен сегмент на одбранбените подготовки на земјата, да им се препушти на воените организациски состави како што се Генералштабот на АРМ и Командата за обука. Со овие состави, Воената академија треба да има само соработнички врски. Покрај тоа, Генералштабот би можел да дава согласност на наставните планови и програми на Воената академија како и мислења и предлози за подобрување на квалитетот на наставно-образовниот процес на Академијата. Вакви организациски решенија во однос на поврзаноста на воените академии со миистерствата за одбрана веќе функционираат во повеќе европски земји. Меѓу нив на прво место ќе ги издвоиме Република Бугарија, Република Полска, и Чешката Република.[7]

Нормативно-правните основи за реализирање на наведените идеи се содржани во Законот за високото образование[8] . Во одредбата на член 185 од овој закон е содржана упатувачка норма, според која тој може да се применува и на државните воени и полициски академии доколку во законите со кои се основани поинаку не е определено.

---

[7] Податоците за ова се земени од ИНТЕРНЕТ и од приказите за воените академии на наведените земји добиени преку соработката на нашата Академија со нивните академии.

[8] Законот е објавен во Службен весник на РМ, број 64 /2000.

Правното толкување на оваа норма, низ призмата на принципот на цивилната контрола над војската, упатува на заклучок дека основните принципи дадени во Законот за високото образование мора да се применуваат и на Академијата. Тоа значи дека таа се основа со закон (член 33). Сите измени во нејзиниот статус, во однос на формите на образование, степените на образование и статусот на наставно-научниот, наставниот и соработничкиот кадар, и. т.н. мора да се регулираат со соодветни измени и дополнувања на постоечкиот Закон за Воена академија. Според член 8 и член 11 од овој Закон, основите на внатрешната организација и односите во Академијата се регулираат со статут кој го донесува Наставно-научниот совет на Академијата по претходно добиено мислење од министерот за одбрана. Детаљното регулирање на организацијата и односите во Академијата (систематизацијата на работните места, платите и додатоците на платите на наставниците и соработниците и сл.) се врши со потстатутарни акти (правилници и др.) кои ги донесува деканот на Академијата, по претходна согласност на министерот за одбрана (член 11, став 2).

Вака правно и организациски поставена, Академијата без сомнение ќе помине низ процесите на евалуација и акредитација за вршење на високообразовна дејност.

Со евалуацијата (член 2, точка 14 од ЗВО) се врши проценка на квалитетот на високото образование кое го врши високообразовната институција. Таа опфаќа бројни експлицитни процедури за проценување на квалитетот на образованието кое што го врши институцијата, на квалитетот на академскиот кадар ангажиран во наставно-образовниот процес и квалитетот на студиските програми за реализација на тој процес.

Позитивната евалуација е услов за добивање акредитација за вршење на високообразовна дејност. Според член 2, точка 4 од ЗВО, акредитацијата значи признавање на статус на високообразовна установа, како и потврдување и признавање на високообразовна установа врз основа на процес на евалуација.

Тоа ќе им овозможи на нашите офицери по пензионирањето да се вработуваат во цивилните структури на општеството, а според очекуваните законски решенија добар дел офицери ќе се пензионираат релативно рано и со пензии кои ќе бидат под нивото на пензиите стекнати со полн пензиски стаж. Со тоа военото образование и практично ќе се инкорпорира во цивилното обрразовние како дијалектичко единство на образование за потребите на одбраната на земјата.

## 5. Наместо заклучок

Моделот на воено, односно одбранбено образование за кој погоре станува̀ше збор е веќе воспоставен во повеќе земји во светот. За пример ќе гиземеме на прво место Република Бугарија, Република Чешка, Република Полска, и.т.н. Голем дел од принципите на овој систем на организација на военото образовение се применети во военообразовните системи на Република Франција, Кралството Данска, САД, Руската Федерација, Република Турција, Кралството Холандија и други земји.

За реализација на наведениот модел на образование на воени старешини и на други лица за извршување должности во рамките на системот на одбраната на Република Македонија, Републиката располага со солиден кадровски потенцијал. Тој потенцијал во основа го сочинуваат наставно-научните работници на Воената академија и на Институтот за одбрана при Филозофскиот факултет. Добар дел од овие наставно-научни работници се лица со повеќегодишно искуство во наставно научната работа, како и воени старешини кои имаат разновидна практика, стекната при извршувањето на разни дожности во единиците и установите на вооружените сили. Сите тие и се добро познати на нашата научна јавност. Повеќето од нив владеат со еден или два светски јазици на кои следат литература и добиваат информации од научните подрачја во кои работат. Некои се истакнати научни работници од областа на одбраната со реноме кое ги надминува границите на нашата земја. За да може овој потенцијал ефикасно и ефективно да биде искористен, нужно е во поблиска иднина да се изврши интегрирање на Воената академија и на Институтот за одбрана при Филозофскиот факултет во една високо образовна установа за образование на кадри за потребите на системот на одбраната - Академија на одбраната или Факултет за одбрана. Таа установа би се состоела од два институти – Институт за воена одбрана и Институт за цивилна одбрана. Како високообразовна институција, таа установа би била членка на Универзитетот “Св. Кирил Методиј”, а би била финансирана од средствата наменети за одбраната. Нема сомнение дека за реализацијата на овој модел е нужно донесување на нов закон со кој би се регулирале специфичностите на организацијата и функционрањето на таа установа согласно со општите принципи утврдени со со Законот за високото образование. Со формирањето на таква установа би се постигнал највисокиот степен на “цивилизирање”, на военото образование, негова комплетна интеграиција во системот на образованието за одбраната и во системот на високото обтразование на Република Македонија.

**ЛИТЕРАТУРА**:

1. Ванковска - Цветковска Б.: Војската и демоктратијата, Детска радост Скопје, 1995.
2. Дојчев Д.: Реформата на военообразовната система, Информации и врзки с обшчественоста, Министерство на отбраната, София 2000, стр. 39 – 55.
3. Grupa autora: Pedagogija, Matica Hrvatska, Zagreb, 1969,
4. Закон за одбраната, Службен весник на РМ, број 8/92 и 30/95
5. Закон за воена академија, Службен весник на РМ, број 30/95 и 54/97,

6. Закон за високото образование, Службен весник на РМ, број 64/2000,
7. Zvonarevic M.: Socijalna psihologija, Skolska Knjiga, Zagreb, 1989.
8. Zvonarevic M.: Psihologija, Skolska Knjiga, Zagreb, 1985,
9. Kucuk E.: Militarizam, Rad i VIZ, Beograd, 1977.
10. Lukov G. I Platonov K.: Vojna psihologija, VIZ, Beograd, 1968.
11. Марковиќ М.: Дијалектички закони на мислењето, Култура, Скопје 1961.
12. Nisic. S.: Obrazovanje staresinskog kadra, VINC, Beograd, 1989.
13. Pecjak V.: Psihologija saznavanja, Svijetlost, Sarajevo, 1981.
14. Samolovcev B.: Teorijske osnove vojnog vaspitanja i obrazovanja, VIZ, Beograd, 1976.
15. Устав на Република Македонија, Службен весник на РМ, број 52/91
16. Hegel G. W.F.: Fenomenologija duha, BIGZ, - Beograd, 1979.

# МАКЕДОНИЈА ПОМЕЃУ ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ФРАГМЕНТАЦИЈАТА

**Биљана ВАНКОВСКА**
Институт за одбрана, Филозофски факултет

**Абстракт:** *Глобализацијата, фрагментацијата и регионализацијата се поимите кои ги сочинуваат трите пола на анализата презентирана во овој текст. Текстот поставува теориска рамка за анализа на природата и содржината на глобализацијата и фрагментацијата низ призмата нивното значење за една мала балканска земја. Авторот не оперира со стереотипите кои вообичаено ја претставуваат глобализацијата како бениген, а фрагментацијата како малиген процес. Ваквиот пристап во анализата изгледа сосема применлив на балканските состојби кои нудат убедливи показатели дека глобализацијата и фрагментацијата отсекогаш биле дел од со векови старата стварност на Балканот, но биле перципирани на различни начини. Од таа причина, авторот презентира еден поглед на двата процеса во нивното единство, и тоа однатре. Централната точка е ставена на влијанието на овие заемно поврзани процеси на безбедноста на Македонија и на Балканот.*

**Клучни зборови:** *глобализација, фрагментација, безбедност, конфликт, мир*

**Abstract:** *Globalisation, fragmentation and regionalisation are terms that constitute the three poles of the analysis presented in this article. It creates a framework for analysis of the nature, content and the significance of these processes from a point of view of a small Balkan state. The author does not operate with the stereotypes that present globalisation as a benign and fragmentation as a malign process. This approach seems applicable exactly on the Balkan state of affairs that offers persuasive evidences that globalisation and fragmentation have always been an age-old reality but have been perceived in a specific way. Therefore the author presents an inner view to both processes in their unity. The focal point is on the impact of these mutually related processes on security of Macedonia and the Balkan region.*

**Key words:** *globalization, fragmentation, security, conflict, peace*

## Наместо теориски разгледувања

Една цела генерација научни работници, политичари, јавни личности и секако на обични луѓе насекаде низ светот имаа извонредна можност да го

одбележат испраќањето на дваесеттиот век. Тоа беше перцепирано како еден многу атрактивен, па дури и фасцинантен настан. Уште со приближувањето на настанот, се појавија мислења според кои завршувањето на Студената војна го означи крајот не само на дваесеттиот (по многу нешта, ужасен) век, туку и крајот на човековата историја (Фукујама). Од денешна гледна точка, мислењата ниту се толку оптимистички, ниту еднодушни. Напротив, оценките се амбивалентни, а перцепциите варираат од триумфалистички до некои потрезвени и претпазливи во донесувањето на конечни заклучоци. Она што е заедничко и за едните и за другите е потрагата по јасен став околу точното значење на тековните геополитички збиднувања и нивниот иден развој и импликации.

Глобализацијата и фрагментацијата влегуваат во редот на најчесто споменуваните поими, при секој обид да се направи пресек и анализа на денешницата. Иако на прв поглед изгледа дека аналитичарите се служат со истата терминологија, несомнено е дека тие се потпираат на различни (и некогаш спротивставени) концептуални пристапи. Се наметнува впечатокот дека со зачестувањето на употребата на овие термини и нивното сеопшто вклучување во секојдневниот вокабулар, конфузијата околу нивната суштина станува сѐ поголема. Секако, глобализацијата и фрагментацијата станувајќи дел од секојдневниот речник стануваат проблематични од аспект на нивното научно детерминирање. Најчесто тие почнуваат да наликуваат на празни контејнери кои можат да бидат исполнети со различни содржини, зависно од идеолошките, политичките или другите преференци. Интересно е што на прв поглед изгледа дека во геополитичките анализи започнаа со употребата на овие "нови" термини од неодамна. Суштинската анализа, сепак покажува дека дискурсот за глобализацијата/фрагментацијата е само помодерен и пософистициран начин на третирање на со векови старите процеси и реалитети.

Генерално гледано, историјата на човештвото може да се објасни како еден динамичен процес на меѓусебна интеракција помеѓу процесите на глобализација и фрагментација. Иако е можно да се направи дистинкција помеѓу периодите кога едниот или другиот процес бил доминантен, скоро и да не постои научен работник кој би тврдел дека историјата може да се анализира низ призмата на стриктна дихотомија на глобализацијата/фрагментацијата. Со други зборови, тие отсекогаш биле присутни во секој позначаен настан и развоен процес и тоа во своето дијалектичко единство. Глобализацијата и фрагментацијата биле отсекогаш повеќе комплементарни, отколку заемно исклучиви процеси.[1] Ова е особено точен заклучок кога

[1] Serge Sur, "The State between Fragmentation and Globalization", *European Journal of International Law*, Vol. 8, No. 3, 1997.

станува за сегашниот стадиум од човековата историја, а зборувајќи од географски аспект Балканот нуди многу илустративни и убедливи индикатори за точноста на оваа хипотеза.

Дискурсот низ призма на глобализација/фрагментација е не само многу популарен, туку и провокативен. Сепак, постојат огромни разлики во начините на кои се третира прашањето. Имено, разликите можат да се уочат на неколку нивоа, но се чини дека две од нив се најзначајни. Најпрвин, изгледа дека научните работници и политичарите го разгледуваат прашањето од спротивни аспекти. Второ, постојат значајни разлики помеѓу начинот на кој глобализацијата/фрагментацијата се перцепира во развиените западни демократии и оној кој доминира во земјите на пост-комунизмот. И во двата случаи, создавањето на стереотипи е онаа пречка за целосно разбирање на стварноста. Стереотипите, или понекогаш дури и создавањето митови и лажни претстави, помагаат работите да изгледаат полесно сфатливи и поедноставни за разрешување, особено историјата на балканските народи е преоптоварена со митови и полувистини за славните и трауматични делови од минатото. Освен тоа, Балканот е сè уште фатен во замката на новосоздадените митови, кои понекогаш дури доаѓаат од Запад. Моменталната ситуација може да се опише како чуден конгломерат на старите и новите митови за минатото, но и како мешавина на стравот од иднината и големите очекувања.

Секој обид да се постигне консензус околу дефинирањето на глобализацијата и/или фрагментацијата е однапред осуден на неуспех. Богатството на двата термина, како и припадноста на авторите на различни теориски стојалишта го прават таквиот потфат извонредно тежок. Дури и кога појдовните основи се исти, научните работници честопати изведуваат различни заклучоци и даваат различни препораки. Во најголем број случаи тие го третирата процесот на глобализација/фрагментација во неговото единство, што неизбежно ги вклучува елементите на компатибилност и контроверзност. Она што недостасува во нивните аналитички настојувања се најчесто издржаните заклучоци и препораки кои би биле апликабилни на различните услови кои владеат во одредени делови на светот. Парадоксално е што една димензија на проблемот се должи на фактот што денес и "западните" и "источните" научни работници најмногу се фокусираат на западната перцепција на движењата во смисла на глобализација и/или фрагментација во глобални рамки. Ако ваквата ситуација е разбирлива кога станува збор за западната научна мисла, сепак не постои валидно оправдување за таквиот пристап кој доминира кај научните работници од поранешниот комунистички блок. Втората димензија на незадоволителниот дискурс по прашањата на глобализацијата/ фрагментацијата е недостатокот на вистински *дијалог* и размена на експертиза.

Научните работници од регионот изгледа дека се подеднакво посветени и на "идеологиите" на глобализацијата и на фрагментацијата. Имено, од нивна гледна точка постојат подеднакво силни аргументи за поддржување и на двете тенденции, што за жал нема ништо заедничко со промовирањето на т.н. недихотомен пристап во анализата на овие феномени. Доминантната перцепција на глобализацијата и фрагментацијата е "црно-белата", која обезбедува "теориска" основа за сосема реакционерен пристап во кој фактички овие два процеса не можат да се сложат. Обратно, во практиката владите на балканските држави даваат најдобар пример за не-контрадикторната природа на политиката која на површина се заложува за "глобализација", а која во позадината придонесува за "фрагментација" на општеството. Реторичката поддршка на сето она што имплицира "глобализациски" аспекти се користи за легитимирање пред т.н. меѓународна заедница. Од друга страна, водењето политика за јакнење на концептот на "нација-држава" води кон фактичка фрагментација на одделните општества, но и на регионот како целина.

Политичарите на западните демократии, од своја страна, исто така го протежираат "црно-белиот" имиџ на глобализацијата/фрагментацијата во современиот свет, но заради различни причини. Во нивните јавни кампањи се инсистира на вредносен пристап, кој најчесто завршува со создавање на стереотипи за нивниот сопствен дел од светот, за другите и за светот воопшто. Глобализацијата честопати се перцепира како нешто што се поклопува со идеите за интеграција, мултикултурализам, универзализам и хомогеност. Глобализацијата не ретко е само друго име за фамозниот нов светски поредок и се идентификува со мирот и со стабилноста. Обратно од бенигната природа на глобализацијата промовирана од страна на развиениот Запад, концептот на "фрагментацијата" се врзува со "другите" т.е. со "лошите момчиња" од некои други делови на светот, кои не ги почитуваат универзално промовираните вредности на глобалниот систем. Во оваа перцепција, фрагментацијата е синоним за дезинтеграција, автархичност, затвореност и изолација. Во најлошата варјанта, таа е малигна тенденција која треба да се превенира или дури насилно да се елиминира, затоа што претставува пречка за позитивните ефекти на глобализацијата.

Голем број западни автори го застапуваат мислењето дека треба да се поддржува поколоритна претстава за феномените на глобализација и фрагментација. Во нивната суштина, според ова мислење, нема ништо априори бенигно или малигно, затоа што тие го претставуваат фундаментот на социјалната егзистенција низ вековите. Повремените тензии помеѓу тенденциите на интеграција и дезинтеграција се само природен резултат на нивниот сооднос во одделни периоди и географски региони. Најдискута-

билното прашање од крајот на Студената војна кое сè уште чека на одговор е: Дали глобализацијата и фрагментацијата спаѓаат во редот на т.н. "природни" законитости во општественото движење или се предмет на политички избор? Токму одговорот на ова прашање ги детерминира препораките на креаторите на политиката, како и нивниот настап.

Заради веќе споменатите тешкотии во дефинирањето на глобализацијата и фрагментацијата, најважно е фокусирањето на содржинската страна на секој феномен наместо инсистирањето на една прецизна дефиниција. Несомнено дефинициите можат да бидат значајни од теориска и методолошка гледна точка. Меѓутоа, за една анализа која се фокусира на перцепцијата на овие процеси од страна на една земја (во овој случај, Македонија), се чини дека е многу поважно да се допре до суштината или до највообичаеното сфаќање на овие процеси. Нема дилема во сфаќањето дека глобализацијата и фрагментацијата се објаснуваат како комплексни процеси кои ги опфаќаат промените на политички, економски, социјален, технолошки и културен план. Рамката во која овие процеси се случуваат може да биде поширока или потесна, па затоа тенденциите на глобализација и фрагментација можат да се пронајдат не само на меѓународно ниво, туку и на национално (и општествено) ниво. Во контекст на оваа анализа, основната премиса е дека тие ги опфаќаат:

- обемот на униформност на политичките идеи и практики;
- гоеграфскиот степен на социјална интеграција и рефлексивност;
- степенот на интеграција на економските активности;
- дифузијата на технологиите (информациски, комуникациски, транспорт, итн.);
- степенот на распространетост на културните симболи и значења.[2]

Се чини дека различноста на Балканот совршено се вклопува во богатата суштина на овие процеси, па затоа регионот може да се смета за извонредно интересен предмет на анализа за импактот на глобализацијата/фрагментацијата на крајот на дваесеттиот и почетокот на дваесет и првиот век. Македонија пак, самата за себе претставува еден микрокосмос кој нуди особени можности за истражувања со регионално и со пошироко значење.

## Глобализацијата и фрагментацијата гледани низ македонска призма

Импактот на тенденциите кон глобализација може да се оценува низ две главни димензии. Првата се однесува на објективните ефекти на глобализацијата

---

[2] Ian Clark, *Globalization and Fragmentation. International Relations in the Twentieth Century*, (Oxford: Oxford University Press, 1997).

на различните нивоа на стварноста (меѓународно, регионално, национално, локално, итн.). Ваквиот пристап претпоставува најнапред прецизно утврдување на нивото на феноменот. Освен тоа, потребно е да се утврди дали на глобализацијата ќе се гледа првенствено како на економски, на политички, на општествен или како на културен феномен. Втората, пак, претежно оперира со когнитивните елементи на испитуваниот процес. Нациите, исто како и поединците, создаваат сопствени перцепции за стварноста кои можат драматично да се разликуваат од мерливите и "опипливите" индикатори за ефектите на вистинскиот процес. Дури и на национално ниво, многу е веројатно дека различните општествени сегменти и групи можат да имаат различни оценки за една иста содржина. Објективната научна анализа мора да води сметка и за двете димансии без оглед на степенот на дисонанца што може да се јави меѓу нив. Лажни или веродостојни, перцепциите на една нација или социјална група се фактор што ја детерминира нивната политика, однесување и можните одговори и реакции на "вистинската реалност". Со други зборови, перцепциите претставуваат стварност за актерите што истите го создаваат, ги поддржуваат и веруваат во нив. Накратко, глобализацијата може да има различни значења и влијанија на различни држави и на општестевните групи во рамките на една држава. Оценката на еден вака сложен феномен каков што е глобализацијата, и што подеднакво се однесува на фрагментацијата, мора да ги земе предвид специфичните карактеристики на испитуваната средина (регионот, државата или социјалната група).

Како држава Република Македонија содржи толку специфики во сопственото битие, што може да се каже дека претставува sui generis случај во анализата низ призмата на било која општествена наука. Нејзиното појавување на меѓународната сцена беше проследено со такви бизарни и апсурдни детали, кои се преседан и во историјата на меѓународните односи. Најочигледниот резултат беше, секако, "чудното" име под кое на Македонија ѝ се посака добредојде во т.н. нов светски поредок. Звучи дури и апсурдно да се зборува за вклучување во глобалната заедница на една држава со атрибут на нешто што му припаѓа на минатото. Прашањето е како да се интегрира држава која е толку контроверзна, што дури има и име кое е предмет на дипут.

Како последица на многу бизарни околности, модерната македонска држава може да се смести некаде помеѓу минатото и иднината. Покрај "сликовотото" име, Македонија се соочува со низа проблеми на идентитетот, кои се делумно наследени, делумно наметнати а делумно и новокомпонирани. За многумина, појавувањето на Македонија на меѓународната сцена беше изненадување. Не поради тоа што малата територија, популација и ресурсите со кои таа располагаше не даваа многу основа за оптимизам, туку за некои посматрачи беше интересно да се види нешто (земја, нација) како израснува од

ништо – creation ex nihilo! Дури и денес, десет години потоа, за некои актери Македонија претставува "виртуелна држава", додека постоењето на посебна македонска нација е предмет на оспорување кај некои од соседите.

Покрај (понекогаш ирационалните) проблеми со идентитетот во односите со соседните држави, може да се каже дека Македонија има и одредени проблеми со себеперцепирањето. Заради своето неколку децениско егзитирање како република на поранешната СФРЈ, кај многумина сè уште (понекогаш несвесно) постои чувството на припаѓање на голема и меѓународно респектирана држава. Со своите два милиони жители и територија од само 25,000 километри квадратни, објективно Македонија припаѓа на групата на најмали европски држави. Покрај тоа, постои уште еден момент кој покажува дека кај македонските политички елити постои мисперцепција за местото на земјата во глобалниот систем. Имено, во текот на изминатата декада, Балканот беше фокус на процесите на глобализација/фрагментација. Големите и честопати тектонски потреси поврзани со распадот на поранешна Југославија помогнаа во обликувањето на т.н. нов светски поредок (или неред). Македонија беше предмет на лоши прогнози, но и на декларативни гаранции кои доаѓаа од големите сили. Таквата положба создаде илузија за значењето на независната македонска држава како sine qua non за меѓународната и посебно за европската безбедност. Така, македонските елити и јавноста длабоко веруваат дека очите на целиот свет се свртени кон земјата, и дека таа е премногу важна за да нејзината судбина се препушти на текот на збиднувањата.

Македонија сè уште нема развиено национална стратегиска перспектива во однос на глобализациските движења. Слабите државни традиции како и комплексот на инфериорност придонесуваат државата да биде стихијно понесена од глобалниот бран на интеграција. Не е тешко да се претпостави дека објективните параметри на влијанието на една така мала држава врз текот на глобализацијата се извонредно мали. Не е реално да се верува дека една држава на така ниско ниво на економски и политички развој може да има удел во глобалните тенденции. Тоа е утопија, дури и гледано од аспект на малите, но развиени држави, меѓутоа она што е поважно - тие знаат како да ги дефинираат и штитат своите национални интереси. Македонскиот пример е индикативен затоа што земјата сè уште не располага со основните стратешки документи, додека однесувањето на политичкото водство во меѓународните односи покажува не само слабости, туку честопати и незрелост.

Глобализацијата во Македонија се прикажува на сличен начин на кој тоа се чини и во другите посткомунистички држави. Таа се перцепира како пожелен процес, кој треба на соодветните држави да им го обезбеди "местото под сонцето", т.е. во заедницата на развиените демократии. Со други зборови, стереотипот на глобализацијата е поткрепен од уверувањето дека сè што доаѓа од демократскиот

и развиен Запад треба некритички да се прифати и глорифицира. Митот за Западот е недопирлив, дури и кога е очигледно дека понекогаш западната политика е во спротивност со националните интереси на земјата во транзиција. Глобализацијата е синоним за западната демократија, ефикасната пазарна економија, човековите права и мирното општество. Македонските елити сè уште не сфатија дека меѓународните односи се засновуваат не на алтруизам, туку на голи интереси на актерите.

Не успевајќи да обезбедат цврсти докази за бенефициите од својата "кооперативност" со ЕУ/НАТО, македонската влада акцентот го става на поапстрактните и вредносни асекти на глобализацијата. Така, излегува дека субјективните перцепции доминираат над објективната анализа за македоската политика на интеграција во глобалните европски процеси. Лишени од точни информации за долгиот и макотрпен пат што води кон Европа, и во исто време соочени со скоро безнадежната домашна состојба, очекувањата на јавноста стануваат крајно нереалистични, и наликуваат на една мешавина од надежи и стравувања.

Несомнено, бројни се и позитивните ефекти од влегувањето на Македонија во новиот меѓународен амбиент, особено во поглед на нејзината внатрешна демократизација. Ефектите од влијанието на новите идеи и концепти за демократијата, човековите права, пазарната економија, итн. се видливи, но најчесто во симболична форма. На површината изгледа дека правниот систем на земјата се гради врз фундаментите на европското право, додека реториката на политичките партии (дури и на најрадикалните) ја отсликува нивната свест дека, дури и радикализмот изгледа поцивилизирано завиткан во демократска фасада.

Глобализацијата сфатена како еконсомска интернационализација нема никакво значење за хиперреалната Македонија. Од 1991 година наваму, земјата буквално преживува во економски поглед, и со чинот на преживување како да запираат сите амбиции и на јавноста и на политичките елити. Живеењето од денес до утре е "стратегијата" на презивување заради повеќе внатрешни и надворешни околности. Во поранешна Југославија, Македонија беше една од најсиромашните и најслабо развиени републики, За разлика од Словенија која влезе во авантурата наречена "стекнување независност" со далеку поповолна економска ситуација и со одредени подготвителни активности во економската сфера, Македонија се најде во тешка ситуација буквално "преку ноќ".

Макеоднија беше губитник уште пред да влезе во трката за вклучување во глобалните процеси. Со стекнувањето независност по мирен пат (меѓутоа, со тешкото бреме на меѓународното (не)признаванање), земјата го загуби поранешниот единствен југословенски пазар (уништен со конфликтите), комуникациите со Европа беа прекинати заради фактот што дел од нив водеа

низ конфликтните зони, а остатокот од светот беше и невозможно да се допре. Економската ситуација стана драматична за време на двојното ембарго. Парадоксот беше во тоа што, во исто време, Македонија беше заштитувана и "казнувана" од истата меѓународна заедница. Мисијата на УНПРЕДЕП беше воспоставена во земјата, но македонската влада мораше да ја почитува резолуцијата на ОН за воведување санкции над СР Југославија. Така, од Македонија се бараше да го почитува меѓународното право, додека ЕЗ ја манифестираше својата неспособност да ја дисциплинира својата членка (Грција) за нелегално воведеното економско ембарго заради проблемот со името. Додека силите на ОН придонесуваа за зголемување на безбедноста во воен аспект, негативните ефекти беа видливи во однос на другите (невоени) аспекти на безбедноста на Македонија.

Во годините што следеа Македонија беше сè освен економски атрактивна држава за странски инвестиции. Внатрешниот конфликтен потенцијал заедно со насилните конфликти во соседството само ги одвраќаа потенцијалните инвеститори. Додека светот се претвораше во сцена за размена на добра и услуги, како и на труд и капитал - Македонија беше принудена да живее како "темен вилает" од отоманските времиња. Таа немаше можност да ги достигне случувањата во областа на економијата, и најчесто беше предмет на хуманитарна/економска помош од страна на меѓународните институции. Глобализацијата придвижена од новите технологии во комуникациите, информациите и транспортот повеќе наликува на научна фантастика гледана од македонска перспектива. Така, во еден момент таа направи нов вид на сајбер-соседство (cyber-neighbourhood) со Тајван, што требаше да биде начин да се достигнат тенденциите во развиениот свет. "Тајванската авантура" беше обид земјата да се разведе од турбулентниот Балкан и да се создаде илузија за можностите на Македонија да стане партнер на еден економски гигант.

Фрагментацијата отсекогаш била присутен аспект во историјата на балканските народи. Освен тоа, таа секогаш била проследена со глобализациските текови. Сцената за меѓузависноста на двата процеса многу често бил токму Балканот, меѓутоа секогаш надворешните фактори го имале доминантното влијание на исходот на оваа релација. Во дискурсот за глобализацијата/фрагментацијата мора да се има предвид дека етничките аспекти на овие процеси отсекогаш доминирале над другите (како политичките, економските, културните). Во колективната меморија на балканските народи сè уште се живи сеќавањата за траумите на неправедно разделените етнички ткива и фрагментираните национални (етнички) ентитети, како и за реалните и/или имагинарните слави на нивните големи држави.

Во текот на историјата, на Македонија ѝ биле давани многу метафорички имиња, меѓу кои најпознати се "буре барут" и "јаболко на раздорот". Дури и

денес Македонија е земја каде е многу тешко да се постигне минимум социјален консензус во однос на сочувувањето на независноста и територијалниот интергритет. Во услови на нарушен баланс помеѓу идентификацијата на поединецот со неговото етничко потекло и национален (политички) идентитет во прилог на првиот, обезбедувањето на националното единство станува тешко остварлива цел (освен со употреба на репресија). Постојат видливи и остри линии на поделба во однос на етничката, јазичната и религиозната припадност, што укажува на присуството на екстремни групи и сфаќања во општественото битие. Оттука и нивото на национална солидарност е доста ниско.

Постоечките услови на меѓуетнички план се доста контрадикторни. На површината постои релативен мир, но внатре во општеството тлее конфликт со сите карактеристики и елементи. Фактот дека во Македонија постои практика на создавање коалициони влади во кои еден од партнерите е од албанскиот политички блок, како и присуството на припадници на албанското малцинство на највисоките позиции на државната администрација, може лесно да наведе на погрешен заклучок. Тоа е предмет на компромис помеѓу елитите од двата дела на политичкиот (етнифициран) спектар заради "мир во куќата" и делење на привилегиите на власта. Етничката политика во Македонија е заснована на еден ранлив баланс на компромиси, контрола и (неочекувани) политички маневри. Државните институции во едно модерно општество треба да претставуваат главна рамка за внатрешно мирно регулирање на конфликтите од општеството.

Очигледно, постои расчекор помеѓу макро и микроопштествено и политичко ниво на соживот помеѓу македонското мнозинство и албанското малцинство. Длабок е и јазот помеѓу официјалната политичка ориентација и општествената стварност, кој може да се надмине само низ еден долгорочен процес на приближување. Јасно е дека не постои универзален модел на справување со етничките конфликти. Одговорот не е ниту во некоја магична уставна формула, ниту во некој одреден институционален склоп. Примарно, солуцијата лежи во општеството, во неговите припадници и нивната желба да живеат заедно во мир и заемно разбирање.

Во контекст на расправата за глобализацијата/фрагментацијата како предизвик на македонската држава, од особена важност е избегнувањето на негативните ефекти на двата процеса. Во исто време, нивните потенцијални позитивни ефекти се крајно пожелни. Задачата е несомнено многу тешка, но понекогаш се чини дека тешкотии има дури и кога треба да се утврдат кои се негативните а кои позитивните ефекти од наведените процеси. Македонија треба да ја застапува тезата за глобализација, најнапред, на национално ниво т.е. во рамките на своите граници. Македонското општество се фрагментира, и единствено мирниот начин на сочувување на територијалниот, политичкиот, економскиот и културниот интегритет е преку интеграцијата на различните

етнички групи. Без оглед колку може да звучи парадоксално, но ваквиот тек може да биде поттикнат преку нагласување на позитивната страна на фрагментацијата. Едно комплексно општество какво што е македонското може да се хомогенизира (глобализира) на демократски начин само преку обезбедување на можности за целосто изразување на разликите од секој вид. Но од друга страна, фрагментацијата во вид на барања за само-определување на сите етнички групи може лесно да го загрози не само постоењето на државата, туку и да предизвика консеквенци за стабилноста и безбедноста на целиот регион. Градењето на различни и активни институции на цивилното општество е еден вид на поволна фрагментација, која треба да доведе до децентрализација на државната власт и либерализација на различните аспекти на општествениот живот.

## Македонија помеѓу глобализацијата и фрагментацијата: регионален пристап

Регионалниот пристап во анализата на глобализацијата/фрагментацијата претставува претходно дефинирање на геополитичките и културните граници на "балканскиот регион". Познато е дека името на регионот потекнува од планинското подрачје во (денешна) Бугарија, далеку од географскиот центар на полуостровот. Од падот на комунизмот, секоја од земјите во регионот се обидува да се ослободи од епитетот "балканска", редефинирајќи ја својата позиција како дел од Централна, или барем, Југоисточна Европа (додека јужниот сосед, по правило, се лоцира на Балканот). Името на регионот е обременето со тешко историско наследство и е придружено со низа интелектуални предрасуди. Бившите комунистички земји минуваат низ тежок период, заради фактот што од крајот на Студената војна случувањата во регионот го сместуваат во т.н. "сива зона" која дури и не и припаѓа на цивилизирана Европа. Во политичката теорија, главниот придонес кој потекнува од овој регион е поврзан со терминот "балканизација" кој содржи длабоко негативна конотација во смисла на соседските односи, внатрешната кохезија и политичките системи.[3]

Низ вековите Балканот бил сцена на процесите на глобализација и фрагментација, од каде што стекнал богато искуство. Доминантната (негативна) перцепција на Западот е дека Блаканот е микрокосмос, кој никогаш целосно не бил интегриран во Европа. Во исто време, блаканските држави се во процес на повторно пишување на својата историја и на измислување на традиции со една

[3] "Балканизацијата генерално се сфаќа како распад на поголемите политички единици на помали, меѓусебно непријателски државички кои се експлоатирани или манипулирани од страна на помоќните соседи'. (James Der Derain, "S/N: International Theory, Balkanization and the New World Order, *Millennium,* vol. 20, no. 3, 1991, p. 488)

единствена цел - да докажат дека тие по некој основ отсекогаш и припаѓале на западната цивилизација. Без оглед на тоа каде е вистината, точно е дека Балканот нема искуство во смисла на сопствено регионално поврзување. Најчесто балканските народи меѓусебно војувале не заради своите примордијални анимозитети, туку заради фактот што биле инволвирани (често доброволно) во стратегиските и геополитичките игри на моќните држави. Тие сите носат длабоки и сè уште живи трауми во меѓусебните односи. Интересно е што верзијата на историјата на секој од овие народи е скоро идентична со оние на другите народи. Доволно е да се заменат имињата на историските актери, на географските локации, датумите - и истата приказна се јавува насекаде. Себеперцепцијата на жртва е нешто што може да се најде кај сите балкански народи. Вината за сторените неправди секогаш се бара кај соседните нации и/или држави, а ретко кај големите држави. Клиентелизмот е длабоко всаден во националната потсвест, така што критиката на екстерните сили е ретка, но затоа се често нелојалните коалиции во меѓусебните односи. Во согласност со тоа, глобализациските тенденции на регионално ниво, т.е. самиот регионализам вообичаено предизвикуваат страв и недоверба, освен доколку не се поттикнати од моќните сојузници однадвор.

Македонскиот случај е доста индикативен во овој поглед. Најраширената перцепција за соседните држави е онаа која се онесува на приказната за четирите волци кои ја опколиле беспомошната жртва (Македонија), што од друга страна се манифестира како недоверба кон соседите. Македонската територија и полулација честопати биле опишувани како јаболко на раздорот помеѓу помоќните конкуренти, но исто така честопати Македонците низ историјата барале поддршка, или повеќе или помалку, се приближувале до еден или друг "заштитник".

Како и во случајот на другите балкански држави и народи, Македонија е сè уште обременета од чувството на недоверба кон соседството. Обидите, состојбите и перцепциите да се изменат се евидентни во последните десетина години, но се чини дека во еден подолг период доминантно беше настојувањето да се изградат еднакво дистанцирани односи со соседите, наместо еднакво блиски. Во практиката, состојбите се многу покомплицирани, бидејќи приближувањето до еден сосед вообичаено се перцепира со сомнежи од страна на другите соседи. Македонија не е среќна со својата регионална позиција, но се смета дека заради тоа што е премногу мала и слаба таа објективно нема сила да иницира поинаков регионален амбиент. Кон крајот на 2000-та година по иницијатива на македонскиот претседател Трајковски се прават обиди да се заземе проактивен став кон регионалната политика, преку иницирање на регионални средби на највисоко ниво. Суштински резултати се уште нема, но тенденцијата опстојува.

Сред фрагментацијата која на регионот му се случува во изминатите десетина години, се јавуваат и одредени бизарни форми на регионално

поврзување. Идејата за т.н. "Западен Балкан" промовирана од страна на т.н. меѓународна заедница станува само друго име за уште една внатрешна поделба на регионот. Наместо создавање на нови и пошироки облици на поврзување, Западниот Балкан се јавува во вид на "санитарен коридор" со една основна функција - да ги држи безбедносните закани што подалеку од развиена Европа. Главниот недостаток на ваквиот "регионализам" се состои во тоа што тој повторно се наметнува од страна на надворешниот фактор според стандарди и идеи кои не ги конципирале државите и народите кои се најмногу засегнати. Таквиот регионализам не произлегува од некои "природни" интереси на засегнатите страни, туку е наметнат од група држави кои се раководат првенствено од сопствените политички и безбедносни интереси. Во исто време, тоа не е облик на надминување на негативните ефекти на фрагментацијата. Напротив, тоа повеќе наведува на натамошна фрагментација на и онака фрагментираниот Балкан.

Иницијативи за поврзување кои би произлегувале од цивилното општество скоро да и нема, а и тогаш кога ќе се појават тие имаат селективен карактер. Негативниот стереотип на Балканот се зајакнува низ тенденцијата балканските држави и народи да се перцепираат низ "црно-бела" призма. За надворешниот свет балканските народи вообичаено претставуваат "лоши момчиња", додека овој стереотип е дури многу повеќе разработен во рамките на регионот. Мотото кое доминира во внатрешно-балканските релации е дека "непријателот на мојот непријател е мојот најдобар пријател". Недостатокот на доверба и нелојалните коалиции се сè уште присутна карактеристика на балканскиот регионален пејсаж. Автентичен регионализам е скоро невозможен помеѓу држави кои се обидуваат да профитираат од несреќата на соседните држави и народи. Таквиот кратковид пристап во регионалната соработка е рецепт за нестабилност и конфликт.

Во настојувањето да се достигне развиениот Запад и да се влезе во тој дел од светот, скоро ниту една балканска држава го нема како приоритет регионалното поврзување, а уште помалку грижата за јакнење на регионалениот идентитет на сопствените држави и народи. Во националните стратегии приоритет има асоцирањето во евроатланстките структури, додека регионалните интереси се оставаат за некое друго време. Логиката која стои зад ваквиот надворешнополитички настап се состои во девизата: "Најнапред да се асоцираме со Западот, а потоа ќе бидеме способни да градиме здрави регионални односи".

Како мала и континентална држава, Македонија претставува најдобар пример за регионалната меѓузависност. Нејзиониот развој е нераскинливо поврзан со развојот и стабилноста на соседните држави. Без стабилна и развиена Албанија или Србија, Македонија никогаш нема да биде во состојба да направи

значителен прогрес во економска, културна или во безбедносна смисла. Македонија, како и останатите држави во регионот, е заробеник на балканизмот.

Во контекст на една поширока дебата, мора да се има предвид дека регионализацијата не е компромисна солуција помеѓу глобализацијата и фрагментацијата. Регионализацијата може да добие екстремни форми и да се артикулира или како глобален, или како фрагментационен феномен. Тој сам по себе не е ниту добар, ниту лош процес, бидејќи ги вклучува потенцијалите да се трансформира и во едното и во другото. Во модерниот вокабулар, регионализмот обично се смета за идеално решение за балканските проблеми. Меѓутоа, подлабоката анализа покажува дека вредностите од регионализмот зависат од конкретните облици на неговата реализација. Во моментов, за жал, доминираат негативните форми на регионализмот. Имено, за мафијата, организираниот криминал, шверцот со дрога и оружје, "белото робје" итн. државните граници стануваат безначајни. Интересно е да се каже дека разните криминални групи веќе имаат постигнато таков облик на поврзување кој не е обременет со никакви етнички или религиски предрасуди, "постигање" кое официјалните политички елити на Балканот сè уште го немаат докрај развиено. Ова е интересн облик на "цивилно општество" кое моментално цвета на Балканот, а и во Македонија.

## Наместо заклучок

Јавниот дискурс во Република Макеоднија не им посветува големо внимание на феномените на глобализација и фрагментација. Без оглед на употребената терминологија, сепак, безбедносните перспективи на државата во голема мерка зависат од меѓусебното влијание на овие процеси. Состојбите се полоши кога се знае дека политичките елити и јавноста сè уште ги немаат јасно артикулирано сопствените ставови по однос на овие два контраверзни процеса.

Од друга страна, обидувајќи се да го интергрира колабираниот Балкан, глобалните сили многу често придоинесуваат за негова фрагментација. Македонската позиција може да се опише како позиција помеѓу "чеканот и наковалната".

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА - СУПРАНАЦИОНАЛЕН СТРАТЕГИСКИ КОНТЕКСТ НА ПРАГОТ НА 21 ВЕК

## - политичка димензија-

**Радко НАЧЕВСКИ**
Филозофски факултет-Скопје

**Апстракт:** *Политичката димензија, покрај економската и воената, е основниот сегмент на супранационалниот стратегиски контекст на западната цивилизација. Стратегиската цел на оваа деимензија е: моделот на западниот либерален политички систем да биде прифатен од страна на државите на планетарниот простор. Неговата функција е да биде верификуван како општоприфатена цивилизациска вредност.*

**Клучни зборови:** *политичка, стратегија, димензија, институции, глобализација.*

**Abstract:** *Political dimension, in addition to economic and military, is the main segment of supranational strategic context of West civilization. The strategic intention of this dimension is: this model of western liberal political sistem to be accepted as its own by the states on the planetary space. Its function is to by verified as generally accepted civilizing value.*

**Key words:** *political, strategic, dimension, institutions, globalization.*

## Димензија

Крајот на Студената војна го назначи почетокот на големите фундаментални промени во глобалниот планетарен стратегиски амбиент. На местото на биполаризмот, во новиот однос на силите, забележителни се два јасно издиференцирани, но и спротивставени глобални стратегиски контекста (политичка, екомомска и воена димензија), со прецизно дефинирани цели и соодветни сили и средства кои треба да овозможат нивна глобална реализација.

На една страна е стратегискиот контекст на големите сили на капиталсистемот, предводени од Соединетите Американски Држави како единствена светска супермоќна држава, со крајна цел- *глобализација* (мундијализација) или

униполаризација на планетарниот простор. На другата страна е стратегискиот контекст на Русија и на Народна Република Кина кои имаат допирни фундаменти со јасно дефинирана крајна цел: *мултиполаризација* на планетарниот простор, односно простор со повеќе полови (центри) на моќ кои меѓусебните односи би ги темеле на партнерски основи, насловувајќи го стратегискиот пристап како "*стратегиско партнерство*".

Победата на капитал-системот во меѓустратегиската борба со комунизмот, ширум му ја отвори портата за реализација на глобалните стратегиски цели. Успехот или неуспехот на глобализацијата е предодреден од заемното дејствување на нејзините три фундаментални димензии на ширење: политичката, економската и воената. Трите димензии се во интерактивен односно каузален однос. Имено, политичката димензија не би можела да ја реализирала целта ако ја нема поддршката на економската или на воената димензија, или на двете истовремено.

Бидејќи Р. Македонија се определи иднината на сопствениот државно-политички идентитет да го гради во рамките на заемноинтересниот глобален стратегиски контекст на капитал-системот, како негов рамноправен партиципиент (стратегиска цел), а со тоа ги разреши и дилемите кои произлегуваа од противречните поимни разграничувања на терминот *глобализација* (филозофски, политички, економски, национални, културни, верски и други)[1],

[1] На пример: 1. Глобализацијата сфатена како надвладување на планетарните простори од аспектот на политичко-економската теорија на сфаќањата на поимот цивилизација, која тргнува од учењата дека цивилизациските пулсирања ги детерминираат круцијалните технолошки изуми како репрезенти на цивилизацискиот контекст (политички, економски и воен). Од тој аспект, теоријата тврди дека историјата на човековата цивилизација е тродимензионална: *првата,* ја симболизира мотиката; *втората,* ја симболизира монтажната лента а *третата*, го симболизира компјутерот, сфаќајки ја тродимензионалноста како интеракција на трите цивилизациски бранови,оспорувајќи ја исклучивоста на било кој од дефинираните бранови. (Види пошироко: Alvin and Heidi Toffler: War..., str. 22.). 2. Глобализацијата сфатена како политичко-филозофско стојалиште од аспектот на западно-филозофското учење, појавено во 1989 година, чии основни поставки се темелат врз учењето на политичкиот аналитичар на "трустот на умот", корпорацијата RAND, Френсис Фукујама, своевремено и функционер на Министерството за надворешни работи на САД, кој, основните поставки на учењето ги објави во списанието "Национални интереси", насловени како "Крај на историјата". Неговата политичко-филозофска претпоставка, дека се наоѓаме на "крајот на идеолошкиот развој на човештвото, односно, дека сме сведоци на универзалното прифаќање на либералната демократија како крајна форма на државната управа", во современиот контекст на глобалното пулсирање има две противречни консеквентни стојалишта. Првото,прифаќајки ја неговата глобална синтагма, ги разработува целосно или делумно хипотетичките аспекти на постидеолошкиот светски поредок. Од ова учење произлезе и сфаќањето на познатиот харвардски професор, историчарот,Семјуел Хантингтон, експлицирано во трудот "Судир на цивилизациите", објавен во 1993 година во списанието "Foreign Affairs". И овој текс предизвикал многу критики. Одговарајќи на критиките, во написот "Ако не цивилизации, тогаш што?", објавен истата година, напишал: "Историјата не е завршена. Светот не е еден. Цивилизациите го обединуваат и го делат човештвото.Силите кои доведуваат до судири на цивилизациите ќе можат да се одвратат доколку им се признае нивното

глобализацијата или новиот светски поредок ги прифати како простор и амбиент во кој ќе ги остварува своите национални и државни перспективи.

Од тој аспект, политичката димензија на глобализацијата ќе ја експлицираме како глобална интерпретација на нејзините фундаментални параметри од која ќе произлезе актуелноста на нејзината функција и значењето како единечен сегмент во рамките на глобалниот интегративен контекст на глобализација.

## Цел

Целта на политичката димензија на глобализацијата е ширење (интеграција), односно прифаќање на *моделот на западниот либерален политички систем* како свој модел на политичко устројство од страна на државно-политичките субјекти на планетарниот простор, а оттука и негова верификација во меѓународните политички организации и институции како безалтернативна општоприфатена цивилизациска вредност. Зависно од волјата на државно-политичките субјекти да ја прифатат или да не ја прифатат како сопствена, произлегува и карактерот на интегративниот процес: доброволен, опресивен или присилен.

## Фундаменти

Во актуелниот момент на *ширење,* забележани се следниве *процеси и промени*, каде се нагласува дека некои од нив имаат карактер на општоприфатени *фундаменти*:

*Прво:* ***Проминентната улога на САД*** во втемелувањето на либералниот политички концепт како светски поредок во новосоздадениот планетарен стратегиски контекст. Таквата улога произлегува од:

* историската победа во меѓустратегиската борба против *комунизмот* како политичко-економски системски противник на ширењето на капитал-системот на планетарните простори. Тој е дефиниран како непријател број еден на

---

постоење."Свесен за реакциите кои се појавиле по написот "Крајот на историјата?", Фукујама својата теза ја развил во пообемен труд со наслов "Крајот на историјата и последниот човек"(1991), во која ја релативизирал исклучителноста на либералната демократија од американска форма, укажувајќи на некои нејзини внатрешни противречности кои ја доведуваат во прашање можноста таа глобално да ја задоволи човековата цел за самоостварување и самопотврдување, вклучувајки ја таквата цел и на американскиот човек.

Второто е дијаметрално спротивно на претходните учења. Нивната синтагма е: Дали демократијата е религија?. Тргнувајќи од истата ги минимизираат основните принципи на новиот светски поредок, слободната трговија, борбата за демократија, човековите права и улогата на законот.

либерализмот во сите американски стратегиски концепти во студеновоениот период;[2]

* лидерската позиција на САД, која произлегува од статусот на единствена светска суперсила. Признатиот статус на суперекономска и супервоена сила, на САД ѝ овозможува да изнудува големи политички бенифиции во сферата на основните системски парадигми на либералната демократија, какви што се парламентарната демократија, човековите права и почитувањето на законот, не само во демократскиот свет, туку во голем степен и во светот на недемократските системи. Од аспектот на *глобализацијата* посебно значење има силната пенетрација на политичките бенифиции во меѓународните политички институции и организации како асоцијации од интерес на државно-политичките субјекти во меѓународната заедница.

*Второ:* ***Прагматичен пристап*** кон либерализацијата на планетарниот простор. Појдовни основи на прагматизмот, како битно обележје на актуелниот американски надворешнополитички настап се:

* *легитимната* одговорност и надлежност за одржување на редот и мирот на планетарниот простор. Легитимноста произлегува од *инхерентното* право на САД кое го стекнале по победата во "Студената војна". Според Џ. Буш, тоа е затоа што, САД се "единствена преостаната суперсила" и "затоа што е голема сила", а оттука и правото да се грижи за редот и мирот во меѓународната заедница. Во актуелниот момент, напорите на САД се насочени кон добивање на меѓународен легитимитет на дефинираното право. Меѓународно признатиот правен легитимитет воедно претставува еден од основните политички предуслови за реализирање на стратегиската цел-*глобализација* на планетарниот простор.

Таквото инхерентно право е зацртано и во новата американска "*Стратегија за национална безбедност за новиот век*" од 1998 година. Тоа произлегува од детерминираноста на *глобализацијата.* Таа е дефинирана како "процес на забрзана економска, технолошка, културна и политичка интеграција", во која, "ние како нација сè повеќе сме под влијание на настаните надвор од нашите граници". Оттука произлегуваат "нашите *глобални лидерски* напори кои и понатаму ќе бидат водени со стратегиски приоритети дефинирани од претседателот Клинтон: унапредување на регионалните напори на Заедницата на демократските народи за постигнување на мир и просперитет во клучните региони на светот; зголемување на соработката против новите безбедносни закани; зајакнување на воените, дипломатските и законските средства неопходни за спротивставување на овие предизвици..." [3]

---

[2] "Стратегијата на масовна нуклеарна одмазда",

[3] Тоа се потврди со Резолуцијата 1244, донесена на 10.06.1999, со која званично заврши војната на НАТО против СР Југославија. Имено, иако нападот немаше меѓународна верификација, бидејки немаше благослов од ООН и истиот беше осуден од повеќе држави надвор од Демократската заедница, меѓу кои од Русија и Кина,како стални членови на Советот за безбедност, сепак Резолуцијата ја потврди *инхерентноста* на правото на САД (НАТО), бидејки со еден воздржан глас (Кина), воеНОто присуство на НАТО на територијата на СР Југославија (Косово) доби меѓународен кредибилитет.

Ако се направи темелна анализа на досега реализираното во рамките на стратегиските приоритети, може да се заклучи дека *инхерентното* право, во основа, без оглед на оспорувањата од државно-политичките субјекти што се надвор од Заедницата на либералната демократија и на нивните обвинувања за колизија на *инхерентното право* со меѓународното право (непочитување и кршење), придобива меѓународно-правен легитимитет, посебно во неговата политичка димензија. Тоа го потврдува фактот, дека во однос на меѓународниот правен поредок, воспоставен како ација на Џ. Буш) , Клинтоновата администрација има сосема друг тактички приод. Во политичкиот контекст на ширењето тој се дефинира како "*нов прагматизам* ". Новиот политички приод кон *глобализацијата* ја прифаќа партнерската реалност на некои традиционални насочувачки, контролни и ограничувачки механизми, какви што се, тргнувајќи на пример, од религиската или хуманистички сфатената моралност, историчноста на индивидуалната и колективната свест, исконското кон сопствено слободољубие втемелено на етосот и логосот на прededовскиот завет, до потребата да се зачува културниот идентитет и особеностите на националните вредности (националната држава и нејзиниот суверенитет).

Прифаќајки ги објективните реалности со кои се соочува политичката платформа на ширење на либерализмот, "*новиот прагматизам* " како глобална политичка појдовна основа, со самото нивно признавање на постоење, ја амортизира реакцијата, создавајќи на тој начин простор за "активна" акција и реализација на стратегиската цел. Оттука, "*новиот прагматизам* " се оформува како *фундаментален стратегиски сегмент на актуелниот американски надворешно-политички настап,* но истовремено, и како надворешнополитичка платформа на другите либерални демократии, бидејки таа е помалку или повеќе прифатена од државно-политичките субјекти што својот просперитет го градат во меѓузависниот однос како партиципиенти во големата демократска заедница на народите. На тој начин, таа се потврдува и како општоцивилизациски прифатена политичка платформа.[4]

[4] Пишувајки за *прагматизмот* како битно обележје на актуелниот американски надворешно-политички настап, авторот на книгата "Студената војна е завршена" и уредник на списанието "Фореигн Аффаирс", Хајленд Вилијем, во написот "Прагматизмот и надворешната политика"(1992) пишува "...тоа што звучеше само како добро сочинета парола - нов светски поредок - денес претставува реалност". Меѓутоа, како политички реалист свесен е дека сè уште станува збор за виртуелна реалност која треба стрпливо да се гради ширејќи го нејзиниот геополитички простор со сите расположиви средства, нагласувајки, дека "ова е навистина нова епоха, но ние се наоѓаме на нејзиниот почеток". Преодната фаза може да потрае подолго време пред да се видат хоризонтите на новиот поредок "а кога тоа ќе се случи...американската политика нема да се раководи со идеологија или со големи начела, туку со многу експониран прагматизам.Тие кои ќе ги донесуваат политичките одлуки ќе мора да ги смират националистичките чувства на домашната сцена и да ги задоволат неколкуте вкрстени центри на моќ во странство...Може ќе биде поребен подолг период на водење на прагматичка политика за конечно да се сфатат...целите".

*Трето:* ***Европската унија - мегаинтегративен фундамент*** на политичката димензија на *глобализацијата.*

Во досгашната практика на *глобализацијата*, посебно од аспектот на политичкиот контекст, Европската унија претставува нејзин највисок дострел и практичен модел на крајната стратегиска цел на политичката димензија. Тоа го потврдуваат следниве организациски и функционални состојби и процеси:

* *Антитеза на националното.* Денес, кога станува збор за општоприфатената политичка номенклатура на политичкиот идентитет на државите, во меѓународната заедница се случуваат *три противречни процеси.* Од една страна, се случува незадржив процес на создавање на нови државно-политички ентитети. Таквиот тренд во блиска иднина се очекува да го зголеми семејството на држави во ООН кое ќе го сочинуваат 190 членки.[5] Новиот бран на создавање држави во најголем процент, се случува на просторите на поранешните федерални политички системи што беа под јурисдикција на комунизмот. Тоа го потврдува фактот дека тие федерации не биле создавани како процес на заемен интерес помеѓу партиципиентите туку како процес од интерес на возвишени идолошко-политички цели.[6]

Од друга страна, евидентно е љубоморното чување на националниот државно-политички идентитет на државите што го игнорираат наднационалниот процес на интеграција, тврдејки дека крајната цел е насочена кон минимизирање, односно елиминирање на националниот и државниот идентитет.[7]

Од трета страна, се случува незадржлив мегапроцес на *наднационално интегрирање.* Европската унија, во актуелниот момент, претставува највисок дострел на *наднационална интеграција* која се темели на новите законитости на постиндустрискиот цивилизациски развој. Споделувањето на националните и државните интереси на партиципиентите во супранационалниот контекст, како нивен заеднички стратегиски интерес, се засновува врз принципот на *заемни интереси.*

---

[5] Според податоците на Обединетите нации, во светот живеат повеќе од 3.600 етнички групи кои се повеќе тежнеат да го добијат статусот на нации, посебно на држави или висок степен на автономија.

[6] Процесите на создавањето на нови (стари) држави кој сѐ уште не е завршен, се одвива на мирен начин (државите од поранешниот Советски Сојуз; Чешката Република и Словачка£од Чешката Федерација и Р. Макдонија од СФРЈ) и со воена разврска (Р.Словенија, Р. Хрватска, Б и Х и сѐ уште нејасната ситуација околу Црна Гора).

[7] Глорификацијата на националното е карактеристично за државно-политичките субјекти кои не го прифаќаат *либерализмот* како сопствена државано-политичка идентификација. Во актуелниот момент, тоа се: диктаторските државно-политички системи; системите кои заговараат мултиполарност на светската моќ со експонирање на сопствената идентификација како центри на мултиполарноста(Русија, Кина, Индија...) и државите кои националниот идентитет го детерминираат според етничките односно монорелигиските критериуми

Од тој аспект, ЕУ, како *фундамент* и *модел,* односно како јадро на таканаречениот нов светски поредок, (станува збор за многу стара империјална цел на големите светски сили, од Цезар па до денес, на другиот свет да му наметнат сопствена формула на политичко, економско и културно живеење, која се наметнувала по насилен пат), протежирајќи ја актуелната европска формула на интеграција, што е прифатена од партиципиентите како наднационален интерес, се потврдува како *антитеза на националното.*

Како пример дека ЕУ станува простор што се потврдува како антитеза на националното, е и воспоставувањето на државјанството *Европеец.* Имено, со Договорот од Мастрихт од 1 ноември 1993 година 345 - те милиони жители на ЕУ добиле статус на државјани на Унијата. Исто така, како пример може да послужат промените во областа на положбата и правата на граѓаните на Унијата, со кои им се овозможува да *избираат* или да бидат *избирани* на локални избори и на избори за Европскиот парламент без оглед на националната припадност.

* *Федерален концепт на односи*[8]. Европската унија, првично замислена како голем политички проект (политичка унија), во актуелниот момент на развојот, де факто и де јуре, прераснува во Европска федерација на земјите-партиципиенти зад идејата што ја покренаа французинот Жан Моне и германецот Роберт Шуман за ставање на француската и на германската индустрија на челик и јаглен под заеднички покрив, која на јавноста транспарентно ѝ ги прикажувала економските причини за една таква интеграција. Сепак, стоела прагматична и рационална причина: челикот ставен под контрола е многу потешко да се претопи во топовски цевки.

Аспектот на политичката димензија дека ЕУ прераснува во федерална асоцијација на независни држави го потврдуваат следниве неколку карактеристични состојби и процеси:

- **заедничка надворешна, економско-социјална и одбранбена политика**[9]. Тоа се три основни меѓузависни столбови, нормативно-правно детерминирани

[8] Европската унија и започнатиот процес на нејзиното ширење претставува практична реализација на федералистичкиот концепт втемелен од страна на еден од најуниверзалните умови на XX век Бертранд Расел(1872-1969), Неговата филозофско-политичката идеја тргнува од неизбежноста на создавање на општосветска држава како единствено можен гарант за обезбедување на светски трајниот мир. Ставот за неопходноста од создавање на општосветска државна власт, го изведува од практичните пртпоставки: од карактерот на постиндустриската цивилизација како повисок степен на организација на општеството отколку на минатото и од единството на цивилизацијата која се развива под влијание на средствата за пренесување на информации кои условуваат се поголема меѓузависност и интегрираност на државите.

[9] Од 1.01.2002 година кога се повлекуваат од употреба националните валути на земјите членки, односно, кога ќе започне да функционира заедничката монета евро, како единствана евровалута (монетарна унија), ЕУ според сите стандарди, ќе прерасне во државно-политички ентитет конституиран на федерални односи помеѓу партиципиентите.

со обврзувачки карактер за сите партиципиенти со јасно дефинирани санкциски одредби до исклучување;

- **континуиран процес на градење на заеднички интереси помеѓу партиципиентите**[10]. Континуираниот развој, односно градењето на заедничките интереси од првичните чекори до денес укажува на фактот дека федералните темели на ЕУ се создавале во рамките на повеќедецениски процес, градејќи ги перспективите без претходно искуство и нешаблонизиран концепт. Таквиот пристап во реалноста се потврдува како функционален, со отворени перспективи ЕУ во блиска иднина, не само целосно да го реализира федералниот концепт, туку со почнувањето на процесот на нејзиното ширење, да се потврди и како *јадро* и *перспектива* на моделот на глобалниот стратегиски контекст на капитал-системот, *либерализацијата* на планетарните простори; и

- **единствен стратегиски пристап во ширењето на Европскиот дом**[11]. Изградената единствена евростратегија на ширење на ЕУ ја потврдува

[10] 18.04.1951: Шест европски држави - Белгија, Франција,Германија, Италија, Луксембург и Холандија го потпишале Парискиот договор со кој е создадена Европска заедница за јаглен и челик (ЕЦСЦ); 25.03.1957: Членките на ECSC го потпишале Римскиот договор со кој била формирана Европска економска заедница (ЕЕС или Komonmakret) и Европска заедница за атомска енергија (ЕАЕС); 5 01. 1958: Се создаваат заеднички европски институции, меѓу кои и Министерскиот совет, Европската комисија како извршно тело и Европското парламентарно собрание; 30.07.1961: Била донесена зедничка политика за земјоделството која го гарантирала животот на европските фармери и нивната заштита од надворешна конкуренција; 1966: Бил воведен консензус или едногласје во однос на прашањата од витален интерес на земјите стандард на членки; 1.07.1968: Се укинале меѓусебните трговски бариери и била усвоена заедничка царинска политика за стоката која доаѓала надвор од ЕЕЗ; 1.01.1973: Кон ЕЕЗ пристапиле В.Британија, Данска и Ирска; 13.03.1979: На сила стапил Европскиот монетарен систем (ЕМС); 7-10.06.1979: Членовите на Европскиот парламент за прв пат се бирани од гласачите на земјите членки; 1.01.1981: Грција станува член на ЕЕЗ; 1.01.1986: Шпанија и Португалија стануваат членки на ЕЕЗ, со што бројот на членките се зголемува на дванаесет; 7.02.1992: Потпишан е историскиот Мастрихтски договор со кој ЕЕЗ прераснува во Европска унија. На тој начин, врз заедничка правно-политичка и економска платформа на повисок степен се подигнува политичкото и економското заедништво и се договориле за воведување на заедничка европска монета најдоцна до 1.01.1999.; 1.01.1993: Започнал да функционира Заедничкиот европски пазар; 1.XI.1993: Стапил на сила Мастрихтскиот договор за Европска унија; 1.01.1995: Австрија, Финска и Шведска станале членки на ЕУ со што бројот на членките се зголемил на петнаесет; 26.03.1995: Стапува на сила Шенгенскиот договор со кој се укинуваат граничните контроли помеѓу земјите-потписнички и се зголемува соработката помеѓу полициите и судовите; 2.X.1997: Потпишан е Амстердамскиот договор со кој се овозможува ширење на Е.У.; 25.03.1998: Европската комисија формално им препорачала на 11 членки во 1999 година да го воведат еврото како платежно средство: Австрија, Белгија, Финска, Франција, Германија, Ирска, Италија, Луксембург, Холандија, Португалија и Шпанија; 1.01.1999: Новата единствена европска валута - евро е воведена на големопродажните финансиски пазари, а од 1.01.2002 ќе стане единствено платежно средство во ЕУ

[11] Идејата за ширње на европросторот не е нова. Како стратегиска цел таа е зацртана веднаш по започнувањето на "Студената војна", а реализирањето беше овозможено по фрагментацијата на реалсоцијализмот. Тоа го потврдуваат следните зборови на државниот секретар на САД Џон Ф. Далс, искажани во 1952 година: "САД никогаш нема да признаат "статус кво" и никогаш нема да ја одобрат власта на Кремљ над 15 народи, некогаш слободни држави, туку тие народи постојано ќе ги помагаат во нивниот отпор, работејки на нивно ослободување".

претходната констатација. Влегувањето на нови државно-политички партиципиенти во ЕУ, иако е детермнирано како *доброволно изразена желба*, не е стихиски процес, туку процес кој ќе се реализира по пат на исполнување од страна на кандидатите на строго и децидно утврдените еврокритериуми кои полно треба да бидат компатибилни со политичките, економските и безбедносните нормативи што ги регулираат односите меѓу партиципиентите во ЕУ[12]

На тој план, евростратегијата има децидно детерминирана цел:

1. Ширењето на евродомот не може да почне пред ЕУ да биде целосно подготвена за историскиот чин, односно пред да ги заврши сопствените предвидени реформи за да не се случи каква и да е парализа во нејзината работа кога ќе се зголеми бројот на нејзините членови[13]; и

2. Регионален пристап во ширењето на ЕУ со нови партиципиенти. Процесот на придружување ќе се реализира на два начина: по пат на **преговори за придружување**, односно започнување на преговори со кандидати за членство во ЕУ[14] и по пат на потпишување на **договор за стабилизација и асоцијација.**

На планот на ширењето, за потпишување **договор за** изградени децидни и строго *условени критериуми* што кандидатите треба да ги исполнат пред да бидат примени како нејзини рамноправни партиципиенти. Тие се следниве: а) дефицитот на државниот буџет за **стабилизација и асоцијација**;[15]прием на нови

[12] Правилата и стандардите се дефинирани на Самитот на лидерите на Е.У. во Копенхаген во 1993 година и за сите идни партиципиенти се исти: стабилни институции кои гарантираат демократски права, владеење на законот, почитување на човековите и малцинските права, пазарно стопанство и преземање одговорност за (евентуално) влегување во "зоната на еврото".

[13] Реформите се насочени кон проширување на областите во кои се бара мнозинско гласање наместо досегашнота едногласност, измени во бројот на гласовите кои ги има секоја земја, промени во извршното тело - Европската комисија и буџетот на ЕУ. На самитот во Берлин од март 1999 година, на планот на буџетските реформи на Унијата до 2006 година, насловен како "Агенда 2000", е договорено годишниот буџет на 15 - те членки да изнесува 86 милијарди евра.

[14] Вратата за ширење на Унијата беше отворена на самитот во Амстердам од јуни 1997 година а текстот на Договорот помеѓу членките на Унијата беше потпишан исто така во Амстердам во октомври 1997 година.Но како "историски исчекор"за започнување на ширењето на Унијата, се смета Одлуката насловена како "историски исчекор", донесена на Самитот во Луксембург од декември 1997 година, со која на Полска, Унгарија, Чешка, Словенија, Естонија и Кипар им биле упатени покани за започнување на преговори за членство во Унијата. Листата на кандидатите за членство по овој основ е проширена на самитот во Хелсинки од декември 1999 година, кога покани за започнување на преговори за членство им се упатени на Словачка, Романија, Бугарија, Литванија, Летонија, Малта и Турција. На Самитот, на кандидатите им било ставено до знаење дека не можат да сметаат на прецизирање на роковите за зачленување, туку пристапот ќе зависи од состојбите во секоја земја поединечно. Во тој контекст, е зацртано дека пред 2003 година Унијата нема да се прошири со нови членки.

[15] Втората основа на регионално ширење на Унијата, предвидува, најнапред да започнат преговори со земјите можни кандидати кои ќе траат една или повеќе години, па потоа да се потпише Договор за стабилизација и асоцијација, познат и како Пакт за стабилност, кој, доколку државите ѓи исполнат условите и критериумите, треба да значи отскочна даска за влез кон првиот условен регионален пристап - преговори за придружување во Унијата. Во регионална геополитичка димензија, Пактот за стабилност ги опфаќа државите од Југоисточна Европа или конкретно дефинирани како Западен Балкан во кој влегуваат: Хрватска,

членки, Унијата да изнесува помалку од 3% од БНП; б) државниот долг да биде помал од 60% од БНП; в) инфлацијата да изнесува помалку од 2,9%; г) дисконтните камати да бидат помали од 9,7%; д) стабилен курс со помалку од 15% варирање; ѓ) растот на БНП да биде поголем од 3% и е) невработеноста да изнесува најмногу 7.5%.

Оттука може да се заклучи дека актуелните состојби и процеси во ЕУ и во земјите што изразиле желба за асоцијација во Унијата, го потврдуваат фактот дека политичката димензија на *глобализацијата* на европросторот, во организациски и во функционален поглед е започнат процес, со јасно дефинирана стратегиска цел - временската димензија на процесот не е децидно дефинирана, а ќе трае се до конечното обединување и федерализација на целиот европростор.

БиХ, Албанија, Македонија и СР Југославија. Основната цел на ваквиот пристап на ширење на Унијата е регионот кој настрада од долгогодишната воена разврска на Ју-кризата и хаосот во Албанија, најнапред демократски и економски да се стабилизира, (проекти за забрзано реформско преструктуирање во демократскиот процес, пазарната економија, инфраструктурата, еколошката средина, интерната безбедност и регионалната безбедносна соработка). Реформите ќе бидат материјално помогнати по пат на финансиски донации и кредити по најповолни услови.

# БЕЗБЕДНОСТ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Зоран НАЦЕВ**
Филозофски факултет-Скопје

**Апстракт:** *Во рамките на трудот на авторот, дадени се некои безбедносни аспекти на земјите од ЈИЕ. Посбен акцент е ставен на познатите трауми од периодот на транзиција, сеќавањата и научените лекции од минатото, недовербата, дисциплинарноста на заедничките единици кои од друга страна претставуваат потенцијална закана за цивилизациите. Визијата за иднината на некои земји треба да се разликува, а унификацијата на погледите што води до демократија и стабилност мора да преовладува во односите помеѓу државите со посредништво на западно-европските земји.*

**Клучни зборови:** *безбедност, ЈИЕ, стабилност.*

**Abstract:** *Within the frames of the product of the author some security aspects of the SouthEastern Europe countries are being given. The emphasis of the research is towards the very known traumas from the transition period, the memories and the lessons learned from the past, mistrust, disciplinarian of the joint units which on the other hand means potential threat for the civilized that is for the more civilized etc. The vision for the future in certain countries should differ from eachother, the unification of views that lead into democracy and stability, must prevail in the relations among the states under the intermediation of the Western-European countries.*

**Key words:** *security, SouthEastern Europe, stability.*

Во елаборирањето на темата ќе ги користам сознанијата на познатите парадигми за војната и за мирот, со цел да се дојде до пристапи кои би овозможиле продлабочување на процесите на демократизација и стабилност во регионот и пошироко.

Првото прашање се однесува на тоа дали луѓето од поранешниот социјалистички лагер драстично се разликуваат од граѓаните на западна Европа, па затоа и има толку безбедносни, економски, социјални и други проблеми во регионот. Притоа не мислам на разликите во културата, религијата, традицијата и друго, туку на менталниот склоп кој продуцира

однесувања и ангажмани кои во себе носат и предизвикуваат конфликтни состојби, насилство и војна. Што е тоа, што релативно лесно го замрачува умот и свеста, за да лугето се откажат од мирновременските удобности и да тргнат против други луѓе, заедници, народи и држави на овие простори?

Најверојатно тоа, меѓудругото се должи на познатите трауми од транзициониот период, личните амбиции на лидерите, паметењето и поуките од минатото, недовербата, ширење и градење на нова моќ, дисциплинирање на "заостанатите" заедници чиј глас за рамноправност значи закана за "поцивилизираните" и др. Разбирливо е дека сето ова што е наброено партиципира во прифаќањето и следењето на мотиви и образложенија, кои ги покренуваат луѓето во акција против други, но во оваа прилика би се навратил само на прашањето за довербата, односно, недовербата. Имено, кај граѓаните во земјите од Југоисточна Европа (ЈИЕ) недовербата се манифестира како во однос на најблиските така и кон претпоставените, медиумите, лидерите и политичарите и кон други земји од потесното и поширокото опкружување. Најверојатно, тоа не е случајно. Многу години луѓето беа истренирани да им веруваат и да ги следат "силните" лидери. Во новите услови, разочарувањето брзо пристигна, отрезнувањето беше многу болно за одделни нации, преиспитувањето на ставовите и определбите (личните и заедничките) стана доминатна преокупација на секојдневниот живот. Присетувањето на старите добри времиња станува се почесто, а стравот од секојдневен егзистенционален колапс-реалност. Виновниците за таквата состојба се бараат кај сопствените и надворешните владини гарнитури, кај одделни слоеви и заедници, а многу често лоцирањето е насочено кон соседот, кон западна Европа, САД, меѓународните институции и организации. Во една таква состојба, безизлезот, односно долгиот период на движење на безизлезниот круг, кај одделни земји од ЈИЕ продуцира состојба на компензација на незадоволството во облик на ризично живеење, односно конфронтацијата против откриениот виновник за состојбата. Како да се застане на патот на посочените алтернативи на однесување? Во контекст на ова ја преферирам вербата во сопствената способност за надминување на појавените тешкотии. Притоа мора да се искористат традиционалните средства како што се образованието, културата и заборавените вредности кои доминираа на овие простори. Да се инагуираат и форсираат стилови на однесување и комуницирање, внатре и со други во регионот, кои во себе би носеле основна одредница-како да се оди напред, како да се живее подобро користејки ги притоа компоративните предности во партиципирањето кон заеднички проектираната цел. Притоа, политичарите треба да овозможат создавање на соодветен амбиент и простор, институциите на системот треба да се справуваат со сето она што може да застане на патот кон таквата цел, а

народите и граѓаните ќе знаат тоа да го направат во услови на доверба едни кон други.

Од друга страна, најголем дел од земјите во регионот се длабоко заглибени во транзицијата. Изодениот 10-годишен период и актуелната состојба е оптоварена со многу проблеми во сите области. Главна преокупација на земјите е прашањето на државноста, управувањето и владеењето и конкретниот статус на нациите и политичките заедници внатре во самите држави, како и напорите инаугурaниот западен модел на држави да се задржи. Во оваа смисла земјите од просторите на бивша СФРЈ и некои други земји главно не се разликуваат, иако во оделни сегменти некои се понапред од другите. Сепак, патот којшто треба да се изоди е мошне тежок, оптоварен со големи внатрешни турболенции, омеѓен со подеми и падови, конфликти и кризи, дезинтирации и раздор. Притоа државите се карактеризираат со ниско ниво на вертикален легитимит манифестиран во несогласувањето, односно неодобрување на структурата на власт, воспоставената организација на државата и политиката што се спроведува. Ниско е и нивото на лојалност спрема државата и нејзините раководни структури кои не успеваат да се здобијат со потребен авторитет во остварувањето на зацртаното, заради изразена опструкција. Политичката поларизација на граѓаните кулминира до апсурдно ниво. Во многу случаи од страна на поединци државната структура е искористена за стекнување на лична материјална добивка до неразумни граници. И хоризонталниот легитимитет е оптоварен со редица проблеми, при што највпечатлив е недостигот на еден примерен консензус за фундоменталните принципи и определби на политичката игра, вклучувајќи ги и основните државни интереси околу кои не би требало да има недоразбирање. Варијабилноста на истите создава впечаток дека во државите нема ништо трајно, прифатливо, свето и вредно. Издигнувањето на локалното, маргиналното, личното на пиедестал, на доминантно и приоритетно е карактеристика која провејува во речиси сите сфери од животот. Се на с¾, создаден е еден висок степен на дистанкција меѓу базата и оние што владеат во државата. Каде е излезот?

Во основа, патот е кон национална толеранција, политички консензус, социјален договор, функционирање на правото, остварување на граѓанските права и слободи. Впрочем " редот и поредокот " е онаа посакувана платформа врз која би се граделе демократските институциите, процесите и односите, при што би доминирале институциите на државата, а не силни поединци. Многумина заборавија дека демократијата најдобро функционира кога се остварува оддолу нагоре, а не обратно од врвот надолу.

Последниот сегмент од анализата е насочен кон осознавање на релациите и односите во регионот и во Европа кои се од суштествено значење

за стабилноста во ЈИЕ и развојот на демократијата. Во оваа смисла и го поставувам прашањето: Имаме ли причина да се лутиме или да ги поддржуваме акциите и настојувањата на западноевропските земји, европските асоцијации и земјите во регионот во напорите за создавање на посакувани состојби во меѓусебните односи на државите во регионот и кон обединување на Европа? Можеме да говориме и за едната и за другата страна на работите. Имено, неоспорен е фактот дека без помош, поддршка и ангажман на западноевропските земји, државите од ЈИЕ би биле на уште пониско ниво во однос на сегашното кое е на границата на издржливост. Бедата и понижувањето сепак не ја поминаа границата на човечкото достоинство, освен во ситуации на војна и на конфликт. Политичките, економските и воените ангажмани на Западна Европа, иако понекогаш задоцнети, овозможија преживување на народи, опстанок на држави и поместувања во интегративните процеси на европското тло. Медијаторската улога на западноевропските земји и институции беше незаменлива во стабилизирањето на состојбите, пасивизирање на воинствените и економска поддршка на неинволвираните во судири и конфликти. Подаденото, во основа сепак е проткаено со интерес, а јасно е и тоа дека парите мораат да ја имаат својата функција ( главно долгорочна ).

Но, земјите од ЈИЕ, сепак не би сакале да бидат паразитски држави, туку многу поактивен субјект во процесните активности за создавање на Европа без граници. Тој процес не смее да биде запрен од бирократски и наметнати услови и стандарди кои тешко можат да се остварат во кус период. Шансите, роковите и динамиката на остварувањето на јасно дефинираните намери не смеат да бидат во флуидна и хипотетичка форма. Тоа предизвикува сомнежи во намерите и одредено разочарување и обесхрабрување. Примерите за селекција и диференцијација на држави создава нови бариери на тлото на Европа. Форсирање на едни држави на сметка на други, пристап во кој доминира "морков и стап ", иако во себе носи мотивирачка нота во функција на мобилизирање на креативниот дух, сепак на платформата наречена "шанса" треба сите да бидат цврсто врзани. Бариерите во меѓусебните односи исто така се крупни и евиденти. Од друга страна идејата на западноевропските земји за регионално средување на односите, за да потоа се оди на второто скалило, особено од балкански аспект, создава сомнежи во исправноста на таквиот пристап.

Како и да е, иако минатото, сегашноста и визиите за иднината кај одделни држави од ЈИЕ се различни, унификацијата на погледите кои водат кон демократија и стабилност, мораат да преовладуваат во односите меѓу државите под нужно медијатерство на западноевропските земји.

**ЛИТЕРАТУРА**:


1. Ahlstrom C. and Nordquist K., Casulties of Conflict, Sweeden, Uppsala University, 1991
2. Arquilla J., Dubios Battles, Washington D.C., Crane Russak, 1992
3. Bazezinski Z., Out of Control, New York, Charles Scrinbner's Sons, 1993
4. Bicnen H., Power, Economics and Security, The United States and Japan in Focus, Westview Press, 1992.
5. Buzan B., People, States and Fear, Harve ster Wheatsheat, 1991.
6. Ванковска Б. и Цветковски Ц., **Правото и одбраната - основи на одбранбеното право**, РОБЗ, Скопје, 1996.
7. Ванковска - Цветковска Билјана, **Војската и демократијата**, Детска радост, Скопје, 1995.
8. Vukadinovič R., **Postkomunistički izazovi evropskoj sigurnosti**, Grafotisak, Grude, 1997
9. Wright D., A Study of War, Chikago, 1951.
10. Гоцевски Трајан, Ортаковски Владимир, Георгиева Л., **Разрешување и трансформација на конфликтите**, Македонска ризница, Куманово, 1999
11. Гоцевски Трајан: **Современи тенденции во одбраната**, Македонска ризница, Куманово, 1997.
12. Grizold A., **Međunarodna sigurnost, teorisko - institucionalni okvir**, Fakultet političkih znanosti u Zagrebu, Zagreb, 1995
13. Grizold A., **Raspotja nacionalne varnosti-obrambeno-slovne raziskave v Sloveniji**, Fakultet za družbene vede, Ljubljana, 1992.
14. Grizold A., Tatatalovič i Cortila V., **Suvremeni sistemi Nacionalne sigurnosti**, Fakultet političkih znanosti u Zagrebu, Zagreb, 1999
15. Davidow W. and Michael S.M., The Virtual Corporation, New York, Harper Business, 1992
16. Degan V., **Međunarodno pravo i međunarodna sigurnost**, Sarajevo, 1982.
17. **Demilitarizacija Slovenije in nacionalna varnost - Zbornik**, Znanstveno in publicistično središče, Ljubljana, 1991.
18. Димишковски Слободан: **Основи на Националната одбрана на Република Македонија - воено-политички аспекти**, НИП Глобус, Скопје, 1996.
19. Ditrich F., Nonmilitary Aspects of Security: A Sistems Approach UNDIR, 1993.
20. Ѓорески Владимир, **Сите војски на светот**, НИП „Ѓурѓа", Скопје, 1995.
21. Kellner D., The Persian Gulf TV War, Boulder, CO., Westview Press, 1992
22. Kennet N.V., **čovjek, država i rat - teorijska analiza**, Barbat, Zagreb, 1998
23. Klauzevic K., O ratu, Beograd, 1951.
24. Котовчевски Митко, **Извори на загрозување на мирот и Националната безбедност**, Балкански центар за мир, Скопје, 1999
25. Лакоски А., **Психогенетика**, Киро Дандаро, Битола, 1998
26. Лазаревски П., **Политика и стратегија**, НИК Лист, Скопје, 1995.
27. Luttwak E. and Stuart K., The Dicitonary of Modern War, New York, Harper Collins, 1991
28. Митков Владимир и Климовски Саво: **Политички и уставен систем**, Просветно дело, Скопје 1995.
29. Munro N., The Quick and the Dead: Electronic Combat and Modern Warfare, New York, St. Martin's, 1991
30. Нацев Зоран, **Теоретски основи на доктрината и стратегијата на националната одбрана**, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1998
31. NATO Handbook, Brussels, NATO Office of Information and press, 1995
32. Odom W.E., On Internal War, Durham, NC, Duke Iniversity Press, 1992

33. Payne K.B., Missile Defense in the 21-st Century, Boulder CO, Westview Press, 1991
34. Schelling T., The strategy of conflict, Harvard Univrsity, Cembrige, Massachuseets, London, 1994.
35. Sun Cu, **Вештина на војувањето**, Штрк, Скопје, 1996.
36. Taylor P.M., War and the Media, Manshestar, Manchester Universuty Press, 1992
37. Toffler A. A., War and Antiwar, New York, 1993
38. U.S. Army Field Manual (FM) 100-5, Operations, June 14, 1993
39. Hantington, S. P., **Sukob civilizacija i preustroj svjetskog poretka**, Izvori, Zagreb, 1997
40. Holsti K. J., The State war and the state of war, Cambrige University Press, 1996.
41. Campen A.D., ed., The First Information War, FAIRFAX, VA, AFCEA International Press, 1992
42. Chace J., The Conseqences of the Peace, New York, Oxvord Universsity Press, 1992

# БУКУРЕШКИОТ МИРОВЕН ДОГОВОР И ПОДЕЛБАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1913 ГОДИНА

**Ванче СТОЈЧЕВ**
Воена академија "Генерал Михаило Апостолски", Скопје

**Апстракт:** *Букурешкиот мировен договор го означил крајот на балканските војни и ја санкционирал поделбата на Македонија. Македонскиот народ на почетокот на балканските војни имал силна мотивација со сите сили и средства да се вклучи во борбата за ослободување од османлиското петвековно владеење. Меѓутоа, со потпишувањето на Букурешкиот мировен договор на 10 август 1913 година соседните држави Србија, Бугарија и Грција всушност докажале дека балканските војни ги воделе за поделба на Македонија. Српско-бугарската спогодба, а потоа и грчко-бугарската имале тајни анекси во кои името Македонија било избришано. Силната пропаганда што ја извршиле соседите и бројните фракции во македонското револуционерно движење придонеле македонскиот народ без сопствено воено и политичко раководство, да се мобилизира во српската, бугарската и грчката војска, за да потоа биде измамен и повторно окупиран.*

***Клучни зборови**: војна, окупација, поделба, асимилација, преселување, денационализација*

**Abstract:** *The Bucharest Peace Treaty marked the end of the Balkan Wars and sanctioned the division of Macedonia. In the beginning, the Macedonian people had strong will and motivation to fight for freedom against the five – centuries long Turkish rule. But, when the Bucharest Peace Treaty was signed on 10 August, 1913, our heighboring countries, Serbia, Bulgaria and Greece, actually shaved that the Balkan Wars were fought to divide Macedonia. The Serbian-Bulgarian agrecment and the Greek-Bulgarian agrecment contained secret annexes in which the name "Macedonia" was deleted. The Strong propaganda from the neighboring countries and the numerovs fractions that existed in the Macedonian resistance influenced the Macedonian people who were without its own military and political leadership to be mobilized in the Serbian, Bulgarian and the Greek armies, which later led to its ocupation.*

**Key words:** *war, occupation, division, assimilation, migration denationalization.*

Македонија со своите етнички граници го зафаќа централниот дел на Балканскиот Полуостров. Со таквата геополитичка положба постојано претставувала цел или била главна точка кон целта на завојувачите. Честопати интересите на завојувачите се судирале токму на просторот на Македонија. Поради тоа на македонската територија речиси по секоја кризна состојба се воделе војни, а по секоја војна се повлекувале нови граници. Делбите и преселбите, денационализацијата и асимилацијата се настани со кои Македонија станала препознатлива и поради што во историографијата е позната како земја на трагедиите или балканска барутана. Најголемата измама и најтешката трагедија македонскиот народ ја доживеал по балканските војни со поделбата санкционирана со Букурешкиот мироовен договор во 1913 година кога македонската етничка територија била дефинитивно распарчана, а со тоа и македонското национално ткиво било искинато.

Најголемиот товар и најбројните жртви во балканските војни ги поднел македонскиот народ. На целата македонска територија се воделе борбени дејства и сиот македонски народ на различни начини и во разни вооружени формации учествувал во војните, самостојно или во составот на бугарската, на српската или на грчката војска. Силната пропаганда на соседните држави дека војната против турската војска имала за цел ослободување на христијанското население од петвековното османлиско владеење и големата омраза против султановиот режим, биле силен мотив македонскиот народ со сите сили и средства да се вклучи во таа заедничка војна. Меѓутоа, по завршувањето на Првата балканска војна, односно по Битолската битка, кога еден полк на српската војска влегол во Охрид, во кој веќе три дена функционирала месната власт воспоставена со помош на македонските чети, при обидот да се воспостави српска власт, остро се спротивставил војводата Петар Чаулев, член на ЦК на ВМРО. Во таа расправија, командантот на српскиот полк се пофалил дека според Српско-бугарската спогодба од 13 март во 1912 година, Македонија е поделена меѓу Србија и Бугарија и според тоа во Охрид треба да се воспостави српска власт.

Слично чувство доживеал и Јане Сандански кога во Солун бугарските офицери му се заканиле дека за зборовите "Автономија за Македонија јазици ќе сечат". На тој начин македонските дејци и сиот народ и покрај бројните жртви и штети во балканските војни, ја доживеале и најголемата измама. Недостатокот на единствена национална и политичка програма и меѓусебната недоверба биле најголема пречка за обединување на разединетите и спротивставени сили во македонското револуционерно движење непосредно пред балканските војни. Разединувањето во македонското ослободително движење со години било создавано од соседните држави и потоа, кога ги

разединиле и ги скарале македонските дејци, лесно се договориле за поделбата на Македонија уште пред почетокот на војната. Дури по завршувањето на Првата балканска војна на ВМРО и на Јане Сандански им станало јасно дека нивните меѓусебни кавги оделе во полза на соседите и дека токму тие ја пропуштиле можноста да се обединат и да го предводат народот во борбата за ослободување и за создавање самостојна држава Македонија.[1]

По завршувањето на Првата балканска војна, а по протерувањето на Србија од Албанија, во јануари 1913 година, Србија барала од бугарската влада да се изврши ревизија на договорот од 13 март 1912 година. Подоцна, на 22 февруари и на 25 мај во 1913 година Србија упатила ноти, во кои предлогот за ревизија се образложува поради следните причини: 1. При потпишувањето на спогодбата, на 13 март во 1912 година Србија особено сметала дека ќе добие слободен излез на море, поради независниот економски развој, но со интервенцијата на големите сили била принудена да ја повлече својата војска од Албанија; 2. Бугарија не го дала со договор предвидениот контингент трупи за вардарското војувалиште, бидејќи на интервенција на Бугарија, пред почетокот на војната тој договор бил изменет; 3. Србија ѝ упатила помош на Бугарија од една армија со тешка артилерија, што според договорот не била обврзана, а тоа барало пошироко ангажирање на Србија, која и самата водела војна на вардарското војувалиште. Така изменетите услови, според мислењето на српската влада, барале ревизија на договорот. Притоа, таа мислела на компензација во Македонија за да добие непосредна граница со Грција, со цел да го користи пристаништето во Солун. Бугарската влада не се согласила со српското сфаќање на договорените обврски и во нотите од 18 март и од 19 април во 1913 година го отфрлила барањето за ревизија. Бугарија не се сметала обврзана да направи територијални отстапки во Македонија по повлекувањето на српската војска од Албанија, поради тоа што Србија тоа го направила по одлука на големите сили, а не во спогодба со Бугарија. Според бугарското гледање на договорените обврски, Србија била должна да испрати помош кај Одрин. Тогаш дошло и до различни гледања на т.н. спорна зона. За Бугарија таа зафаќала дел од Македонија, што според договорот требало да ѝ се отстапи на Србија, а Србите за спорна зона ја сметале цела Македонија.[2]

Бугарија и Грција ги заостриле односите уште во почетокот на војната, особено откако грчката војска го зазела Солун. Грција во нотите од 3 и од 18 ноември во 1912 година и од 22 април во 1913 година предлагала да се реши

---

[1] Документи за борбата на македонскиот народ..., Т. 1, с. 535–537.
[2] Vojna enciklopedija, knj. 2, s. 455.

прашањето на границата. Бугарија ги отфрлила предлозите како претерани, а свои противпредлози не дала. Со потпишувањето на Лондонскиот мир на 30 мај во 1913 година со Турција, односите меѓу балканските држави уште повеќе се заостриле. Во тоа време, сојузниците ги окупирале оние територии што ги зазеле во војната против Турција. Меѓу Србија и Бугарија уште во време на војната била создадена привремена демаркациона линија: Патарица-Руен-сртот на Осоговските Планини-Злетовската Река-Брегалница до сливот на Крива Лакавица-сртот Плавуш -Дојранско Езеро. На таа линија започнало префрлувањето на бугарската војска од Тракија и истовремена концентрација на силите кон Грција. Тоа било причина на 1 јуни во 1913 година Србија и Грција да склучат договор за пријателство и одбранбен сојуз против Бугарија. Со тоа била извршена втората поделба на Македонија во текот на балканските војни и биле воспоставени границите меѓу Србија, Бугарија и Грција. Покрај тоа, Србија добила право на слободно користење на пристаништето во Солун во траење од 50 години. Истиот ден била потпишана и Воената конвенција, во која биле регулирани меѓусебните воени обврски и соработката меѓу Србија и Грција во случај на напад од Бугарија или на некоја друга држава. По тие настани, големите сили, со оглед на сопствените интереси кон Балканот, развиле широка дипломатска активност. Русија настојувала да го сочува Балканскиот сојуз како пречка на австро-германското продирање на Балканот, а Австро-Унгарија тежнеела да се разбие овој сојуз и ја поддржувала Бугарија да не попушта во своите барања. За да го спречи избувнувањето на нова, меѓусојузничка војна, Русија ги повикала сојузниците да го решат спорот по мирен пат и ги предупредила Србија и Бугарија на руската арбитража предвидена со Српско-бугарскиот договор. На рускиот апел двете страни одговориле условно: дека српската влада ја прифаќа арбитражата на Русија, доколку се прифати нејзиното барање за ревизија на договорот, а бугарската влада арбитражата ја прифаќала доколку се почитува договорот, односно воспоставената поделба на територијата. Со оглед на тоа дека двете влади не отстапувале од своите барања, Русија се откажала од натамошна арбитража. Со тоа го забрзала почетокот на Втората балканска војна, новото распарчување на Македонија и воспоставување нови граници по пат на сила.

Борбата за територија во Македонија се водела со сите сили и средства и во сите области. По повлекувањето на турските сили, српската, грчката и бугарската војска ја распуштале во меѓувреме воспоставената месна власт и воспоставувале свои органи на власта. Како претставници на своите држави, тие го принудиле македонското население да се прикажува како да е од иста националност со органите што ја воспоставиле власта и како такви да испраќаат писма, анкети и апели, оти наводно сакале нивниот град и околијата

да бидат присоединети кон соодветната држава. На пример, селаните од селото Негорци, Гевгелиско во текот на една недела трипати ја менувале својата "национална и државна" припадност. Тие биле принудени да испратат телеграма до бугарскиот цар Фердинанд дека се Бугари и дека бараат тој да ги присоедини кон Бугарија. Откако се повлекла бугарската, дошла грчката власт, па следела телеграма до грчкиот крал Георги и на крајот била испратена телеграма со соодветна содржина до српскиот крал Петар.[3]

Во меѓувреме, започнале подготовките за преговорите во Букурешт. Биле воспоставени непосреди врски меѓу владите и командите на одредени оперативни единици, тргнувајќи од правното начело дека склучените договори важат само доколку не настапат фактички промени на теренот во врска со исполнувањето на одредбите на договорите. Како резултат на примената на ова начело, во идниот мировен договор што би бил потпишан меѓу сојузниците, секоја сојузничка воена команда настојувала да завладее што поголем дел од територијата на Македонија и во неа да организира своја воено-полициска и административна власт. Поради таквите цели, кралот Фердинанд без консултација на владата на 30 јуни во 1913 година наредил бугарската војска да изврши напад врз српската и врз грчката војска на позициите кај Злетово и Лефтере. Претседателот на бугарската влада Стојан Данев изјавил: "Кога е збор за судбината на Македонија, сите треба да знаат дека Бугарија е подготвена на секакви жртви".[4] За тој напад Бугарите биле обвинети од големите сили, а Србите и Грците го дочекале како погоден момент за остварување на сопствените интереси. На 1 јули во 1913 година Стојан Данев му наредил на генералот М. Савов да ги прекине дејствата. Со исто барање на борбените позиции на фронтот се појавиле бугарски парламентарци. Меѓутоа, Србите и Грците не сакале да ги прекинат борбените дејства. Напротив, започнале противофанзива за да заземат што поголема територија од Македонија пред да се вмешаат големите сили. На 1 јули претседателот на владата на Србија Никола Пашиќ му испратил телеграма на началникот на штабот на Врховната команда Радомир Путник со следната содржина: „Грците сметаат дека војната почна и дека настапил решавачкиот момент. И ние им го рековме истото и побаравме нивната Врховна команда со вас да воспостави цврста врска". По сознанието дека Бугарите барале прекинување на воените дејства, Пашиќ на 3 јули упатил нова телеграма до Путник, во која се истакнува: "По барањето на Бугарите војната да се прекине, се плашам од итна интервенција на големите сили.

[3] Владимир Караманов, *Гевгелиската околия и междусъюзническите отношения въ неа през време на Балканската война 1912–1913 г.,* Военноисторически сборник, София, 1941, XV кн. ИВ, с. 15–17.

[4] Алексаандъръ Гиргиновъ, *Народната катастрофа. Войните 1912/13 г.*, София, 1926, с. 345.

Забрзајте ја решавачката офанзива".[5] Во врска со значењето на состојбата грчкиот крал Константин пред својата влада изјавил: "Ние мораме по секоја цена големите сили да ги држиме далеку од нас. Ова е последен момент, ако го испуштиме, пропаднати сме".[6] Бугарскиот крал Фердинанд не се согласувал со прекинувањето на војната поради охрабрувањата од Австро-Унгарија, па барал воените дејства да продолжат. Потоа владата на Стојан Данев поднела колективна оставка, но таа не била прифатена. Бугарија ги доживувала најтешките моменти како во владата, така и на бојното поле. Големите сили зазеле став да не се мешаат во Балканската војна. Русија го зазела ставот дека Европа треба да интервенира само ако една страна се обиде потполно да ја уништи другата страна. Австро-Унгарија останала само на декларативната помош на Бугарија.

Големите сили решиле да ја прекинат Втората балканска, односно меѓусојузничката војна, особено поради насилните злосторства што ги вршеле сите војски врз недолжното цивилно македонско население. Русија поддржувана од Франција на 9 јули им се обратила на владите на балканските земји итно да ја прекинат војната и да дојдат во Петроград за да потпишат мир со посредување на Русија.[7] Потоа, Русија предлагала границата меѓу Србија и Бугарија да биде повлечена по вододелницата меѓу Струма и Вардар, така што Штип да ѝ остане на Србија; Грција да се поврзе со Србија кај Гевгелија и границата да продолжи до реката Струма, зафаќајки го Серез. Предлогот на Русија го прифатила само Бугарија и тоа само принципиелно, за да се прекине војната, да се изврши демобилизација и во Петроград да започнат преговорите. Истовремено апелирала до Русија да направи сѐ што може Штип, Кочани и Серез да ѝ припаднат на Бугарија.[8] Грција сметала дека сојузниците имаат право и должност да ја продолжат војната се́ додека ситуацијата не се расчисти на бојното поле. Примирјето го прифаќала само ако Бугарија ги отстапи бараните територии и ако се согласи да им плаќа воена оштета. Српската влада изјавила дека не сака да ја понижи Бугарија, но сметала дека е неопходно да ѝ се одземе можноста со која и понатаму може да биде опасна по мирот на Балканот и поради тоа Србија „енергично ќе ја продолжи воената акција".[9]

---

[5] Архив Србије (АС), Дипломатски архив (ДА), Политичко оделење (ПО), фасц. 12, депеша Н. Пашића Радомиру Путнику од 3 јула 1913 г.

[6] Pierre Renuven, Evropska kriza i Prvi svetski rat, Zagreb, 1965, s. 149.

[7] Heinrich, Christian Ernest, The Diplomacz of the Balkan Wars 1912-1913, Cambridge, 1938, p. 380–381.

[8] А. Гиргиновъ; ц. т. с. 390; А. Б. Жебокрицкий; Булгария в период балканских войни 1912–1913, Киев, 1961, с. 228.

[9] Documents diplomatiques francais 1871-1914, VII, Paris, 1933, br.362 i 363; Димитрије Поповиќ, *Борба за уједињење 1908–1914*, Београд, 1936, с. 163.

Бугарскиот крал Фердинанд на 16 јули во 1913 година упатил молба до романскиот крал Карол да ја прекине војната. Во тоа време, романската војска се приближувала кон Софија. Кралот Карол изјавил дека не може да потпише сепаратен мир со Бугарија, односно дека треба претходно Србија и Грција да ги прекинат воените дејства и да дадат изјава дека се подготвени да потпишат примирје со бугарската влада.[10] На 18 јули во 1913 година во Скопје се состанале претседателот на српската влада Никола Пашиќ и претседателот на грчката влада Елефтериос Венизелос и се согласиле во следното: дека војната треба да ја завршат што побрзо и тоа со непосредни преговори со Бугарија; Романија, која барала исправки на границата во Добруџа, треба да се повика на преговорите за прелиминарниот мир; од интерес е за двете страни Турција да не се меша во меѓусојузничката војна; поделбата на територијата морала да дава гаранција за траен мир на Балканот и Бугарија мора да плати воена отштета. Било решено српските, грчките, романските и црногорските ополномоштеници да се состанат во Ниш веднаш штом Бугарија ќе ги одреди своите претставници. Веднаш потоа, Пашиќ упатил циркуларно писмо до сите заинтересирани дека Србија и Грција сакаат да склучат мир, но чекаат Бугарија непосредно да им се обрати ако навистина сака мир.[11]

Во меѓувреме и турската војска ја поминала бугарската граница. Кралот Фердинанд не сакал директни преговори со Србија и со Грција, чекал помош од големите сили, а во Софија состојбата станувала сè потешка, дури хаотична. Во таквата состојба, царот Фрањо Јосип го известил кралот Фердинанд дека Австро-Унгарија нема да дозволи "иднината на Бугарија да зависи од воената среќа", а неговата влада предложила колективен демарш од големите сили до Белград и Атина за завршување на војната. Во исто време, Австро-Унгарија барала големите сили да извршат поделба на територијата меѓу балканските земји и да ги присилат таа поделба да ја прифатат. Англија го прифатила овој предлог под два услова: да се воспостави заедничка граница меѓу Србија и Грција и Бугарија да добие излез на Егејското Море. Германија сметала дека е најдобро претставниците на завојуваните страни да се состанат во Букурешт и во присуство на претставници на големите сили да склучат мир. Русија ги прифатила предлозите и веднаш барала од бугарската влада да испрати свој претставник во Ниш кој ќе се сретне со Пашиќ и со Венизелос и да го потпише прелиминарниот договор. Бугарската влада го прифатила овој предлог и на 20 јули во 1913 година ги испратила во Ниш генералот

---

[10] Руската оранжева книга, София, 1914, с. 145, док. бр. 288 и 289 и стр. 146 и 147, док. бр. 301 и 302.

[11] АС, ДА, ПО, 1913, фасц. 13, Циркулар посланицима на страни од 18 јули 1913 г.

Паприков и д-р Иванчев, а со нив допатувал и рускиот воен аташе во Софија, полковник Романовски. Меѓутоа, Србија и Грција не сакале да ги прекинуваат непријателствата додека Бугарија не потпише мир, а не прелиминарно примирје. Потоа, Бугарија морала да даде гаранции дека нема да ги повторува воените дејства, а на Романија ѝ ја отстапила бараната територија со што романските воени цели биле исполнети, па дури тогаш претседателот на романската влада Титу Мајореску ги замолил Пашиќ и Венизелос да ги прекинат воените дејства и да дојдат на преговори во Букурешт.[12]

Српските и грчките претставници охрабрени со дотогашните победи барале преговорите да се водат во Ниш и на Бугарија да ѝ ги диктираат условите за мир.[13] Романија, која ја имала улогата на посредник меѓу големите сили и балканските земји, на Србија ѝ го пренела одлучниот став на Австро-Унгарија дека нема да дозволи Србија и Грција да продираат кон Софија, како ни српска офанзива кон Видин и Белоградчик, бидејќи Видин не може да биде српски, а ако не биде бугарски, тогаш ќе биде романски. Романија ја предупредила Грција дека доколку не се согласи на потпишување на прелиминарниот мир и на мировниот договор во Букурешт, тогаш таа (Романија – В.С.) ќе стапи во сепаратен договор со Бугарија. Под силен притисок на Романија и на големите сили, Србија и Грција прифатиле да учествуваат на преговорите во Букурешт. На 25 јули во 1913 година, српската Врховна команда наредила да се прекинат сите нападни дејства против Бугарите и на достигнатите линии да се утврдат за одбрана. Турција упатила молба да учествува на преговорите во Букурешт. Нејзината молба била одбиена со изговор дека на конференцијата ќе се разгледуваат прашања поврзани исклучително со поделба на територија меѓу балканските христијански држави,[14] односно за поделбата и асимилацијата на христијанска Македонија, која со векови опстојувала како целосна и засебна од соседите во рамките на Османлиската Империја.

На 30 јули во 1913 година започнала мировната конференција во Букурешт во присуство на претставници на шест големи сили. Делегациите на балканските земји ги предводеле претседателите на владите, освен бугарската. Со конференцијата претседавал претседателот на Романија Титу Мајореску. Конференцијата работела во пленарни седници и во посебни седници на воените делегации. Покрај тоа, за одредени прашања биле формирани посебни комисии и биле одржани засебни седници.[15]

[12] *Междусъюзническата война 1913*..., с. 178; Руската оранжева книга..., с. 475.
[13] Саво Скоко, *Други балкански рат 1913* ... с. 313–315.
[14] Helmreich Christian Ernest; The Diplomacz of the Balkan Wars 1912-1913, Cambridge, 1938, p. 388.
[15] АВИИ, Седнице конференције мира у Букурешту, кут. 9, бр. 16.

Конференцијата се одржувала во мошне заострена состојба, секој час постоела можност да биде прекината поради засебните интереси на големите сили или на балканските земји. Сепак, на 31 јули во 1913 година биле прекинати воените дејства и било потпишано прелиминарно примирје под следните услови: 1. Демаркационата линија да биде повлечена на еднакво растојание од местата каде што се наоѓале претстражите на 31 јули во 12.00 часот и да биде одбележена со бели знаменца; 2. Прекинот на непријателствата ќе трае пет дена и ќе започне на 31 јули напладне по средноевропско време; 3. Движењето на трупите и нивното снабдување, од која и да е природа, зад линијата на претстражата нема да се спречува; 4. Завојуваните страни, една на друга ќе ѝ ги соопштат сегашните позиции за да престанат непријателства на сите места во исто време; 5. Врховните команди на завојуваните земји под итно да ги известат сите единици за прекинувањето на непријателствата за да можат да се издаваат други потребни наредби; 6. Да се применуваат одредбите на членовите 40 и 41 од конвенциите кои се однесуваат на копнените војни.[16]

На почетокот на Букурешката конференција било решено по прашањата за разграничување со Бугарија да се разговара одделно со претставниците на Србија, на Романија, на Грција и на црногорските претставници, а на пленарните седници да се претресат само спорните прашања.[17] Прва била решена границата меѓу Бугарија и Романија и била потпишана меѓусебна спогодба. На 5 август во 1913 година попладнето, американскиот пратеник во Букурешт, Џексон, ја прочитал нотата на американската влада во која се истакнува: "Владата на САД става до знаење дека во секоја конвенција што би била заклучена во Букурешт, со задоволство би сакала да ја види одредбата за полната граѓанска и верска слобода на населението на секоја област што би потпаднала под суверенитет на која и да било од петте сили или која би поминала од јурисдикција на една под јурисдикција на друга сила". Таа нота Мајореску веднаш ја прифатил и се спроведувала во однос на влашкото население во вардарскиот дел на Македонија. Меѓутоа, на предлог на грчкиот претседател Венизелос, нотата не влегла во мировниот договор, па и на тој начин македонското население било обесправено.[18]

Најтежок проблем на конференцијата е поделбата на Македонија. Во врска со тоа уште на првата седница се појавиле два проекта – руски и австроунгарски. Рускиот настојувал да се задржат можностите за обновување на

---

[16] Истото, Анекс на протоколот бр. 1.

[17] Туше Влахов;,Отношенията между България и централните сили во време на войните 1912–1918 г., София, 1957, с. 76–77.

[18] Букурешка конференција, Београд, 1913, с. 24‡26.

Балканскиот сојуз, па предлагал српско-бугарската граница да биде повлечена преку вододелницата меѓу Вардар и Струма, со тоа што Штип требало да ѝ припадне на Србија, а Струмица и Кочани на Бугарија. Во реонот на Гевгелија би се наоѓала тромеѓата меѓу Србија, Грција и Бугарија. Грчко-бугарската граница би одела од Гевгелија на исток преку долината на Струма до Драма, оставајќи ѝ ги Драма и Серез на Грција. Од Драма до Егејското Море границата би ја определиле големите сили.[19] Проектот на Австро-Унгарија со цел да ја привлече Бугарија, предлагал: српско-бугарската граница да се повлече по течението на Вардар, така што десната страна да ѝ припадне на Србија, а левата на Бугарија. Грчко-бугарската граница да биде повлечена така што долниот тек на Струма и морскиот брег од Кавала до Енос да ѝ припаднат на Бугарија.[20]

Српската делегација барала границата да биде повлечена од Горна Џумаја по долината на Струма до под Рупелската Клисура, но тоа било максималното барање. На 6 август Бугарија и Србија се договориле Штип и Кочани да ѝ припаднат на Србија, а Струмица и Радовиш со околијата на Бугарија. Воените претставници ја одбележале границата на топографските карти. За спорните прашања во одредувањето на границата меѓу Србија и Бугарија била одредена мешана комисија во состав од вештаци од Белгија, од Швајцарија и од Холандија. Одредувањето на грчко-бугарската граница создавало уште потешки проблеми. Грција не дозволувала Бугарија да излезе на Егејското Море, па барала граничната линија да оди од планината Беласица на исток, северно од Серез, Драма, Ксанти до Макри на Егејското Море. Според тој предлог, Бугарија би го добила морскиот брег од Макри до Енос во должина од само 40 километри. По овој предлог, бугарскиот претставник барал од Мајореску пристаништето Кавала да ѝ припадне на Бугарија, во спротивно "прашањето за војна ќе остане отворено".[21] Под силен притисок на Франција и на Англија, Кавала, сепак, ѝ припаднала на Грција. Меѓутоа, другите големи сили, Русија, Италија и Австро-Унгарија, ѝ ветувале на Бугарија дека за брзо време ќе извршат ревизија на Букурешкиот мир. На 7 август во 1913 година е потпишан протоколот бр. 9 во кој се регулирало дека грчко-бугарската граница минува од српско-бугарската граница по сртот на Беласица и излегува на сливот на Места во Егејското Море.

На 9 август во 1913 година, Букурешката конференција на својата пленарна седница го усвоила текстот на договорот за мир, во кој била

---

[19] В. А. Жебокрицкий, *Булгария в период...*, с. 234.

[20] Osterreich-Ungarn von der bosnischen Krise 1908 bis zum Kriegsausbruch 1914, Band Wien 1930, VII, br.. 8116 i 8157.

[21] В. А. Жабокрицкий, ц. т. с. 236.

извршена конечна поделба на териториите што дотогаш биле под турска власт (Македонија, Косово и Метохија, Васојевиќи, Санџак, Тракија и северен Епир). Србија ги добила вардарскиот дел на Македонија, Косово, дел од Метохија и дел од Санџак. Со тоа била зголемена за 39.000 квадратни километри и 1.290.000 жители. Црна Гора ја добила територијата Васојевиќи, дел од Метохија и дел од Санџак. Таа се зголемила за 7.000 километри квадратни и за околу 260.000 жители. Грција ги добила Северен Епир, егејскиот дел на Македонија, дел од западна Тракија, Халкидичкиот Полуостров со Солун и бројни острови во Егејското Море. Со тоа се зголемила за 51.300 километри квадратни и за 1.624.000 жители. Бугарија го добила пиринскиот дел на Македонија, Струмица со околијата и дел од западна и источна Тракија. Таа се зголемила за 21.000 квадратни километри и со околу 600.000 жители. Излез на Егејското Море Бугарија добила од сливот на Места до сливот на Марица со пристаништето Дедеагач. Романија ја добила јужна Добруџа и се зголемила за 800 километри квадратни со 303.000 жители.[22]

Територијата на Македонија до балканските војни го претставувала централниот и најзначајниот дел на Балканскиот Полуостров. Таа се граничела на север со Шар Планина, Скопска Црна Гора, Козјак и Рила. Западните граници се протегале преку планините Кораб, Јабланица, Грамос и Пинд, на југ по реката Бистрица до Егејското Море и на исток до сливот на реката Места. Во рамките на овие географски граници, Македонија зафаќала површина од 67.741,2 квадратни километри. Со Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година, Македонија била поделена на тој начин што најголемиот дел, односно егејскиот дел на Македонија со површина од 34.356 километри квадратни го добила Грција, вардарскиот дел на Македонија со површина од 25.342 километри квадратни ја добила Србија, пиринскиот дел на Македонија со 6.798 километри квадратни ја добила Бугарија и Албанија добила 1.115 квадратни километри.[23]

Новата бугарско-српска граница започнувала од врвот на Патарица и одела по линијата на старата бугарско-турска граница до Диздарица, потоа одела по вододелницата помеѓу Вардар и Струма минувајќи преку Луловиот Врв кота 1297, Обел, Пољазни, кота 1458, кота 1495, кота 1415, Понорица, Кадица, кота 1900, кота 1453, Чингани Калези, сртот Клепало, кота 1530, сртот на Малеш Планина (1445), тука свртува на запад кон котите 1515 и 1300 поминува преку сртот Драгнев-даг, Кади Мезар Тепе, Кале Тепе, ја

[22] АВИИ, фонд 1, кут. 26, бр. 37.

[23] Македония като природно и стопанско цяло, София, 1945, с. 5–6; Драган Ташковски, За македонската нација, Скопје, 1974, с. 13–14.

поминува Новичанската Река јужно од село Рајанци, поминува меѓу селата Ословци и Сушево, па преку реката Струмешница меѓу Радичево и Владевци и се качува кон котата 850, а потоа по вододелницата на Вардар и Струма преку котите 957, 571, 750, 895, 850 по сртот на Беласица се спојува со бугарско-грчката граница.[24]

Бугарско-грчката граница започнувала на сртот на Беласица од српско-бугарската граница и минувала северно од Јуруклери, па преку Струма оди на исток на Сенгани Калеси (1500). Оттаму излегува на сртот Али Ботуш (кота 1650) и по вододелницата по котите 1820, 1800, 713 и Страгач. Тука свртува кон североисток и пак по вододелницата меѓу котите 715, 660 кон котите 1150 и 1152, оттука по сртот оди источно од село Ракистен, ја преминува Места и оди кон врвот Руса и Железа, го сече Сеспат и излегува на Чука. Одовде повторно по вододелницата и преку Сибково, Кадиркој (1750), Авлик-даг (1518) Каин Чал (1811), Дебиклија (1587), слегува на југ кон котата 985 и свртува на исток јужно од селото Карово, оттука пак на исток минува северно од селото Кајбово и се качува на север кон котите 1450, 1538, 1350 и 1845. Потоа слегува на југ преку Чигла (1750) и Кушлар и оди по вододелницата Места и Јаси Еврено-дере, излегува на Аклат-даг (1300), а потоа кон Окчилар, па оттука по реката Места до Егејското Море.[25]

Во согласност со Букурешкиот мировен договор, границите меѓу Србија и Грција во Македонија биле утврдени во Белград на 16 август во 1913 година, Граничната линија почнувала од котата 1494 на сртот Беласица, па одела кон котите 394 и 208, потоа минувала преку Дојранското Езеро во правецот на котата 227, а оттаму кон Мачуково, потоа ја минувала реката Вардар и одела северно од Сеово преку котите 241, 560 по возвишението Тушет Балкани, преку котите 858, 774, 1149, 1929, 2058, 2050, 1673, 1766, 1656 по висот Блатец преку котите 1431, 1201, 1375, 1550, 1058, 1440, 1660, 1700 (по планината Ниџе) преку котата 2525 (Кајмакчалан) на котата 1944, оттука одела на запад по висот Старков Гроб, потоа јужно од селото Кремјан и натаму меѓу Кенали и Негочани минувала преку Рахово и Драгош, потоа преку котите 1980, 2094, 2000 па јужно од селото Долно Дупени минувала преку Преспанското Езеро оставајќи ѝ го на Србија островчето Голем Град и излегувала јужно од селото Коњско. Оттука одела по возвишението на Вакуфица преку котата 947, Мал Шат, (кота 1537) па кон врвот Горица. Оттаму одела кон селото Бач, Пешкопеја, па преку котата 1100 до албанската граница.[26]

---

[24] АВИИ, кут. 9, бр. 16, Седниците на конференцијата за мир во Букурешт.
[25] Истото.
[26] Петар Стојанов, *Македонија во време на Балканските...*, с. 60–62.

Со распарчувањето во Букурешт, Македонија од централен и најзначаен дел на Балканот станала периферија и провинција на балканските земји. Веднаш потоа започнало асимилирањето на македонското население во Јужни Срби, Бугари, Славофони Грци и Албанци. Дури и во пребројувањето на жртвите и загубите од Втората балканска војна македонското име не се употребувало, иако војната главно се водела во Македонија. Според извештаите, Србија загубила 44.500 луѓе, Црна Гора 1.400, Грција 20.000, а Бугарија 93.000 луѓе. Вкупно 158.000 луѓе.[27]

Веднаш по потпишувањето, т. е. на 11 август во 1913 година Австро-Унгарија, Русија и Бугарија барале ревизија на Договорот со оглед на бројните неправилности, недоречености и нелогичности во поделбата на териториите и во донесувањето на одлуките. На 14 август, Русија ги отфрлила намерите за ревизија на Договорот, па со такво барање останале само Австро-Унгарија и Бугарија, на кои остро им се спротивставувала Франција. Букурешкиот мировен договор претставува единствен меѓународен договор што не го потпишале сите големи сили и што бил во голема мера против нивните интереси. Исто така, големите сили не ги зеле предвид барањата на македонскиот народ, кој од повеќе асоцијации, особено од Русија и од Швајцарија, интервенирал да се сочува идентитетот на македонскиот народ и единството и целината на македонската територија. На 1 март во 1913 година, претставниците на македонската колонија во Петроград, Георги Константиновиќ, Димитрија Чуповски, Наце Димов и Александар Везенков потпишале Меморандум за независност на Македонија и му го предале на министерот за надворешни работи на Велика Британија, Едвард Греј, и на амбасадорите на големите сили во Лондон.[28] Со Меморандумот Димитрије Чуповски изработил и карта на Македонија во колор со сите специфичности што аргументирано ги докажувале посебноста и причините за самостојност на Македонија. Меѓутоа, поради сопствените интереси и во отсуство на секое чувство за реалност и за македонскиот народ, големите сили судбината на Македонија оставиле да ја решат завојуваните балкански држави.

## Заклучок

Наведениве факти недвосмислено докажуваат дека балканските војни се подготвувале и се воделе за поделба на Македонија. Во периодот од неполни две години

[27] Јаша Томиќ, *Рат у Македонији и Старој Србији 1913,* Нови Сад, 1914, с. 185; А. Христовъ, *Исторически преглед на войната на България срещу всички балкански държави 1913,* София, 1924, с. 232; Саво Скоко, *Други балкански рат...,* с. 337.

[28] Македонскый голосв И, С. Петербургв, 9. VI 1913, с. 23.

колку што траеле балканските војни, официјално биле извршени три поделби на Македонија. Првата поделба била извршена со Српско-бугарската спогодба од 13 март во 1912 година по линијата Деве Баир – Охрид, втората настанала по завршувањето на Првата балканска војна во која границите се поклопувале со достигнатата линија на фронтот и третата поделба е извршена со Букурешкиот мировен договор од 10 август во 1913 година кога биле дефинитивно одредени границите меѓу Србија, Бугарија, Грција и Албанија на територијата на Македонија. Единствениот принцип врз кој се одредувале и се поставувале границите било правото на посилниот, односно оружјето. Со таа поделба, македонскиот народ ја доживеал најголемата измама и ја загубил довербата во своите соседи, што имало негативни последици не само во Првата и во Втората светска војна туку за подолго време. На тој начин раскинувањето на македонското ткиво започнало со разделбите во Внатрешната организација, потоа почнале да нè делат соседите и на крајот сето тоа го санкционирале големите сили.

**ЛИТЕРАТУРА**:

1. Абаџиев Ѓорѓи, Балканските војни и Македонија, Скопје, 1958
2. Андоновски Христо, Антимакедонската дипломатска игра, Скопје, 1950
3. Балканската война 1912–1913, София, 1961
4. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том први, Скопје, 1981
5. Скоко Саво, Други балкански рат 1913, Београд, 1968
6. Стојанов Петар, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна 1912-1918 г. Скопје, 1969
7. Стојчев Ванче, Воена историја на Македонија, Скопје, 2000

# ТЕРИТОРИЈАЛНИОТ ИМПЕРАТИВ - ФАКТОР КОЈ ВЛИЈАЕ НА СТАБИЛНОСТА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**Тони МИЛЕСКИ**
Филозофски факултет, Институт за одбрана - Скопје

**Апстракт:** *Во презентираниот труд се нагласува согледувањето на традиционалните тензии кои со години опстојуваат во регионот на Југоисточна Европа и новите тензии и конфликти кои настанаа со отпочнувањето на процесот на демократската транзиција на регионот. Таквиот премин кон демократските текови беше окарактеризиран со невидено насилство за кое може да се каже дека е специфично за овој регион. Согледувањето на историските и современите случувања несомнено упатува на потврдување на перманентните интенции кај скоро сите држави во регионот за зголемување на сопствената територија со цел структурирање на идеална форма на сопствената држава. Во трудот се укажува на основниот генератор за таквата состојба, односно историско-географскиот "ексклузивитет" во корелација со етничката, религиозната, политичката, економската и воената различност која опстојува на една релативно мала територија. Поради тоа, ангажманот на меѓународната заедница, насочен кон стабилизирање на регионот и негово вклучување во европските интеграции, не би можел да се ефектуира без скоро надминување на проблемите кои ги оптоваруваат односите помеѓу државите во регионот.*

**Клучни зборови:** *Југоисточна Европа, територија, држава, конфликт.*

**Abstract:** *In this paper, emphasis is put on understanding of traditional tensions which have existed in the South-Eastern Europe Region for a long period of time as well as on the new conflicts created by initiating the process of democratic transition of the Region. This transition into democratic streamlines and processes was also presented by unseen violence, but endemic for this area.*
*Understanding of the historical and contemporary events certainly is conformation of the permanent intention of almost all country in the Region for increase of their teritories for the purpose of creating perfect form of their own states.*
*This paper points out to the main generator of this circumstances. that is, the historical and geographic "exclusivity" in co-relation with the religious, political, economic and military diversity which exists on a small teritory. This is why the engagement of the international*

*community is directed towards stabilizing of the Region and its involvments in the European integrations may not be accomplished without overcoming the problems which disturb the relations among the countries in the Region.*

**Key Words:** *South-Eastern Europe, State, Teritory, Conflict.*

## Вовед

Со почетокот на дваесеттиот век, јужнословенските земји на Австро-Унгарската империја, стануваат подрачје на жестоко натпреварување за територии, помеѓу голем број на спротивставени национални идеологии. Од осумдесеттите години бројот на овие идеологии расте, а својата кулминација ја достигнуваат на почетокот и средината на деведесеттите години од дваесеттиот век. Војните во поранешна Југославија во својата суштина се манифестираа како територијални судири помеѓу класични национални движења, кои бараат територија за нивната идеална форма на држава. Скоро секој во регионот го поддржува идеалот за формирање на големи држави. Таквите определби продуцираат состојба на нестабилност, состојба која во тесна корелација со политичкиот, економскиот, воениот, религиозниот и етничкиот диверзитет со кој изобилува Југоисточна Европа отвара простор за бројни можни конфликти. Некои од нив се со нејасна историска позадина и се инкорпорирале како нераздвоен дел од опстојувањето на дадените нации што во голема мерка влијае врз моменталната состојба на некои земји во регионот.

Иако денес овие видови на конфликти, независно од нивното времетраење и национална позадина се во голема мерка ублажени како резултат на присуството на меѓународната заедница, нивното постоење и можноста за нивно обновување не треба во целост да се запостави.

## Историско-географскиот контекст во регионот на Југоисточна Европа

Стратегиската местоположба на регионот како крстопат помеѓу Европа, Азија и Африка, низ историјата се покажала како привлечен терен за освојување. И покрај тоа што планините придонеле кон изолација и поделеност на народите во регионот, тие не претставувале некој посериозен штит од надворешните освојувачи. Целосната испресеченост со комуникациски региони низ речните долини и планинските превои на освојувачите им овозможувала многу лесно да навлезат и да го освојат просторот без разлика дали станувало збор за номадските племиња со нивните пони-коњи и стада со добиток или за големи и модерни сили со железница, камиони и тенкови.

Географската близина на регионот со големите центри на цивилизација и конфигурацијата на земјиштето, односно лесниот пристап за надворешните освојувачи и во исто време големите поделби, разлики и војни во регионот ги претставуваат неговите историски карактеристики. Последните настани поврзани со

насилниот слом на Југославија, крвавата граѓанска војна во Босна и настаните на Косово претставуваат видливи опомени дека полуостровот загубил малку од својата историска склоност за насилство. Како резултат на таквите состојби, може да се каже дека историјата на регионот во голема мерка е резултат на влијанието на надворешните сили и внатрешните конфликти.

Географските карактеристики кои го овозможуваат историскиот "ексклузивитет" на регионот, главно вклучуваат планински терен, нешто помалку рамничарски површини и богато пошумени области. Регионот граничи на запад со Јадранското Море, на исток со Црното Море, неговите јужни граници се опишани со Медитеранот, додека северните граници ги вклучуваат реките Сава и Дунав.

На така географски ограничен простор, со релативна територијална скромност[1] , егзистираат енормно голем број на различни етнички групи во исто така голем број државно-политички субјекти. Набљудувано низ призмата на долговековното присуство на две моќни, но внатрешно- политички и економски дивергентни држави, станува збор за Австро-Унгарија и Отоманското Царство, во регионот е создадена од една страна линија на цивилизациска поделба, а од друга страна голема внатрешна меѓуетничка и историска испреплетеност. Навлегувајќи во сферата на процесот на градење на нациите-држави, на површината се појавува феноменот на докажување на сопствената етничка чистота на секоја држава-нација поединечно. Б. Јелавич во своето дело "Историјата на Балканот - дваесетти век" истакнува: "... во сите региони населението претставува спој на домородни жители и последователни освојувачи, односно смеса постигната преку воени освојувања од страна на посилна група со апсорбирање на еден народ од страна на друг поради поголемата бројност или со прифаќање на друг јазик поради културната привлечност понудена од страна на некоја понапредна цивилизација[2] ...". Во една таква состојба обидите за воспоставување прифатлив модел на соживот помеѓу бројните ентитети кои претставуваат конститутивни елементи на различни држави, стануваат многу комплицирани. Досегашната практика потврдува дека во повеќе

---

[1] Ако ги анализираме трите јужноевропски полуострови ќе дојдеме до констатација дека на релативно иста површина со приближно иста популација постојат различен број на политички субјекти. Имено, на Балканското Полуострово егзистираат десет држави кои зафаќаат приближно површина од 764.977 км$^2$,со вкупно 67.853.642 жители и просечна густина на населението од 88 жители на км$^2$. На Пиринејскиот Полуостров егзистираат три држави со површина од 598.803 км$^2$ со вкупно 49.126.268 жители и со просечна густина од 107ж/км$^2$, додека на Апенинскиот Полуостров исто така егзистираат три држави со површина од 362.763 км$^2$ со вкупно 56.808.492 жители и просечна густина на населението од 190 жители на км$^2$. Презентираните вредности се добиени со пресметки според податоци од Encarta Interactive World Atlas 2000.

[2] Барбара Јелавич, "Историја на Балканот - дваесетти век", НИК Лист, Скопје 1999, стр.521-530.

наврати и под одредени услови, латентните или отворени непријателства стануvале супститут за разумните решавања на проблемите, резултирајќи со потенцијално нестабилни или насилни ситуации. Ваквата констатација сосема јасно укажува на опасниот лавиринт во кој е заглавена настојчивоста на одделни држави во регионот за докажување на сопствената етничка чистота.

Оттука, анализирајќи го регионот на Југоисточна Европа може да се каже дека не постои етнички чиста држава. Регионот има илјада годишни искуства во поглед на миграциите и меѓусебното мешање на домородното население и на оние кои доаѓале во регионот. Односно, сегашната конфигурација на социјалната географија е резултат на промените кои се случувале повеќе од 3500 години, промени кои првенствено се однесувале на заемните миграции на племињата, проширувањето на кралствата, освојувачките империи, развојот на нациите и др.

Табел

| | Над 90% една етничка група | Од 70-89% една етничка група | Под 69% една етничка група |
|---|---|---|---|
| Југоисточна Европа | Албанија; Грција[3] | Бугарија;Хрватска Турција;Словенија Романија. | Босна и Херцеговина; Македининја; СРЈугославија |

Ако се гледа од тој агол, успешен обид да се направи каков било приказ на етно-територијална историја на регионот е мошне компликувано, како резултат на повеќе причини. Една од нив е недостатокот на прецизна археолошка евиденција за поголемиот дел од овој регион. Обично аналитичарите истакнуваат дека тој недостаток од прецизни информации не го претставува поголемиот дел од проблемот. Понатаму, поединци и владите во Југоисточна Европа имаат долго време забелешки на историјата, без разлика колку е далечна, а која е во тесна корелација со "исконските" претензии кон територијата и идентитетот[4] .

Аналогно на обидите за етно-територијален приказ на регионот, историската ретроспектива покажува дека голем број на научници го третирале проблемот на територијалната припадност на државите во регионот. Сублимирајќи ги нивните истражувања може да се констатира дека поголемиот дел, своите согледувања ги изнесувале под закрила на актуелниот општествено-

---

[3] Грчката влада не признава етничка поделба (етнички групи). Истата состојба настојува да ја наметне и албанската влада која според пописот од 2001 година сака пред меѓународната заедница сите жители на Албанија да ги претстави како Албанци по националност.

[4] Derek Hall, Darrick Danta, (ed.) "Reconstructing the Balkans, a Geography of the new Southeast Europe", John Wiley& Sons Ltd., Chichester, England 1996 p.p. 16-17.

политички амбиент во кој работеле и живееле. Притоа, намерно или не, не земајќи ги во преден план географските принципи за одредување на положбата на просторот или на регионот.

Според тоа, терминот Југоисточна Европа, од географска гледна точка, претставува прилично нов, политички мотивиран опис за Балканскиот Полуостров, додека терминот "Балкан[5] ", кој потекнува од географскиот Балкански Полуостров, со сите негови негативни конотации, политички е неприфатлив. Односно, терминот "Југоисточна Европа" укажува на истиот регион кој од географски аспект е дискутабилен[6] .

**Табе**

| *Извор* | *Политички субјекти*[7] | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | АЛ | БиХ | БГ | ХР | ГР | МК | ЦГ | РО | СР | СЛ | ТР |
| Anon (1891) | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | × |
| Forbes (1915) | ✓ | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | × | ✓ |
| Wallis (1924) | ✓ | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | ✓ | ⬍ | ✓ | × | ✓ |
| Shackleton (1954) | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | ✓ |
| Hoffman (1963) | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | × |
| Hösch (1972) | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | × |
| Blanc (1977) | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | ✓ |
| Jelavich (1983) | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Webster's (1984) | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |
| Cviic (1991) | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × |
| Sjöberg and Wyzan (1991) | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × |
| Poulton (1994) | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | × | ✓ | ✓ | × |
| Carter (1995) | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ |

[5] Терминот "Балкан" за првпат го употребил германскиот географ A.Zeune во 1809 година.

[6] Сепак, терминот "Југоисточна Европа" беше промовиран со најдобри намери за да се избегне "Балканот" како алтернатива со негативна оставштина. Тоа фактички претставува политички компромис на меѓународно ниво, поради што "Југоисточна Европа" почесто се преферира од терминот "Балкан". Аналитичарите инсистираат дека епитетот "Југоисточна Европа" е во основа поразличен од терминот "Балкан", при што се укажува на европската димензија и нејзините препознатливи карактеристики на нагласена соработка. Види: Lozančić, D. "A New Military Dimension of a Cooperative and Preventive Approach to Security in Southeast Europe", Politička Misao - Croatian Political Science Review, Zagreb 1999, Vol. 36 No.5 p.p.50-77.

[7] АЛ: Албанија; БиХ: Босна и Херцеговина; БГ: Бугарија; ХР: Хрватска; ГР: Грција; МК: Македонија; ЦГ: Црна Гора; РО: Романија; СР: Србија; СЛ: Словенија; ТР: Турција; ✓- целосна вклученост, × - исклученост, ⬍ - делумна вклученост во регионот.

Исто така, интересни се разгледувањата на D. Hall и D. Danta кои хиерархиски ги подредуваат термините "Балкан", "Балкански полуостров" и "Југоисточна Европа" според територијата која ја опфаќаат. Имено, според авторите Балканот го сочинуваат Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Албанија, Македонија и Бугарија. На Балканскиот Полуостров на претходните држави им ги приклучуваат Словенија и Грција, а Југоисточна Европа која во географска смисла опфаќа најголема територијална област ги вклучува Романија и Турција западно од Босфор.

## Традиционални и нови тензии во регионот

Терминолошкото редефинирање на регионот и отпочнатите процеси на демократизација не значат "преку ноќ" негово стабилизирање. Тоа особено треба да се има во предвид ако се знае дека на овие простори опстојуваат конфликти и тензии кои со години ги оптоваруваат односите помеѓу државите. Условно, таквите состојби можеме да ги класифицираме во две категории. Конфликти и тензии кои се традиционални, односно егзистираат со години и тензии кои настанаа по дезинтеграцијата на југословенската федерација. Во тој контекст интересни се анализите кои ги прават голем број автори, од кои посебно ќе се фокусираме на анализите кои ги прави Р.Вукадиновиќ во својот труд " Chalenges to Security in Southeast Europe" презентиран во хрватското списание "*Croatian Political Review*". Без претензии за детално елаборирање на кризните состојби ќе изложиме само некои од нив со нивните основни карактеристики.

1. Односите помеѓу *Романија и Унгарија* се сложени поради многубројното унгарско население во Трансилванија. Иако не постоеше можност Романија повторно да ѝ ја врати Трансилванија на Унгарија, во различните унгарски кругови во Романија и во Унгарија, се правеа обиди за стекнување на целосна автономија, која потоа ќе води до барањето за самоопределување. Ова не се случи поради покажаниот отпор на двете земји. Од друга страна, Романија имаше и одредени претензии кон Добруџа како и кон Молдавија. Најнапред, романските политичари очекуваа дека Молдавија, држава создадена од Социјалистичка Република Молдавија ќе се обедини со Романија. Бидејќи тоа не се случи, во романската престолнина беше присутно одредено незадоволство, изразено преку изјавите дека Молдавија порано била романска територија и дека ќе биде при-

[8] Во Романската стратегија за национална безбедност еден од приоритетите во поглед на надворешната политика е консолидирањето и градењето привилегирани односи со Р.Молдавија, со цел создавање на заеднички економски и културен простор. Romania's Strategy of National Security, Bucharest, 1999.

родно доколку двете земји се обединат[8]. Како резултат на стравот дека Молдавија ќе стане дел од Романија, во 1990 украинското и руското население создаде Трансдњестарска Република во Јужна Молдавија.

2. Тензиите помеѓу *Грција и Турција*, во поглед на териториjалната демаркација во Егејското Море и конфликтите околу Кипар. Според членот 3 од новиот Поморски закон, Грција формално има право на проширување на територијалните води од 6 на 12 наутички милји[9]. Меѓутоа, таквата постапка ќе ѝ овозможи на Грција зголемување на контролата врз Егејското Море од сегашните 43% на 71%, со што на Турција ќе ѝ се затвори излезот на отворено море[10].

Од друга страна, промовирањето на кипарскиот проблем се случил 1955-56 година, односно во период кога Кипар сè уште се наоѓал под британска управа. Островот бил единствената грчка територија која не била под управа на Атина, поради што кипарските Грци, кои сочинуваат 75% од населението, побарале унија со Грција. На таквиот чекор се спротивставила Турција и во 1960 година во договор со В. Британија доаѓа до формирање на независна република Кипар. По симнувањето од власт на кипарскиот претседател Макариос во 1974, турската војска се истоварила на островот за да го заштити турското население. Со таквата интервенција Турција запоседнала 38% од островот, претежно области во кои се наоѓаат главните економски ресурси. Таквата поделба опстојува и денес[11].

Двата проблема се резултат не само на различните концепти на политичкото раководство, туку исто така се засноваат и на спомените за далечните историски настани од страна на обете нации. И покрај членството во НАТО, двете земји не се во можност да ги решат овие проблеми и секој нов инцидент резултира со мобилизација на сите национални сили за заштита на интересите и позициите на сопствената земја.

3. Конфликтите помеѓу *Југославија и Албанија* во поглед на Косово може да се окарактеризираат како традиционални конфликти, кои со години егзистираат во регионот и кои својата кулминација ја достигнаа со интервенцијата на НАТО во 1999. Во секој случај проблемот со Косово, а со тоа и албанско - српските односи, останува проблем кој го надминува регионалното значење. Меѓународната ангажираност, како и сите други напори насочени кон враќање на стабилноста на овие простори, го прават косовскиот проблем поширок, меѓународен проблем, проблем кој најверојатно ќе продолжи да ја тестира волјата и способностите на меѓународната заедница да делува во рамките на контек-

---

[9] "White paper for the Armed Forces 1998-1999", chapter one - The Geostrategic Position of Greece.

[10] A. Grizold, S. Tatlovic, V. Cvrtila, "Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti", Sveuciliste u Zagrebu - Fakultet politickih znanosti 1999 str.195.

[11] Види пошироко: Јелавич, Б., "Историја на Балканот, дваесетти век"....стр. 482-511., Danopoulos, C., Messas, K., "Crises in the Balkans", Westview Press, 1997, p.p. 287-291.

стот за нов светски поредок.

4. Тензиите помеѓу *Турција и Бугарија*, иако во последно време значително се ублажени, сепак остануваат. Проблематично е воспоставувањето на нормални односи "преку ноќ", во ситуација во која околу еден милион Турци кои живеат во Бугарија, насилно беа "бугаризирани"[12] за време на претходниот социјалистички режим.

5. Со распаѓањето на СФРЈ на површината испливаа нови расправии, а истовремено се интензивираа и претходните непријателства помеѓу одредени нации во регионот.

Во тие рамки несомнено дека спаѓаат проблемите со кои се соочи Република Македонија после нејзиното осамостојување. *Македонско - грчкиот* спор е последица на распаѓањето на Југославија и создавањето на независна македонска држава. Грците веднаш ги отфрлија македонските тврдења дека голем број Македонци живеат во Грција. Истовремено тие најдоа во македонското знаме и некои одредби во Уставот кои се однесуваат на заштитата на Македонците во странство, оправдување за неприфаќањето на новата држава. Но, почетната мобилизација на националното чувство од двете страни му отстапи место на намалувањето на тензиите[13]. Грција најпосле ја тргна блокадата која целосно ја отсече Македонија со југот, беше постигнат договор за промена на македонското државно знаме и некои одредби во Уставот, додека прашањето за официјалното име Република Македонија останува отворено. Македонско-грчките преговори околу проблемот со името во седиштето на Обединетите Нации, со поголеми или помали паузи се одржуваат речиси цели седум години, за да до денес стигнат онаму каде што започнаа, без какви било промени во почетниот став на двете земји. Пред секое продолжување на преговорите, постојано се најавува дека двете страни се блиску до компромисно решение со некаква географска, временска или национална одредница за името на нашата земја. Може да се очекува дека косовската криза заедно со сите други последици, позитивно ќе влијае врз односите помеѓу Македонија и Грција, бидејќи и двете пројавуваат интерес за мир во регионот, а со тоа и за надминување на постоечките недоразбирања.

Односите помеѓу *Македонија и Бугарија* исто така се сложени. Иако Бугарија прва ја призна независна Македонија, таа не го признава постоењето на македонската нација. Сепак, со оглед на фактот дека меѓународната заедница е

---

[12] Види пошироко: Гоцевски, Ортаковски, Георгиева, "Разрешување и трансформација на конфликтите"... стр. 238-239.

[13] Со посредство на Организацијата на Обединетите Нации, а особено на Соединетите Американски Држави на 13 септември 1995 година во Њујорк е потпишана Времена согласност за нормализација на односите помеѓу Р. Македонија (БЈРМ) и Грција.

постојано присутна во Македонија, со цел да воспостави траен мир во целата област, очигледно е дека историските аспирации на нашиот источен сосед не би можеле да се остварат. Освен тоа, Бугарија својата иднина ја гледа во Европа, па затоа меѓународната заедница има доволни извори да го острани овој спор со минимални напори.

Односите помеѓу *Хрватска и Србија* имаат корени во нивното заедничко живеење во двете поранешни југословенски држави, како и во војната која избувна по распаѓањето на Југославија. Дејтонскиот договор, особено Договорот за нормализација на односите помеѓу двете држави (1996), го започна процесот на постепена нормализација. Проблемот за Превлака останува отворен проблем, бидејќи Хрватска го гледа само како безбедносен проблем, додека Југославија бара промена на границите во своја корист. Исто така постојат прашања поврзани со враќањето на бегалците и бројните проблеми за имотите. Најпосле, може да биде експониран проблемот за обновување на последиците од војната кои ги претрпе Хрватска.

Недоразбирањата помеѓу *Словенија и Хрватска*, иако не се големи, се чуствуваат во нивните билатерални односи. Демаркацијата во Піранскиот Залив не ја задоволува Словенија и претставува проблем кој потикнува други непријатни политички конфронтирања кои повремено се слушаат на обете страни. Веројатно дека ова прашање може да биде решено на релативно лесен начин, како што можат да бидат решени и проблемите со нуклеарната централа во Кршко.

Несомнено дека треба да се напоменат и состојбата во Босна и Херцеговина, односно формулацијата две конфедерации, два ентитета, три нации, статусот на македонското малцинство во Грција, во Бугарија и во Албанија, територијалниот спор околу северен Епир и грчкото малцинство во Албанија, статусот на турското малцинство во Тракија и др.

Според тоа, територијалните спорови сè уште влијаат на обликувањето на надворешната политика на некои држави. Сепак се чини дека пред сè се работи за неподготвеност на одрекнување од правото на самоопределување на припадниците на сопствениот народ, за кои се истакнува дека не им е признато правото на припојување кон "матичната држава" или во упатените критики за угнетување на националните малцинства од страна на соседните држави. Во целиот тој контекст, всушност станува збор за претензии во поглед на зголемување на сопствената територија, а со самото тоа и на сопствениот национален статус.

Токму таквите претензии и последиците од нив, денес во Југоисточна Европа претставуваат причинители за нискиот безбедносен индекс. Но, притоа мора да се потенцира дека императивот "територија" не е единствениот фактор кој влијае врз стабилноста и врз односите на државите во регионот. Тука пред сè треба да се вклучи организираниот криминал кој има мултиетнички карактер,

нелегалната трговија со луѓе, со оружје и со дрога како и тероризмот.

**Заклучок**

Имајќи ги предвид историските случувања, традиционалните тензии меѓу државите во овој регион, како и новите жаришта кои настанаа по дезинтеграцијата на поранешна Југославија, може да се констатира дека сегашната ситуација е најмногу обременета од историското наследство кое народите на овие простори го носат како свој траен багаж. Со самото тоа, регионот е промовиран како еден од најтурбулентните во светот.

Не е потребна голема мудрост да се заклучи дека, таму каде што политиката и географијата не се во корелација, нивното совпаѓање се постигнува со етничко чистење и масовни присилни миграции. На просторот на Југоисточна Европа сосема е очигледно дека политиката и географијата се во еден дисконтинуитет кој неминовно, со децении station наназад продуцира појави на војни, масовни миграции, промени на етничката структура на населението, асимилации, кроење на политичките граници и др. Исто така, очигледна е една контрадикторност, која се однесува на релацијата интегрирање - дезинтегрирање. Додека европските држави сложно ги структурираат европските политички, економски и воени интеграции во регионот се случува спротивен процес. Се поставува прашањето дали така дезинтегриран регион кој претставува еден мозаик од мали држави, секоја со свои, главно противречни интереси, со "славно" историско минато, ќе може во една поблиска иднина да се инкорпорира во европските интеграции. Сепак, со оглед на интенциите на државите за изградба на демократски општества подготвени за соработка, особено со соседите, нивните големодржавни амбиции на некој начин се супституираат со приклучувањето кон современите европски интеграциски процеси.

Многу национални и интернационални иницијативи, како што впрочем е и однеодамна утврдениот Пакт за стабилност за Југоисточна Европа, се сведоштво за ангажираноста на државите и меѓународната заедница околу воспоставувањето на мир и на стабилност во регионот. Денес, Југоисточна Европа претставува и најверојатно ќе продолжи да биде главен предмет во дневниот ред на листата на приоритети на Евро атланската заедница. Северноатлантската алијанса и Европската унија ја покажуваат својата поддршка во напорите чија основна цел е стабилизирање на регионот и негово вклучување во европскиот конгломерат на нации со демократски идеали и вредности.

Значи, патот кон "европската иднина"не е пат на ширење на омраза и недоверба помеѓу државите и покрај горчината што ја предизвикува иторискотo искуство на народите во регионот на Југоисточна Европа.

**ЛИТЕРАТУРА**:

1. Brzezinski, Z. "Velika šahovska plo¹a", Inted i Hrvatska udruga za međunarodne studije, Varaždin 1999.
2. Гоцевски, Т. Ортаковски, В. Георгиева, Л. "Разрешување и трансформација на конфликтите",Македонска ризница - Куманово, 1999.

3. Grizold, A., Tatlović, S., Cvrtila, V. "Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti", Sveuciliste u Zagrebu - Fakultet politickih znanosti 1999.
4. Danopoulos, C., Messas, K., "Crises in the Balkans", Westview Press, 1997.
5. Isaković, Z. "Diplomacy and the Conflict in Kosovo - Notes on Threats and Fears", ISA Annual Convention, 16-20 February 1999, Washington, DC.
6. Јелавич, Б. "Историја на Балканот, дваесети век", НИК Лист, Скопје 1999.
7. Милосавлевски, С. "Социологија на македонската национална свест", Култура, Скопје 1992.
8. Нацев, З., Начевски, Р., "Војна, Мир и Безбедност", Македонска ризница - Куманово, 2000.
9. Nelson, N. D. "Post-Communist Insecurity", Problem of Post-Communism, vol. 47, No. 5, September/October 2000.
10. Pavić, R. "Osnove opće i regionalne političke geografije, geopolitike i geostrategije ( I i II dio), Sveučilište u Zagrebu, 1973.
11. Talevski, J., Mileski, T., "Process of Democratisation and its Impact on Border Issues", Труд презентиран на меѓународната научна конференција "Десет години потоа: Демократизацијата и безбедносните предизвици во Југоисточна Европа", Охрид, 27-29 октомври, 2000.
12. Tejlor, J. P. "Political geography - world-economy, nation-state and locality", Longman scientific & technical, England 1993.
13. Hall, D., Danta, D. (ed.) "Reconstructing the Balkans, a Geography of the new Southeast Europe", John Wiley& Sons Ltd., Chichester, England 1996.
14. Shelley, F.M., "Political geography of the Twentieth Century: A Global analisis", edited by Peter J. Taylor, Geographycal Review, January 1994, Vol. 84 Issue 1.
15. Politicka misao-Croatian Political Review, Zagreb, 1999, Vol. 36 No. 5
16. White paper for the Armed Forces 1998-1999, chapter one - The Geostrategic Position of Greece.
17. Romania's Strategy of National Security, Bucharest, 1999.
18. Twenty-five Lectures on Modern Balkan History, http://www.msu.edu
19. Microsoft Encarta Interactive World Atlas 2000, CD

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДЕЈСТВОТО ВРЗ ЧОВЕКОВОТО ТКИВО НА ПОЕДИНЕЧНИ ВИДОВИ ПРОЕКТИЛИ И ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ МЕТОДИ ЗА НИВНО ИСПИТУВАЊЕ

**Стојче ДЕСКОВСКИ, Росе СМИЛЕСКИ и Славко АНГЕЛЕВСКИ**
Воена академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје, Р. Македонија

**Апстракт:** *Во трудот е обработено влијанието на различните конструктивни изведби на проектили за стрелечко вооружување врз ефектот на ранување што настанува при нивното дејство врз човековото ткиво. Посебно се обработени "дум–дум" проектилите, како муниција која е забранета за употреба со Хашките конвенции и малокалибарската муниција, која иако легално се употеребува, сепак создава доста тешки ефекти на ранување. Во вториот дел од трудот се обработени експерименталните методи за испитување на дејството на проектилите врз човековото ткиво, што се состојат во мерење на ослободената енергија во симулатори на ткиво. Даден е преглед на карактеристиките на сите позначајни симулатори на ткиво и се обработени некои од методите за мерење на потенцијалот за ранување што се користат при работа со симулатори на ткиво.*

**Клучни зборови:** *проектил, ефект на ранување, потенцијал за ранување, ослободување на енергија, стабилност на проектилот, привремена шуплина, симулатори на ткиво.*

**Abstract:** This paper covers the influence of different projectile designs for firing armament over the wounding effect that appears during their influence on the human tissue. Special place is given to the "Dum Dum" projectiles as ammunition that although forbidden for usage according to The Hague Convention, and small caliber ammunition, and legally used creates hard wounding effects. The second part of this paper deals with experimental methods for examination of the projectile influence on human tissue, which are composed of measuring of the released energy in tissue simulators. Also a survey of the characteristics of all significant tissue simulators and some of the methods for wounding potential measurement demonstrates the work of tissue simulators.

**Key words:** projectile, wounding effect, wounding potential, energy release, projectile stability, temporary cavity, tissue simulators.

# 1. Карактеристики на дејството врз човековото ткиво на поединечни видови на проектили

## 1.1 Влијанието на конструкцијата на проектилите врз ефектот на ранување

Конструктивните изведби на проектилите имаат големо влијание врз ефектот на ранувањето. Со Хашките конвенции од 1899/1907 година се забранети за користење проектилите кои имаат изрези на обвивката (кошулката), или отвор кој може да предизвика одвојување на обвивката од проектилот при ударот во целта. Ваквата конструктивна изведба на проектилите може да предизвика "расцветување" на водечкото јадро при ударот во целта и создавање компликувани влезни рани. Меѓутоа, во конвенциите нема потполна забрана или ограничување на факторите како што се појавата на нестабилност и ефектите поради големите брзини на проектилите. Ова е така, поради тоа што балистиката на раните сѐ уште се нема развиено како вистинска наука и нема развиено и стандардизирано методи со кои би се определиле (измериле) ефектите од овие фактори, што би можело да биде основа за донесување на нова конвенција за ограничување, или забрана на употребата на одделни проектили.

Ако имаме проектили кои поседуваат иста количина енергија, конструкцијата на проектилот може да има големо влијание врз ефектот, кој тој ќе го постигне при ударот во ткивото. На пример таканареченото "меко зрно" (зрно со непотполна кошулка) се сплоснува при ударот, односно се зголемува површината на неговиот напречен пресек, создавајќи многу поголема ударна површина, па според тоа и многу поголемо забавување при пенетрацијата во ткивото. Ваквата конструкција предизвикува многу рано ослободување (предавање) на енергијата (Слика 1 - а). Ако се работи за нестабилен проектил со обвивка, енергијата, исто така, релативно рано ќе почне да се ослободува при појавата на нестабилност (Слика 1 - б). Додека, ако се работи за стабилен проектил со обвивка, до ослободување на енергијата ќе дојде многу подоцна и ќе се создаде долга влезна тесна трага на раната (Слика 1 - в). Очигледно дека должината на трагата на ранувањето претставува мерка за стабилноста на проектилот во мекото ткиво.



а) о) в)

**СЛИКА 1 - Ефекти на ранување предизвикани од различни проектили:**
**а) меко зрно;**
**б) нестабилно зрно со обвивка;**
**в) стабилно зрно со обвивка;**

Може да се споменат два поединечни случаи на проектили кај кои нивната конструкција има значително влијание врз ефектот на ранувањето. Англискиот *Mark 7* со калибар 0.303 инчи[1] , со чија конструкција ненамерено се создаваат тешки рани, конструиран е така, што во неговиот предел дел (носот) е ставен чеп од полесен метал. При ударот овој чеп може да отпадне и да предизвика распарчување на остатокот од проектилот во раната, при што доаѓа до многу тешки ефекти на ранување. Намерата со ваквата конструкција била да се подобрат надворешнобалистичките својства на проектилот, односно постабилен лет, што би се постигнало со поместување на неговото тежиште наназад. Има случај со други проектили, каков што е јапонскиот во калибар од 6,5 *mm,* кои имаат тешко водечко јадро во основата (задниот дел) на проектилот. Исто така причината за ваквото конструктивно решение била подобрување на стабилноста на проектилот при летот, меѓутоа се доаѓа до таков ефект што, и покрај нивниот мал калибар и релативно малата брзина, да предизвикуваат тешки рани поради појавата на нестабилност, превртување при ударот во ткивото [1]. Од ова произлегува дека конструкторите на проектили не треба да се загрижени само за надворешнобалистичките особини и прецизноста, туку и за ефектите кои проектилите ги предизвикуваат при ударот во човечкото тело.



**Шуплина предизвикана од челична кугла со пречник од 6 mm која се движи од лево кон десно со ударна брзина од 1100 m/s**



**Шуплина предизвикана од НАТО куршум со калибар 7,62 mm кој се движи од лево кон десно со ударна брзина од 850 m/s**

**СЛИКА 2 – Приказ на создадени шуплини од проектили со различен облик во стандарден блок на сапун за балистички испитувања**

[1] 1 инч = 2,54 милиметри.

**1.2 " Дум - дум" проектили**[2]

Недоволно упатените кога ќе го слушнат името"дум - дум" проектили веднаш помислуваат на некаков разорен или распрскувачки проектил, кој во себе содржи експлозивно полнење. Меѓутоа, карактеристиките на дејството на овај проектил се сосема поинакви.

Најнапред да разгледаме некои историски факти. Во 1868 година потпишан е првиот договор со кој се забранува одредено средство на вооружување врз основа на хуманитарни согледувања, тоа беше Сент Петербуршката декларација со која се забрануваше употребата на проектилите кои "експлодираат" при ударот во човековото тело. Какви проектили за малото вооружување се користеле до донесувањето на оваа декларација? Тоа беа меки оловни проектили со заоблен нос и маса од околу 20 грама, при што истрелани од тогашните пушки достигнуваа почетна брзина од околу 400 *m/s.* Пример за такви проектили е проектилот *Vaterli,* користен од страна на шведската и италијанската армија. Ако го погледнеме профилот на раната која ја создавал овој проектил (Слика 3), ќе видиме дека се работи за експандирачки проектил, кој при пенетрацијата во ткивото се деформира во печуркаст облик со пречник околу двапати поголем од неговиот калибар и создава голема привремена и постојана шуплина. Од ова се гледа дека "експлодирачките" проектили создавале непотребно сурови рани [11].

Пронајдокот на безчадниот барут, погонско средство кое развива околу трипати повеќе барутни гасови отколку црниот барут, брзо го искористиле конструкторите и кон крајот на деветнаесеттиот век е извршено превооружување на армиите на многу земји со нови видови куршуми и проектили. Тогаш се случува и вооружувањето на британската армија со пушката *Lee Metford* модел 1889 година. Проектилот за оваа пушка бил со калибар 0.303 инчи. Битно подобрување на балистичките особини, во однос на пушките од претходната генерација, е остварено со намалување на калибарот, со "облекување" на оловниот проектил во кошулка и со зголемувањето на почетната брзина. Меѓутоа со ова дошло и до промена на изгледот на раните кои ги предизвикувале. Сличен, на претходно споменатиот проектиил *Lee Metford,* бил и проектилот *Manlicher – Carcano* со калибар 6,5 *mm* чиј профил на рана е даден на Слика 4. Од сликата се гледа дека профилот на раната е многу различен од претходниот, иако се јавува голема привремена шуплина. Сепак нејзината појава се случува многу подоцна и во најголем број случаи надвор од телото на погодениот, односно најчесто доаѓало до појава на "прострелни" рани [11].

---

[2] Името "дум - дум" проектили е поврзано со фактот дека за прв пат е применето накрсно исекување на кошулката на врвот од проектил, со што битно се влијае врз неговиот ефект на ранување при ударот во човековото ткиво, во градот Дум Дум, блиску до Калкута во Индија, од каде и доаѓа името на вака изработените проектили.




**СЛИКА 3 – Профил на рана предизвикана од проектилот *Vaterli***




**СЛИКА 4 – Профил на рана од проектилот 6,5 *mm Manlicher – Carcano***

Со пушката *Lee Metford* веднаш се вооружени и припадниците на кралската колонијална војска во Индија. На реалниот опитен полигон брзо се дошло до информации за ефикасноста на новата муниција, бидејки метите биле бројни членови на "локалните племиња". Искусните колонисти не го криеле незадоволството од учинокот на новата муниција, бидејќи раните здобиени од проектилите со кошулка биле значително помали во однос на претходно користените "необлечени" оловни зрна.Поради релативно благите последици при ранувањето, оваа муниција го добила атрибутот "хумана".

Можеме да разгледаме некои факти кои го детерминираат однесувањето на тогаш "новите" проектили. Јадрото на стрелечкиот проектил е основен носител на механичка енергија, а кошулката како негов контејнер овозможува, од балистичка гледна точка, да се оствари најповолен и доволно стабилен облик, со цел што повеќе енергија да се доведе на што поодалечени и засолнети цели. Кошулката, всушност, придонесува за заштеда на енергијата која ја поседува проектилот не само во текот на летот низ воздухот, туку и при пробивањето на

честите пречки (како на пример земјени насипи или дрво), а особено при движење на проектилот низ живо ткиво. Заштедата на енергија при пробивањето на препреки, значи повеке енергија која останува за дејство врз целта која се наоѓа зад пречката. Меѓутоа, "заштедата" на енергија при пенетрацијата на проектилот низ жива цел доведува до намалена ефикасност на проектилот врз целта, бидејќи помалата количина "потрошена" (предадена) енергија значи помалку “извршена работа", односно помало разорување на ткивото.

Со засекувањето на кошулката на врвот на проектилот занемарливо е изменет неговиот облик, но осетно, иако не и битно, е зголемено триењето кое се јавува при летот на проектилот во воздухот. Меѓутоа, триењето е нај-слаба компонента на силата на отпорот на воздухот. Според тоа, со за-секувањето на кошулката незначително се влошени надворешнобалистичките особини на проектилите, така што при гаѓање на далечини до 400 *m* е можно користење на постојниот нишан без никакви корекции. Што се однесува пак до балистиката на проектилот на целта, со ова драстично се променети особините на ефектот кој проектилот ги предизвикува при пенетрацијата во ткивото. Силата на отпорот во човековото ткиво е доволно голема за да ја отвори исеченицата на кошулката и осетно да го деформира, сега веќе откриеното, релативно меко оловно јадро. Исто така, при ударот во коските, можно е да дојде и до фрагментација на проектилот.

Покрај со засекување на кошулката на врвот на проектилот, ефектот на “дум - дум” проектилите може да се постигне и со изработка на таканаречен “шуплив врв” (*Holow Point),* или ако кошулката не го покрива до крај врвот на проектилот (видливо е мекото оловно јадро).

Од Хашката декларација па наваму, речиси да немало воен судир во кој завојуваните страни не се обвинувале меѓусебно за примена на “дум-дум" проектили. Сите рани со пошироко утврдени деструкции на ткивото надвор од прострелниот канал се припишувани на овој тип проектили. Меѓутоа, во практиката не е секогаш така. На пример, и при американската интервенција во Виетнам, кога се употребувани малокалибарски проектили од од 5,56 *mm* , поради стравотните рани кои ги создавале, биле прогласени за "дум - дум" проектили, без оглед на тоа што во овој случај причината за тешките рани е од поинаква природа кога е во прашање нивната конструкција, за што ќе стане збор подоцна. Поради тоа, денес се користи терминот "експлозивен проектил", при што се мисли на проектил со зголемена моќ на разорување при пенетрацијата во човековото тело.



**СЛИКА 5 - Приказ на деформацијата на современи ловечки проектили од типот “дум дум” (лево: *Nosler*, десно: *ABC*)**

Речиси сите видови проектили за ловечка муниција (освен оние со потполна кошулка) остваруваат дејство на целта по пат на деформација, што значи исто како и "дум - дум" проектилите. Сепак постои одредена разлика, односно при конструкција на проектилот за лов, се тежнее кон контролирана деформација, со која разорувањето на ткивото ќе се сведе на минимум, а запирниот ефект ќе биде голем. Тоа е мошне тешко да се оствари, што ја објаснува разновидноста од конструкции на вакви проектили. Еден од таквите проектили е и проектилот *ABC* прикажан на Слика 6. Кај овај проектил предниот конусен дел има шуплина во која надолжно има врежано четири или повеке канали, во зависност од калибарот. Шуплината е исполнета со олово или некоја друга соодветна маса, која служи само за иницијално "расцветување" на предниот дел на проектилот. Имено, при ударот во телото на дивечот,конусниот дел на проектилот, поради отпорот на ткивото , започнува да се отвора. Засеците во ѕидот на шуплината обезбедуваат тоа да се одвива симетрично, па крајниот облик на деформираниот проектил има изедначени пера свиткани station наназад, во облик на рогови од овен. Бројот на перата зависи од бројот на насочувачките засеци во внатрешноста на шуплината. Свивањето на перата се одвива до телото на проектилот, изработено од едно парче и без кошулка. Ова покажува дека идејата за" расцветување" на предниот дел на проектилот ,за првпат зачнат кај "дум-дум" проектилот, до перфекција е доведена кај АБЦ проектилот.

Проектили од овој тип денес се користат и од страна на припадниците на полицијата. Причината е во тоа што, ако примената на полициското оружје има за цел да го оневозможи терористот или престапникот, логична е примената и на средствата на висока запирна моќ, поради што Хашката конвенција не се однесува на полициската муниција. Проблемот е во тоа што со полициското оружје понекогаш треба да се гаѓаат цели зад тврди препреки. Во такви услови проектили од типот "дум-дум" не се погодни. На пример, проектил со шуплина на врвот со калибар 11,43 *mm*, во желатински блок осетно се деформира,

остварувајки скоро двапати поголем пречник (до 21 *mm*). Таквата муниција е мошне убиствена кај директните погодоци, меѓутоа, за дејство зад препреки не е ефикасна, бидејќи проектилот или се запира во препреката, или губи преголем дел од својата енергија, па на целта неговиот ефект не е доволен. Приказ на некои современи проектили за рачно вооружување од типот “дум-дум” е даден на Слика 6.




**СЛИКА 6 - Современи проектили за рачно вооружување од типот “дум - дум” и приказ на нивното дејство врз желатински блок**

### 1.3. Балистички особини на малокалибарската муниција 5,56 x 45 mm и 5,45 x 39 mm

Како што претходно беше спомнато, при дејството врз човековото ткиво на проектилите од муницијата со намален калибар се јавуваат доста разорни рани, чие создавање е пред сè резултат на појавата на нестабилност при ударот и пенетрацијата во ткивото. Ваквото дејство посебно е битно да се согледа од балистички аспект, бидејќи оваа муниција денес е најсовремена и стандардна муниција за стрелечкото вооружување во многу армии во светот.

Во однос на калибрите 7,62 и 7,9*mm*, муницијата 5,56×45*mm* и 5,45×39*mm* е класифицирана како малокалибарска[3]. Ако се најдеше соодветен атрибут со

[3] Изразот "малокалибарски” вообичаено се употребува во спортското стрелаштво и таму стана синоним за куршумот 0.22 *LR* со ивично палење. Меѓутоа, тука станува збор за воjнички куршуми со централно палење (капислата е во средината на дното на чаурата), кој овој назив го имаат добиено поради помалиот калибар во однос на претходно користените воjнички куршуми, инаку за оваа муниција се користи и изразот "муниција со намален калибар"

кој би се искажале тежинските разлики, тој без претерувања би можел да биде во суперлатив. Имено, комплетниот куршум 5,56×45*mm*, со маса 11,6 грама, е полесен од проектилот 7,9*mm* (m=12,85*g*), па и од проектилот 7,62×54*mm* M930 (m=11,8 g), како и од пиштолскиот проектил во калибар .45 AUTO (14,85*g*). Куршумот 5,45×39*mm* е уште полесен од својот "ривал" во категоријата, бидејќи неговата маса е 10,2*g* [11].

Американскиот куршум 5,56×45*mm* M 193 испукан од цевка со должина 51*cm* (САД пушка M16), му обезбедува на проектилот со маса 3,56 грама почетна брзина $V_0$ = 995 *m/s*. Тоа е видно над нивото на почетните брзини на порано користените системи на муниција, но не и доволно за да се достигне почетниот енергетски потенцијал на куршумот 7,62×54*mm*, 7,62×51*mm* или 7,9 (8×57)*mm*. На пример, почетната енергија на германската пушка G-3 со калибар 7,62×51*mm* изнесува $E_0$ = 2890 J. За да постигне ваква почетна енергија, проектилот на овај куршум би морал да има почетна брзина $V_0$ = 1274*m/s*, додека за енергетско изедначување со проектилот од куршумот 7,9*mm* ($V_0$ = 735*m/s*, маса на проектилот 12,8 грама), на овај мал проектил му е потребна почетна брзина од некаде $V_0$=1396*m/s*. Со брзина $V_0$= 995*m/s* тој има почетна енергија $E_0$ = 1762 J, односно преку илјада џули помалку во однос на средните калибри.

Недостигот на почетна енергија не може да се надомести на патот до целта, напротив, релативно се намалува. До 400*m* проектилот 5,56×45*mm* M193 ја намалува брзината од 995 на 525*m/s*, односно носи вкупно 491 J, што е речиси 3 пати помалку од НАТО – куршумот 7,62×51*mm* истрелан од некоја стандардна пушка, на пример, германската пушка G-3. Меѓутоа, во практиката се покажало дека, иако релативно мало, и ова количество енергија го прославила проектилот 5,56×45*mm* M 193, бидејќи тој, со оглед на дејството врз живи цели, може да се споредува со ефектите од "дум - дум" проектилите [11].

Што е причината за ваквото разорно дејство на овај проектил врз човековото тело? Веднаш по навлегувањето во органското ткиво, проектилот M193 губи стабилност, се превртува и создава доста тешки рани, што не е случај кај познатите калибри 7,62 и 7,9 mm. Објаснувањето го дава надворешната балистика, односно познавањето на влијанието на воздушната средина врз летот на проектилот и неговата стабилност, а тоа во најкус облик може да се изложи на следниов начин. Во текот на летот низ воздухот, на проектилот дејствуваат низа сили (триење, дејство на притисокот (ударен бран) на врвот, вртложење зад дното). Резултантата на овие сили, односно резултантната аеродинамичка сила чија најзначајна компонента е силата на отпорот на воздухот, дејствува во точката означена со CP (центар на притисокот), а силата на Земјината тежа во точката T (центар на масата, тежиште на проектилот). Бидејќи, поради низа почетни пореметувања, надолжната оска на проектилот не се поклопува со тангентата на патеката, се појавува вртлив момент околу попречната оска на проектилот, односно момент кој предизвикува нестабилност на проектилот.

Стабилизацијата на овие проектили се врши со соопштување на ротацијата околу надолжната оска (жироскопска стабилизација), која проектилот ја добива со врежување во жлебовите од цевката. Со ваквата стабилизација превртувањето е оневозможено, но не и прецесијата - ефектот кој се јавува кај жироскопски стабилизираните проектили. Имено, проектилот опишува конус (Слика 6) чиј врв се наоѓа во центарот на масата (тежиштето). Колку што е поголема базата на вака опишаниот конус, односно колку е поголемо растојанието помеѓу тежиштето (Т) и точката во која дејствува силата на отпорот на воздухот (СР), дотолку е послаба стабилноста на проектилот, односно неговата способност да го оддржува правецот на летот.

Се разбира, влијанието на вртливиот момент, кој се стреми да го превртi проектилот, постои кај сите долгнавести проектили, но тој е поизразен кај малите калибри. Зошто? При намалувањето на калибарот на оружјето, се намалуваат и останатите димензии на куршумот, но тогаш должината на проектилот се намалува релативно помалку за да се обезбеди неопходниот водечки дел којшто се врежува во жлебовите. Значи, малокалибарските проектили се релативно подолги и растојанието помеѓу точките СР и Т е поголемо, а всушност тоа предизвикува зголемување на моментот кој го создава аеродинамичката сила во однос на точката Т. Во такви услови, стабилноста на проектилот се губи веднаш кога доаѓа до промена на медиумот и влегување во средина со поголема густина, бидејќи тогаш силата на отпорот значително се зголемува, како што е случај при продирањето во органско ткиво. За зголемување на стабилноста би било потребно да се зголеми брзината на ротацијата или да се намали растојанието помеѓу тежиштето и центарот на силата на отпорот на средината, или пак и едното и другото. Ваков каков што е, проектилот 5,56×45 mm М 193 нанесува многу тешки рани, само при директното погодување на органското ткиво. Меѓутоа, тој е „беспомошен" кога живата цел е зад некаква препрека. Имено, проб




**СЛИКА 6**
**Дејство на силите и движење на жироскопски стбилизираниот проектил при летот**

Покрај недоволната стабилност овој проектил има уште една компонента на неговото дејство врз живи цели: неговата кошулка е потенка отколку кај познатите калибри 7,62 и 7,9 mm, па во прилично рана фаза на продирањето во ткивото, тој се цепи и делува слично на ловечкиот проектил со делумна кошулка.

Единаесет години по усвојувањето на американскиот систем 5,56×45*mm*, во тогашниот источен блок, поточно во Русија, усвоен е систем на муниција 5,45×39*mm*. Куршум со маса 10,2 грама истрелан од цевка со должина 415*mm* има почетна брзина на проектилот $V_0$ = 900*m/s* (масата на проектилот е 3,4*g*). Од цевка со должина 590*mm* (пушкомитралеска цевка) почетната брзина е 960*m/s*. Експериментално е утврдено (а постојат и борбени искуства од интервенцијата во Авганистан) дека, благодарејќи на малиот импулс на зрното, ефикасноста врз живи цели на пушката АК-74 во калибар 5,4*mm* е околу 1,4 пати подобра од многу познатата АК-47 во калибар 7,62*mm*. Импулсот на проектилот (производ на почетната брзина и масата на проектилот) на АК- 47 7,62*mm*, познатиот „Калашников", изнесува 5,76*kgm/s*, а кај поновата АК-74 5,45 mm – 3,06*kgm/s*.

Малокалибарските проектили без оглед на тешките рани кои ги нанесуваат врз органското ткиво, не потпаѓаат под удар на Хашката конвенција, бидејќи степенот на стабилност на проектилот не е фактор на ограничување предвиден со спомenатата конвенција.

Сепак, после скоро дваесет години постоење и без правна принуда, овој куршум ги менува своите особини. Со вложување на одреден напор во подобрување на конструкцијата на проектилот, стручњаците ги искористија сите „резерви" заради подобрување на стабилноста на проектилот. Тоа е направено со зголемување на масата на проектилот и со намалување на чекорот на жлебовите во цевката, со што е зголемена брзината на ротација, а со тоа и жироскопската стабилност на проектилот. Промената на положбата на тежиштето е решено со изработка на дводелно јадро. Така е дојдено до сега веќе многу познатиот куршум SS 109, усвоен 1980 година како стандарден „5,56×45 NATO".

## 2. Експериментални методи за испитување на дејството на проектилите врз човековото ткиво

### 2.1 Мерење на ослободената енергија во симулатори на ткиво

Од физичка гледна точка, сосема е јасно дека потенцијалот за ранување што го поседува проектилот директно е пропорционален на количината на енергија што проектилот ја губи во текот на неговата пенетрација во ткивото. Ова сознание е доста старо и никогаш не било предмет на сомневање. Според тоа, мерењето на енергијата што проектилот ја ослободува во текот на пенетрацијата е важен предуслов за одредување на потенцијалот за ранување на проектилот.

Во терминалната балистика на тврди и меки цели (меките цели се повеќе предмет на интересирање на балистиката на раните) постојат два основни модела кои се однесуваат на предавањето на енергијата која ја поседува проектилот и разорувањето кое тој може да го предизвика:

• *Модел на пробивање (punching) на материјалот:* кога проектилот ќе удри во тенки и кршливи слоеви со не многу голема брзина, тогаш материјалот не се деформира туку ќе дојде до избивање на фрагмент (чеп) од материјалот. Направениот отвор има дијаметар кој вообичаено е нешто поголем од калибарот на проектилот. Во овој случај енергијата која проектилот ја ослободил при пенетрацијата се одредува преку размената на ударот и е во врска со внатрешната површина на оформениот отвор, така што може да се одреди според формулата [9]:

$$E_s = C_s\, d\, D^2 \qquad (2.1)$$

$E_s$ - енергија која проектилот ја ослободува во целта;

$D$ - дебелина на целта;

$d$ - калибар на проектилот;

$C_s$ – константа која зависи од својствата на материјалот на целта;

• *Модел на поместување (displacing) на материјалот:* ако се работи за деформабилна (мека) цел матријалот ќе биде поместен на страна при пенетрацијата на проектилот. Пренесената енергија е пропорционална на волуменот на шуплината, која се создава со поместувањето на материјалот. Во терминалната балистика ова е доста познатата и прифатена теорија на Мартел. Според неа ослободувањето на енергијата може да се изрази со формулата [9]:

$$E_v = C_v V \qquad (2.2)$$

$E_v$ – енергија која проектилот ја ослободува во целта;

$V$ - волумен на создадената шуплина;

$C_v$ – константа која зависи од својствата на материјалот на целта;

Во која било деформабилна цел погодена од проектил, големината на создадената шуплина е пропорционална со енергијата која проектилот ја ослободува поминувајќи низ неа. Поаѓајќи од овај заклучок, ослободената енергија претставува одлична мерка за мерење на потенцијалот за ранување (деструкција) кој го поседува проектилот.

**2.2 Симулатори на ткиво**

Како што претходно беше напомenato, енергијата ослободена од проектил, кој пенетрира во човековото ткиво, е најважниот атрибут на потенцијалот за ранување кој го поседува проектилот. Ова значи дека симулаторите на ткивото можат да бидат прифатливи ако при пенетрацијата во нив проектилот ослободува исто количество енергија како и во реалното ткиво. Друга манифестација е приближно сличниот начини на создавање на

деформациите и истата длабочина на пенетрацијата во симулаторот како во реалното ткиво. Од друга страна, симулаторите на ткивото мора да бидат стандардизирани во поглед на квалитетот за да овозможат повторување на резултатите од експериментите.

Овдека ќе бидат обработени најважните симулатори на ткиво кои денес се користат, бидејќи сѐ уште не е избран и стандардизиран само еден универзален симулатор.

*Желатин:* Желатинот е протеин дериviran од колагенот, кога тој е подложен на третман за да стане растворлив во вода. Тврдината на желатинот (желатинска густина), која е многу битна за неговата еластичност и постојаност, се мери со таканаречениот Блумов број *(Bloom number).*

Желатинот може да се добие со конзистентност помеѓу 50 и 300 блума. За тестирање на дејството на проектили од лесно вооружување вообичаено се користи типот А со Блумов број помеѓу 250 и 300. Неговата конзистентност не зависи само од Блумовиот број, туку и од температурата и концентрацијата, така што придржувањето кон исти вредности на овие две величини е неопходно за добивање на повторливи резултати. Меѓутоа, денес во различни лаборатории и од страна на различни истражувачи се работи со различни вредности на овие величини (на пример на температури од 15 до 20 °C и концентрации од 10 до 20%).



**СЛИКА 8 – Пенетрација на проектил со потполна обвивка во желатински блок (Фотографија со брза камера во текот на пенетрацијата)**

Како заклучок можеме да ги наведеме следните карактеристики на желатинот како симулатор на човечко ткиво:

- слично однесување на проектилот како во физиолошкото ткиво;
- лесно може да се стандардизира (Блумов број, температура и концентрација);
- лесен е за ракување;
- осетлив е на промената на температурата;

*Глицерински сапун:* За балистички испитувања исто така се користи глицерински сапун, поради неговата проѕирност и механичките својства, иако неговото производство е релативно комплицирано. Внимателното мешање

на ацидите и маслата може да го одржи квалитетот на сапунот стабилен и во период од неколку години, што е битен услов за неговата употреба како медиум за тестирање.

Според рецептурата за производство која се препорачува, сапунот би ја имал потребната густина и мекост, така што стандардизираните проектили би ја постигнале посакуваната длабочина на пенетрацијата. Ова може да се постигне само со стандардизација на глицеринскиот сапун кој се користи за балистички тестирања.

Еластичноста на сапунот е многу мала, така што во прв план доаѓаат неговите пластични својства. Ова придонесува при тестирањето создадената шуплина само малку да се намали, што овозможува лесно мерење на димензиите на привремената шуплина.




**СЛИКА 9 – Шуплина создадена од проектил со потполна кошулка во блок од глицерински сапун (истрел од лево кон десно)**




**СЛИКА 10 – Шуплина создадена од проектил со делумна кошулка ("дум-дум") во блок од глицерински сапун (истрел од лево кон десно)**

Како заклучок можеме да ги наведеме следните карактеристики на глицеринскиот сапун како симулатор на човечко ткиво:

• слично однесување на проектилот како во физиолошкото ткиво;

• лесно може да се стандардизира (производство во фабрики за сапун по стандардизирана формула);

• лесен е за ракување;
• не е осетлив на промената на температурата;
• чувањето на подолг временски период (повеќе месеци) е возможно;



**СЛИКА 11**
**Стандардна конфигурација за тестирање составена од три блока од глицерински сапун поставени во линија. Димензиите на блоковите 25*cm*x25*cm*x40*cm***

*Натопени телефонски именици:* Водата, исто така, е погоден медиум за симулација на биолошкото ткиво. Меѓутоа за експериментални цели многу е тешко да се направи модел на блок од вода (проблемот на чување на водата во адекватен сад). Поради тоа, често се користи метод во кој се вршат истрели во книги добро натопени со вода, при што најпогодни се телефонските именици (поради нивните димензии и многу тенките страници). Однесувањето на проектилот во натопените телефонски именици е доста слично со она во сапунот или во чистата вода.

Како заклучок можеме да ги наведеме следните карактеристики на натопените телефонски именици како симулатори на човечко ткиво:

• слично однесување на проектилот како во физиолошко ткиво;
• невозможно е да се стандардизираат;
• лесни се за ракување;

*Земјина маса (глина):* Глината е хетероген материјал како мета со механички карактеристики кои многу зависат од составот и содржината на водата. Таа е пластична, меѓутоа не и апсолутно еластично растеглива, како на пример желатинот или сапунот, а исто така нејзината густина е двапати поголема од онаа на биолошкото ткиво. Со оглед на тоа, деформациите кои настануваат при пенетрацијата на проектилот во глина многу се разликуваат од оние во реалното човеково ткиво, односно димензиите на создадените шуплини се многу поголеми. Исто така, многу е тешко да се стандардизира за балистички испитувања, поради нејзините различни физички и механички карактеристики (различен состав, гранулација, содржина на вода и сл.).

Како заклучок можеме да ги наведеме следните карактеристики на глината како симулатор на човечко ткиво:

- различно однесување на проектилот од она во физиолошкото ткиво;
- многу е тешко да се стандардизира;
- лесна е за ракување;




**СЛИКА 12 – Лева страна: канал создаден од пиштолски проектил 9 *mm Luger* со потполна обвивка во сапун. Десна страна: канал создаден од истиот проектил, со иста енергија, во глина**




**СЛИКА 13 – Лева страна: канал создаден од пиштолски проектил 9 *mm Luger* со непотполна обвивка (експандирачки проектил) во сапун. Десна страна: канал создаден од истиот проектил, со иста енергија, во глина**

**2.3. Методи за мерење кои се користат при работа со симулатори на ткиво**

*Метод со мерење на должината на пукнатините во желатин:* Во текот на пенетрацијата на проектилот во желатинскиот блок се создава привремена шуплина, која покасно колабира поради еластичноста на желатинот (слично однесување како во мускулесто ткиво). Поради ова се јавуваат радиални пукнатини околу претходно појавената привремена шуплина во желатинот. Тестовите (главно изведувани од страна на J.Knappworst, Dynamit Nobel AG, Furth, Germany) покажуваат дека должината на овие пукнатини е квантитативно поврзана со енергијата *E’* која проектилот ја соопштува, во функција на изминатиот пат, на желатинскиот блок [10]. При тоа е дојдено до заклучок дека важи следната релација:

$$R_i = \sum r_i = cE_i' \qquad (2.3)$$

каде што $E_i^{'}$ е локален депозит на енергија на оделен попречен пресек - *i*, $\sum r_i$, сума на должината на пукнатините на оделен попречен пресек - *i* и *c* е константа



**СЛИКА 14**
**Изглед на некој *и* - ти попречен пресек на желатинскиот блок (јасно се уочливи пукнатините)**

Сумата на должините на пукнатините на одреден *i* - ти попречен пресек на желатинскиот блок (види ја горната слика) е пропорционална на волуменот на привремената шуплина, а према тоа и на $E_i^{'}$ - локалниот депозит на енергија во областа на конкретниот попречен пресек (по единица изминат пат).

Константата *c* може да биде одредена со мерење на вкупната пренесена енергија $E_{tr}$:

$$E_i^{'} = \frac{1}{c}\sum r_i$$

$$\sum_0^s R_i \Delta s = c\sum_0^s E_i^{'} \Delta s = cE_{tr} \qquad (2.4)$$

$$c = \frac{\sum_o^s R_i \Delta s}{E_{tr}} \qquad (2.5)$$

каде што $\Delta s$ е должината на чекорот по кој се правени попречните пресеци.

Во случај кога доаѓа до потполно пробивање на желатинскиот блок, вкупната пренесена енергија може да биде одредена со мерење на ударната и излезната брзина на проектилот, во спротивен случај, кога проектилот останува во желатинскиот блок, вкупната пренесена енергија е еднаква со ударната енергија која ја поседува проектилот (кинетичката енергија при ударот).

Откако ќе се одреди константата *c*, локалниот депозит на енергијата се одредува преку релацијата:

(2.6)

Одредувањето на константата *c* важи само за одреден конкретен желатински блок. Употребата на друг желатин, или промената во структурата

и во температурата влијае врз големината на оваа константа, поради што таа треба повторно да се одредува за секој блок, односно може да се смета за константа само во случај ако сите важни параметри останат константни.



**СЛИКА 15 - Пенетрација на проектил со непотполна кошулка во желатински блок (јасно се гледа големината на привремената шуплина)**

*Метод со мерење на волуменот во глицерински сапун:* И во сапунот, исто како во желатинот, директната корелација помеѓу волуменот на привремената шуплина и предадената енергија од проектилот може емпириски да биде изразена. Според тоа, во текот на предавањето на енергијата треба да се мери волуменот на шуплината во различни напречни пресеци.

Кога каналот е доволно голем, полнењето со вода и мерењето на нејзиниот волумен е доволно прецизен и едноставен метод. Овдека воопшто не е битен обликот на привремената шуплина.

Друга можност е напречно да се исече блокот од сапун на одреден број листови со позната дебелина, да се измери површината на напречниот пресек на секој од листовите и да се пресмета волуменот на создадената шуплина [3]:

$$V_i = \frac{A_i + A_{i+1}}{2} \Delta s_i$$

$A_i$ - површината на влезниот отвор на листот
$A_{i+1}$ - површината на излезниот отвор на листот
$\Delta s_i$ - дебелината на листот

Олеснетелна околност при оваа постапка е тоа што напречниот пресек на шуплината во сапунот е речиси секогаш во облик на круг (види Слика 16).



**СЛИКА 16 - Напречен пресек на шуплина создадена од проектил со потполна кошулка во сапун (лево: на почетокот, десно: на средината од шуплината)**

Релацијата помеѓу предадената енергија и волуменот на шуплината во сапунот е дадена со изразот:

$$E_i^{'} = \frac{E_i}{\Delta s_i} = \frac{1}{\mu} V_i \qquad (2.7)$$

каде што $E_i^{'}$ е локален депозит на енергија на одделен попречен пресек - $i$, $E_i$ вкупен депозит на енергија, $\Delta s_i$ дебелината на листот и $\mu$ константа која е апсолутно независна од типот на проектилот, зависи од карактеристиките на конкретниот сапун (се одредува со мерење на вкупната пренесена енергија и волуменот на шуплината во сапунот).




**СЛИКА 17**
**График кој го покажува односот на пренесената енергија во зависност од волуменот на шуплината создадена од проектилот во сапун**

*Мерења на потопени телефонски именици:* Анализирјќи го однесувањето на проектилот во потопени телефонски именици, на одреден начин е доста слично со неговото однесување во вода. Проширувањето на шуплината ги разорува страниците од телефонскиот именик така што каналот кој го создава проектилот е видлив. Изгледот на шуплината е доста сложен, така што е невозможно да се вршат мерења (на пример на волуменот на шуплината).

Меѓутоа можат да се вршат мерења на некои квантитативни показатели, како на пример должината на тесниот канал, или максималниот пречник на шуплината и неговата позиција.

*Мерења во глина:* Како што е претходно објаснето, проектилите создаваат многу поголеми шуплини во глина. Сепак, според теоријата на Мартел, волуменот на овие шуплини може да се доведе во врска со предадената енергија од страна на проектилот. Меѓутоа разни потешкотии кои се јавуваат при мерењето на волуменот не ја прават ваквата постапка многу популарна за научниците од оваа област.

## 3. Заклучок

Врз основа на претходно изнесеното може да се заклучи дека конструктивните изведби на проектилите имаат големо влијание врз ефектот на ранувањето Ако проектилите поседуваат иста количина енергија, конструкцијата на проектилот може да има големо влијание врз ефектот што ќе се постигне при ударот во ткивото. Притоа, треба да се земе предвид дека ефектот на ранување што го предизвикува проектилот врз човекот не е само резултат на неговите физички особини (енергија, стабилност) и конструкцијата, туку исто така зависи од точката на ударот, траекторијата на проектилот во човековото тело и психолошката состојба на ранетиот. Самиот проектил поседува само потенцијал за ранување кој се манифестира преку способноста за трансфер на неговата енергија врз човековото тело. За одредување на потенцијалот за ранување кој го поседува одреден проектил, истрелан од пушка или некое рачно опружје, постојат три категории на квантификација:

I. Мерење на волуменот на привремената шуплина, или со други зборови димензиите на потиснувањето на материјалот (должина на пукнатините во желатин, ефективниот волумен во сапунот). Ова може да се направи на релативно едноставен начин, со што се добиваат квантитативни резултати од трансферот на енергијата, која ја поседува проектилот врз медиумот.

II. Мерење на некои линеарни димензии на привремената шуплина која ја создава проектилот (должина на тесниот канал, максималниот дијаметар на шуплината и неговата позиција), со што исто така може да се дојде до одредени квантитативни показатели за трансферот на енергијата.

III. Да се вршат разни пресметки според физичките особини на проектилот (тоа се разни теории на *Hatcher, Mantunas, Weigel, Sellier, Rill, Marshall, Sanow* и др.). Меѓутоа, физичките особини на проектилот (брзината, енергијата, површината на попречниот пресек) не се доволни за анализа на потенцијалот на ранување кој го поседува проектилот (на пример: ниедна таква пресметка не ја зема предвид стабилноста на проектилот, која претставува многу важен чинител на потенцијалот за ранување).

Според тоа, најдобар метод е со користење на симулатори на ткиво, меѓутоа треба да се изнајдат напори за стандардизација на овие методи на интернационално ниво.

**ЛИТЕРАТУРА**:


1. G. M. Moss, D. W. Leeming, C. L. Farrar: **Military Ballistics**, Brassey's (UK) Ltd, London, 1995.
2. N. Kršić: **Bojne glave i upaljači raketnih proektila**, TVA, Zagreb, 1977.
3. Sellier K.G., Kneubehl B.P: **Woundbalistics and the Scientific Backgraund**, Elsevier, Amsterdam, 1992.
4. Sellier K.G., Kneubehl B.P: **Woundbalistik und ihre balistichen Grundlagen**, Springer, Berlin 1992.
5. Bowen T.E., Bellamy R. F. (eds.): **Emergency War Surgery**, 2nd US Revision, NATO Handbook, Washington D.C. US Government Printing office, 1998.
6. DiMaio V.J.M.:**Gunshot Wounds**, New York, Elsevier, 1985.
7. Knudsen P.J.T., Theilade P.:**Terminal ballistics of the 7.62mm NATO bullet**, Autopsy findings. International Journal of Legal Medicine 106: 61 - 67, 1993.
8. Seeman T.: **Wound Balistics**, Proceed. 5th Int. Simp. 1985, J. Trauma Vol. 28, Suppl. 1988.
9. B.P. Kneubehl: **Measuring the Wounding Potential of Rifle and Handgun Bullets**, International Workshop on Wound Ballistics, Thun, 1999.
10. P.J.T. Knudsen: **Wound Ballistics: Forensic and experimental aspects**, International Workshop on Wound Ballistics, Thun, 1997.
11. M. Grant: **Modern Small Arms Ammunition, The Law and "Militery Necessity"**, International Workshop on Wound Ballistics, Thun, 1997.
12. B.P. Kneubehl: **Introduction to the Methodology of Wound Ballistics Tests**, International Workshop on Wound Ballistics, Thun, 1997.
13. C.G. Spencer: **Gunshot Wounds**, Oxford Medical Publications, Oxford, 1908.

# ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА СТРУЧНО-СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ОБУКА НА ЛОГИСТИЧКИТЕ СПЕЦИЈАЛНОСТИ

**Сокле КОЧОСКИ**
Воена академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје

**Апстракт:** *Во трудот* ***"Појдовни основи за стручно-специјалистичка обука на логистичките специјалности"*** *станува збор за планско - насочувачките активности за обработка на проблематиката за стручно-специјалистичката обука на логистичките специјалности. Посебно внимание е посветено на обуката за ефикасна употреба на техниката и на оружјето во логистичките наставни центри и другите единици на армиите, стекнувањето навики за нивно правилно одржување и осмислената (умна) работа на луѓето при реализација на борбената сервисна поддршка на единиците во текот на извршувањето на борбената задача или на било кој друг вид и облик на мисија.*
*Исто така во трудот станува збор и за тактичките и тактичко - специјалистичките вежби на логистичките единици на коишто би требало да вежбаат во разни варијанти на соработка заедно со механизирани, оклопно-механизирани, артилериски и други единици, и во разни ситуации во коишто и навистина би можеле да се најдат при извршување на борбена или друга задача во рамките на некоја мисија.*

**Клучни зборови:** *логистика, логистички единици, логистички специјалности, логистичка поддршка, обезбедување, тактичка обука, вежби.*

**Abstract:** *The study* ***"Initial fundamentals of professional specialized training of logistics specialties"*** *deals with planning-directed activities concerning the problems of professional specialized training of logistic specialties. Special attention is paid to training for effective use of technics and weapons in logistics teaching centers and other units in the Army, acquiring habits for their correct maintaining and clever work with people in the time of realization of the battle service support to the units during the accomplishment of a battle assignment or any other form or type of mission.*
*The study also deals with tactics and tactics-specialization training of logistics units. This training should contain different variants of cooperation of the logistics units with mechanized, armored-mechanized, artillery and other units in different situations, which could become reality during the execution of combat or other assignments within the frames of a future mission.*

**Key words:** *logistics, logistics units, logistics specialties, logistics support, tactics training, drill.*

## 1. Вовед

Познато е дека воената логистика никнала како дел од воената вештина, а се однесувала на обезбедувањето разни средства и задоволувањето разни потреби на воените единици за водење на воени операции. Меѓутоа, во истражувањето (набљудувано строго од воен аспект), можат да се поврзат стратегијата, оператиката, логистиката и тактиката. Стратегијата, оператиката и тактиката не можат да имаат теоретска поткрепа во постоечките системи на конституирање на воената наука без вистинско, теоретско и практично поврзување со логистиката, вклучувајќи ја тука и стручно специјалистичката тактичка обука на логистичките специјалности. На ниво на највисоките органи на командување (врховните команди и генералштабовите), проблемите на стратегијата, оператиката, тактиката и логистиката толку се испреплетени што станале една целина. Произлегува дека сите состојби во војна се конгломерат на стратегиските, оперативните, тактичките и логистичките елементи за чие изучување има големо значење токму стручно-специјалистичката тактичка обука на луѓето од логистичките специјалности како дел од извршните активности, односно рутинските работи што ја сочинуваат техниката на логистичка поддршка на единиците како процес.

Стратегијата се занимава со одредување на цели и општи методи за нивното остварување. Логистиката се занимава со обезбедување и постојана поддршка на борбените сили и оружјето. Тактиката се занимава со специфичната употреба на оружјето и на силите за остварување на целите што ги поставила стратегијата. Едноставно може да се заклучи: стратегијата и тактиката создаваат (изработуваат, осмислуваат) планови за изведување на воени операции, додека логистиката обезбедува средства за нивно спроведување, од што зависи и одлуката на секој командант. Azenhauer (Француско списание, Azenhauer “Armes d aujourdi hui”, број 8, Paris, 1984, str.9.) тврди: "Нема тактика без логистика. Ако логистиката каже не, таа е во право и тогаш би требало да се менува планот за операција, бидејќи со планот нешто не е добро замислено".

Во вооружните сили ОБУКАТА (англиски instruction, training, француски instruction, германски ausbildung, руски обучение) се дефинира како организирана дејност со која воените лица, единиците и установите се оспособуваат за потребите во мир и во војна. Обуката во суштина, треба да се смета за единствен процес за стекнување на знаења, вештини, навики и развивање на психофизички и интелектуални способности.

Во најопшта смисла на зборот, обуката може да се дели на: ***прво*** – обука на припадниците на вооружените сили и воена обука на останатите категории на населението, ***второ*** – обука на активниот и резервниот состав, ***трето*** – обука по видови, родови, служби и специјалности, ***четврто*** – обука на војници и старешини (подофицери и офицери), ***петто*** – обуката на војниците може да се дели на обука на војник-поединец, потоа одделенска, водна, четна, баталјонска (дивизионска) обука и тн., ***шесто*** – обуката може да биде индивидуална и заедничка и ***седмо*** – обуката може да биде општо-воена и воено-стручно специјалистичка обука.

Во вооружените сили на Соединетите Американски Држави и на земјите-членки во колективните системи за безбедност – НАТО и ПзаМ воената стручно-

специјалистичка тактичка обука се изведува во центри за обука по видови, родови, служби и специјалности.

## 2. Приказ на појдовните основи за стручно-специјалистичката тактичка обука на логистичките специјалности

За успех во современа војна, над добро обучен и вооружен противник, одлучувачка улога има високата обученост на личниот состав, мајсторското владеење со оружјето и способноста за дејствување во секакви ситуации. Сите тие барања се однесуваат и на луѓето и на единиците од специјалностите во логистичките служби, на логистичката поддршка, особено на обученоста во доставувањето на материјално-технички средства до оперативните единици и орудијата на позициите и пружањето здравствени и други услуги.

Од стручно-специјалистичката тактичка обука и професионалната обученост на припадниците на логистичките единици многу зависи успехот на борбената сервисна поддршка, односно успехот на материјално - техничката и санитетската поддршка на оперативните единици.

Може да се истакне дека стручно-специјалистичката тактичка обука на логистичките единици би требало да се изведува плански и насочувачки кон строго смислена цел. Посебно внимание во таа обука (во логистичките наставни центри и другите оперативни единици на армиите) би требало да ѝ се посвети на ефикасната употреба на техниката и на оружјето со стекнување навики за нивно правилно одржување и смислена (умна) работа на луѓето при реализацијата на борбената сервисна поддршка на единиците во текот на извршувањето на борбените задачи (борбени дејства) и во кој било друг вид на воени мисии. За многу важно прашање и со сериозен пристап треба да му се приоѓа на изведувањето вежби коешто би требало да се прилагодува спрема земјиштето во регионот на коешто е дислоцирана воената единица. На пример: ридско-планинското земјиште и неговиот карактер, како и сложените природни услови и острите клими бараат смислена примена понекогаш, и нестандардни решенија за успех на борбената сервисна поддршка, односно успех на логистичката или материјално - техничката и санитетската поддршка на оперативните единици.

Во обуката на логистичките единици би требало да се применува принципот на непрекинатост и постапност, со тоа што во завршната фаза да се инсистира на ситуации коишто би биле најприближни на борбените. Затоа, во логистички наставни центри и другите оперативни единици би требало да се уредуваат и бази за обука: специјализирани училници, работилници, вежбалишта, простори за развој и разместување на одделни логистички станици и др.

На тактичките и тактичко - специјалистичките вежби на логистичките единици (заедно со механизирани, оклопно-механизирани, артилериски и други

единици), би требало да се извежбуваат разни варијанти на соработка и во разни ситуации во коишто и навистина би можеле да се најдат при извршување на борбена или друга задача во рамките на некоја мисија. Со усовршување на формите на обучување, со интензивирање на процесот на обука, со воведување на најдобри методи и современи технички средства, би можело значајно да се зголеми ефикасноста на стручно специјалистичката обука на единиците од логистичките специјалности.

Имајќи ги предвид карактеристиките на современите војувања и големата количина на разновидни материјални средства, кои што логистиката би морала навремено да ги обезбеди, неопходно е да се инсистира на стручно-специјалистичко тактичко обучување на логистичките единици во услови коишто се најблиску до воените.

Исто така, во текот на стручно-специјалистичката тактичка обука на тие единици би требало да се земат предвид сите опасности од разни видови на напади коишто евентуелниот непријател може да ги презема, поради што единицата треба да презема и навремени мерки на борбено обезбедување во сите можни ситуации. Обуката на логистичките единици би требало да е ослободена од секаков формализам, импровизации и експериментирања (земајќи го предвид искуството на земјите-членки на НАТО и ПзМ, а вклучувајќи го тука и организациско - формациското реорганизирање од секаков вид на логистичките наставни центри за обука, како и оперативните единици на секоја армија па и Армијата на Република Македонија), затоа што и најмалите грешки во стручно-специјалистичката тактичка обука на логистичките единици се аплицираат негативно врз квалитетот при извршувањето на задачите впрочем на успехот на борбените единици, успехот на борбата како целина, односно успехот на мисиите (па и мисиите во кој што учествува и единици на Армијата на Република Македонија) во рамките на активностите во колективните системи за безбедност - НАТО и ПзМ.

При анализирање на извршувањето на една вежба секогаш би требало да се истакнат недопустливите грешки, како на пример: неусогласеност со плановите за логистичка поддршка според вистинска ситуација; непланирање на соодветно доставување на материјални средства; грешките во пресметката на загубите во луѓе и материјални средства и др.

Доколку на обуката ѝ се приоѓа формалистички може да се случи началниците на логистичките служби и Г-4, С-4 (помошниците на командантите за логистика) во здружените тактички единици да не можат да реферираат во кој степен единиците се обезбедени со неопходните материјални средства, особено гориво и муниција што значи да не можат на командантот да му изнесат добар предлог за организација на логистичката поддршка воопшто. Тоа може да биде само последица на нискиот квалитет на практичната обука во

логистичките наставните центри (или другите центри за обука) и на недостаток на контрола од страна на претпоставените, особено на оние коишто се одговорни за планирање и организирање на процесот на стручно-специјалистичката обука. Најдобриот начин за отстранување на тие недостатоци би бил редовно вклучување на логистичките единици во здружени тактички вежби на нивните единици.

Анализирајќи го степенот на обученоста на офицерите и подофицерите во логистичките служби и единиците на Армијата на Република Македонија можеме да заклучиме дека тие иако се добро оспособени за својата специјалност, квалитетот на нивната практична работа на земјиште при изведување на тактичките вежби заостанува зад теоретското знаење и дека нивните постапки често не се усогласени со дадените услови. Тоа може да се надмине само низ практично применети форми на настава и обука (низ разни тактички вежби) во логистички наставни центри за обука.

Во логистичките наставни центри за обука од особено значење се применетите форми на настава и на обука на офицерите и подофицерите од логистичките специјалности. Многу значајна е обуката на командирите и командантите на логистичките единици (логистичките чети, баталјони и бази). Овие форми на настава и на обука би требало да се организираат на релативно високо рамниште, да бидат насочени кон користење на современа методика на организација на процесот на обука и во согласност со високите критериуми за обука коишто се применуваат во современите армии на земјите-членки на колективните системи за безбедност, НАТО и Партнерството за мир.

Практичните вежби (вежби на карта, тактички вежби без трупи, вежби на командни пунктови-места, вежби на терен, вежби за координација на огнот, вежби за разместување, заеднички вежби, здружени вежби, командно-штабни и други вежби) се значајни за брзо, практично насочување и оспособување на раководителите на обуката. Усвоените нови знаења низ практичните вежби за современото војување им овозможуваат на раководителите на обуката успешно да ги обучуваат своите логистички единици и поединци во рамките на логистичките специјалности.

Всушност, тоа е значајно и за секој офицер. Не може сериозно да се зборува за професионална зрелост доколку командантот или командирот на логистичката единица или началникот на службата доволно не ја познава тактиката и тактичката обука на логистичките специјалности (која не може да се научи само во Воена академија и еднаш засекогаш, односно за сите времиња). Доколку тој постојано не учи, нема да биде во можност да се снаоѓа во новонастанатите воени ситуации и да донесува правилни одлуки (или предлози) за обезбедување на борбените дејства на единиците односно борбено сервисна поддршка.

Еден од поважните услови за квалитетна обука на единиците по логистички специјалности е создавањето услови на вежбите како поучни борбени ситуации. Би требало да се настојува ситуацијата што е можно повеќе да се приближи до вистинската - до вистински борбени услови. Оние коишто се обучуваат би требало да го почувствуваат “пулсот” на борбените дејства, нивната динамика и да се во состојба брзо да реагираат во сите промени на ситуацијата. Всушност тоа се барања коишто би требало постојано да ѝ се поставуваат на стручно специјалистичката тактичка обука на офицерите и подофицерите од логистичките специјалности.

Вака сфатена, обуката на луѓето од логистичките специјалности подразбира, на вежбите, покрај логистичката проблематика, да се одигруваат и дејства кон непријателот како што се: напади на диверзантски и извидувачки групи, напади на авијација, хемиски и нуклеарни удари (вклучувајќи го тока и користењето на оружје кое користи осиромашен ураниум) по реоните каде што се распоредени логистичките единици (нивните бази, станици, секции и др.), потоа користење на маскирање со чад и други мерки, што од планерите и изведувачите на стручно-пецијалистичката тактичка обука и вежбите за одделни логистички специјалности бара многу труд, особено од луѓето во логистичките наставни центри по логистички специјалности, со цел крајните резултати на обуката да бидат навистина добри.

Покрај наведените мерки и постапки, практиката потврдува дека во текот на обуката е неопходно големо внимание да му се посвети на обучувањето на луѓето за избор и инженериско уредување на реоните за разместување на одделни елементи (оддели, станици, секции) на борбената сервисна поддршка и користење на маскирните својства и карактеристики на земјиштето.

Маскирањето би требало да се смета за мерка којашто постојано ќе се презема при изведување на стручно специјалистичката-тактичка обука и на вежбите како во воени услови. Понекогаш постои погрешно мислење дека логистичките органи би требало да се наоѓаат подалеку од предниот крај, за да не им претстои никаква опасност од непријателот. Во такви околности многу често колоните за поддршка, при обезбедувањето со резервни материјални средства се движат без соодветно обезбедување, без маскирање, со нарушување на предвидените дистанци меѓу моторните возила, без преземање мерки за борбено обезбедување во реоните на разместување и при работа во реоните на присобирање на луѓе, материјални средства и др. Што се однесува до вежбите во вакви околности, често ќе може да се видат и моторни возила кои се осветлени, без некаков ред и без борбено обезбедување, личниот состав и техниката не се скриени и не се почитува предвидениот режим на маскирање. Се мисли дека на возилата не им претстои опасност поради големата оддалеченост. Таквото однесување во војна може да предизвика катастрофални последици, како врз логистичките, така и врз борбените единици.

Во стекнувањето на неопходните знаења, вештини и навики големо значење имаат специјалните логистички полигони коишто најчесто (скоро во сите армии  на земјите-членики на НАТО) се во рамките на логистичките наставни центри, односно во центрите по логистичките специјалности. Тие во повеќето армии се толку добро уредени, така што овозможуваат на нив да се развиваат логистички елементи за логистичка или борбено-сервисна поддршка и да се одигрува работата на логистичките органи, потоа да се изведува инжeнериско уредување на одделни станици и секции, да се изработуваат објекти за заштита на луѓето (личниот состав), техниката и другите материјални средства, да се изведува маскирање, да се извежбуваат војници и старешини коишто работат на отстранување (ликвидирање) на последиците од непријателското употребување на оружје за масовно уништување и др.

## 3. Заклучок

Во заклучокот на овој труд може да се истакне потребата за натамошно прилагодување на стручно-специјалистичката тактичка обука на логистичките единици по логистички специјалности на карактеристиките, потребите и барањата на современото војување, како што тоа се прави во армиите на земјите-членки на НАТО и ПзМ така и во Армијата на Република Македонија во логистички наставен центар по логистички специјалности. За да може тоа да се постигне, неопходна е обука која содржински, методички, организациски, по местото на изведување и др. ќе претставува средство со кое луѓето од логистичките специјалности военостручно, психолошки и физички би се подготвувале за успешно извршување на борбени и други задачи при изведувањето мисии во рамките на колективните системи за безбедност и за совладување на сите предизвици на коишто би биле изложени.

**ЛИТЕРАТУРА**:


1. Azenhauer “Armes d aujourdi hui”, Paris, 1984.
2. B.H. Schatzmann, Reserveoffiziersausbildung in den USA, Algemeine schweizerische Militarzeitschrift, 4/1967.
3. G.Adair, Cool School for Hot Combat, Army Digest, 2/1968.
4. H.H. Thielen, Der Verfall der inneren Fuhrung, Frankfurt am Main, 1970.
5. HEADQUARTERS DEPARTMENT OF THE ARMY USA TRAING AND DOCTRINE COMMAND Fort Monroe, Virginia, 1.january, 1996.
6. P.Giniewski, Training in The Israeli Army, NATO’s Firteen Nations, 3/1971.
7. S.Jovanovc, Prilagodjavawe obuke ratu, Beograd, 1967.
8. С.Кочоски, ИНТЕНДАНТСКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ  основна логистичка функција, “МАГНАТ” - Скопје, 1998.
9. SPEADRHEAD OF LOGISTICS, A History of the U.S.Army, Transportation Center, Fort Eustis, Virginia, 1994.

# ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО МИРНОВРЕМЕНСКИ И ВОНРЕДНИ УСЛОВИ

**Илија ГЛИГОРОВ**
Воена академија "Генерал Михаило Апостолски", Скопје

**Апстракт:** *Санитетското обезбедување е основна логистичка функција наменета за здравствена заштита на луѓето. Добрата организација на оваа функција овозможува ефикасно и економично извршување на задачите и задоволување на специфичните барања во вонредни ситуации. Мирновременската организација на здравствената заштита, плановите за работа во вонредни услови, резервите и тренингот се основа за севкупна здравствена заштита на населението и на вооружените сили во воени услови. Преструктуирањето на АРМ и плановите за членство во НАТО наложуваат интероперативност на сите учесници. За нашите услови најсоодветен е моделот со интегрирано здравство од: цивилното здравство, военият санитет и медицинската служба на сојузниците.*

**Клучни зборови:** *санитетско обезбедување, санитетска служба, воени мисии.*

**Abstrakt:** *Medical support is the basic logistic function, which is dedicated to health protection of people. Good organisation of this function give effectively and economical accomplishment of exercise, satisfying the specific claim in specific situations. Peacetime organisattion of health protection, plans for work in specific conditions, reserve and training are base for whole health protection of citizens and military forces in military conditions. Reconstructions in ARM and plans for membership in NATO gives emobligation of interoperability of all members. For our conditions most convinient is the model with integrated health: civilian, military and aliances medical services.*

**Key words:** *health care, medical services, military missions.*

## Вовед

Новите технологии и оружја, еколошките фактори и можностите на медицинските и сродните науки како и желбите за брз економски развој даваат нови предизвици за модерно организирана и ефикасна здравствена заштита.

Теориското фундирање на здравствената заштита во вооружените сили не завршува со преточување во прописи за операционализирање. И во воениот санитет потврден е заклучокот дека проблемите, исто како и достигнувањата и развојот на практиката наметнуваат потреба за продлабочени научни истражувања, теоретско фундирање и доктринарно определување на активностите и плановите. Анализите покажуваат дека теоретските основи на воениот санитет во различни армии се исти или многу слични, сепак оперативните решенија се разликуваат. Ова особено е присутно помеѓу армиите од земјите-членки на НАТО и земјите кои не се членки, како и во земјите во транзиција.

Во овој труд, научно-стручно се разработени поширoки теоретски основи на санитетското обезбедување на вооружените сили како дел од здравствената заштита во државата. Во време на преструктуирање и вградување на стандардите на НАТО, практичните решенија не се дефинитивни, некои се преодни, а за некои се нудат алтернативни решенија.

Термините: тактика, оператика и стратегија ги употребуваат многу автори во разни области на општественото живеење. Организацијата и работата на санитетската служба (натаму: СнСл) во воени услови се опишуваат како тактика на санитетската служба во вооружените сили, иако се појаснува организацијата и функционирањето на СнСл на сите рамништа: тактичко, оперативно и стратегиско.

Трудот ги опфаќа организациските аспекти на санитетската служба во мирновременски и во воени услови и основите за организирање во вонредни состојби или во меѓународни ангажмани. Сметајќи го овој труд како еден од првите потранспарентни, од овој вид за оваа област, со вклучување пошироки стручни и заинтересирани кругови ќе се даде придонес во развојот и во подготовката на интегрален доктринарен документ (упатство, правило и сл.) за вкупната здравствена заштита во вооружените сили.

Трудот е заснован врз легислативата во Р. Македонија и одредени упатства од НАТО.

## Воеоносанитетски карактеристики на поранешните војни

Морбидитетот и морталитетот во воени услови се зголемуваат и кај напаѓачите и кај нападнатите. Некогаш тоа е и начин да се постигне целта на војната. Има неколку фактори како главна причина за оваа појава: примена на сила, користење оружје, техника и други средства и методи. Притоа значајна улога играат новонастанатите животни услови и промените во околината. Во воени услови, како и во масовни несреќи се јавува “травматска епидемија” и поголемо разболување како кај војниците, така и кај населението.

Воеоносанитетски искуства од досегашните војни и воени интервенции се користат за предвидување и планирање санитетско обезбедување во идни воени активности. Минатите воеоносанитетски искуства се разгледуваат во контекст на сите тогашни услови и присутни фактори во кои се стекнати.

Во постарите војни, бројот на умрени војници од интернистички (особено од заразни) болести секогаш бил поголем од бројот на загинати и умрени поради воена рана и случајна повреда. Оружјето и техниката во тоа време не се толку развиени, а исто така и можностите за превенција и лекување на болните се мали. (Vojna interna medicina, SSNO, Beograd, 1982, str 17-21)

Големото значење од постоењето современа санитетска служба најдобро е покажано во Втората светска војна. Таа донесе многу специфичности како кај војските, така и кај  населението. Постојат воеnosанитетски искуства од оваа војна кои заслужуваат посебно внимание. За тоа време напреднати се медицинските науки и во многу армии подобрена е организацијата на санитетската служба. Сулфонамидите го подобрија лекувањето на бактериските болести. Витаминските препарати ги намалија авитаминозите, а вакцините ја подобрија превенцијата од заразните болести. Револуционерна е употребата на инсектицидот ДДТ и новиот антибиотик - пеницилинот. Здравствената култура на народот е на повисоко рамниште. Можностите на хирургијата се зголемени. Со решавање на главните медицински проблеми зачувана е способноста на поголемите оперативни единици, намалено е разболувањето (особено од заразни болести), а воената хирургија успеала да врати во стројот и до 75% од повредените. Ова е постигнато во прв ред со научно-плански организирана СнСл и со напредокот на современата медицина. Како многу значајна се цени организациската форма за интеграција помеѓу воената санитетска и цивилната здравствена служба заради решавање на зголемените и новонастанатите медицински проблеми. (Vojna interna medicina, SSNO, Beograd, 1982, str 14.)

Во оваа војна не е толку карактеристично умирањето од болести (заразни и незаразни) колку што е значаен бројот на вкупно лекуваните пациенти заради заболување.

Војната во Виетнам (1960-1975) е од поблиската историја. Северновиетнамската војска користи интегриран територијален санитет со воениот санитет. Единиците на САД имаат многу ефикасна санитетска служба со брза хеликоптерска евакуација. Тие ангажираат научни тимови за оценка од употребата на одредени воени санитетски методи и ја проверуваат ефикасноста на санитетските постапки и тераписки зафати. Адаптирањето на новодојдените американски војници траело околу 6 недели (следено со проливи, треска, акутни респираторни инфекции и топлотни оштетувања, а подоцна се надоврзува проблемот со маларија и снабдувањето со исправна вода). Регистриран е еднаков број на повреди за време на борба и надвор од борбени дејства и двојно повеќе заболување од болести. Во оваа војна применети се хемиски борбени средства со ограничена токсичност и дефолијанти. Невропсихијатриската служба на армијата на САД во оваа војна доминира со добра организираност и ефикасност. (Dragic G i sar.: Iskustva iz rada sanitetskih službi u lokalnim ratovima posle drugog svetskog rata: Vijetnamski rat, IVNID, Beograd, 1980.).

## Теоретски основи и дефиниции

Санитетско обезбедување (англ.Medical support)

Санитетска служба (англ.Medical Services)

Здравјето е основно човеково право. Здравствената заштита (традиционалната и правнорегулираната) нема еднакви содржини во сите земји и во разни временски периоди. Теориските основи и принципите за организирање здравствена заштита се фундирани во научната медицинска гранка социјална медицина.

Здравствената заштита ја сочинуваат мерки, активности и постапки со кои се зачувува и се унапредува здравјето, се спречуваат заболувања и се сузбиваат болести и повреди и други нарушувања на здравјето преку рано откривање, навремено и ефикасно лекување и рехабилитација.

Санитетското обезбедување (понатаму: СнОб) го има истото значење како и вкупната здравствена заштита, детермирана за вооружените сили, во секое време, на секое место и во сите услови. Тоа ги опфаќа специфичностите на здравствената заштита во вооружените сили во мирновременски услови, во вонредни ситуации или во воени услови и во разни мисии и интервенции. СнОб се протега во рамките на државата, а во случај на меѓународни ангажмани и пошироко.

Континуираното и ефикасно спроведување на санитетското обезбедување во вооружените сили, како основна логистичка функција и дел од севкупната здравствена заштита во државата е многу значајно за борбената готовност, за зачувување на моралот и од економска гледна точка.

Санитетската служба е дел од вооружените сили. СнСл ја сочинуваат планови, правила, прописи, формации и систематизации за единици, кадри и материјални средства, лекови, опрема, објекти и функции. За остварување на дејноста, СнСл соработува со другите борбени и логистички структури како и структури надвор од вооружените сили (цивилни, меѓународни и др.).

Од кадровски (персонален) аспект, човечките загуби (загуби во жива сила) т.н. општи загуби се карактеризираат како несанитетски (загинати, умрени, заробени и изгубени) и санитетски (повредени и заболени, за кои се користи кратенката п/з). Од санитетската служба се очекува, со превентивни мерки да го оневозможи или намали повредувањето и разболувањето, а со други мерки да оспособи што поголем број од санитетските загуби за враќање на должност. Во исто време од здравствената служба се очекува да го намали инвалидитетот и да ја забрза рехабилитацијата на потешко повредените и болните.

## Организација на здравствената заштита во република Македонија

Здравствената заштита е уставно и законско параво на граѓаните на Р. Македонија.

Здравствената заштита во Р. Македонија е задача и обврска на целата заедница. Институционално-управното организирање во областа на здравството се протега од парламентот (и парламентарните тела), преку Владата и Министерството за здравство (во кое има управни и стручни тела), Фондот за здравствено осигурување и управните и раководните тела во здравствените организации. Одредени надлежности имаат и органите на локалната самоуправа.

Здравствената заштита како дејност се остварува во, или преку здравствени организации. Тие можат да бидат јавни, приватни, задружни или мешовити. Здравствена организација може да основа: Републиката, и правни и физички лица. Во рамките на АРМ има здравствени организации за кои во мирно време треба да се применува Законот за здравствена заштита ( особено членовите: 92 до 120 и 131).

Според стручноста, обемот и опфатот на здравствените мерки и активности, здравствените организации се поделени за примарна, секундарна и терциерна здравствена заштита.

Со Законот за здравствена заштита изречно е одредено здравствените работници да смеат да укажуваат здравствена заштита само по стекнување одредена стручност, завршување приправнички стаж, положен стручен испит и лиценца за работа. Ова мора да се применува како во здравствени објекти, така и надвор од објектите, во домашна посета, на терен, во одморалишта и сл. Оттука јасно е дека не смее да се ангажираат доктори на медицина без лиценца за работа на самостојно санитетско обезбедување. (на терен и сл.). Ограничени се постапките, видовите и количините на лекови со кои може да располага нефармацевтски персонал.

Според прописите, аптека е здравствена организација која може да биде самостојна или во состав на друга здравствена организација. Фармацевтска здравствена дејност не може да се извршува доколку во аптеката нема постојано вработен дипломиран фармацевт или доколку истиот не е присутен во аптеката.

Законот за здравствената заштита, главата 14. ја регулира здравствената заштита во вонредни услови и во услови на штрајк. Како вонредни услови се наведени само природните и други тешки катастрофи и вонредни состојби. Ова се разликува од одредбите на Уставот и одредени други прописи. Притоа, регулирано е Министерството за здравство и здравствените организации во вонредни услови да соработуваат со припадниците на цивилната заштита, организациите на Црвениот крст, другите општествени организации и здруженија и работните луѓе и граѓаните. Од причини што основниот текст на овој закон е донесен на 19 август 1991 година, пред заминување на ЈНА од Македонија, очигледна е потребата за менување и дополнување на овие одредби.

Во Правилото за службата во АРМ, шестата глава ја регулира здравствената заштита во АРМ. Во неа, најпрвин преку општи одредби наброени се обврските на сите учесници во воената организација во врска со здравствената заштита. Натаму, детаљно се опишани обврзните мерки за зачувување и подобрување на здравјето. Третиот дел го сочинуваат мерките за спречување појава и ширење на заразни болести и последните три дела се за лекувањето и упатувањето на воена лекарска комисија.

Во областа на здравството во Република Македонија постои широка меѓународна соработка.

Значаен придонес во здравствената заштита дава информативниот систем.

## Организација на здравствената заштита во АРМ во мирновременски услови

Во организациска смисла, здравството во АРМ хиерархиски е подредено на Министерството за одбрана. Тоа организациски е релативно независно од Министерството за здравство на Република Македонија, меѓутоа многу закони, подзаконски и стручни прописи мора да ги спроведува по автоматизам.

Категории на лица за здравствена заштита:

1. Во мирновременски услови сите категории на лица во АРМ кои имаат статус на работен однос во Министерството за одбрана имаат задолжително здравствено осигурување во Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Според Законот за здравствено осигурување (објавен во "Службен весник на Р.Македонија" бр. 25 од 30 март 2000-та год.) со задолжително здравствено осигурување на граѓаните осигурени се лицата во работен однос и по тој основ остваруваат право на основни здравствени услуги во примарната, специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита. Регулирано е обезбедување дополнителни здравствени услуги како должност на работодавците во согласност со прописите за заштита при работа (услуги кои не припаѓаат во групата од основното осигурување). Натаму, со Законот за здравствена заштита пропишани се загарантирани права и утврдени потреби и интереси на општеството. Се очекува е дека дополнително ќе бидат регулирани посебни (зголемени) права од здравственото осигурување на лица во Армијата ангажирани на посебни задачи (ослободување од партиципација за здравствени услуги “на терен”, на задачи за обезбедување на државната граница, за време на сместување на платени војници во касарна и сл. Сега се регистрира појава на различно решавање на овие прашања - од случај до случај, со средства од буџетот на Армијата).

2. Здравствената заштита на војниците кои се на отслужување на воениот рок, на кадетите во воените школи и курсеви и воените обврзници ангажирани

(повикани) на мирновременски задачи во Министерството за одбрана е посебно право на овие лица. Досега ова право не е детаљно со закон регулирано. За очекување е дека во новите закони од областа на одбраната ова прашање подетаљно ќе биде регулирано.

**Здравствени установи во АРМ во мирновременски услови**

Во согласност со Законот за здравствената заштита, чл. 91, 117 и 118 Министерството за одбрана основа здравствени организации:

1. *Воена амбуланта*

Воените амбуланти спроведуваат примарна здравствена заштита. Таа е наменета за здравствена заштита на воениот колектив и здравствена заштита на осигуреници на Фондот за здравствено осигурување. Финансирана е од буџетот за одбрана.

Моделот на воена амбуланта е условен од потребите на воената организација и се разликува од други здравствени установи. Во неа се укажува сеопфатна примарна здравствена заштита за воениот колектив. Таа ги интегрира превентивните и куративните мерки, врши обезбедување со лекови и санитетски материјали, дава лабораториски и стоматолошки услуги. Функционирањето на аптеката во состав на воената амбуланта треба да се усогласи во рамките на прописите за потребниот простор, опрема и кадри. Специфично е постоењето на вонболнички стационар. Има услови за санитетски транспорт. Покрај статичниот дел, воената амбуланта има и мобилен дел кој може да следи делови од воената единица заради овозможување здравствени услови за живот и работа надвор од населени места и работа во вонредни услови.

2. *Центар на воеоздравствени установи*

Центарот на воеоздравствени установи (ЦВЗУ) го сочинуваат: Воена болница, Воена аптека, Воена амбуланта и Завод за превентивна медицинска заштита.

а). Воената болница е болница од општ тип организирана во диференцирано-специјализирани целини. Спроведува секундарна здравствена заштита, научноистражувачка и стручнонаставна работа за АРМ и пошироко. Воената болница е од отворен тип, во согласност со прописите, во неа може да добиваат медицински услуги осигуреници на Фондот за здравствено осигурување, лица со целосно плаќање на услугите или според посебни билатерални договори. Специјалистичко-консултативната здравствена заштита се извршува во поликлиничкиот дел. Стационарниот дел го сочинуваат одделенија за: хируршки, внатрешни, невропсихијатриски, очни, кожни, полни, и инфективни болести и за ОРЛ и физикална медицина и рехабилитација. Дежурната служба, наменета за згрижување итни случаи, функционира континуирано 24 часа.

б). Воената аптека како фармацевтска здравствена служба има функција на болничка и јавна аптека. Таму се врши набавка, сместување, чување, издавање, испитување и контрола на лекови и издавање упатства. Преку неа се врши санитетско снабдување со лекови и потрошен санитетски материјал, набавка на медицински апарати, производство на инфузиски раствори, галенски препарати и научноистражувачка и наставна работа.

в). Воената амбуланта е здравствена установа за примарна здравствена заштита. Таа обезбедува 24 часовна дејност првенствено за осигурениците на Фондот за здравствено осигурување.

г). Заводот за превентивна медицинска заштита е превентивна медицинска установа на санитетската служба на АРМ. Во овој Завод се извршуваат специјализирани и одредени високоспецијализирани превентивни медицински дејности, наставна и научноистражувачка работа. Дејност во превентивната здравствена заштита: епидемиолошка; хигиенско-хемиска; микробиолошка; медицинска информатика со социјална медицина; медицина на трудот. Заводот посебно се подготвува и се опремува за целосна превентивна здравствена заштита во воени услови со акцент за заштита од НХБ средства. Овој Завод е вклучен со задачи во неколку програми за здравствена заштита кои годишно ги донесува Владата. Заводот е вклучен во мрежата на јавни здравствени организации и во него се пружаат здравствени услуги на целото население. Специфична задача на Заводот е во воени услови да ги поддржува другите санитетски превентивни единици.

3. *Санитетско складиште*

Санитетското складиште не е самостојна здравствена установа. Тоа е воена единица која веројатно нема да претрпи промени со преструктуирањето на АРМ. Засега тоа има функции на депо на лекови и санитетски материјални средства (во мирновременски услови). Функциите за воени услови сè уште во целост не се воспоставени.

4. *Посебни воени здравствени и наставни институции*

Главната военолекарска комисија и Военолекарската комисија се посебни военоздравствени институции.

Здравствениот инспектор е во состав на воената инспекција.

Во Воената академија има дел за обука на активни и резервни офицери и подофицери за санитетската служба на АРМ.

Војници за санитетската служба се обучуваат во наставен центар.

Во Министерството за одбрана има служба за јавни набавки за СнМС.

Во Министерството за одбрана има служба за развој, контрола и прием на СнМС.

Министерството за одбрана склучува договори со здравствени организации од Министерството за здравство за давање здравствени услуги за

потребите на Министерството за одбрана (предрегрутни здравствени прегледи, специјалистичко-консултативни прегледи, болнички стационарни услуги, фармацевтски и други услуги).

## Здравствената заштита на вооружените сили за време на мисија

Познавањето на основите на санитетското обезбедување и иницијативноста и одговорноста, се потребни и корисни за негово правилно организирање и спроведување.

Стратегијата на националната одбрана ги дава основите за уредување на здравствената заштита во воени услови.

Здравствената заштита е фактор со позитивно влијание врз човечките потенцијали на државата преку зачувување на здравјето и излекување на болните и повредените.

Во организирањето и спроведувањето на санитетското обезбедување покрај санитетските кадри, значајна улога имаат командите, единиците и секој поединец во единиците, како и здравствената служба, управнинте органи, други организации и стручни асоцијации и секој граѓанин.

Последици предзвикани од воени дејства се:

-подолго траење на лекувањето и поголема смртност на п/з;

-големо влошување на хигиенско-епидемиолошката ситуација поради отежнатите можности за одржување лична и колективна хигиена, недоволна исхрана, физичка и психичка истоштеност на луѓето, евентуална контаминација на земјиштето, водата и храната со РХБ контаминанти, миграциите на населението, големи разурнувања во населбите, оштетувања на санитарните и комуналните објекти (ова многу неповолно ќе се одрази врз ресурсите и врзекологијата на целата територија, врз населението, како и врз припадниците на вооружените сили);

-голема изложеност на силите и средствата на здравствената и санитетската служба на дејствата на современото оружје, односно нивно уништување;

-значајно зголемување на задачите на здравството и потребите од санитетски материјални средства.

Високиот степен на загрозеност на еколошката рамнотежа како и на здравјето (масовност на жртвите) во современа војна го наметнуваат проблемот на усогласување и задоволување на големите потреби со ограничените кадровски и материјални сили.

Расчекорот помеѓу потребите и можностите се разрешува со разни мерки како што се: усогласување на нормативите за здравствена заштита според реалните можности, се вршат повеќе прилагодувања, се спроведува медицинска тријажа, санитетска евакуација, маневрирање со силите и средствата се врши

потпир кон сојузниците и др. Во такви услови организациските решенија и правовременските измени може да имаат пресудно значење.

**Рамништа на здравствената заштита**

За разлика од мирновременските организациски форми и од поделбата на самопомош, примарна, секундарна и терциерна здравствена заштита, со користење одбран или семеен доктор и општи или одредени специјалистички ординации и можноста за користење разни видови на осигурување и конфор на услугите, во воеността организирање со цел за рационална употреба на кадрите и средствата, се опишуваат следните рамништа на здравствена заштита во мисии:

1. Рамниште на здравствена самозаштита, кое ги опфаќа најосновните мерки за превентивна медицинска заштита и мерките за медицинска самопомош и заемна прва помош. На овој начин се постигнува масовност, благовременост и подобар успех во заштитата и лекувањето и се штедат професионалните медицински сили. Тоа може да се постигне преку масовно обучување, со курсеви за прва помош и со здравствено воспитување и образование.

2. Општо медицинско рамниште, кое опфаќа единство на превентивни и куративни мерки во рамките на работата на доктор по медицина и неговиот тим од кадри со средна и виша медицинска стручна подготовка, помошен и административен персонал.

3. Специјалистичко рамниште, кое опфаќа мерки во рамките на работата на доктори специјалисти од одредени медицински гранки (првенствено хирурзи, интернисти, невропсихијатри, епидемиолози, медицински еколози и др.).

4. Високоспецијалистичко рамниште, кое опфаќа мерки во рамките на работата на доктори субспецијалисти (токсиколози, кардиолози, неврохирурзи, вирусолози, ентомолози и други влучувајќи научноистражувачка работа и медицинска експертиза).

**Модел за организација на здравствената заштита во војна**

Постојат повеќе можни модели за подготовки и организација на здравството во една земја за случај на вооружен судир, на пример: со единствена здравствена служба за сите структури или самостојни здравствени служби за одредени структури во државата или нивна комбинација.

Моделот со *интегрирана здравствена заштита* во војна се засновува врз идејно и функционално единство на здравствената служба од цивилното здравство, санитетската служба од вооружените сили и медицинската служба на сојузниците, како и на сите други учесници кои се вклучуваат во остварувањето на здравствената заштита (црвениот крст, стручни и други организации) и меѓународни ресурси. За да се оствари овој модел потребни се и подготовки со заедничко планирање и координација, а мрежата на здравствени

установи да се проектира по **региони**, во кои во голема мерка ќе се остварува целосна здравствена заштита на територијата на регионот.

Како минимум во секој *регион* треба:

-да се спроведуваат превентивни медицински мерки на општо и специјалистичко рамниште;

-да се укажува општа медицинска и специјалистичка помош со амбулантно-поликлиничко и болничко лекување;

-да се врши медицинско снабдување и галенско производство;

-да се врши прибирање и конзервирање крв; и

-во определени региони да се врши производство на СнМС и школување на медицински кадри.

Се зголемува потребата од општи поливалентни болници со можност да формираат и да упатуваат на теренот стручни тимови, како и да се обезбедат дисперзирани резерви.

Секако е потребна координација и соработка помеѓу здравствените региони и обезбедување потпир за високоспецијализирана здравствена заштита.

**Основни носители на здравствената заштита во интегрирано здравство**

Најбројни и најдобро опремени во овој модел на организирање се цивилната *здравствена служба*, *санитетската служба на нашите вооружени сили и медицинската служба на сојузниците.*

Здравствената служба како најмасовна во државата, со установи од постојан или привремен тип и мобилни екипи, со различно рамниште на стручност и намена обезбедува најголем дел од потребите на населението и дел од потребите на вооружените сили. Воената санитетска служба првенствено ги обезбедува вооружените сили. Сојузничките медицински сили, може однапред да бидат планирани во системот на здравствената заштита во воени мисии и вонредни услови, или при непосредни потреби во одредени ситуации може да биде побарана нивна помош и ангажирање.

**Други учесници во интегрирана здравствена заштита**

Најважни задачи на другите учесници во интегираната здравствена заштита се за пронаоѓањето на п/з на поширок терен, укажување прва помош (особено кај масовни несреќи), евакуација, физичка заштита на п/з и укажување домашна нега.

Во зависност од организациските решенија во државата (модел со цивилна одбрана и/или заштита, национална гарда или други масовни и специфични структури за организирање на населението или државните структури) според можностите, со планирање и координација се одредуваат соодветни здравствени задачи.

Црвениот крст, стручните организации на здравствени и други работници како и сите граѓани. Меѓународни медицински сили: при непосредна потреба, во одредени ситуации, може да биде побарана нивна помош како и ангажирање меѓународни хуманитарни организации и агенции на СЗО.

Подготовките на носителите и другите учесници за здравствена заштита во наведените ситуации мораат да се одвиваат плански, систематски и континуирано. Извршувањето мора да биде координирано и соодветно.

Единствена воена медицинска доктрина

За успешно извршување на задачите на здравствената заштита во воени мисии задолжително е познавање, усвојување и спроведување на единствената воена медицинска доктрина како консензус. Таа претставува и една од мерките преку кои се врши стручна координација во работата помеѓу разните учесници при интегрирано здравство и соработката со сојузниците - интероперативност.

Единствената воена медицинска доктрина претставува научно систематизиран и презентиран збир, со консензус прифатени начела за улогата, задачите и организцијата, како и за медицинските мерки, постапки и методи на здравствената заштита во војна.

Поставките на единствената воена медицинска доктрина се засновуваат на општовоената доктрина, развитокот на воената техника и вооружување, степенот на развитокот на медицинските науки посебно на воената медицина и фармација, можностите за опремување со СнМС и др.

Единството на сфаќањата и дејностите на здравствените кадри во војна се постигнува преку школувањето (и обуката), и со употребување еднообразна военомедицинска документација, терминологија и опрема. Доктрината се формулира, се озваничува и се публикува. Таа е подложна само на званични измени кои мора да бидат навремено доставени и усвоени од сите извршители.

Покрај општиот и организацискиот дел има и специјалистички делови, па така се опишува единствена военохируршка доктрина, единствена военоепидемиолошка доктрина и сл. Оттука, независно од местото и рамништето на здравствената заштита, мора да се применуваат единствени ставови за одлучувачките мерки: тријажа, евакуација, хируршка обработка на повреди, сепса, дијагностика и терапија на заболувања и стресни реакции. Во подготовките за членство во НАТО сосема малку се спомнува ваква доктрина, а нагласени се стандардите кои се применуваат во НАТО.

**Основни начела на санитетското обезбедување**

Санитетско обезбедување (СнОб) е назив за мерките за здравствена заштита кои се спроведуваат во вооружените сили за сите единици, во сите услови, во секое време и на секое место.

Санитетското обезбедување го планираат и го организираат санитетски органи во командите и во генералштабот, а го спроведуваат единици, установи

и поединци од санитетската служба на одредени рамништа овозможени со материјални и кадровски сили, во соработка со здравствената служба и сојузничката медицинска служба.

Во спроведувањето на мерките за санитетско обезбедување на единиците се ангажираат формациски сили и средства кои обезбедуваат одредена самостојност во неговото непосредно спроведување, првенствено за укажување на општомедицинска помош, одредени видови специјалистичка помош, како и за евакуација од воените единици во болници и други здравствени установи во кои се продолжува лекувањето и рехабилитацијата. Снабдување со СнМС се врши преку санитетски снабдувачки единици кои се пополнуваат од здравствената служба, од увоз или со производство.

Санитетската служба е составен дел на вооружените сили, со своја организација, стручни кадри, единици и установи, материјални средства, опрема и возила. Таа во рамките на соодветната легислатива и научните достигнувања спроведува мерки за зачувување и унапредување на здравјето, згрижува повредени и заболени и настојува што поголем број од нив да се вратат во единиците.

Во војна, СнСл на вооружените сили се пополнува со потребен број стручни и други кадри и формира санитетски воени единици. Секој оперативен баталјон е осамостоен за санитетско обезбедување со лекар. Со преструктуирањето може, поголемите санитетски единици да бидат централизирани на рамниште на корпус со цел да се растеретат оперативните единици. Во мисии овие единици се зајакнуваат со санитетски кадри и единици. Разновидна е организираноста на СнСл во одредени видови. Специфична е во воздухопловството или морнарицата (со целосна самостојност или со потпир врз СнСл од копнената војска).

Организацијата на санитетското обезбедување мора секогаш да биде прилагодена на задачата на единицата и на борбената ситуација.

На правците и во реоните каде што се очекуваат поголеми санитетски загуби потребно е да се обезбеди и поголема санитетска поддршка. Ова се постигнува со соодветен распоред т.е. со групирање на санитетски единици и нивен маневар, како и со потребно снабдување со СнМС и санитетски возила.

Медицинската помош мора постојано да им се укажува на повредените и заболените, од моментот на повредувањето - заболувањето до излекувањето. Притоа се одредува опфатот на медицинската помош на санитетските етапи за да може целисходно да се користат силите и средствата.

Одделни форми на медицинска помош ги содржат пред сè оние мерки со кои се спасува живот и се обезбедува успех во лечењето на што поголем број повредени и заболени.

Повредените и заболените за кои со прогнозирачка тријажа ќе се одреди дека не може да бидат излечени и оспособени во одреден, релативно краток

период, се евакуираат во установи на здравствената служба или кај сојузниците со претходно укажување на максимално можна медицинска помош.

Обемот на медицинската помош на санитетските етапи се прилагодува на вистинските можности и на условите.

Кога бројот на санитетските загуби ќе ги надмине можностите на санитетската служба, особено кога тие ќе настанат брзо и во голем број, неопходно е на п/з да им се укаже само најнужна медицинска помош со цел, првенствено на што поголем број да им се спаси животот, а потоа да се обезбедат услови за успешно натамошно лекување.

Медицинска тријажа на п/з мора постојано да се спроведува, со цел борците способни за извршување на своите задачи колку е можно поскоро да се вратат во единиците, а на другите повредени и заболени да им се обезбеди навремена медицинска помош и евакуација до санитетските етапи, односно до здравствена установа во која ќе се заврши лекувањето.

Евакуација на п/з постојано се спроведува со цел што поскоро да стигнат до местото или санитетската етапа, каде што може да им се укаже соодветна медицинска помош. Санитетската евакуација во најголема мерка се усогласува со конкретната борбена ситуација, со состојбата на п/з и со можностите за транспортирање.

Во спроведувањето на основните санитетски мерки (основни превентивни медицински мерки, прва помош и др.) се ангажираат, колку е можно повеќе несанитетски лица од единицата, а санитеткиот кадар ги спроведува оние мерки за кои е неопходна медицинска стручност.

Основните превентивни медицински мерки мора да се спроведуваат постојано и во сите услови.

Санитетското снабдување се организира така што на единиците и установите на ВС навремено да им се обезбедуваат СнМС. Ова се постигнува доколку санитетското обезбедување редовно се прилагодува на борбената ситуација и потребите на санитетската служба и со обезбедување и потпирање на ресурсите на територијата и сојузниците, за користење на сите расположливи средства. Нужно е секогаш да се одредува кои единици имаат приоритет во санитетското снабдување.

Големите и нерамномерни потреби од СнМС на разни делови на територијата ќе може да се обезбедат првенствено со целисходен распоред на резерви со СнМС, со брзи маневри на резервите и со доставување во сите услови.

Санитетските материјални средства мора да се употребуваат многу рационално, важно е да се врши нивно регенерирање и често да се користат импровизации и заменување на средства кои недостасуваат со други слични средства.

Воените услови наложуваат постојано и во сите ситуации да се спроведуваат мерки за заштита на СнМС, контрола на нивната исправност и да се обезбеди што подобро чување и одржување.

Во контролата на исправноста на СнМС учествуваат, на одреден начин и во рамките на својата стручност и надлежност, сите органи на СнСл кои се грижат за санитетското снабдување, како и оние кои ги користат СнМС.

Секоја санитетска единица и установа е должна постојано и во сите услови, со сопствени сили и средства да спроведува мерки за борбено обезбедување и безбедност, за спречување и ублажување на дејствата на непријателот, односно за отстранување на последиците од овие дејства.

Санитетскиот кадар мора постојано да се обучува и да се усовршува. Во обуката е важно пренесувањето и усвојувањето на искуствата од работата на санитетски служби во други вооружени судири, хуманитарни интервенции во вонредни состојби и сл. и обука со опрема од сојузнички медицински служби.

Посебно значење има постојаната обука на целиот состав на вооружените сили во спроведувањето на основните превентивни медицински мерки и во укажувањето прва помош.

Подготовките, организацијата и спроведувањето на СнОб претставуваат делови од борбените и од други активности на воените единици.

Санитетското обезбедување претставува збир на функции и задачи со кои се обезбедуваат здраствени услови за борба, живот и работа на ВС со чување на здравјето, згрижување на повредените и заболените, снабдување со СнМС и медицинска едукација.

Соодветни мерки за санитетско обезбедување се спроведуваат во секоја единица и установа на вооружените сили во онаа форма и во оној опфат кој, со постојните кадри и средства се овозможени во рамките на континуираната дејност и според добиената конкретна задача со одредено времетраење.

Санитетското обезбедување мора да биде навремено и постојано. Санитетските органи во вооружените сили мораат брзо да реагираат и да го прилагодуваат СнОб при секоја значителна измена на ситуацијата. Различно се организира СнОб за единици во напад или во одбрана, за борба во окружување, за премин преку пречки, за марширање или одмарање, за борба дење или ноќе, во населено место или во планина, со или без НХБ средства и за која било можна комбинација на услови.

**Содржина на санитетското обезбедување во мисија**

Санитетското обезбедување на вооружените сили во мисија опфаќа организација и спроведување:

-превентивна медицинска заштита;

-медицинско згрижување на повредени и заболени; и

-снабдување со санитетски матријални средства.

## Заклучок: Ооснови за развој на санитетската служба

Се проценува дека нашите вооружени сили не можат да бидат целосно самостојни во поглед на санитетското обезбедување. Како најсоодветен се оценува моделот на интегрирано здравство.

Потребно е да се спроведат добри мирновременски подготовки, здравствената заштита соодветно да се организира за функционирање во вонредни услови заради задоволување на потребите на вкуното население и за потребите на вооружените сили.

Воената организација на здравствената заштита произлегува од реалните кадровски и материјални можности. Структурата на здравствените организации и санитетските органи, единици и установи за извршување на задачи во посебни услови, мора да биде утврдена и со вежби проверена. Особено е важно да се преиспитаат капацитетите за производство на лекови и обезбедување со крв и крвни деривати, капацитетите за евакуирање на п/з и резервите со лекови и други СнМС. Санитетската служба мора да биде способна да укаже прва помош на п/з што побрзо (не подоцна од 30 минути од повредувањето), општа медицинска помош, не подоцна од два часа од повредувањето и неодложна специјалистичка (хируршка) помош до 6 часа по повредувањето. Санитетското снабдување да биде секогаш навремено, да има доволно мобилни санитетски етапи, и евакуацијата да биде брза. Болничкото лекување и рехабилитацијата во здравствени организации или во странство да бидат брзо достапни и ефикасно да преземат околу 80% од загубите во вооружените сили.

Плановите за пополнување на санитетската служба (мобилизација) да бидат реални и проверени. Да бидат застапени принципите на интероперативност со современа технологија и обука.

**ЛИТЕРАТУРА**:


1. SSNO. Vojna interna medicina. Beograd:IVNID. 1982:17-21 i 31
2. Николовски Б. Епидемиологија-општ дел. Скопје: Просветно дело.1994:40, 85-92 и 133-146
3. Станојевиќ В. Историја ратних зараза. Београд: Златибор. 1924
4. Апостолски М. Развојот на санитетската служба во текот на народноослободителната војна на Македонија. Скопје:Гласник на ИНИ; 3/2-1960:5-27
5. Камчевски Г. Санитетска служба НОВ Македоније. Београд:ВИЗ. 1971:239-
6. SSNO. Pravilo sanitetske sluz'be oruz'anih snaga u ratu. Beograd:VIZ. 1977
7. Собрание на Р. Македонија. Закон за здравствена заштита. Службен весник на Р. Македонија бр.38/91,46/93,55/95.
8. Панчевски Г. Уредник. Женевски конвенции од 12 август 1949 и дополнителни протоколи од 1977. Скопје:Сигмапрес. 1994
9. Собрание на Р. Македонија. Закон за здравствено осигурување. Службен весник на Република Македонија бр. 25/2000
10. Кочоски С. Воена логистика-основи на логистичкото обезбедување на армијата. Скопје: Магнат. 1997:108-18 и 214-19

11. Министерство за одбрана. Правило за служба во АРМ.1995:143-50
12. Собрание на Р. Македонија. Закон за одбрана. Сл. весник на Р. Македонија бр.8/92
13. Министерство за одбрана. Стручно упатство за санитетско обезбедување на мобилизацијата на вооружените сили на Република Македонија. МО-ГШ на АРМ-Санитетско одделение. Скопје. 1993
14. NATO. Allied Joint Medical Support Doctrine. Allied Joint Publication (AJP) 4.10. Document. Brussels:SHAPE. 1999
15. Anonymous. Medical Services. In: Royal Military College of Science. Volume 11.POWERING WAR- Modern Land Force Logistics. London-New York:BRASSEY'S. 1994:69-8
16. Anonymous. Medical Support. In: Senior Nato Logisticians' Conference Secretariat. second edition. NATO Logistics Handbook. Brussels:NATO Headquarters. 1994:145-3
17. Allied Command Europe. ACE Medical Support, Principles, Policies and Planning Parameters. Directive 85-5. 16 June 1989. Brussels: Supreme Headquarters Alliend Powers Europe. 1989

# ВОЕНОИНДУСТРИСКИ КОМПЛЕКС

**Оливер БАКРЕСКИ**
Филозофски факултет, Институт за одбрана - Скопје

**Апстракт:** *Денес сме сведоци на интензивно вооружување на државите, кои набавуваат или изработуваат нови оружја и воени технологии.*
*Држави кои не располагаат со соодветна индустриска база наидуваат на тешкотии кои се рефлектираат на вкупниот развој на државата, а со тоа влијаат и на способноста на државата за одбрана и заштита.*
*Истражувачкиот опус во овој научен труд е фокусиран претежно на индустриската база. Во трудот, акцентот е ставен на неколку за нас битни диференцијации кои постојат помеѓу индустриската база, буџетот за одбрана и воеиндустрискиот комплекс. Во рамките на индустриската база се обработени неколку карактеристики, а се однесуваат на материјално-техничката база како основа и елемент на одбранбено-заштитните системи и нивната стабилност, потоа согледувањата за индустриската база како средство за воведување на нови технологии и основа за индустријализацијата итн.*
*Во трудот како што беше претходно потенцирано, ќе се осврнеме и на буџетот за одбрана. Тука, пред сè вниманието е насочено кон факторите кои ги детерминираат средствата кои се потребни и кои се издвојуваат за потребите на одбраната. Еден дел во рамките на буџетот за одбрана е посветен на прашањата кои се однесуваат конкретно на трошоците за одбраната.*
*Предмет на анализа во овој научен труд е воеиндустрискиот комплекс или поконкретно, обработени се елементите кои го карактеризираат воеиндустрискиот комплекс, како и промените кои е потребно да се направат, за да истите можат да одговорат на новите предизвици, а пред сè на потребите на одбранбените системи.*
*Во делот кој се однесува на Република Македонија, се потенцира потребата при изградбата на својата одбрана таа да води сметка и за потребата од перманентна интеграција на новите техничко-технолошки и воени достигнувања во системот на одбраната.*
*За надминување на актуелната состојба, во основа се изнесени насоките кои треба да овозможат заживување на една втемелена практика која е доминантна и која дава позитивни импликации во државите со слични карактеристики како и нашата.*

***Клучни зборови:*** *индустриска база, буџет за одбрана, трошоци за одбана, воеиндустриски комплекс.*

**Abstract:** *Today we are witnessing an intensive armament of states which procure or construct new weaponry and military technologies.*
*Those states which do not posses an appropriate industrial base encounter difficulties that reflect on the overall development of the state, and thus influence the capability of the state in defence and protection.*
*The research opus of this scientific paper is mostly focused on the industrial base. The paper stresses several important differentiations which exist among the industrial base, defence budget and military-industrial complex. Within the framework of the industrial base, several characteristics are being treated which concern the materially-technical base as a foundation and an element of defence-protective systems and their stability, then anticipations about the industrial base as a tool for introduction of new technologies and basis for industrialisation and so on.*
*As previously mentioned above, another topic that is going to be treated in this paper is the defence budget. The attention is primarily directed towards the factors which determine the necessary means that are separated for the needs of defence. In the framework of the budget one part concerns questions which deal specifically with the expenditures for defence.*
*A subject of analysis of this paper is also the military-industrial complex and the elements which characterise it, as well as the changes which are necessary to be made so as to be able to meet the needs of new challenges and above all the needs of defencive systems.*
*The part referring to the Republic of Macedonia emphasises the need for building its own defence, as well as the need for permanent integration of the new technical, technological and military achievements in the system of defence.*
*In overcoming the current state some directions are presented which should enliven an established practice which is dominant and gives positive implications in the states with similar characteristics as ours.*

**Key words:** *industrial base, defence budget, defence expenditures, military-industrial complex.*

## Вовед

Во човековата историја секогаш постоела потребата за одбрана, но и за освојување и покорување на другите. За одржување на овие потреби човекот од стари времиња употребувал оружја кои со текот на времето се повеќе се усовршувале. Секако дека овие промени не настанале наеднаш, туку за нив било потребно да поминат долги временски периоди. Во последните два века, како резултат на развојот на науката и зголемувањето на производството на оружје, се случија такви револуционерни промени кои битно се одразија и во начинот на кој се водат војните. Војните кои се водени во последниот век се карактеризираат со голем број жртви, во споредба со сите други војни водени во последните неколку века. Развојот на средствата за војување има достигнатото такво ниво, кое може да доведе до уништување на целата човекова егзистенција на планетата.

Денес сме сведоци на нови видови оружја како последица на примената на техничко-технолошките достигнувања токму во воената индустрија. Имено, бројни тимови составени од најдобрите научници и практичари, се ангажирани и работат на иновирање, на усовршување и на конструирање нови видови оружје и опрема наменети за војската.

Најновите техничко-технолошки достигања одат со брзо темпо кое овозможува бројни, различни видови оружја да бидат застарени веќе во моментот кога ќе влезат во сериско производство.

Високоразвиените држави се натпреваруваат да произведат побрзи и попрецизни видови оружја.

Развиените и добро вооружените земји често повикуваат на најстрога контрола на извозот на оружје и воена опрема, сметајќи притоа, дека токму неконтролираниот трансфер на оружје придонесува за зголемување на затегнатоста во одделни региони, па дури и непосредно влијае на избувнувањето вооружени судири. Спротивно на тоа пак, производителите на тоа оружје никако да преземат практични чекори и да го намалат производството.

Производството и прометот на вооружување и опрема во најголема мера се засноваат на цивилно-комерцијални технологии и со фирми во приватна сопственост кои се во состојба своето работење да го насочат кон остварување на вакво производство а со тоа и кон задоволување на потребите на одбраната и создавање профит.

Денес индустријата, односно производителите на вооружување и воена опрема, треба да се прилагодуваат и да се подготвуваат за поддршка на новите одбранбени потреби, а тоа подразбира и нивна трансформација согласно новите определби, пазарно да се ориентираат, да бидат спремни и да понудат нова технологија и производи.

Во натамошниот текст ќе се обидеме да ја презентираме индустриската база, потоа факторите кои го детерминираат буџетот за одбрана како и воеоноиндустрискиот комплекс, со посебен осврт на сегашната состојба во Репулика Македонија.

## Индустриската база и одбраната

Високоразвиените земји се потпираат на индустриската база (ИБ), како основа во изградбата на ефикасна и успешна одбрана.

Живееме во време на скапа опрема, пораст на трошоците за одбрана и буџетите за одбрана. Државите не можат да го избегнат прашањето за ефикасноста и компетентноста на нивните одбранбени индустрии.

Одбранбено-заштитните и безбедносните системи се мошне специфични и сложени системи. За да можат непрекинато да ја извршуваат својата основна функција потребно е да се потпираат врз определени материјално-технички и инфраструктурни погодности.

Материјално-техничката основа на одбранбено-заштитните системи претставува елемент на нивната стабилност, па затоа во современи услови на живеење, државите им посветуваат на истите големо внимание.

Обезбедувањето на материјално-техничката база е значајна за структуирањето, издржувањето и развојот на одбранбено-заштитниот и безбедносниот систем на земјата. Големо и пресудно значење има производството од сопствените производни и услужни капацитети со кои

располага државата[1] . Тоа е особено важно, затоа што на одреден начин ќе се избегне зависноста, која неминовно ќе се наметне од договорните процеси.

Современиот свет во којшто жививееме, покрај останатото се разликува и со феноменот на општата индустриска или производна милитаризација, која повеќе или помалку ги зафаќа сите високоразвиени земји, со тенденција да се пренесе и на земјите во развој. Во напорите да ја зачуваат својата политичка, економска и воена доминација, високоразвиените земји, развиваат разгранет производствен потенцијал за оружје и воена опрема.

Денес, во време на скапа опрема, и кога имаме пораст на средствата кои се издвојуваат за потребите на одбрана, а со тоа и на буџетите за одбрана, државите не можат да го избегнат прашањето за ефикасноста и компетентноста на нивните одбранбени индустрии. Ако се земат предвид одредени податоци ќе се дојде до заклучок дека сè уште се евидентни елементите кои зборуваат за постоење на монопол и отсуство од натпреварување кога се работи за добивање на договорите, преку кој ќе се реализира одредена потреба на државата која треба да биде наменета за вооружените сили. Ова секако дека не може да помине без да предизвика одредени импликации, а тие се рефлектираат на се поголемите трошоци, доцнењето на испораките, откажувањата, прекумерните профити, слабата продуктивност на работната сила, трупање на работна сила и намален извоз.

Военоиндустрискиот комплекс (ВИК) во Европа се повеќе е критикуван за создавање на непотребни трошоци при скапите истражувања. Кај некои аналитичари преовладува мислењето дека тоа е причината што европскиот ВИК заостануваат во споредба со САД. Своевидна алтернатива за надминување на проблемот, повеќето ја гледаат во интензивирањето и јакнењето на соработката помеѓу европските држави.

Кај некои држави како Бразил, Кина Индија и други, во ИБ се гледа како на средство за воведување на нови технологии, што претставува базична точка за индустријализација. Дискусиите за ефикасноста, компетентноста, добивката и трошоците на домашната индустриската база на одбраната резултираа со дополнување на прашањата за кои постојат повеќе можни одговори.

Со сигурност можеме да констатираме дека денес светските мултинационални компании, на кои основна дејност им е производството на оружје и воена опрема се водечки профитабилни фактори и имаат многу големо влијание на глобалната политичка карта на светот. Капацитетите во индустријата кои се занимаваат со производство на оружје и опрема во еден голем дел се приватизирани и пазарно ориентирани. Тоа им овозможува на

[1] Т. Гоцевски, *Економика на одбраната*, Универзитетска печатница Св."Кирил и Методиј", Скопје, 1996, 114.

државите успешно користење на воените ресурси, кои претставуваат посебен проблем. Земјите во развој се соочуваат со голем број проблеми , затоа што тие немаат соодветни механизми како оние во приватниот сектор, кои водат до поголема ефикасност. Нормално кај нив преовладува мотивот за поголем профит и конкуренцијата.

После процесот на трансформација на државите и настаните од 90-те години на минатиот век, поголем број на индустриски развиени држави ги редуцираа средствата кои ги издвојуваат за потребите на одбраната. Претходно, во времето на интензивирање на трката во вооружувањето и усовршувањето на воените арсенали, високоразвиените земји создадоа поголем профит, како резултат на бенифициите кои ги имаа при реализација на програмите. Крајот на 20 век како водечка држава која е најголем извозник на високософистицирани воени системи, ја издеференцира САД.

Високите технологии денес, кои се резултат на развиената воена индустрија, создаваат големи можности за хипертрофирање на уништувачката моќ на современите средства за војување[2].

Самото високотехнолошко хипертрофирање на уништувачките можности на современите воени системи, подразбира и дополнително издвојување на нови материјални средства за потребите на прилагодување на воената индустрија[3].

Државите кои немаат на располагање доволно количина идустриска база, вклучувајќи ја и Република Македонија, потребно е првенствено да се ориентираат кон:

- преструктуирање и насочување на развојот;
- форсирање двонаменски капацитети;
- изградба на капацитети со повеќе производни програми;
- правилна просторна разместеност на капацитетите;
- флексибилна организација на работата;
- адаптација на технолошките капацитети на одбранбените критериуми и барања итн.

Научно-технолошкиот прогрес има пресудно значење во забрзувањето на стопанскиот развој. Денес се настојува правилно да се оцени улогата на домашната и пред сè на увозната техника и технологија, како највлијателен развоен ресурс, и притоа да не се предизвикаат последици од економска, политичка и одбранбено-заштитна и безбедносна природа.

---

[2] Пошироко види: Нацев З.и Начевски Р., *Војна, мир и безбедност*, Македонска ризница, Куманово, 2000, 135.

[3] Исто, 136.

Како резултат на развиената ИБ, најголем број нови пронајдоци и технологии, својата прва примена ја наоѓаат токму во воената сфера[4] . Може да се каже дека се зголемува и бројот на научно-истражувачките проекти кои ги финансира државата преку воените буџети кои одат како потврда на претходната констатација.

Одбранбено-заштитните системи се заинтересирани за нови технологии поради следното:

- тоа ќе им овозможи нивна примена во наменското производство т.е. во воеnoиндустрискиот комплекс;

- ќе води кон подобрување на технолошкото ниво на производните капацитети кои се определени како претпријатија од посебен интерес за одбраната;

- како можност за производство на конјуктурна опрема и оружје кои можат да се извезуваат на светскиот пазар;

- создавање услови за производство на ефикасни системи;

- се овозможува стратегиска подвижност на стопанството како материјална база на овие системи итн[5] .

Земјите во транзиција се судираат со структурни пореметувања во стопанството, имаат висока стапка на невработеност, и долгогодишен пад на општествениот производ. Тие се заинтересирани за надминување на состојбата преку обезбедување на некој од неопходните приоритети, кои се определени со ИБ.

## Буџетот за одбрана

Потребите кои ја детерминираат побарувачката за поголемо учество на одбранбениот буџет за потребите на вооружените сили, некогаш се одразуваат и на борбената готовност на вооружените сили.

За да може државата во целост да ги реализира своите функции, кои се определени со Уставот, мора да обазбеди нужни материјални и други претпоставки[6] .

Целта на буџетот за одбрана е да ги обезбеди потребните средства, со кои ќе овозможи непречено извршување на основната функција на одбранбено-заштитниот систем, а тоа е заштита на независноста и територијалниот интегритет на државата.

---

[4] Во терминологијата ова организирање на производството се нарекува т.н. нулта серија. Тоа всушност претставува остварување на производство на некој производ за потребите на одбраната на земјата, кој првпат технолошки се пушта во производствена програма како пробно производство.

[5] Пошироко види: Т. Гоцевски, Економика на одбраната, Универзитетска печатница Св."Кирил и Методиј", Скопје, 1996, 96.

[6] Исто, 119.

Буџетот за одбрана може да се набљудува преку неговото влијание врз одбранбената способност на земјата, или преку прикажување на последиците од политички договорен процес меѓу различни заинтересирани групи во воеоиндустрискиот комплекс. Од друга страна, буџетот за одбрана целосно ни дава преглед на состојбата, како расходите се распоредени помеѓу платите и надоместоците, операции и одржување, опремување и изградба, истражување и развој и другите инпути (влезни податоци) што се потребни да ја дадат, како краен резултат-одбраната.

Преку буџетот за одбрана се утврдуваат и изворните приходи од кои се утврдува висината на средствата која треба да ја обезбеди државата за потребите на одбраната.

Ако се анализираат државите-членки на НАТО, може да се констатира дека во одбранбениот буџет доминираат трошоците кои се наменети за персоналот и други оперативни активности. Тоа се должи на фактот дека САД и Велика Британија се потпираат на професионалната војска како носечки елемент на одбранбените системи, додека останатите држави-членки на НАТО, имаат воспоставено комбиниран пристап (доброволна и регрутна војска), кој придонесува да се помести тој редослед.

Според проценките на Меѓународниот институт за истражување на мирот (СИПРИ), светските воени трошоци за 1999 година изнесуваат 719 билиони долари[7]. Во споредба со претходната година, тие бележат благ пораст од 2.1%. Во периодот после Студената војна, светските воени трошоци, бележеа пад. Тој беше прекинат во 1996 год., а во периодот од 1996-99 година, светските воени трошоци флуктуираа (се променија). Постои веројатност дека порастот од 1999 год. ќе продолжи ако се имплементираат тековните планови за трошоците, но дали светските воени трошоци ќе ја преминат ниската граница и ќе влезат во период на долгорочен пораст е сè уште предмет на политичка одлука.

Како главна причина за вкупниот пораст на воените трошоци во 1999 година, се наведуваат некои главни потрошувачи, меѓу кои САД, Франција, Русија, Кина, Бразил и Турција. Постојаниот пораст во Јужна Азија, како и во западноевропските држави, исто така придонесоа за порастот во светски рамки. Покачувањето на африканските воени трошоци во 1999 год. нема значително влијание во светски рамки, поради релативно малата големина на трошоците.

Глобалните воени трошоци во основа се концентрирани на неколку земји. Десетте главни потрошувачи користат речиси три четвртини од средствата, но сепак, тоа не се земјите, каде воениот сектор го претставува најтешкиот економски товар. Тоа генерално се сиромашни земји, оние земји кои се во

---

[7] Види: Прилог 1.

вооружен конфликт или оние кои се лоцирани во областите со зголемена тензија[8].

Одбранбените буџети најчесто во основа се детерминирани или се определени од неколку фактори:

- од потребите на Министерството за одбрана;
- од специфичноста на задачите кои се реализираат;
- од големиот степен на одговорност што ја имаат при извршување на планираните активности;
- уставната обврска итн.

Самиот пристап кон овој проблем се фокусира на инпутите, давајќи ги при тоа годишните трошоци на Министерството за одбрана и вооружените сили, персоналот, средствата кои се издвојуваат за платите и надоместоците, за операции и одржување, за опремување и изградба, заедно со трошоците за истражување и производство, вклучувајќи ги и активностите предвидени на секој од секторите поединечно во рамките на Министерството за одбрана.

Меѓутоа, потребно е да се потенцира дека влезните буџети се лимитирани т.е. ограничени, од начинот на проценка на ефикасноста на одлуките за доделување на средствата во одбраната.

Влезните буџети треба да го изразуваат видот на информациите кој е потребен за проценка на ефикасноста, односно продуктите или излезните податоци од вооружените сили и нивните трошоци на производство. Но тие не го прават тоа.

Барањето на соодветно решение на влезните буџети за одбрана, води кон развој на алтернативни пристап т.е. програм или излезен буџет.

За разлика од претходните, програмското буџетирање или планските, програмски буџетски системи (ППБС), обезбедуваат информација за проценка на ефикасноста со која Министерството за одбрана ги користи средствата. Но најнапред како аргумент на сето тоа потребно е да се одговори на неколку прашања:

---

[8] Трошоците кои се наменети за производство на оружје, рапидно се зголемуваат од ден на ден. Американскиот буџет за таа намена, предложен за фискалната 2001 година (ФГ), 60 билиони долари, е за 29% поголем отколку оној за ФГ 1998, и 9% поголем од оној за ФГ 2000, а планирани се понатамошни покачувања за период од пет години ФГ 2001-05 (Табела 1). Европските земји, партиципиенти во НАТО почнаа да ги зголемуваат нивните трошоци за воена опрема во 1996 година. На почетокот на 2000 Русија најави 50% пораст на средствата кои ќе се издвојуваат за таа намена. Во неколку земји во источна Азија, производството на оружје исто така зема голем дел од вкупните воени трошоци. Едно објаснување за оваа диспропорционалност во порастот на производството на оружје е желбата да се поддржи домашната индустрија за оружје во еден тежок период на прилагодување и зголемена конкуренција на светскиот пазар.

Цената на воените активности е поголема од онаа која е прикажана во официјалните владини документи. Некои дополнителните трошоци, за кои се потребни и дополнителни средства се реализираат преку прикриени сметки во владиниот буџет, а некои потреби се финансирани надвор од официјалните буџети.

1. Кои се целите на Министерството за одбрана или на секој сектор поединечно, и дали е можно да се определат во целост програмите кои ќе се однесуваат на тие цели;

2. Утврдување на можни алтернативни патишта за постигнување на поставената цел;

3. Кои се трошоците за реализирање на секој програм;

4. Ограничувања кои можат да се јаваат на патот до постигнувањето на целта;

5. Дали има алтернативни методи за исполнување на секоја програма и која е цената и резултатот на секоја алтернатива.

Програмското буџетирање беше воведено со цел да обезбеди соодветна рамка за примена на анализите за исплатливост или потрошеност, како и определување на ефикасноста на секоја воена структура поединечно.

Системот на планирање, програмирање и буџетирање е развиен во САД и него го применуваат и другите земји-членки на НАТО. Системот на планирање во основа значи остварување активности за проценување на ризиците и средување на стратегиите, развој на силите и определување на потребите, како основа за претворање на стратегиите во програми и за усогласување на целите и средствата[9].

Програмското буџетирање се смета како планирачка направа, која денес заедно со буџетирањето на нулта основа (ЗББ), претставуваат нијприменувани буџетски системи во поголем број развиени држави во светот.

## Военоиндустриска база (ВИБ)

Индустријата има огромно значење за вкупниот стопански развој на земјата без кој не може да се замисли економска, а со тоа и политичка самостојност на земјата.

Денес, поголемиот број држави во светот настојуваат да изградат силна домашна одбранбена индустриска база.

Во некои земји ВИБ е централен дел на националната одбранбена политика.

Военоиндустриската база на една држава се потпира врз оние сектори на економијата кои можат да бидат повикани да создаваат добра и технологии кои ќе бидат во полза на вооружените сили на државата.

Уште во мирновременски период државите прават анализи за потребите на армијата, како и оние кои се резултат на зголемените побарувања, со цел да не се доведат во некоја комплицирана ситуација, која би имала и соодветни

[9] Види: А. Стаменковски, *Одбрана-економија*, НИП "Ѓурѓа", Скопје, 1997, 122-123

реперкусии на вкупната состојба во државата. Такви пореметувања се неизбежни, а најчесто можат да се јават во услови на воена состојба итн.

Денес, исто така се евидентни и голем број проблеми, поврзани со самото определување на ВИБ. Тоа се должи поради немање на прецизни и точни податоци за големината на светската индустрија за одбрана.

Воената индустријата е значајна по тоа што вработува голема работна сила. Голем број луѓе во светот својата егзистенција ја наоѓаат токму во овој сегмент[10]. Развиените држави во светот, често се јавуваат како најголеми производители на оружје и воена опрема. Како големи одбранбени изведувачи се јавуваат големите конгломерати во следните индустриски гранки: металната, хемиската, авионската, електронската, нуклеарната, ракетната, космичката, информатичката итн.

Во последните години се повеќе е присутна тенденцијата за вклучување на фирмите за потребите на одбраната преку развивање на двојна производна програма. Со сигурност можеме да констатираме дека полека се стеснува бројот на капацитетите кои имаат воспоставено производство со чиста производна програма за вооружените сили. Постои тенденција на форсирање на двонаменски капацитети или расте бројот на капацитетите кои имаат развиено комбиниран производствен програм. Со ова се создава и простор за конкуренција и појава на повеќе производители за потребите на одбранбено-заштитните системи.

Од многубројните анализи кои се правени во оваа насока може да се заклучи дека за потребите на одбранбено-заштитните системи се вклучени голем број на мали и големи фирми, било да се во државна или во приватна сопственост со различни степени на специјализација.

Делотворноста со која фирмата ја набавува опремата, ги ограничуваат одделните трошоци и квалитетот на таа опрема која може да биде купена од се помалите средства кои се издвојуваат за потребите на одбраната.

Врз основа на ова, индустриите на одбраната се главен елемент во националната одбрана.

Слободниот пазар ќе дозволи големината и структурата да биде одредена од силите на пазарот, вклучувајќи ја и странската конкуренција.

Добивките од ВИБ се очигледни и се разликуваат помеѓу високоразвиените држави и земјите во развој. Добивките од ВИБ во голема мера имаат позитивни импликации во државите, и тоа ако истите се насочат:

- во развојот;
- во нови програми кои во основа водат кон општествен прогрес;

---

[10] Според некои податоци, денес, во светот, има околу 80.000 фабрики кои произведуваат оружје и воена опрема. Во нив се вработени над 150 милиони работници.

- тие доведуваат кон подобрување на финансиската конструкција на државата;

- се создава можност за поголеми инвестициски вложувања итн.

Понатаму сето тоа се одразува и оди во насока на јакнење на други елементи како:

1. Располагањето со сопствено вооружување и воена опрема, подразбира јакнење на националната независност, а со тоа и сигурност во набавката, како и избегнување зависност од увезување на технологии. Државата е ослободена од зависноста од увоз на оружје и воена опрема, особено за време на криза и конфликт, ситуации во кои потребите повеќекратно се зголемуваат. Ова често се смета како главна придобивка од ВИБ.

2. Државите кои се зависни од набавката на оружје и опрема од други земји, често пати тоа ранливи ги прави. Тие се наоѓаат во подредена улога, затоа што мора да ги прифаќаат условите кои се наметнуваат од договорениот процес и постојано се во состојба да ги прифаќаат монополските цени кои произлегуваат од истиот[11] .

3. Набавката на оружје и воена опрема честопати не кореспондира со потребите на државата. Тоа значи дека таа не е компатибилна со програмската определба на државата (пр. ако нејзината определба е целосно интегрирање во колективните системи како што е примерот со Република Македонија, тоа бара почитување и прифаќање на општоприфатливи стандарди за земјите-претенденти во овие системи, а тоа значи усогласување на своите стандари во вооружувањето со воспоставените општоприфатливи стандарди).

4. ВИБ несомнено овозможува национални економски придобивки. Ова особено се потврдува во регионите во кои непосредно се лоцирани капацитетите за таа намена. Тука ВИБ овозможува поголема концетрација на човечкиот потенцијал и отворање нови работни места, инфраструктурни погодности, научно-технички и технолошки развој, поддршка на балансот на исплата итн.

Постојат голем број на анализи кои говорат дека ЕУ, со отворањето на своите национални пазари на одбрана, како и со присуството на светската конкуренцијата на тие пазари, на земјите-членки на ЕУ ѝ овозможија добивање на поголема заштеда во набавките за потребите на своите одбранбени системи.

## Индустрискиот комплекс и одбраната

За воеиндустрискиот комплекс постојат голем број примери кои ја потврдуваат неговата профитабилност, големиот извоз и отворањето голем број работни места.

[11] Државите често пати мора да купуваат резервни делови и репроматријали, многу поскапи од вообичаените цени како резултат на утврдената динамика во купопродажниот процес.

Самата индустриска изведба, и нејзината ефикасност, е определена од меѓусебната интеракција меѓу цените, трошоците, различноста на производите, иновациите и профитот.

Новите промени во оваа насока резултираа со модифицирање на традиционално-структурната изведба, која во себе ги инкорпорира покрај останатото и трансакциските трошоци, конкурентните пазари, играта на теорија итн.

Денес, военоиндустрискиот комплекс на САД е доминантен на големиот светски пазар. Постојат голем број примери кои потврдуваат дека големите фирми во САД истовремено се и доминантни произведувачи на оружје[12]. Државите од ЕУ исто така изработуваат бројни студии за својот ВИК.

Земјите кои имаат на располагање мали капацитети за производство за потребите на одбраната, потребно е да направат избор меѓу големината на фирмата и конкуренцијата.

Најдобрите индикатори за оптималната големина на фирмата во индустриите можат да бидат добиени со проучување на големите фирми за одбраната кои егзистираат во ЕУ, САД и другите делови во светот.

Најголемите светски компании во светот се и најголеми производители на оружје и воена опрема.

Податоците кои се достапни денес ни потврдуваат дека и покрај традиционалните производители на оружје и воена опрема, олицетворени во високоразвиените држави, се појавуваат и многу други произведители.
Денес се смета дека уште 23 држави имаат развиено ВИК оспособен за производство на технолошки најсовршени оружја (Кина, Индија, Израел, Аргентина, Бразил, Ирак, Иран и др. ).

Сепак, очигледно е дека големината на фирмите зави од тактиката на владата и од подготвеноста да плати за независен ВИК.

Военоиндустрискиот комплекс денес го карактеризираат неколку елементи:

- поместување кон цивилно производство;
- намалување на трошоците за одбраната и динамизирање на профитот;
- фирмите покажуваат интерес за двојно користење на технологиите за воени и за цивилни потреби итн.

На крајот ќе споменеме дека ВИК во земјите во транзиција мора соодветно да се адаптира на промените кои се во насока на пазарно ориентирање на фирмите, остварување на производи за цивилни потреби и натамошно одржување и врски со одбраната како и целосна приватизација на фирмите.

---

[12] Види: Прилог 2

## Република Македонија, индустриската база и одбраната

Што се однесува на финансирањето на вооружените сили на Република Македонија, како и во секоја друга држава, тоа е детерминирано пред сé од развиеноста на националната економија и од нејзините можности, соодветно да ги финансира сопствените воени сили и воената индустрија од реални извори, а со тоа да остварува и девизен прилив преку извоз на софистицирана воена техника и технологија и на тој начин да го зајакнува билансот на плаќање во земјата.

Ако економскиот систем ја чини материјалната основа на општеството и ги одразува продукциските односи во него, тогаш неодминливо се наметнува заклучокот дека тој има соодветно влијание и врз одбраната и заштитата на земјата.

РМ има значителен напредок во создавањето на материјалната основа, како за обезбедување на потребите од производи и услуги за населението, така и за потребите на одбранбено-заштитниот систем.

За одбраната на државата од особено значење е производството на вооружување и воена опрема да се базира пред сè на домашното производство и домашната технологија , а само мал дел да се потпира на увоз и странска технологија.

РМ се наоѓа во една исклучително специфична положба кога се работи на полето на ВИК. Таа не може да се пофали дека има развиен ВИК.

Материјалната основа на одбранбено - заштитниот систем во РМ ја сочинуваат:

- сопствените производни и услужни капацитети;
- наменските капацитети со кои располага земјата;
- стоковните резерви;
- увозот;
- помошта;
- воениот плен во услови на војна[13] .

Република Македонија располага со скромен број капацитети од наменско производство. За посложени системи и опрема нашата држава ќе биде упатена на увоз, а во перспектива потребно е да развиваат сопствени производни капацитети за таа намена.

Производството и прометот на вооружувањето и воената опрема претставуваат основа за снабдување на вооружените сили со потребните борбени сретства. Големиот број производи за потребите на одбраната ги произведуваат различни претпријатија кои остваруваат значајни приходи. Во РМ, тоа го прават

[13] Т. Гоцевски, *Економика на одбраната,* Универзитетска печатница Св."Кирил и Методиј", Скопје, 1996, 113-116.

претпријатијата кои врз основа на склучени договори со Министерството за одбрана го насочуваат производството според потребите на системот на одбраната.

## Наместо заклучок

Останува да констатираме дека недостигаат издадени стручни трудови за светскиот ВИК. Има потреба од добри теоретски и емпириски индустриски студии, за да се направи покомплексна компаративна анализа за проблемот кој е предмет на нашата научна опсервација. Посебно се студии потребни кои ќе дадат одговор на повеќе прашања како: однесувањето на договарачите (набавувачите) за одбрана, потоа како фирмите се однесуваат и се натпреваруваат (на пример во заеднички проекти, во контрола на профитот, во конкурентната политика за набавка, компликациите кои произлегуваат во фирмите каде има форсирање на двојните производни програми итн.).

Кога станува збор за РМ и прашањето за ВИК, со сигурност може да се каже дека во отсуство на наменски капацитети, вниманието треба да биде насочено кон постоечките производни капацитети.

Најнапред потребно е да се заокружи процесот на трансформација на стопанските капацитети, потоа истите треба да се ориентираат на двојно користење на технологијата која ќе овозможи задоволување на потребите, како на цивилниот, така и на воениот сектор. Со тоа тие ќе бидат во состојба да понудат нова технологија и производи, а ќе допринесат за остварување на поголем профит, вработување, развој во регионот каде што се лоцирани, заменување на старите со нови производни програми, а во голема мера ке ја зголемат и својата конкурентна способност.

**ЛИТЕРАТУРА**:


1. Armed Forces and Society, No2, Winter, 1994
2. Blanchard Oliver, *The Economics of Post-Communist Transition,* Clarendon Press, Oxford, 1997
3. Barrow Michael, *Statistics for Economics, Accounting and Business Studies,* Second Edition, Longman, London and New York, 1997
4. Barnes Ian and Barnes M.Pamela, *The Enlarged European Union,* Longman, 1996
5. Гоцевски Т., *Економика на одбраната,* Универзитетска печатница Св."Кирил и Методиј", Скопје, 1996.
6. Гоцевски Т., *Политичкиот и економскиот систем и одбраната на Македонија*, Универзитетска печатница Св."Кирил и Методиј", Скопје, 1995
7. Гоцевски Т., *Основи на системот на националната одбрана,* Македонска ризница", Куманово, 1998
8. Gregory Moorhead, Ricky W. Griffin: *Organizational behavior. Managing people and organizations,* Houghton Mifflin Company, Boston, 1995
9. Edward J. Chambers: *Economic fluctuations and forecasting*, "Prentice-Hall", Inc., Englewood Cliffs, New Jersey, 1961

10. Igor H. Ansoft, Roger P. Declerck, Robert L. Hayes: *From strategic planning to strategic management,* "John Wiley and sons", ltd., London, 1976
11. John Argenti:*"Practical corporate planning",* UNWIN- paperbacks, London, 1989
12. Kevin B. Tynan: *"Multi Channel Marketing",* Probus Publishing Company, Chicago, IIIinois, 1994
13. Kets de Vries, Manfred F.R.: *"The Leadership Mystique",* Academy of Management Executive, Vol.8, No.3, August, 1994
14. Milton and Rose Friedman: *"The Power of the Market"*, Free to Choose, A Personal Statement, New York, 1980
15. Neal Latham: "*Deffence Planing and Budgeting in a Democracy"*-General Considerations and Concepts, George C. Marshal Center, Garmish Partenkirchen, 1996
16. Нацев З. и Начевски Р., *Војна, мир и безбедност*, Македонска ризница, Куманово, 2000
17. Стаменковски А., *Одбрана-економија*, НИП "Ѓурѓа", Скопје, 1997
18. Somers Frans, *European Union Economies, A Comparative Study,* Addison Wesley Longman Limited, 1998
19. SIPRI Yearbook 2000, *Armaments, Disarmament and International Security,* SIPRI Stockholm International Peace Research Institute, Oxford University Press 2000
20. Thomas M. Garrett: *Ethics in business,* Sheed and Ward, Inc., New York, 1992
21. Узунов Н. и Георгиев А., *Применета економија*, "Култура", Скопје, 1990
22. Шуклев Б., *Менаџмент,* АД ГИГ "Гоце Делчев", Скопје, 1998
23. W. David Rees: The skills of management, "Routledge", London, 1991

## ПРИЛОГ 1
### Табела 1. Воените трошоци по региони, (во билиони УСД $), 1990-99 година

| | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно трошоци во светот** | 1007 | .. | 818 | 787 | 763 | 724 | 708 | 718 | [704] | [719] |
| Географски региони | | | | | | | | | | |
| **Африка** | 119 | 111 | 99 | 99 | 100 | 94 | 89 | 93 | [95] | [106] |
| Северна Африка | 24 | 25 | 27 | 29 | 34 | 31 | 32 | [35] | [37] | .. |
| Државите во Африка јужно од Сахара | 95 | 87 | 72 | 70 | 66 | 63 | 58 | 58 | 58 | [66] |
| **Америка** | 386 | 339 | 359 | 343 | 326 | 312 | 294 | 294 | [287] | [294] |
| Северна Америка | 369 | 325 | 343 | 325 | 308 | 290 | 274 | 272 | 266 | 269 |
| Централна Америка | 08 | 06 | 06 | 05 | 05 | 05 | 05 | 04 | .. | .. |
| Јужна Америка | 163 | 135 | 156 | 178 | 175 | 213 | 195 | 221 | .. | .. |
| **Азија и Океанија** | 115 | 118 | 124 | 126 | 127 | 130 | 134 | 137 | 137 | 139 |
| Централна Азија | .. | .. | 11 | 14 | 09 | 10 | 10 | 12 | .. | .. |
| Источна Азија | 951 | 979 | 103 | 104 | 105 | 108 | 111 | 114 | 113 | 114 |
| Јужна Азија | 116 | 114 | 114 | 124 | 123 | 128 | 130 | 134 | 136 | 145 |
| Океанија | 82 | 82 | 86 | 89 | 88 | 85 | 84 | 86 | 89 | 93 |
| **Европа** | 442 | .. | 275 | 260 | 253 | 228 | 226 | 227 | 221 | 226 |
| Централна и Источна Европа | [213] | .. | [599] | [526] | [520] | [368] | [343] | [361] | [292] | [330] |
| Комонвелт на независни држави во Европа | 0 | .. | [493] | [436] | [432] | [280] | [256] | [273] | [204] | [246] |
| Западна Европа | 229 | 225 | 215 | 207 | 201 | 192 | 192 | 191 | 192 | 194 |
| **Среден Исток** | [317] | [691] | 500 | 480 | 472 | 449 | 455 | 503 | 495 | 494 |

Табела 2

| **Организации** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ASEAN**-Асоцијација на југоисточни азиски народи | 100 | 108 | 115 | 119 | 126 | 142 | 147 | 195 | 170 | 172 |
| **CIS**-Комонвелт на независни држави | .. | .. | [503] | [450] | [441] | [290] | [266] | [285] | [215] | [256] |
| **EU**-Европска унија | 209 | 206 | 195 | 188 | 183 | 184 | 184 | 183 | 184 | 186 |
| **NATO** | 585 | 538 | 546 | 522 | 498 | 472 | 458 | 454 | 449 | 456 |
| **OECD**-Организација за економска соработка и развој | 657 | 610 | 619 | 595 | 572 | 547 | 532 | 530 | 545 | 532 |
| **OPEC**-Организација на земјите извозници на нафта | 340 | 503 | 305 | 303 | 288 | 266 | 262 | 319 | 292 | 280 |
| **OSCE**-Организација за безбедност и соработка | 816 | .. | 623 | 590 | 566 | 523 | 506 | 505 | 493 | 504 |

Извор: SIPRI Yearbook 2000, *Armaments, Disarmament and International Security,* SIPRI Stockholm International Peace Research Institute, Oxford University Press 2000.

## ПРИЛОГ 2
### Водечки компании во производство и промет на вооружување и воена опрема во САД, во милиони долари, состојба во 1990 година

| Ред. број | Име на фирмата | Број на склучени договори | Вредност на производите | Име на фирмата | Број на склучени договори | Вредност на производите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | McDonnell Douglas | 8. 211 | 16. 255 | Motorola | 403 | 10. 885 |
| 2 | General Dynamics | 6. 306 | 10. 173 | Shell | 395 | / |
| 3 | General Electric | 5. 589 | 58. 414 | Arco | 390 | / |
| 4 | General Motors | 4. 106 | 124. 705 | Penn Central | 373 | 2. 154 |
| 5 | Raytheon | 4. 071 | 9. 268 | Morison-Knudsen | 371 | 1. 653 |
| 6 | Lockheed | 3. 553 | 9. 958 | Coastal | 371 | 9. 381 |
| 7 | Marun Marieta | 3. 492 | 6. 126 | Thiokol | 358 | 1. 192 |
| 8 | United Technologies | 2. 856 | 21. 442 | Computer Sciences | 319 | 1. 738 |
| 9 | Grumman | 2. 697 | 4. 041 | Oshkosh | 259 | 453 |
| 10 | Tenneco | 2. 409 | 14. 511 | Johnson Controls | 254 | 4. 504 |
| 11 | Boeing | 2. 267 | 27. 595 | Vlobil | 238 | 56. 188 |
| 12 | Westinghouse | 2. 243 | 12. 915 | Contel | 229 | / |
| 13 | RockwellInternational | 2. 217 | 12. 379 | CSX | 227 | 8. 205 |
| 14 | Litton | 1. 576 | 5. 156 | Control Data | 221 | 1. 691 |
| 15 | Honywell | 1. 388 | 6. 309 | Chrysler | 215 | 30. 62 |
| 16 | Unisyis | 1. 136 | 10. 111 | Peterson Bulders | 211 | / |
| 17 | GTE | 1. 294 | 18. 374 | Emerson Electric | 201 | 7. 573 |
| 18 | IBM | 1. 286 | 69. 018 | Sequa | 191 | 2. 211 |
| 19 | Textron | 1.19 | 7. 917 | Kaman | 188 | 826 |
| 20 | LTV | 1. 183 | 6. 138 | Hess | 188 | 3. 053 |
| 21 | Gen Corp | 1. 133 | 1. 175 | Amoco | 187 | 31. 581 |
| 22 | TRW | 1. 087 | 8. 169 | Chevron | 186 | 41. 54 |
| 23 | AT & T | 917 | 37. 285 | Harsco | 178 | 1. 759 |
| 24 | PTT | 870 | 20. 604 | Eaton | 176 | 3. 639 |
| 25 | Ford | 769 | 97. 63 | Varian | 173 | 1. 265 |
| 26 | Northrop | 746 | / | Astronatics | 173 | 415 |
| 27 | Alied Signal | 746 | 12. 343 | Bollinger | 167 | / |
| 28 | Tehas Instruments | 704 | 6. 567 | Black&Decker | 165 | 4. 832 |
| 29 | FMC | 634 | 3. 722 | International Shipholding | 157 | 327 |
| 30 | Loral | 618 | 2. 126 | Dignal Eqvpment | 150 | 12. 942 |
| 31 | Olin | 576 | 2. 598 | Howlett-Packard | 149 | 13. 233 |
| 32 | Avondale | 541 | 752 | Philip Morris | 141 | 51. 169 |
| 33 | Teledyne | 515 | 3. 446 | Boil Beranek&Newman | 139 | 261 |
| 34 | Foundation Health | 515 | 895 | Arvin | 134 | 1. 687 |
| 35 | Science applications | 510 | 1. 163 | Crowley Maritime | 134 | / |
| 36 | Hercules | 492 | 3200 | Day & Zimmermann | 129 | / |
| 37 | Dyn Crop | 480 | 717 | America Hess | 125 | / |
| 38 | E Systems | 460 | 1810 | Talley | 123 | 333 |
| 39 | Exxon | 438 | 116. 94 | Eastman Kodak | 120 | 18. 908 |
| 40 | Acrospace | 416 | / | Goodyear | 120 | 11. 272 |
| 41 | MITRE | 412 | 540 | | | |

Извор: Armed Forces and Society, No2, Winter 1994.

# ВОЕНА ЛОГИСТИКА, ЛЕКЦИИ НАУЧЕНИ ОД ИСТОРИЈАТА И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА ИДНИНАТА

**Зоран ИВАНОВСКИ**
Воена Академија "Генерал Михаило Апостолски" - Скопје

**Апстракт:** *Постојат најмалку три основни лекции во историјата со извонредно значење за воените логистичари. Првата од нив е дека најдобар случај во оперативна смисла воедно е и најлош случај во логистичка смисла. Втората лекција може да се опише како неуспех во надминувањето на неочекуваното и неодреденоста, додека третата лекција всушност може да се претстави како потреба технолошките промени да бидат следени со промени и во организациска и во интелектуална смисла, со цел да се искористат сите потенцијали на новата технологија.*

**Клучни зборови:** *логистика, поддршка, технологија, историја, визија.*

**Abstract:** *There are at least three general lessons in history with great importance for military logisticians. The first case is the best case operationally is often the worst case logistically. The second is promises to eliminate friction and uncertanity have never come to fruition. And the third is technological change must be accompanied by organizational and intellectual change to take full advantage of new capabilities.*

**Key words:** *logistics, support, technology, history, vision.*

## Вовед

*"Битката е извојувана и решена од страна на интендантите, пред пукањето да почне."*

(Фелд Маршал Ервин Ромел)[1]

Без оглед на нивната националност или спецификата на службите, воените логистичари низ историјата ја разбраа апсолутната вистина презентирана во горниот цитат. Од моментот кога тие станаа одговорни за снабдувањето на војниците со храна,

[1] The Rommel Papers, цитирани во книгата на Martin van Creveld, Supplying ar, Cambridge Universitu Press, 1977, стр.200

за исхраната на коњите или за обезбедување на движечката сила на модерното вооружување-горивото, маслата и мазивата, тие разбраа дека победата е невозможна без нив. Меѓутоа логистичарите знаат дека понекогаш изгледа како нивното витално значење да се заборава или се игнорира од страна на останатите припадници на вооружените сили.

Од друга страна, многу е важно да се потенцира фактот дека сите големите војсководци во историјата биле и добри познавачи на логистиката и сите ја знаеле врската и значењето на логистиката за успешно водење на операциите. Тие, исто така, знаеле дека историјата има што да ги научи во врска со природата на воената професија. Од друга страна историјата на воената логистика дава извонредно значајни сознанија и искуства и за самите воени логистичари.

Овој труд всушност претставува обид на еден воен логистичар да ги извлече релевантните генерални лекции од историјата кои можат да ни овозможат подобро да се подготвиме за иднината. Во основа постојат најмалку три такви општи лекции. Првата од нив е дека најдобар случај во оперативна смисла воедно е и најлош случај во логистичка смисла. Втората лекција може да се опише како неуспех во надминувањето на неочекуваното и на неодреденоста, додека третата лекција всушност може да се претстави како потреба технолошките промени да бидат следени со промени и во организациска и во интелектуална смисла, со цел да се искористат сите потенцијали на новата технологија. Се разбира дека споменатите лекции не се ексклузивно право на логистичарите, сепак, нивното разбирање дава рамка за разбирање на минатото и за планирање на иднината.

Таквата рамка е секогаш од исклучително значење, а особено сега кога Армијата се наоѓа во период на значајни промени и трансформации. Таквите промени и постојани усовршувања се карактеристични за повеќето современи светски армии. Така и во вооружените сили на САД е развиен документ тнр. “Заедничка визија 2010” (Joint Vision 2010) со цел да се претстави курсот на поддршка на армијата во наредните 15-20 години. Логистичарите мораат да бидат активни во промените и да ги употребат сите расположливи средства, нивните искуства да бидат прифатени во детерминирањето на вистинскиот курс на развојот на системот за логистичка поддршка на Армијата.

## Лекција за “најдобриот случај”

Вистинитоста на изјавата на фелд Маршалот Ромел беше повеќе од очигледна во случајот на генералот Патон, кога на 2. септември 1944 година неговата Трета армија мораше да застане заради недостаток на гориво. Паузата направена во овој случај им овозможи на Германците да ги прегрупираат силите, што конечно резултираше со продолжување на војната за уште осум месеци. Логистиката беше причината за ваквиот развој на настаните, но зошто дојде до ваква состојба?

Причината за неуспехот на логистиката лежи во планирањето, заради фактот што не била земена предвид најдобрата можна варијанта развој на оперативната ситуација. Логистичкото планирање за најоптимистичката

можна варијанта е исто така важно како и планирањето за најпесимистичката варијанта (најлошиот случај) во поддршката на борбените операции. Всушност, најдобриот оперативен случај често е најлош во логистички поглед, а следните историски примери само ја потврдуваат констатацијата.

Првиот пример во историјата потекнува од времето на германската инвазија на Франција, преку Белгија, во 1914 година. Германските трупи маршираа подалеку и побрзо што нивните планери можеа да претпостават и да пресметаат. Заради ова сите логистички проценки беа погрешни, што конечно резултираше со неможноста за поддршка на единиците на големо растојание, заради лимитираност на транспортните капацитети. Грешката во планирањето за најдобар можен развој на настаните на бојното поле, (брз пробив) имаше сериозно влијание на можностите на борбените единици.[2]

Вториот пример на неуспешно планирање во “најповолниот случај” е од времето на борбите во Северна Африка во Втората светска војна, кога Ромел успеал да направи огромни успеси во борбата со сојузниците и да ги потисне Британците далеку на исток. Меѓутоа, тој не успеал да ги претвори постигнатите успеси на тактичко ниво во успеси и на оперативно и на стратегиско ниво, заради тоа што во потполност биле надминати капацитетите на логистичката поддршка. Имено, зголемените растојанија во снабдувањето на единиците, примитивната сообраќајна и транспортна инфраструктура, како и недостатокот на пристаништа со соодветни транспортни можности, влијаеја на неможноста за пружање на логистичка поддршка на неговите единици.

Третиот пример за грешно планирање во случај на најдобар развој на настаните е исто така од Втората светска војна, од борбите на сојузниците во Франција. На 25 јули 1944 сојузниците доцнеа 44 дена во однос на планираното. На 31 август, Патон беше 150 милји и 5 месеци пред планот. Во логистичката поддршка на неговите единици беа 6000 камиони кои трошеа 300.000 галони гориво дневно за да испорачаат 350.000 галони неопходни за неговите единици. На 2 септември 1944 година, системот за логистичка поддршка доживеа колапс.[3]

Логистичарите најчесто планираат за услови на најлош развој на настаните и предвидуваат повисоки стапки на потрошувачка на материјални средства од проектираните. Акциите кои ги преземаат логистичарите се насочени кон обезбедување на материјални средства за услови на зголемена потрошувачка. Меѓутоа, како што покажуваат примерите, најлошиот случај

[2] Martin van Creveld, Supplying War, Cambridge Universitu Press, 1977, стр.213
[3] Исто, стр.214

за логистичарите е најчесто најдобар случај во оперативна смисла. Најчесто транспортните капацитети стануваат лимитирачки фактор. До времето кога Патон мораше да застане, залихите на гориво и муниција беа зголемувани во пристаништата, меѓутоа не можеа да бидат транспортирани кон корисниците.

Лекциите од овие три примери можат да дадат неколку заклучоци. Првата светска војна претставува пресвртница за воената логистика. До тоа време, армијата во движење беше полесно да се снабдува, отколку стационарната армија, пред се поради храната (за луѓето и животните). Храната беше критичен елемент, а снабдувањето со храна беше полесно доколку армијата се движи низ нови простори. По 1914 година, армијата во движење многу потешко се снабдува, заради фактот што критични елементи се муницијата и горивото. Логистичарите ја научија таа лекција мошне добро.[4] Главен фокус на нивните активности стана акумулацијата на средствата пред почетокот на операциите и нивен "најлош случај" стана моментот кога потрошувачката ја надминува залихата на средствата. Примерите покажаа дека залихите се само една половина од завршената работа. Втора работа е транспортот. Во модерните мобилни војни, најдобар случај на тактичко ниво, најголема предност над непријателот, често претставува најлоша варијанта за логистичарите кои не можат да ги поддржат борбените единици заради лимитираните транспортни капацитети.

## Лекција за неочекуваното и неодреденоста

Втората историјска лекција за логистичарите ги опфаќа природата на неочекуваното и неодреденоста, како иманентни карактеристика на настаните. Во историјата воените планери се обидувале да ги елиминираат овие два фактора на животот. Страната која во војната се обидува да ги надмине овие фактори или барем тоа го прави повеќе од својот непријател има поголеми шанси за победа.[5] Со цел да ги надмине овие елементи "Заедничката визија 2010" (Јоинт висион 2010) користи такви фрази како што се "свесност за бојното поле", " непречен проток на информации" како и "мултидимензионална заштита". Логистичарите мораат да бидат свесни никогаш да не ги потценуваат овие два елемента. Случување на неочекуваното, со други зборови е многу елегантно објаснување за "Марфиевиот закон". Клаузевиц (Carl von Clausewitz) во своето дело "On War" објаснува дека воената операција егзистира во согласност со Марфиевиот

[4] The Lifeblood of War: Logistics in Armed Conflict, стр.50

[5] Carl Von Clausewitz, On War, Princenton University Press, 1976, стр.121

закон, но исто така потенцира дека добриот командир мора да ги усогласи своите планови согласно на можноста на појава на неочекуваното, а не да се обидува истото да го елиминира. Логистичарите се субјект на ефектите на неочекуваното и неодреденоста скоро секој ден, но сепак често заборавaат да ги антиципираат нивните ефекти при планирањето. Претходното објаснување на првата историска лекција за дихотомијата на најдобриот случај - најлошиот случај, исто така може да го докаже ова тврдење. Како втор пример за тврдењето може да се земе случајот што се случил за време на британската интервенција против Аргентина во Фокландската војна. Бродот “Atlantic Conveyour” беше погоден од Аргентинското воено воздухопловство, без шанса да биде растоварен од товарот составен од хеликоптери и аеродромски конструкции и опрема. Загубата на така витална опрема наведе на поставување на прашањето зошто така значаен товар бил распореден само на еден брод, но очигледно дека никој не ја антиципирал можноста дека воопшто може да настане таквата загуба.

Често се мисли дека ние не би направиле таква грешка, дека станува збор за минато време, дека Марфиевиот закон не е веќе така лош како порано затоа што имаме напредна технологија. Станува збор за потполно погрешни заклучоци. Појавата на неочекуваното и неодреденоста остануваат со нас заради три основни фактори.

Прво, луѓето се интегрален дел од логистичкиот систем, а луѓето прават грешки и понекогаш се однесуваат ирационално.[6] Тие често патат од досада и уфрлаат неточни податоци во нивните компјутери. Кога луѓето работат четири или пет дена во континуитет, а притоа спијат мошне малку најчесто прават грешки, пример, не го обезбедуваат товарот прописно, и се разбира тој ќе биде загубен. Тие го чувствуваат притисокот дека од нивните грешки во операциите зависат многу животи, но тогаш прават уште повеќе грешки. Како што и Клаузевиц објаснуваше воената машинерија сепак зависи од поединците.

Втората причина лежи во фактот што воената организација претставува сложен систем. Сложени системи се оние кои имаат мултиплицирани интеракции помеѓу нивните составни делови, процедури и операции. Во тие системи настануваат грешки заради фактот што креаторите на таквите системи не можат да ги антиципираат сите можни интеракции и оттука не се во можност да ги предвидат сите можни решенија за проблемите.[7] Таквата комплексност продуцира изненадувања - се разбира, непријатни. Органи-

[6] Исто, стр.119
[7] Charles Perrow, Normal Accidents: Living with Hihg-Risks Technology, New York, Basic Books, 1984, стр11

зациите реагираат на ова со дополнително усложнување, но со тоа, проблемот само се продлабочува.

Последна причина заради која воените логистичари не можат да се спасат од неочекуваното и неодреденоста е фактот што воените логистичари се секогаш цел на непријателот. Непријателот знае дека ќе биде поблиску до победата ако логистичкиот систем на непријателот пропадне.

## Лекција за промените и иновациите

Третата лекција од историјата за логистичарите ја истакнува потребата организацијата и интелектуалните промени да бидат во согласност и да ги следат технолошките промени, со цел да се искористат сите предности што ги нудат новите потенцијали на техниката. Иновациите не се резултат само на промените во технологијата. Новите технологии можат да се користат за да се унапреди постојната работа, но новите технологии како такви не генерираат неодложно и подобро работење, ако истото не е придружено со промени на процедурите и организацијата на работа. И во овој случај дихотомијата за најоптимистичката варијанта како најлоша варијанта е применлива. Примерот со сојузничките логистичари во Франција покажува дека колапсот на логистичкиот систем се должи пред сѐ на неуспехот да се прифатат интелектуалните и организациските промени. Логистичките планери имаа искуство со проблемите во Северна Африка, но истите не ги користеа во инвазијата во Франција.

Основите на грешките се наоѓаат во неуспехот да се препознаат промените во оперативниот концепт, кои бараат промена и во концептот на логистичка поддршка. Војна со мобилни тенковски единици беше изум на Германците и значеше реализација на операциите со високо темпо. Неопходноста на логистичките промени беше генерирана не само од високото темпо на операциите, туку и од брзината на движењето на единиците. Неуспехот на логистичарите се наоѓа во фактот што организациски не беа направени прилагодувања да се одговори на новите барања. Германците исто така направија грешки во таа смисла. Ова посебно дојде до израз кога дојде до нападот врз огромната територија на Русија. Мора да се истакне дека неуспехот на логистичарите да одговорат на поставените задачи не беше примарна причина за неуспехот, но сепак многу придонесе за крајниот епилог.

Германците делумно ги моторизираа своите борбени единици, додека само мал дел од логистичката поддршка се движеше со камиони. Логистиката се потпираше на железницата и сточниот транспорт. Слабостите во таквиот концепт беа “маскирани” во кампањите во Полска и Франција како резултат на кратките дистанци како и брзиот колапс на непријателските сили. Огромните растојанија на Рускиот фронт, заедно со силниот отпор на Руските

сили, го нагласи потенцираниот проблем и предизвика страшни проблеми на германските единици.[8]

Односите помеѓу технолошките иновации, основите на воените операции како и промените во концептите, доктрината и организацијата која ги користи иновациите се во суштина нелинеарни. Промените во влезовите (инпутите) не влечат пропорционални промени во излезите (оутпутите) или борбената динамика.[9]

Во време на транзиција, особено, настануваат значајни интелектуални, организациски и технолошки промени. Клучна промена, како и да е, мора да биде интелектуалната промена, заради фактот што без интелектуални промени, технолошките промени се безначајни, а организациските промени се невозможни. Логистичарите кои ги користат технолошките промени без да направат организациски, или што е уште поважно, интелектуални промени за потполно акцептирање и разбирање на новите технологии, се осудени на неуспех.

## Импликации за иднината

Со цел да се анализираат импликациите на претходните лекции за иднината на воената логистика, неопходно е прво да се анализираат сегашните погледи врз иднината на воените операции. Современите светски армии се наоѓаат во време на брзи промени. Редоследот и брзината на подобрувањето на технологијата резултираше со обид истите да се искористат за подобрување на постојните или изградба на нови борбени системи, нови оружја, како и нови оперативни концепти. Вооружените сили на САД развија документ наречен "Заедничка Визија 2010" ("Joint Vision 2010") кој ја подржува инплементацијата на новите технологии и размислува за новите концепти.[10]

Во споменатиот документ логистиката се објаснува како фузија на информациските, логистичките и транспортните технологии, за да се обезбеди брз одговор на кризите, за да се обезбеди успешно следење на средствата и нивно насочување кон корисниците, како и да се овозможи непречена и брза испорака на логистичките пакети и поддршка на единиците директно на стратегиско, оперативно или тактичко ниво на операциите. Визијата за логистиката вклучува зголемена мобилност и умешност за поддршка на борбените сили насекаде во светот со користење на пакети за борбена сервисна поддршка и сигурен систем на испорака. Основата на системот за борбена сервисна поддршка се базира на извонредна информациска

[8] Matthew Cooper, The German Army 1933-1945, Lanham, 1978, стр.311
[9] Murray Williamson, "Innovation: Past and Future", Joint Forces, стр.52
[10] Joint Vision 2010, стр.24

супериорност на вооружените сили на САД, на способноста за прибирање, обработка и слободно движење на информациите низ целиот систем за одбрана.[11] Системот за борбена сервисна поддршка се гради како современ и комплексен систем, способен да одговори на барањата за време и за место, користејќи сигурни информации, со можност да се предвидуваат и непријателските намери и акции.

Трите примери од историјата кои беа предмет на анализата даваат корисни сознанија кои се применливи во практиката. Логистичарите мораат да ја земат предвид дихотомијата, најдобра оперативна варијанта-најлоша логистичка варијанта, а исто така, неопходно е да се знае дека задачите на логистичарите ќе бидат се потешки. Борбените сили се димензионираат како помали и со поголема моќ, со поддршка од помали и поспособни логистички сили. Системот за поддршка на силите е исклучително комплексен и зависен од капацитетите. Успехот на секоја мисија зависи од континуитетот на снабдувањето со огромни количества на материјални средства и брзиот трансфер на информациите. Логистиката е таа која го диктира темпото и силата на операциите. Од суштествено значење е да се размислува за партнерството помеѓу операциите и логистиката, како клучни детерминанти на успехот. Научените лекции од минатото ни го покажуваат начинот како да стигнеме полесно до него.

**ЛИТЕРАТУРА**:


1. Martin van Creveld, Supplying War, Cambridge Universitu Press, 1977,
2. The Lifeblood of War: Logistics in Armed Conflict
3. Carl Von Clausewitz, On War, Princenton University Press, 1976
4. Charles Perrow, Normal Accidents: Living with Hihg-Risks Technology, New York, Basic Books, 1984
5. Matthew Cooper, The German Army 1933-1945, Lanham, 1978
6. Murray Williamson, “Innovation: Past and Future”, Joint Forces
7. Joint Vision 2010


[11] Исто, стр.16

# РАЗУЗНАВАЧКО – БЕЗБЕДНОСНАТА ЗАЕДНИЦА НА РУСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА

**Митко КОТОВЧЕВСКИ**
Филозофски факултет, Институт за одбрана - Скопје

**Апстракт:** *Со победата на Октомвриската револуција во Русија, беше распуштена единствената и централизирана разузнавачка служба ОХРАНА - династичка политичка полиција и беа воспоставени темелите на новата тајна служба на револуционерната власт во Русија.*
*Новата политичка полиција за кратко време прерасна во вистински гигант, скриена сенка на Кремљ - тајна служба чии шефови контролирале и диригирале со "војска" од милион официјални и околу седум милиони неофицијални вработени и соработници на КГБ.*
*Оваа хипертајна полиција на Советскиот Сојуз, "држава во држава", во периодот на диктатурата на Сталин, целосно се оттргна од општествената контрола и се претвори во најголем злосторник и ликвидатор на советскиот народ. Монструозниот КГБ според определени проценки, е одговорен за смртта на околу 25 милиони луѓе , голем "данок во крв" и огромна цена за успешно "држење под контрола" на циновскиот Советски Сојуз.*
*На 20 декември 1993 година по наредба на рускиот претседател Борис Јелцин, КГБ беше расформирана, но сепак продолжи да живее и понатаму во нова, посовремена форма дури под тринаесет различни имиња, преживувајќи најголем удар. Новите служби повторно почнуваат да го заземаат своето место под сонцето во новата реформирана политичка сцена во Русија.*

**Клучни зборови:** *тајни служби, разузнавачко-безбедносна заедница, политичка полиција.*

**Abstract:** *The unique centralised intelligence service in Russia OHRANA was dissolved at the end of the October revolution of 1917. Instead of the dynastic political police the foundations of a new security service loyal to the revolutionary government were established.*
*In a very short period of time the new political police grew up dramatically and took form of a giant. Working in the shadow of Kremlin, this secret service had control and manipulated with a 'military' consisted of one million official and around seven millions unofficial collaborators and KGB employees.*
*During Stalin's rule this secret police transformed itself into a 'state within a state' and got out of any societal control. Moreover, it became the biggest exterminator of the Soviet people(s).*

*According to some estimations the monstrous KGB was responsible for elimination of around 25 millions people, which was the 'price' of the 'successful' functioning and keeping together of the gigantic Soviet Union.*
*Upon the decree of the Russian President Boris Yeltsin, KGB was dismissed on 20 December 1993. Nevertheless, it has continued its life under a new, even more modern form and covered by 13 different names, which is an indication that it survived the first big strike. The new services are on a good way to take their 'place under the sun' within the new reformed political scene in Russia.*

**Key Words:** ***secret police, intelligence-security community, political police.***

## I. Историски развој на разузнавачко – безбедносната заедница на СССР

Со одлука на Советот на народните комесари, непосредно после Октомвриската револуција, на 7. декември 1917 година беше формирана Комисија за борба против контрареволуцијата и саботажите - ЧЕК, која претставува и прва советска служба за безбедност.

Со Уредбата за серуските и локалните извонредни комисии донесена на 2.11.1918 година, првата советска служба за безбедност станува централен орган на Советот на народните комесари (Министерски совет) којшто имаше за задача да ја обединува работата на месните, губерниските (обласните), среските и сообраќајните (за железницата) извонредни комисии.

Во рамките на ЧЕК - а паралелно се формира и посебно одделение за откривање на контрареволуционерите - шпионите и саботерите коишто делуваа во единиците и установите на Црвената Армија.

Со новата реорганизација ЧЕК-а беше трансформирана во Државна политичка управа позната како ГПУ, на почетокот на февруари 1922 година. ГПУ после една година функционирање беше преименувана со ново име - Обединета политичка управа-ОГПУ.

Во јули 1934 година, Службата за безбедност влегува во состав на Народниот комесаријат за внатрешни работи, кај народот позната како една од најозлогласените тајни служби - НКВД која своите "револуционерни" задачи под тоа име ги извршува до воената 1943 година.

Во 1943 година оваа служба се осамостојува и се формира Народниот комесаријат за државна безбедност - НКГБ.

НКГБ во 1946 година се преименува во Министерство за државна безбедност - МГБ.

МГБ под ова име функционира до 1954 година кога беше спроведена основна реорганизација кога се формира легендарната и најпознатата служба во планетарни рамки - Комитетот за државна безбедност - КГБ.*

КГБ една од најголемите, најсложените и најразгранетите служби за безбедност, ноќниот кошмар за капиталистичкиот Запад, претставуваше владина институција во рамките на Претседателството на владата. Паралелно со КГБ егзистираше и Министерството за јавна безбедност во чиј состав се остваруваше јавната безбедност, работите за редот и мирот и цивилната заштита. Всушност, оваа трансформација претставуваше нужен расплет на дотогашните севкупни противречности, деформации и злоупотреби на тајните озлогласени служби во изминатиот "револуционерен период", период на диктатура на пролетеријатот. Пресвртница на оваа релација се случи после Пленумот на ЦК одржан во 1953 година и после XX Конгрес на КПСС, кога беше расчистено со сталинизмот, односно после ликвидацијата на сталинистичката група на чело со "најголемиот крвник на советските народи" – познатиот раководител на дотогашната служба - Берија.

## II. Структурата и целите на разузнавачко – безбедносната заедница на Русија

Целите, приоритетите, структурата и големината на разузнавачко – безбедносната заедница на Русија, произлегуваат од приоритетите на нејзината актуелна безбедносна политика.

Во овој сложен воено-политички, геостратегиски и безбедносен амбиент, најголеми приоритети (но и грижи) за политиката на националната безбедност на Русија се следните:

- да се спречи распадот на Руската Федерација;
- да се заштитат правата на руската дијаспора (и на другите малцинства);
- да се надмине нестабилноста на руските државни граници и во соседните држави и
- да се направат напори со цел да се одвратат стравувањата дека некои држави се обидуваат да ја изолираат Русија од меѓународната заедница.

Во овој контекст, не помалку значајни цели и приоритети претставуваат борбата против организираниот криминал (меѓународен и домашен), борбата против нуклеарниот криминал, борбата против сецесионизмот на определени руски републики и борбата против растечкиот тероризам на територијата на руската држава.

---

* Забелешка: За организациската поставеност, односно за поцелосно анализирање на организациската структура на советската и на другите поранешни комунистички разузнавачко - безбедносни заедници до распадот на комунизмот и СССР да се погледнат шемите во делот за прилозите.

Од распадот на Советскиот Сојуз и воспоставувањето на новите граници, геополитичката, геострагегиската и безбедносната положба на Русија во голема мера се влоши и се искомплицира. Поголемиот број од 21 република кои се наоѓаат во составот на Руската Федерација бараат економска и политичка независност со што се загрозува територијалниот интегритет на Русија.

Со опаѓањето на моќта и способноста на Русија целосно и успешно да ја надгледува својата “државна периферија” уште повеќе се зајакнаа сецесионистичките апетити на определен број руски републики кои воспоставуваат свои “независни” парламенти, усвојувааат свои “национални” валути, донесуваат нови закони, формираат сопствени вооружени сили со што создаваат “нови држави” во рамките на руската држава.

Најмилитантни републики во актуелниов контекст претставуваат Татаристан и Чеченија.

Русија која ја нагризува и сеопштата криза на општеството претставува погодно тло за распламтување на голем број општествени аномалии. Круна на ескалацијата на општествените аномалии претставува енормниот пораст на криминалитетот, посебно на организираниот криминал кој го забрза процесот на обликување на руската мафија како една од најопасните криминални структури во современиот свет.

Моќните структури на организираниот криминал во Русија почнаа да ја надополнуваат (надоместуваат) легитимната активност на државата на подрачјето на економијата, “со што се појавуваат како алтернативи на легалниот поредок”.*

Карактеристично од безбедносен аспект е да се потенцира и намалениот капацитет за контрола и надзор на центарот над нуклеарните борбени средства лоцирани во силосите на оодели руски републики (федерални единици). Голем број на индикатори говорат дека надзорот над овие многубројни и огромни нуклеарни потенцијали е парцијален и во значителна мера недоволен.

Шверцот со нуклеарните материјали и сознанијата дека некои сепаратистички движења располагаат со ограничен број на нуклеарни борбени средства со помала јачина само ја потврдуваат претходната констатација и ги зголемувааат сомневањата за евентуалните можни “опасни сценарија” во наредниот период. Друга “отворена рана” за Руската Федерација претставува етничката димензија на нејзините интереси, права и обврски. Русија во денешните граници, никогаш низ истоијата не била толку мала, стеснета и целосно приклештена. Царска Русија и Советскиот Сојуз отсекогаш покриваа значително поголема територија со природно дефинирани и обезбедени граници. После распадот на Советксиот Сојуз во новосоздадените независни поссоветски

* Galleoti, Mark: Mafiya: Organised crime in Russia, Jane’s Inteligence Review Special Report, No. 10., June, 1996.

држави живеат околу 25 милиони Руси, кои од привилегиран народ во Советскиот Сојуз преку ноќ станаа национални малцинства за кои Руската Федерација во иднина ќе мора да обезбеди целосна заштита.

Спектарот на безбедносните ризици за Руската Федерација го надополнуваат и сè поприсутните сомневања за легитимноста на нејзините граници со некогашните републики на Советскиот Сојуз. Русија на запад и на југ нема природни граници со што се создаваат можности за нови погранични проблеми кои во определени фази може да ескалираат во погранични вооружени судири.

Учеството на вооружените сили во граѓанските конфликти внатре во Русија и во Таџикистан, Гуризја и Молдавија, нејзината вмешаност во меѓудржавниот судир помеѓу Ерменија и Азербејџан, заострувањето на односите со балтичките држави, создавањето на новиот безбедносен синџир на НАТО околу Русија, заострувањето на односите со Молдавија и Украина заради руското малцинство, прашањето околу полуостровот Крим кој е населен со Руси (сега припаѓа на Украина), поделбата на Црноморската флота, заострувањето на односите со САД и Европа, претставуваат нови дополнителни ризици, но и сериозни предизвици за новата разузнавачко – безбедносна заедница на Руската Федерација.

Од аспект на остварувањето на целите на националната безбедност на Русија, историските искуства од изминатиот (дваесетти век) говорат дека Русија по никоја цена не смее да дозволи пренос (пренесување) на грижата за нејзината национална безбедност на некоја меѓународна организација (ОН, НАТО, ЗЕУ, ЕУ итн.). Националната безбедност на Руската Федерација исклучиво треба да претставува грижа и обврска на нејзиниот систем за национална безбедност.

Новата разузнавачка заедница, после “распадот” на КГБ во 1991 година поделена е во неколку нови служби.*

***Разузнавачката заедница на Русија ја сочинуваат следните служби:***

1. Федерална служба за безбедност – ФСБ;
2. Служба за разузнавачко делување во странство – СВР;
3. Главна управа за разунавачка дејност – ГРУ;
4. Федерална агенција за комуникации и информации – ФАПСИ;
5. Федерална служба за заштита – ФСО.

**II. 1. Федерална служба за безбедност**

Федералната служба за безбедност на Русија претставува директен наследник на КГБ – една од најјаките разузнавачки служби кои дејствува во биполарниот свет. ФСБ е раководена од директор кој го поставува претседателот

* Galeotti, Mark: Heirs of the KGB: Russia’s Intelligence and Security Services, Jane’s Intelligence Review, Special Report, No. 19, July 1998, стр. 5 – 19.

на Руската Федерација. Според Законот за ФСБ*, нејзиниот состав е ограничен на 77.640 луѓе, но се проценува дека нејзината реална бројка е околу 130.000 луѓе заедно со помошниот персонал, техничари, персонал за безбедност и слично.

ФСБ е составена од неколку оддели (управи) и тоа:

1.Управа за контраразузнавачка дејност (УКР), најголема управа во системот на ФСБ. Оваа управа е поделена на:

- Управа за воена контраразузнавачка дејност и

- Контраразузнавачка управа за стратегиски објекти (заштита на нуклеарната и воената индустрија).

2.Управа за истражување и елиминирање на активностите на криминалните организации (УРПДПО). Оваа управа според нејзината бројност е најмала и во најголем дел ги "покрива" активностите на УЕК (Управа за економска контраразузнавачка дејност).

3.Управа за економска контраразузнавачка дејност (УЕК),

4.Специјални сили во рамките на ФСБ. Спедијалните сили се групирани во две формации: противтерористички единици АЛФА (основани уште во 1974 година во рамките на КГБ и потчинети на Управата за противтероризам и тимот ВЕГА** (денес во рамките на Одделот за специјални операции).

Според претседателскиот Декрет од 6. 1998 година основани се уште Управата за економска безбедност (УЕБ) и Управата за безбедност на уставниот поредок (УКБ). Се претпоставува дека формирањето на УЕБ во суштина претставува само давање на ново име на УРПДПО, додека основањето на УКБ е направено со цел да се изгради нов, современ имиџ, односно можност за формирање на позитивни политички ставови за деловите на ФСБ кои се занимаваат со најосетливите политички прашања.

Врз основа на структурата на ФСБ и нејзината организациска поставеност можеме да ги дефинираме и нејзините основни задачи:

- надгледување и борба против сите видови внатрешни политички закани на руската држава и на јавниот ред;

- спроведување контраразузнавачка дејност и заштита на руските политички, воени, научни и економски тајни;

- одржување на државната контрола и дисциплина во вооружените сили;

---

* Закон за ФСБ (Н. 40 – ФЗ/1995).

* Специјалната единица "ВЕГА" е наследник на специјалната единица "ВИМПЕЛ" формирана во 1987 година под надлежност на Првата главна управа (ПГУ) на КГБ. Како предвесници на формирањето на "ВЕГА" се јавуваат специјалните групи "ЗЕНИТ" и "ГРОМ".

"ВЕГА" е лоцирана во Балшика (крај Москва) и нејзините припадници говорат по неколку странски јазици, а меѓу нив има високи интелектуалци кои завршиле 2 – 3 факултети или дипломирале на Сорбона.

- заштита на руската економска безбедност (борба против сивата економија до обезбедување поддршка на руските компании во стопанскиот натпревар со конкурентските странски компании).

Според голем број стручњаци, духот на КГБ се уште е присутен во овие структури и нејзиното дејствување и понатаму продолжува да живее само со нов имиџ и под друго име.

**II. 2. Служба за разузнавачко делување во странство - СВР**

СВР во суштина претставува директен наследник на најпозната Прва главна управа (ПГУ) на КГБ која беше задолжена за организирање и за спроведување на разузнавачките активности надвор од границите на СССР.

Со цел полесно да се следат трансформацијата на КГБ и покомплексно да ја претставиме новата разузнавачка заедница на РФ, повторно ќе се обидеме да ја презентираме глобалната структура на КГБ, со посебен осврт на Првата главна управа која претставуваше “служба во служба” во рамкие на КГБ.

Одделите* на Првата Главна Управа или позната и како Главна разузнавачка управа беа следните:

1. САД и Канада;
2. Латинска Америка;
3. Велика Британија, Австралија, Нов Зеланд и скандинавските држави;
4. Источна Германија, Западна Германија и Австрија;
5. Бенелукс, Франција, Шпанија, Португалија, Швајцарија, Грција, Италија, Југославија, Албанија и Романија;
6. Кина, Виетнам, Лаос, Камбоџа и Северна Кореја;
7. Тајланд, Индонезија, Јапонија, Малезија, Сингапур и Филипини;
8. Неарапските држави на Средниот Исток, Авганистан, Иран, Израел, Турција;
9. Англофонскиот дел од Африка;
10. Франкофонксиот дел од Африка;
11. Социјалистичките држави;
15. Документи и архиви;
16. Електронско попречување, дејства насочени против системите за кодирање на Запад;
17. Индија, Шри Ланка, Пакистан, Непал, Бангладеш и Бурма;
18. Арапските држави на Средниот Исток, вклучувајќи го и Египет;
19. Контакти со руската емиграција и
20. Операции во земјите во развој.

---

* Ibid, стр. 8

Со оглед на фактот што ПГУ беше организирана и дејствуваше како засебна служба, нејзината реорганизација и трансформација во СВР (вкупно 12.000 луѓе) се одвиваше без некои поголеми потреси и проблеми. Определени сознанија говорат дека заради недостаток на финансиски средства после 1992 година СВР беше принудена во голема мера да ги намали своите активности во странство.

Нејзиниот обид да ги прошири своите активности на проблемите на внатрешната безбедност (борба против организираниот криминал во Русија), веднаш беше спречено од ФСК.

Денес СВР остварува активности од сферата на разузнавачката дејност на подрачјето на ЗНД и во сферата на економската шпиунажа на Запад, додека нејзиното делување е намалено при собирањето на политички и воени податоци.

Надвор од подрачјето на ЗНД, СВР своите разузнавачки активности ги концентрира на подрачјето на Западна Евопа и Северна Америка. Иако подрачјето на Азија се уште е од секундарно значење, најверојатно во блиска иднина ќе го добие едно од примарните значења.

**II. 3.Главна управа за разузнавачка дејност - ГРУ**

ГРУ претставува наследник на популарната служба ГРУ од периодот на советската држава. ГРУ претставува военоразузнавачка агенција, првенствено наменета за делување во странство. "Новата" ГРУ во суштина ја има задржано претходната структура и задачите на нејзината претходница ("постарата" ГРУ). ГРУ се занимава исклучиво со разузнавачки активности. Во нејзиниот состав има околу 12.000 луѓе (исто колку и СВР), во чиј состав влегуваат и припадниците на специјалните сили СПЕЦНАЗ.

ГРУ е задолжена за реализација на руските активности во собирањето податоци на подрачјето на ЗНД, како и во разузнавачките активности за следење на процесите на експанзија на НАТО во државите од непосредното опкружување на РФ, но и пошироко.

За разлика од СВР, ГРУ и понатаму е присутна (со редуциран состав) во останатите делови на светот (посебно Латинска Америка и поголемите делови на Африка). Иако овие делови не се во центарот на нејзината опсервација, сепак ГРУ настојува со своите активности да го зачува континуитетот на своето делување.

ГРУ во изминатиот период беше еквивалент (дури и ривалска служба) на ПГУ, само во сферата на военото разузнавање во странство.

ГРУ е поделена на три главни управи:

1.Оперативна управа - оваа управа е одговорна за собирање на разузнавачки податоци. Во нејзиниот состав се наоѓа и Петтата оперативна управа која преку средствата и единиците во рамките на ВС врши собирање на

разузнавачки податоци. Во овие активности се вклучени и специјалните сили СПЕЦНАЗ.

2.Аналитичка управа - анализа на собрани податоци;

3.Оддели наменети за пружање поддршка на активностите на првите две компоненти на ГРУ.

Наместо заклучок ќе констатираме дека духот на поранешната ГРУ, повторно е присутен насекаде во светот.

**II. 4. Федерална агенција за комуникации и информации - ФАПСИ**

ФАПСИ претставува една од најголемите агенции во структурата на руската разузнавачка заедница, со основна задача за преземање на SIGINT* и ELINT** разузнавачки операции (собирање на податоци од електронските извори и прислушување на информациите). Во нејзината суштина, оваа агенција претставува еквивалент на амерканската NSA или на британскиот GCHQ.

ФАПСИ е основна во декември 1991 година со спојување на двата дела на КГБ (Осмата управа – СИГИНТ и криптографија и Шеснаесеттата управа – прислушување на странските мисии на подрачјето на СССР – амбасади и сл.), како и на Владините комуникациски сили (ГВС).

Главно подрачје на нејзиното дејствување претставуваат САД, Европа, Јапонија и Кина, додека подрачјето на Латинска Америка и Африка во овие околности претставуваат простори од секундарно значење.

Во тежиштето на активности на ФАПСИ денес се вбројуваат и активностите насочени кон попречување на опасностите од информатичкото загрозување (но и евентуалното користење на значајните информации од Интернет) при што посебно внимание им се посветува на надворешната (странската) пенетрација во рускиот "информатички простор" и на неговата контрола (обиди за дешифрирање и контрола на сите комерицјални и приватни пораки од посебен интерес за националната безбедност на РФ). Исто така, оваа федерална агенција е задолжена и за целосна заштита и осигурување на шифрираните комуникациски системи на руската Влада.

Денес во составот на ФАПСИ делуваат околу 54.000 луѓе и тоа преку регионалните информациско-аналитички центри (РИАТ) и преку департманските информациско-аналитички центри (ВИАТ) лоцирани во 260 руски градови. Овие центри првенствено се задолжени за собирање на непреработени информации кои понатаму се доставуваат за целосна стручна и детална анализа во трите информациско-аналитички центри во централата во Москва.

---

* SIGINT – Signal Intelligence

** ELINT – Electronic Intelligence

За поуспешно остварување на овие мошне значајни активности, ФАПСИ во голема мера соработува и со Институтот за криптографија, комуникации и информации (ИКСИ) во Воениот институт за државни комуникации (ВИПС).

**II. 5. Федерална служба за заштита - ФСО**

Федералната служба за заштита беше формирана со спојување на двете служби формирани за иста намена. Првата беше Главната управа за заштита (ГУО), настаната од Деветтата управа на КГБ (задолжена за обезбедување на високите партиски функционери).

После изборот на Борис Јелцин за претседател на РФ, ГУО ја задржува истата (претходна) функција.

Заради зајакнување на сопствената заштита, посебно после ескалирачките конфронтации со прокомунистичката опозиција, Јелцин во декември 1993 година формира уште една агенција со иста намена (најверојатно немаше доволно доверба во ГУО – остаток од КГБ).

Новата агенција која беше позната под називот Претседателска служба за безбедност (СБП), огромна служба во која беа ангажирани помеѓу 20.000 и 25.000 луѓе (многу повеќе отколку претходната служба ГУО).

Кон средината на 1996 година настапи трансформација и логично прегрупирање на двете служби со идентична функција. Главната управа за заштита ГУО беше преименувана во ФСО, додека СБП беше бројно намалена и подредена на ФСО која и денес претставува значајна агенција за заштита на високите државни функциониери и најважните владини објекти (Кремљ, зградите на парламентот и другите државни институции од посебен државен и безбедносен интерес).

Иако во 1997 година беше изнесен службен податок дека во составот на ФСО има само 2.000 луѓе, реалната бројка изнесува помеѓу 9.000 и 10.000 луѓе вклучувајќи ја и претседателската “гарда” која брои околу 5.000 луѓе.

Карактеристично е да се потенцира и постоењето на Оддел за собирање на разузнавачки податоци валидни за навремена проценка на сите можни закани за ликвидација упатени до претседателот на РФ.

Наместо заклучок можеме да констатираме дека во РФ и понатаму продолжува да опстојува и да функционира една огромна и мошне сложена разузнавачка заедница, систем во кој и понатаму провејува духот на поранешниот КГБ.

Надежите за целосно реформирање на обемниот разузнавачки апарат на Русија спласнаа после 1995 година, односно после периодот кога почна повторно да кулминира влошувањето на политичката и посебно на економската состојба во земјата. Овие нестабилни состојби неминовно предизвикаа тивко напуштање на првобитните планови за ограничена улога на безбедносните служби и за силна и целосна демократска контрола и надзор над истите.

Од овој период повторно почнува нивното “вандализам” односно сé поагресивното дејствување на новосоздадените служби, кои, покрај традиционалната улога (делување на политичко и воено поле), се повеќе почнуваат да се ангажираат и на подрачјето на економската безбедност (заштита на руските интереси што во себе вклучуваат разновидни дејности – целосна активна поддршка на големите руски компании во конкурентскиот натпревар со странските компании на меѓународната трговска сцена).

## III. Сили на внатрешна безбедност на Руската федерација

Во составот на структурите за внатрешна безбедност на Руската федерација спаѓаат:

- сили на Министерството за внатрешни работи;
- паравоените сили на Руската Федерација.

### III. 1. Сили на министерството за внатрешни работи

Примарната функција на овие сили е насочена кон неутрализација и целосно елиминирање на силите кои делуваат на територијата на РФ со цел предизвикување на вооружени судири и вооружено насилство за загрозување на нејзината национална безбедност и територијалниот интегритет. Нивните цели и задачи во борбата против “внатрешните сили” се следниве:

- одржување на јавниот ред во зоните на судири;
- локализирање и блокирање на зоните на судири;
- преземање акции за разоружување и елиминирање на илегалните вооружени сили и одземање на оружјето на лицата во зоните на судири и
- водење (изведување) на сите видови операции заради отстранување на заканите насочени кон нарушување на внатрешната безбедност.

Во ситуации на посериозни нарушувања на внатрешната безбедност покрај единиците на Министерството за внатрешни работи постои законска можност и за ангажирање на определени делови на ВС на РФ.

Нивната помош се манифестира преку нивното ангажирање при локализацијата и блокадата на реоните на судирите, спречување на вооружените напади и за борбено обезбедување на стратегиските објекти.

Покрај силите на Министерството за внатрешни работи мошне значајна улога остваруваат и разузнавачките служби на новата разузнавачка заедница на РФ.

### III. 2. Паравоени сили на Руската федерација

Паравоените сили на РФ во најголем дел се под контрола на Министерството за внатрешни работи. Нивниот состав го сочинуваат следните структури:

- Сили на Министерството за внатрешни работи (МВД);
- Федерална даночна полициска служба;
- Федерална гранична служба.

**III. 3. Сили на Министерството за внатрешни работи**

Покрај остварување полициска дејност, МВД извршува и определени контраразузнавачки и безбедносни активности. Стручните оддели на МВД за борба против организираниот и економскиот криминал честопати им пружаат поддршка на соодветните разузнавачки агенции за поуспешно остварување на нивните задачи.

Оддеелите за криминални истраги на МВД најчесто асистираат во спроведувањето на надзорните операции на разузнавачките агенции.

Во составот на МВД се наоѓаат повеќе од 540.000 луѓе.

**III. 4. Федерална даночна полициска служба**

Оваа организација има исклучително големи овластувања во областа на преземање истраги, спроведување надзор и апсења. Се претпоставува дека е вклучена и во економската шпионажа насочена против странските компании кои делуваат во РФ.

Федералната даночна полициска служба е основана во 1993 година и претставуа респективна служба (паравоена формација) за оваа проблематика во која се вработени околу 43.800 луѓе.*

**III. 5. Федерална гранична служба**

Силите на оваа служба првенствено се наменети за зачувување на безбедноста на границите на РФ.

Пограничните безбедносни сили се ангажираат и за спроведување на “оперативно – истражни дејности”, односно тие активно се вклучени во процесот на создавање мрежа на информатори во пограничните подрачја, како и за тајно делување во другите држави на подрачјето на ЗНД.

Во составот на федералната гранична служба има околу 200.000 луѓе.

Кога станува збор за силите за внатрешна безбедност неопходно е да се потенцираат и некои специфични активности на Министерството на Руската Федерација за цивилна одбрана, вонредни ситуации и отстранување на последиците од природни катастрофи. Во нејзиниот состав постои командно тело составено од 940 луѓе кои ги координираат активностите и девет регионални центри.

---

* Galeotti, Mark, Heirs of the KGB: Russia’s Intelligence and Security Services, Jane’s Intelligence Review, Special Report, No. 19, July 1998, стр. 5 – 19.

Во составот на секој центар постои мал оддел за разузнавачки анализи, додека во командниот (раководниот) дел се наоѓа еден помал тим припадници на специјалните сили.

Силите за внатрешна безбедност на РФ претставуваат мошне респективна повеќенаменска безбедносна сила чија големина во 1998 година ја надмина бројката од 500.000 луѓе. Дали во иднина ќе претстои намалување или дополнително зголемување на бројноста на силите за внатрешна безбедност на РФ во голема мера ќе зависи од интензитетот на појавување на големиот број извори на загрозување на нејзината национална безбедност.

**ЛИТЕРАТУРА**:

1. Galeotti, Mark: Heirs of the KGB: Russia’s Intelligence and Security Services, Jane’s Intelligence Review, Special Report, No. 19, July 1998
2. Galleoti, Mark: Mafiya: Organised crime in Russia, Jane’s Inteligence Review Special Report, No. 10., June, 1996.
3. Kotovčevski Mitko: "Tajni službi", Makedonska civilizacija, Skopje, 1999

**ПРОПИСИ**:

Закон за ФСБ (N. 40 – F3/1995).

# ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО НОВАТА ДРЖАВА ОД ГРАЃАНСКИ ТИП И ПРОМЕНИТЕ ВО ОДБРАНБЕНО-ЗАШТИТНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ОДНОС НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

**Ванчо КЕНКОВ**
Филозофски факултет-Институт за одбрана, Скопје

**Апстракт:** *Трудот се фокусира на промените во уставниот и одбранбено-заштитниот ситем во однос на локалната самоуправа во Р. Македонија кои настанаа по осамостојувањето на Републиката. Во трудот со компаративна метода даден е краток пресек на местото, улогата и задачите на локалната самоуправа во уставниот и одбранбено-заштитниот систам во периодот пред осамостојувањето и по осамостојувањето на Р. Македонија. Иако со донесувањето на Уставот, Законот за одбрана и Законот за локална самоуправа се создадени нормативно-правни и законски основи за функциоирање на локалната самоуправа, во практиката се евидентни недостатоци и слабости во функционирањето на локалната самоуправа. На крајот се дадени причините за настанатите слабости и сугестии за нивно надминување.*

**Клучни зборови:** *локална самоуправа, единици на локална самоуправа, одбранбено-заштитен сисем.*

**Abstract:** *The paper focuses on the changes in the constitutional and defence-protective system regarding the local self-management in the Republic of Macedonia which occured after the independence of the Republic. Using a comparative method, the paper gives a short section of the place, role and the tasks of the local self-management in the constitutional and defence-protective system in the period before and after the independence of the Republic of Macedonia. However, with passing of the Constitution, Law on Defence and Law on Local Self-management, arise normativelly-legal grounds for functioning of the local self-management, but in practice some weaknesses are evident in its functioning. At the end the paper presents the reasons for the created weaknesses and gives suggestions for their overcoming.*

**Key words:** *local self-management, units of local self-management, defence-protective system.*

## Вовед

Осамостојувањето на Р. Македонија неминовно донесе и промени во општествено-политичкиот систем и Р. Македонија појде по сопствен пат на градење на државата по моделот на западните демократии од граѓански тип. Прв чекор во таа насока беше донесувањето на Уставот на Р. Македонија според кој Р. Македонија е самостојна, демократска и социјална држава, во која суверенитетот и територијалниот интегритет на Републиката се неделливи и неотуѓиви.

Во контекст на заокружувањето на државноста, суверенитетот и територијалниот интегритет и заради присутноста на голем број загрозувачки фактори (војни во најблиското опкружување, економско ембарго, недефинирана граница итн.), Р. Македонија пристапи кон структуирање на сопствен, современ и конзистентен одбранбено-заштитен систем кој ќе ѝ ја гарантира нејзината736 сувереност, територијален интегритет и државност. Како и во останатите области така и во оваа област Уставот упатува на донесување системски закон со кој поконкретно ќе се уреди оваа материја. Како прв системски закон донесен 1992г. е Законот за одбрана, во кој се вели: "Одбраната на Република Македонија се организира како систем за одбрана на независноста и територијалниот интегритет на Републиката". Во Законот се тргнува од тоа дека одбраната ја остваруваат граѓаните, органите на државната власт и вооружените сили, како армија на Р.Македонија, при што претпријатијата и јавните установи и служби и локалната самоуправа можат да извршуваат определени работи од областа на одбраната.[1] Локалната самоуправа само по исклучок може да се јави како извршител на определени задачи од областа на одбраната. За успешно и ефикасно извршување на утврдените работи од областа на одбраната единиците на локалната самоуправа се должни во мир да се подготвуваат во таа насока.

## 1. Локалната самоуправа во новата држава од граѓански тип

Локалната смоуправа, како значаен потсистем на политичкиот ситем има значајна улога во современиот политички развој. Имајќи го ова предвид секоја современа држава настојува да ја развие својата локална самоуправа. Користејќи ги искуствата на државите кои имаат долга традиција на тоа поле (Западна Европа,САД), источноевропските земји по промените во периодот 1989-1990, почнаа да го заменуваат долгогодишниот систем на управување со локалните работи од страна на централната власт или нивните подрачни органи, воведувајќи форми на локална самоуправа.

Оваа тенденција во источноевропските земји е јасна, но логично е да се очекуваат потешкотии и резултатите да се скромни и под нивото на западните земји. Како причина за тоа се јавуваат битно поограничените материјални и кадровски ресурси, недостатокот на искуство и свест кај нивните граѓани во

[1] Види член 1, став 1 и 2 од Законот за одбрана "Службен весник на РМ", бр. 8/92 и 30/95;

поглед на тоа кои се предностите на една ефикасна локална самоуправа од западен тип.

Република Македонија исто така минува низ период на радикална трансформација на системот на локалната самоуправа во насока на прифаќање на западниот модел. За разлика од источноевропските земји Р.Македонија поаѓа од сосема поинакви позиции. Имено, југословенскиот комунален систем, на кој што припаѓаше и Македонија како политичка единка, се каракеризираше со многу побогати содржини на локалната самоуправа дури и од оние на западните земји. На пример во поглед на надлежностите - југослованскиот комунален систем имаше во надлежност и стопански и одбранбени ингеренции[2], што не се сретнува во ниедна развиена локална самоуправа во светот. Во поглед на финансиската самостојност карактеристично е што повеќето од општините во една република беа финансиски потполно независни, односно беа во можност да ги покријат локалните потреби од сопствени извори што не е случај во западните системи.

Покрај одредени достигнувања во поглед на задоволувањето на се пошироките потреби на локалните заедници, во функционирањето на единиците на локалната самоуправа се јавија битни слабости кои ја наметнаа потребата за преобразба на системот во насока на стеснување на истата.

Реконцепционализацијата на улогата на општината, односно воведување на локална самоуправа од западен тип, отпочна со амандманите на Уставот на СРМ изгласан во 1990 година и донесувањето на Уставот на Р. Македонија 1991 година.

Во Уставниот систем на Р. Македонија локалната самоуправа за прв пат се јавува како темелна врадност[3] и облик на управување во основните локални заедници. Според тоа локалната самоуправа има уставна положба и со Уставот загарантирана самостојност и самоуправност во уставното уредување на Р. Македонија што претставува една од нејзините битни карактеристики.

Понатаму на граѓаните со Уставот им се гарантира правото на локална самоуправа со кое на граѓаните им се овозможува непосредно или преку изборни претставнички органи да одлучуваат за работите од локално значење во единиците на локалната самоуправа, што претставува втора карактеристика на македонската локална самоуправа.

Како трета карактеристика на уставноправната положба на локалната самоуправа во Р. Македонија се јавува востановувањето на едностепена локална самоуправа, а единици на локалната самоуправа се општините и градот Скопје

[2] Види член 185, став 2, точка 2 и 12 од Уставот на СРМ , "Службен весник на СРМ", бр. 7/74;

[3] Член 8, став 1, алинеја 9 од Уставот на Република Македонија, "Службен весник на Р.М." бр. 52/91

како посебна единица на локалната самоуправа, чија организација се уредува со закон.

Во уставната одредба според која во општините можат да се основаат облици на месна самоуправа е содржана четвртата карактеристика на нашата локална самоуправа. Тоа е самоуправа од типот на месни заедници и други облици на месна самоуправа.

Според учеството на граѓаните во процесот на одлучување во единиците на локалната самоуправа, постои комбинирана непосредна и претставничка локална самоуправа што претставува нејзина петта карактеристика.

Според ова може да се заклучи дека Уставот на Р. Македонија востановува класична демократска локална самоуправа која претставува посебен систем на управување во единиците на локалната самоуправа - општините и градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа.

Со донесувањето на Законот за локална самоуправа во 1995 год.[4] и Законот за територијалната поделба на Р. Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа во 1996 година, создадени се нормативно-правни основи за реализација на уставниот концепт за локална самоуправа како модерен и современ облик на организирање на граѓаните по углед на западните демократии. Законот за локална самоуправа меѓу другото ги уредува работите кои се ставени во надлежност на локалната самоуправа, организациската поставеност на органите и нивните надлежности. Покрај тоа законот дава можност единиците на локалната самоуправа да извршуваат и работи кои со друг закон ќе бидат ставени во нивна надлежност, што значи дека единиците на локалната самоуправа ќе имаат широк круг на овластувања за извршување на повеќе работи што се од непосреден и заеднички интерес на граѓаните што живеат на тоа подрачје.

Сообразно со тоа во Законот за локална самоуправа, согласно Уставот, определени се три вида на надлежности на единиците на локалната самоуправа: 1) Надлежности што единиците на локалната самоуправа самостојно ги извршуваат - изворни надлежности; 2) Надлежности кои единиците на локалната самоуправа ги вршат во согласност со надлежните органи на државната управа; 3) Доверени надлежности кои опфаќаат вршење на определени работи од надлежност на државните органи - пренесена надлежност.

Во првиот вид надлежности (изворни надлежности) наведени во 32 точки во член 17 од Законот за локална самоуправа, спаѓаат бројни конкретни работи што единиците на локалната самоуправа самостојно ги вршат. Тука спаѓаат работите кои се за развојот на единиците локалната самоуправа; буџетската функција; комуналните дејности; предучилишното образование; основното

[4] Закон за локална самоуправа, "Службен весник на Република Македонија", 52/.95.

образование; средното стручно образование; во областа на културата; во областа на спортот; во областа на социјалната и детската заштита; во областа на основната здравстена заштита. Потоа тука спаѓаат работите во областите на заштитата на животните и билките; во заштитата и унапредувањето на животната средина; во областа на информирањето; занаетчиството, туризмот и угостителството, богатствата од општа употреба и природните богатства; во областа на цивилната заштита; во областа на управните, административните и инспекциските органи и служби, јавните служби, јавните установи и јавните претпријатија и во други области од значење за интересите на граѓаните како и други работи утврдени со закон. Од горенаведеното учливо е дека единиците на локалната самуправа имаат многу малку надлежности кои самостојно можат да ги вршат, додека повеќето се работи кои се спроведуваат во согласност со законот. Како резултат на тоа, редовните закони може да ги опишат условите според кои овие надлежности ќе се извршуваат, што може да резултира општинска иницијатива да се третира под рестриктивни услови.

Во вториот вид надлежности спаѓаат работи кои единиците на локалната самоуправа ги вршат во согласност со надлежните органи. Тоа се определени работи кои се од областа на урбанизмот, потоа основање и обезбедување средства за изградба и екипирање на институции од областа на предшколското образование, културата, спортот, детската заштита, основната здравствена заштита и заштитата на природата, животните и растенијата како и други области од важност за граѓаните на локално ниво.

Во рамките на третиот вид надлежности ( пренесена надлежност), според Законот за локална самоуправа член 19, Републиката може на единиците на локалната самоуправа со тој закон и со друг да им довери вршење на определени работи од надлежност на органите на државната управа заради поефикасно и порационално остварување на правата и должностите на граѓаните и заради задоволување на определени потреби од непосреден интерес за граѓаните. При доверувањето на определени работи од надлежност на органите на државната управа на органите на единиците на локалната самоуправа, особено ќе се води сметка за големината, бројот на жителите, економската развиеност и посебностите на единицата на локалната самоуправа. Средствата потребни за вршење на доверените работи ги обезбедува Републиката, а начинот на вршење на работите што им се доверени, единиците на локалната самоуправа ги приспособуваат на локалните услови. Притоа Републиката врши надзор над законитоста, над целисходноста и стручноста во вршењето на работите, како и над наменското трошење на средствата од страна на единиците на локалната самоуправа.

Во институционално-организациска смисла, единицата на локалната самоуправа има сложена структура која е составена од совет на општината, градоначалник, управни и административни органи.

*Советот* на единицата на локалната самоуправа е претставнички орган на граѓаните кој одлучува за повеќе значајни прашања во рамките на надлежностите на локалната самоуправа. Советот го сочинуваат претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Главни работи кои влегуваат во негова надлежност се: донесување на статут на едниницата на локалната самоуправа и деловник за работа на советот; донесување на буџетот на единицата на локалната самоуправа и завршна сметка на буџетот; донесување на програми и планови во согласност со закон; донесува одлуки со кои ги уредува и остварува надлежностите на единицата на локалната самоуправа; основа јавни служби, јавни установи и претпријатија во согласност со закон и врши контрола над нивната работа; основа управни и административни органи итн.(член 24-29 од Законот за локална самоуправа).

*Градоначалникот* на единицата на локалната самоуправа има нагласена улога во функционирањето на локалната самоуправа. Улогата и значењето на градоначалникот особено се видливи од неговите надлежности. Тој ја претставува и застапува единицата на локалната самоуправа; ги прогласува и објавува актите и одлуките на Советот на единицата на локалната самоуправа во службено гласило на единицата на локалната самоуправа; се грижи и го обезбедува извршувањето на одлуките на Советот; се грижи за извршување на работите што со закон ѝ се доверени на единицата на локалната самоуправа; му предлага на Советот донесување на одлуки и други општи акти од неговата надлежност; раководи со управните и административните органи и служби; како и многу други работи(член 43-49 од Законот за локална самоуправа).

*Управните органи* на единицата на локалната самоуправа можат да се образуваат како инспекции, одделенија, отсеци и реферати. Функциите на управните органи опфаќаат вршење на повеќе стручни работи и тоа: подготвување на акти за Советот, односно градоначалникот на едницата на локалната самоуправа; вршење стручни работи за Советот, односно за градоначалникот на единицата на локалната самоуправа; донесување на поединечни акти; следење на проблематиката во областа од својата надлежност, вршење анализа на состојбата и давање на иницијативи и предлози до градоначалникот, односно до Советот за нивно решавање и вршење и други работи што ќе им ги довери Советот, односно градоначалникот на единицата на локалната самоуправа (член 49 и 50 од Законот за локална самоуправа).

*Административните органи* на единицата на локалната самоуправа можат да се образуваат како служби, канцеларии и писарници. Административните органи ги вршат административните и други работи што им се ставени во надлежност со статутот или од страна на советот, односно градоначалникот на едницата на локалната самоуправа( член 49 и 51 од Законот за локална самоуправа).

*Главен архитект* на градот се именува во единицата на локалнта самоуправа која има град како седиште. Главниот архитект има бројни и мошне значајни надлежности од областа на изработката на урбанистичките и архитектонско-урбанистичките планови. Така тој покренува иницијатива за измена и дополнување на деталниот урбанистички план, како и вршење на други работи од овие области на дејности (член 52 од Законот за локална самоуправа).

## 2. Одбраната и локалната самоуправа во Република Македонија

Непосредно по осамостојувањето на Р. Македонија, како императив се наметна потребата, во контекст на заокружување на државноста и независноста,да се конституира не само автономен систем за одбрана, туку систем што ќе ги избегне сите недостатоци на стариот систем за општонародна одбрана. Како единствено можно решение во дадениот момент за Македонија беше свртување и акцептирање на светските искуства и достигнувања на овој план.

Појдовните уставни и законски основи за организирање на одбраната во Република Македонија, во однос на претходниот период, се сосема различни, дури би рекле и спротивни. Во претходниот период ОНО се организираше и се подготвуваше во услови на еднопартиски систем и договорно стопанисување, а по осамостојувањето одбраната се организира и се подготвува во услови на повеќепартиски систем и пазарно стопанство.

Истакнатото место што го заземаат државните органи во одбранбениот систем укажува дека дефинитивно се напуштени илузиите за големите можности од некаво масовно самоорганизирање во воената сфера или за волонтерско-општествени занимања со воена дејност. Ова беше карактеристично во поранешниот систем за општонародна одбрана со прифатеното начело за поопштествување на одбраната, односно, со вклучување на сите субјекти во сферата на одбраната, зависно од нивната улога. Сега работите од одбраната се повеќе се професионализираат, а државата на себе ја презема одговорноста да организира и да оствари одбрана, првенствено со посредство на Армијата.

Во политичкиот и уставниот систем на СФРЈ, чија федерална единка беше и Македонија, концептот на локалната самоуправа имаше форма на комунален систем во кој општината располагаше со такви обележја што ја афирмираа како основа на целокупниот политички систем. Таа беше дефинирана како самоуправна и основна општествено-политичка заедница во која се остваруваат не само локалните туку и сите функции на власта и управувањето со општествените работи, освен оние кои со Уставот се доверени на пошироките општествено-политички заедници.[5]

---

[5] Член 116 , Устав на СФРЈ, "Службен весник на СФРЈ", бр.9/74;

- Општината како самоуправна и основна општествено- политичка заедница имаше значајно место и улога во подготовките за општонародна одбрана, како и нивно поврзување и интеграција во рамките на единствениот систем на општонародна одбрана. Во однос на системот на општонародната одбрана, на општината и се утврдуваа, со Устав и со закон, правата и должностите во оваа област, генерално изразени како нејзино овластување да ја уредува и да ја организира народната одбрана.[6]

Радикално изменетата положба на локалната самоуправа во уставниот и политичкиот систем на Република Македонија, а од друга страна и новиот концепт на одбранбениот систем се главните фактори што ја детерминираат новата положба и улога на локалната самоуправа во системот на одбраната.

Како појдовна основа во утврдувањето на значењето, положбата и улогата на единиците на локалната самоуправа во одбранбено-заштитниот систем на Рпублика Македонија, послужија основните уставни принципи:

- локалната самоуправа претставува една од темелните вредности врз кои почива и функционира целокупниот уставен поредок и

- локалната самоуправа претставува со Устав загарантирано право на граѓаните.

Единиците на локалната самоуправа, во рамките на одбранбениот систем на Република Македонија, имаат радикално изменета положба и улога. Според него како примарни субјекти на системот за одбрана се утврдуваат граѓаните, органите на државната власт и Армијата. Локалната самоуправа, само по исклучок, може да се јави како изавршител на определени задачи во областа на одбраната, од што произлегува дека единиците на локалната самоуправа не претставуваат рамноправен субјект во одбранбено-заштитниот систем во споредба со оние примарните, туку имаат положба на извршител на определени задачи, или како што законот ги дефинира, обврски.

Имајќи го предвид карактерот на прашањата за кои одлучуваат единиците на локалната самоуправа и интересот на одбраната на Република Македонија, законодавецот предвидува единиците на локалната самоуправа да имаат определени задачи и во одбранбено-заштитниот систем. Според Законот за одбрана (член 84) се предвидува можност на органите на единиците на локалната самоуправа, со закон од дејноста на надлежните органи на државната управа, да им се определат задачи кои ќе ги извршуваат во воена состојба, како одржување на локалните патишта, улиците, другите јавни објекти од локално значење и други потреби , а во член 85 од истиот Закон, органите на единиците на локалната самоуправа имаат обврска да преземаат мерки за заштита и спасување на граѓанита и материјалните добра на своето подрачје од воени

[6] Член 117 исто

разурнувања и од елементарни непогоди и други несреќи во воена состојба и последиците предизвикани од нив.

За реализација на законски утврдените обврски, единиците на локалната самоуправа спроведуваат соодветни подготовки. Спроведувањето на тие подготовки се остварува преку преземање на организациски, кадровски, материјално-технички, финансиски и други мерки и активности, а се заснова врз расположивите човечки и материјални можности.

Единиците на локалната самоуправа своите надлежности треба да ги реализираат и во услови на војна, затоа е неопходно тие да се подготвуваат за својата работа и во такви услови. Всушност, ова спаѓа во мирновременскиот дел од активностите на локалната самоуправа во функција на остварување на со закон утврдената (изворна, пренесена и доверена) надлежност. Овие подготовки опфаќаат определени глобални активности кои се однесуваат на: а) вршење на работите на локалната самоуправа утврдени со закон или со други прописи; б) одржување на локалните патишта, улици, други јавни објекти од локално значење и други потреби по приоритет; в) обезбедување на финансиски средства.

За реализација на овие глобални активности во спроведувањето на подготовките за вршење на работите во воена состојба, органите на единиците на локалната самоуправа изработуваат соодветни документи преку кои плански го одредуваат своето работење во таква состојба. Во тие рамки низ содржините на одделни документи органите на единиците на локалната самоуправа треба да ги реализираат следните задачи:

- утврдување приоритети во извршувањето на задачите определени со закон;
- утврдување приоритети за одржување на локалните патишта, улици и други јавни објекти од локално значење;
- утврдување начин на извршување и определуваат извршители на приоритетните задачи;
- спроведување мерки на приправност;
- спроведување подготовки за остварување на мерките за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувања и од елементарни непогоди и други несреќи во воена состојба и од последиците предизвикани од нив.

Досегашните искуствата покажуваат дека работите од областа на одбраната, пропишани со постоечката нормативно-правна и организациско-функционална регулатива, тешко се операционализираат и заживуваат во практиката.

Иако со Уставот, Законот за одбрана и Законот за локална самоуправа се створени нормативо-правни и законски основи за релизација на Уставниот

концепт за локална самоуправа, во практиката може да се уочи дека при реконцепцијализацијата на локалната самоуправа во однос на уставниот и одбранбено-заштитниот систем се појавија низа недостатоци и неусогласености. Неусогласеноста помеѓу законските и подзаконските акти се огледаат во неусогласеноста помеѓу Законот за одбрана и  Уредбата за цивилна заштита, Законот за одбрана и Законот за локална самоуправа, Уредбата за цивилна заштита и Законот за локална самоуправа.  Законот  за локална самоуправа  и Законот за територијална поделба на Р. Македонија и определување на подрачјата на едиицaverage ите на локалната самуправа кои се донесени три години по донесувањето на Законот за одбрана и четири години по донесувањето на Уставот придонесоа за појавата на недостатоци и неправилности во работата на единицита на локалната амоуправа

Токму погоре искажаниот недостиг од јасна визија за развојот на локалната самоуправа се јавува како своевидна кочница за соодветно утврдување на нејзината улога во системот на одбраната, односно таа фигурира како иманентен дел од тој систем но без докрај јасно и прецизно утврдена позиција, обем и содржина на остварувањето на оваа функција.

Повеќе години, заради недостиг на фундаментални доктринарно-стратегиски документи од општ и одбранбено-заштитен карактер ја поставија локалната самоуправа во позиција да ја остварува дејноста во одбранбено-заштитната сфера врз така нареченото "ново-стари" основи, при што недоволно е јасна нејзината улога во делот наречен одбрана и во делот наречен затита.

Според важечките норнмативно-правни одредби главно се преферира нејзината улога во заштитата, но недостига посеопфатно регулирање на степенот, обемот и начинот на остварувањето на оваа дејност а и квалитетот на документите е под секое ниво. Неодминлив е впечатокот дека постои недостиг на нова регулатива, па единиците на локалната самоуправа, односно надлежните органи за одбрана, се снаоѓаат на начин кој им одговара за конкратните прилики, а најчесто по инерција ги применуваат старите решенија.

Постои голем степен на разновидност и отстапки во однос на општата поставеност на локалната самоуправа при што тешко може да се гововри за унифицираност на глобалните поставки кои соодветно би се вклопиле во системот за одбрана. Евидентни се организациските разлики во пристапот кон приоритетите врзани за одржување на локалните патишта, улици и други јавни објекти од локално заначење во воена состојба во организацијата на начините за извршување на задачите како и  во поглед на финансиската поддршка на планираните активности. Тоа се должи на многу фактори при што доминираат разликите во однос на материјалната опременост,кадровската екипираност обученоста и информираноста.

Во функционална смисла, односно во делот на изведбено-реализаторските способности во вид на мирновременски проверки на целиот или на

сегментираниот дел на подготовките на единиците на локалната самоуправа за функционирање во војна, се уочуваат сериозни осцилации во квалитетот на изведувањето на планираните активности. Тоа особено се однесува во делот на остварувањето на мерките за заштита на граѓаните и материјалните добра.

Новата територијална поделба на Република Македонија , гледано од аголот на остварувањето на одбраната и заштитата во единиците на локалната самоуправа не донесе расчистување на напластените проблеми. Напротив тие се намножија. Создадена е една речиси нерешлива фактичка состојба во смисла на недостиг на поинакви решенија кои би биле сообразни на новосоздадената ситуација

## 3. Наместо заклучок

За надминување на претходно искажаните недостатоци и неправилности во работата на единиците на локалната самоуправа потребно е усогласување на законските и подзаконските акти во однос на локалната самоправа, со што ќе се избегне работата на "старо-нови" основи и ќе се разјасни улогата на единиците на локалната самоуправа во делот заштита и делот одбрана. Донесувањето на конкретни одредби за улогата на локалната самоправа во заштитата, односно степенот, обемот и начинот на остварување на оваа дејност, ќе ја прецизира работата на единиците на локалната самоуправа. Исто така ќе се избегнат разликите во однос на општата поставеност на локалната самоуправа и разликите во материјалната опраменост, кадровската екипираност, обученоста и информираноста.

Донесувањето на новиот Закон за одбрана и Закон за локална самоуправа, ќе овозможи донесување на останатите подзаконски акти со што ќе се отстранат досегашните неправилности и недостатоци, а локалната самоуправа во практиката успешно ќе ги извршува нормативно-правните и законски обврски и задачи кои се во нејзин домен и од областа на одбраната.

**ЛИТЕРАТУРА**:


1. Благојевиќ Слободан, *Локална самоуправа у теорији, компаративном искуству и у пракси*, зборник Правног факултета, год. XX, Подгорица, 1994.
2. Ванковска Билјана, Цветковски Цветан, *Правото и одбраната-основи на одбранбеното право,* РОБЗ, Скопје, 1996.
3. Гоцевски Трајан,*Основите на одбрамбено-заштитниот систем на Р. Македонија*, Европа 92, Кочани, 1995
4. Гоцевски Трајан,*Современи тенденции во одбраната*, Македонска ризница, Куманово, 1997.
5. Гоцевски Трајан,*Основни суштини и карактеристики на системот на ОНО на СФРЈ*, НИО Студенски збор, Скопје, 1990.
6. Гоцевски Трајан, *Основи на системот на националната одбрана*, Македонска ризница, Куманово, 1998.

7. Ѓорѓевиќ Јован, *Локална самоуправа у свету и код нас*, Меѓународна политика, 1956.
8. Ѓорѓевиќ Јован,*Организација локалне самоуправе у страним земљама*, Нова администрација, 1/1957.
9. Климовски Саво, *Уставен и политички систем* ( глава XVII Локалната самоуправа во политичкиот систем, глава XX Локална самоуправа, обработени од Доц. д-р Гордана Сиљановска Давкова), Скопје, 1997.
10. Тодоровски Илија,*Компаративни аспекти на македонската, западните и источноевропските системи на локалната самоуправа*, Дијалог (списание за општествена теорија и критика), Скпоје, 10/1995.


**НОРМАТИВНО-ПРАВНИ АКТИ**


1. Устав на Република Македонија, "Службен весник на Република Македонија" бр 52/91;
2. Устав на СФРЈ, "Службен весник на СФРЈ", бр. 9/74
3. Устав на СРМ, " Службен весник на СРМ", бр.7/74
4. Закон за одбрана,Службен весник на Република Македонија бр 8/92 и 30/95.
5. Закон за локална самоуправа, Службен весник на Република Македонија, 52/.95.
6. Уредба за организирање, подготвување и извршување на активностите и задачите на цивилната заштита во воена состојба и за формирање и подготвување на единиците и штабовите на цивилната заштита, Службен весник на Република Македонија,бр.51/92.
7. Одлука за формирање на единици и штабови на цивилната заштита, Службен весник на Република Македонија, бр 51/92.
8. Одлука за методологијата за спроведување на подготовките за одбрана, Службен весник на Република Македонија, Посебен службен весник бр.6/93.
9. Упатство за примена на Одлуката за методологија за спроведување на подготовките за одбрана, службен весник на Република Македонија - посебен службен весник бр.8/93

# ВОДАТА КАКО ИЗВОР НА КОНФЛИКТИ

**Милош ЗМЕЈКОВСКИ**
Филозофски факултет - Скопје

**Апстракт:** *Водата е најголем дар на природата на нашата планета. Таа е основната материја на животот на нашата планета. Без водата, зародокот и развитокот на животот не може да се замисли. Водата е незаменлива потреба на секое живо суштество - растение или животно. Без храна можеме да преживееме и неколку недели, но без вода би умреле за неколку дена. Во модерните стопанства водата е исто така есенцијална потреба за земјоделството, индустријата, производството на енергија и транспорт. Сите хемиски, физиолошки и колидни процеси - асимилација, десимилација, дифузија, осмоза и др. во организмите се извршуваат благодарение на водата. Ниту една жива клетка не може да ја извршува својата животна функција без потребната количина на вода. Меѓутоа, факт е дека водата неконтролирано се троши, се загадува и се злоупотребува. Близу половина од светското население, речиси целосно од земјите во развој, страда од разни болести како резултат на недостаток од вода или нејзина загаденост. Според Светската здравствена организација две милијарди луѓе се загрозени од цревни болести предизвикани од несоодветната вода и храна. Овие заболувања се основната причина за смртност на повеќе од пет милиони деца годишно.*
*За да не се продлабочува и понатаму проблемот со водната криза, мора да се измени досегашниот однос спрема водата, а тоа значи штедење и мудро трошење на водата. Се додека не се прифати оваа нова филозофија за водата, таа ќе биде еден од најголемите проблеми на иднината.*

**Клучни зборови:** *вода, загадување, водна криза, болести предизвикани од вода, конфликти.*

**Abstract**: *Water is the great gift of the nature on our planet. It is the most important element which provides and maintains the life in our planet. Life can not begin not develop without water. The water is essential and interpleaceable. We could live in weeks without food, but without water we would die in few days. It is also irreplaceable in the agriculture, industry, production of energy and transportation.*
*Chemical, physiological and collodial processes, such as assiumilation, dissimilation, diffusion, osmoses etc which occur in the organisms, can not be conducted without water. Unfortunately, water is being wasted, polluted and used improperly. Approximately a half of the population in the world, mainly in underdeveloped and developing countries, suffers from diseases which are a result of water insufficiency or water pollution. Acording to the World Health Organization, two billion people on the Earth are threatened by intestinal infection and diseases caused by polluted*

*water and food. This is the main reason for the death of more than five million children a year. In order to avoid strengthening the water crisis, we must change our attitude. It means we must use the water wisely and not waste it. If we choose not to accept this philosophy, the water will remain the most difficult problem to deal with in the future.*

**Key words:** *water, pollution, water crisis, diseases caused by water, conflicts.*

## Вовед

Според односот меѓу водата и копното на нашата планета 70 : 30 во корист на водата, со право може да се рече дека нашата планета е водна планета. Тоа би требало да значи дека луѓето од оваа планета имаат на располагање премногу вода и таа не би требало да претставува никаков проблем. Меѓутоа, состојбата е сосема поинаква. Според извршените мерења, вкупната количина на вода на Земјата изнесува околу 1,4 милијарди кубни километри од која 97,5 % е солена, само 2,5 % е слатка или свежа вода погодна за пиење. Во реките и изворите се наоѓаат 0,006 %, во езерата 0,26 % и во атмосферата 0,001 % од вкупните количини на свежа вода. Околу 87 % од слатката вода се наоѓа во поларните предели и на високите планински масиви далеку од населените места што претставува посебен проблем за нејзино искористување.

Во секој попис водата се јавува како најважен и најдрагоцен минерал на Земјата. Голем број луѓе сè уште мислат дека има доволно вода и затоа расипнички се однесуваат со неа, но потребите за чиста и здрава вода многу побрзо растат отколку што изнесуваат нејзините резерви. Водата во голема мера влијае на навиките, обичаите, па и на законските одредби на човештвото, поради што е разбирлива нејзината витална улога. Цели цивилизации се издигнувале или пропаѓале во зависност од успехот или неуспехот на своите проекти за наводнување. Водата на секоја влада претставува троен проблем: економски, политички и социјален. Секоја клетка на кој било жив организам, за да може да ја врши својата животна функција, мора да содржи одредена количина на вода, а тоа значи дека сите животни функции, кај сите живи суштества се базираат на водата.

Од големиот хидролошки циклус, човекот може да ја користи водата само кога таа се наоѓа во течна фаза, додека во другите фази нејзиното искористување е незначително односно ограничено. Демографската експлозија во светот, брзата урбанизација на просторот, интензивниот развиток на индустријата и загадувањето на водата се главни причини за брзото намалување на чистата и здрава вода во сите региони на светот. Секоја година бројот на потрошувачите се зголемува за околу сто милиони. Поради големиот недостиг на вода од година во година бројот на конфликтите се зголемува од најмали па до најголеми димензии. Мора да се има предвид, дека водата ќе биде најголем проблем на иднината. Борбата за освојување на светскиот пазар за вода веќе започна со ненамален интензитет.

## Потрошувачи сè повеќе - чиста и здрава вода сè помалку

Водата е најголемиот дар на природата на нашата планета. Таа е основната материја на животот. Без храна можеме да преживееме неколку недели, а без

вода би умреле за неколку дена. Водата е еден од најважните природни ресурси за социоекономскиот развој на еден регион. Животниот импулс на еден регион е директно одреден од количината на водата. Во сите модерни стопанства водата исто така е есенцијална за земјоделството, индустријата, производството на електрична енергија и транспорт.

Историјата на човештвото досега многу пати покажала дека развојот и падот на една цивилизација зависел од тоа колку таа цивилизација успеала или не успеала да ги искористи водните ресурси. И денеска тешко може да се најде земја која во целост ги решила сите проблеми во врска со водата. Напротив. Доколку се зголемува бројот на населението, дотолку се зголемуваат и проблемите со водата. Меѓутоа, факт е дека водата неконтролирано се троши, се злоупотребува и масовно се загадува. Според Светската здравствена организација близу половина од светското население (речиси целосно земјите во развој), страда од разни болести како резултат на недостаток на вода или нејзина загаденост. Исто така, според СЗО две милијарди луѓе се загрозени од цревни заболувања, предизвикани од несоодветна вода и храна. Овие заболувања се основна причина за смртноста на повеќе од пет милиони деца годишно.

Водните ресурси се загадуваат со најразновиден отпад во толкава мера што процесот на самопречистување (аутопурификација) на водата е прекинат.

Поради големата презагаденост на водата, во одделни региони таа е целосно неупотреблива и штетна. Секоја година во реките и морињата се испуштаат од десет до дванаесет милиони тони нафта и нафтени деривати. Така на пример, еден литар моторно масло загадува околу 950.000 литри вода, а еден литар бензин загадува 750.000 литри вода за пиење. Поради ова и цела низа други причини, од година во година проблемите со водата стануваат се потешки и посложени било со количините било со квалитетот. Конфликтите за водата и околу водата стануваат се поизразени било на локално било на регионално ниво, а во поново време помеѓу две па и повеќе соседни држави.

Конфликтите (lat. konfliktus - судир, расправа, спор, кавга, борба војна) се мошне честа појава, а изворите за појава на конфликтите се многубројни и разновидни. Тие биле, се и ќе бидат присутни сѐ дотогаш додека постои судир на различни интереси за еден ист предмет. Покрај другите извори на конфликти, доста голем извор на конфликти е и водата, за кои ќе стане збор во овој наслов. Конфликтите за водата можат да бидат од различни димензии, односно тие можат да бидат од локален, регионален и меѓудржавен карактер.

Малите водотеци, во најголем број случаи, од изворот па до местото каде се вливаат, во главно припаѓаат на една држава, а се познати како домашни или домицилни водотеци. Со овие водотеци и нивните извори целосно располагаат соодветните држави. Степенот на искористувањето и загадувањето зависи од самата држава. Меѓутоа, големите водотеци, чијашто должина изнесува неколку

стотини па и илјади километри, минуваат, односно течат преку територијата на неколку држави, доста често се извор на конфликти за начинот и правото на искористувањето на водата од сите аспекти. Ретко каде државите низ кои протекуваат овие големи реки имаат постигнато целосна согласност за нивното искористување. Во најголем број случаи, тие се предмет на судири, расправии и недоразбирања. Оваа појава особено е карактеристична во аридните и семиаридните региони. За начинот на искористувањето на водата од овие водотеци се склучуваат меѓудржавни договори, но ретко кога тие до крај се почитуваат поради што и доаѓа до конфликти.

Распределбата и користењето на водата е спорна, а многу често и емотивна тема. Конфликтите за вода со најмала димензија се јавуваат меѓу сопствениците на две или повеќе соседни парцели ( ниви, ливади, лозја, овоштарници и др. ) кога станува збор за нивното наводнување, помеѓу две соседни населби во еден регион, а понекогаш и меѓу две или повеќе соседни држави и поголеми делови од еден континент.

Најголеми и најчести меѓудржавни конфликти се јавуваат меѓу земјите од Средниот Исток каде што се јавува голем дефицит за вода и каде што владее пустинска и полупустинска клима, каде што водата има поголемо значење од нафтата. Овде конфликтите произлегуваат од начинот на искористувањето на водите од реките Нил, Јордан, Тигар и Еуфрат, Шат Ел- Араб и некои други помали водотеци и акумулации. Поделбата на водата од овие реки е многу важен фактор за постигнување на траен мир.

Најголеми проблеми со водата се јавуваат меѓу државите низ кои протечува реката Јордан. Таа, иако е релативно мала река, тече преку четири држави во коишто водата е во голем дефицит. Во текот на една средновлажна година реката Јордан располага со 1,38 милијарди м$^3$ вода. Овие количини на вода се строго поделени меѓу четирите држави: Кралството Јордан добива 52 % или 720 милиони м$^3$, Израел добива 32 % или 440 милиони м$^3$, Сирија добива 13 % или 180 милиони м$^3$ и Либан добива 3 % или 40 милиони м$^3$ вода. Секоја од овие држави со изградба на брани и други хидротехнички објекти, настојува на својата територија да задржи колку може повеќе вода.

Многу сериозен проблем се јавува за искористување на водите од реката Еуфрат помеѓу: Турција, Сирија и Ирак. Пред Турција да почне да гради големи брани на реката Еуфрат, средногодишниот проток на Турско - сириската граница изнесувал 30 милијарди м$^3$ вода. Меѓутоа, со изградбата на браната " Ататурк " во Турција дојде до значително намалување на водите во Сирија од коишто зависи најголемиот развој на Сирија. Сирија и Ирак од Турција бараат да им обезбеди 700 м$^3$ вода во секунда кое Турција силно се противи. Во исто време и меѓу Сирија и Ирак постојат спорови околу водите на реката Еуфрат. Во 1985 година, кога Сирија значително го намали приливот на вода од новоизградената

брана на Еуфрат, споровите околу правото на таа вода ги доведоа Сирија и Ирак на самиот раб на војната. Благодарение на посредувањето на Саудиска Арабија - Сирија да пушти од езерото Асад поголем прилив на вода за Ирак - спорот донекаде е ублажен, а војната е избегната.

Во јужен Ирак, каде што водите на Тигар и Еуфрат се соединуваат, често се јавуваат спорови меѓу Ирак и Иран за нивното искористување како гранична река. Покрај тоа водите од оваа река за време на војната меѓу овие две земји беа искористени и за воени цели. Имено, за ова време Ирачаните изградија канали со вода со цел да го спречат навлегувањето на Иранците на нивна територија. Меѓутоа, значењето на овие одбранбени канали се намалуваше кога Сирија или Турција ќе го намалеа приливот на вода во реката Еуфрат, тогаш водата во нив исчезнуваше, каналите се сушеа и стануваа проодни.

Во текот на историјата земјоделството и опстанокот на Египет исклучително зависат од водите на реката Нил, а поделбата на неговите води секогаш биле и се уште се причина за многу спорови и недоразбирања. Најголеми караници и судири се јавуваат меѓу Египет и Судан, а во поново време како потенцијален корисник се јавува и Либија. На реката Нил се изградени голем број брани за задржување на поголеми количини вода. При изградбата на секоја брана се јавуваат реакции од соседните држави.

За решавање на проблемот со вода на земјите од заливот, изграден е еден од најголемите водоводи во светот во должина од 6500 км со дневен капацитет од 6 милиони м$^3$ вода. Овој водовод е наречен ”Водовод на мирот” и со вода обезбедува повеќе земји од Арабискиот Полуостров вклучувајќи ги тука: Сирија, Јордан, Саудиска Арабија, Кувајт, Бахреин, Обединетите Арапски Емирати и Оман. Вкупната цена на овој водовод изнесува 21 милијарда УСА долари, а цената на еден м$^3$ вода чини од 0,84 до 1,07 долари.

Во Либија се чувствува голем недостиг на свежа вода, бидејќи се исцрпени големите резерви на подземните води. За да се ублажи тој голем недостиг на вода, Либија изработи голем проект познат како ”Големата река” чија вредност изнесува 25 милијарди УСА долари. Водата за ”Големата река” ќе се црпи на длабочина од 100 до 700 м во пустината Сахара и со пумпи ќе се уфрла во бетонски цевки со дијаметар од 4 метри. Секој ден ќе се уфрлуваат околу шест милиони м$^3$ вода за разни потреби. ”Големата река” треба да тргне од регионот на оазата Куфра и преку пустината да стигне до брегот на Средоземното Море. Еден дел од стручњаците сметаат дека резервите на вода можат да бидат исцрпени пред 2050 година.

## Конфликтите во Република Македонија

Република Македонија е сиромашна со водни ресурси. Сите количини на вода, Македонија ги добива од атмосферските врнежи, а тоа значи дека

сите води се од домицилно потекло. Атмосферските врнежи не се правилно распоредени ниту по време ниту по простор. Во летниот период од годината, кога потрошувачката на вода е најголема, неа најмалку ја има, бидејќи од вкупните годишни количини на вода на летниот период се паѓа само 8 до 10 %. Од овие причини, доста често меѓу поголем број на водокорисници, на различни краишта од Република Македонија доаѓа до голем број недоразбирања и конфликти. Конфликтите можат да бидат од различни димензии. Оваа појава во помала или поголема мера е присутна речиси на целата територија на Македонија, а особено во Повардарјето и источниот дел на Македонија каде што дефицитарноста за вода е посебно изразена. Оваа појава, исто така, се однесува и за временските акумулации. Како времето одминува, така бројот на конфликтите се зголемува, бидејќи и потрошувачката на вода за сите намени постојано се зголемува.

Со оглед на тоа што климата во Македонија во текот на летото не носи доволни количини на влага односно врнежи, за да се задоволат потребите, се прават големи напори за целосно искористување на водата од изворите, потоците и реките за наводнување на жедните земјоделски површини. Зафаќањето на водата во ридско - планинските региони, во најголем број случаи се примитивни, така што со поставување на прирачен материјал во речните корита, водата се пренасочува кон земјоделските површини. Како прирачни материјали се користат: дрвени колци, гранки, нафрлен камен, земја и други материјали што можат да се најдат на околниот простор. Овие примитивни брани не се од траен карактер, бидејќи надојдените големи есенски или пролетни води ги рушат.

Зафатените води од водотеците, до нивите се доведуваат со изградба на земјени бразди или јазови, а некои се доведуваат и со помош на бетонски канали. Каналите, зафатите, испустите и другите придружни објекти, во најголем број на случаи ги гради месното население кај кое постои навика за рационално искористување на водата.

Помеѓу одделни населби и индивидуални водокорисници, во најголем број на случаи, постои договор со кој е регулирано прашањето за искористување на водата, односно кој во кое време и колку вода може да користи. Конфликтите се јавуваат кога некои од водокорисниците не ги почитуваат до крај меѓусебните договори.

Еден од најголемите регионални конфликти, каде што водата е главна причина, е регионалниот водовод "Студенчица". Изворот на овој водовод се наоѓа на 1060 метри н.в. на јужните падини на Бистра Планина, со вкупна должина од 74 км. Според проектот овој водовод со чиста и здрава вода ги снабдува градовите: Кичево, Македонски Брод, Прилеп, Крушево и околу 70 селски населби од едната и другата страна на водоводот во Кичевско,

Бродско и Прилепско. Една од грешките при проектирањето е тоа што целокупната количина на вода е поделена на самиот извор за сите водокорисници, а при тоа не е земена во предвид загубата во мрежата која обично се движи околу 30 % во наши услови и големата варијабилност на водата на изворот.

Веднаш по пуштањето во употреба се виде дека доволно вода за сите корисници, а секоја населба го бараше својот дел предвиден по проектот. До кулминација на конфликтот дојде кога толпа од 5000 до 6000 неколку пати упорно настојуваше каптажата на изворот да ја стави под своја контрола со цел да го спречи дотокот на вода за Прилеп. За да не дојде до директен судир меѓу спротивставените страни, во непосредна близина до изворот беше подигната полициска населба под шатори.

Друг конфликт со уште поголеми димензии, каде што водата исто така беше главна причина е случајот со вевчанските извори. За решавање на овој проблем, полицијата мораше директно да интервенира со употреба на сила. Еден од најголемите конфликти меѓу Република Македонија и Грција е конфликтот во врска со експлоатацијата на водите од заедничкото Дојранско Езеро.

Секогаш кога ќе се појави подолг сушен период, во Северна Грција односно во Солунското Поле се јавува голем дефицит на вода за наводнување, бидејќи водите од реката Вардар не се во состојба да ги задоволат сите потреби на водокорисниците. Во вакви прилики, Грција секогаш бара од Македонија да го зголеми протокот на Вардар со испуштање на водите од вештачките акумулации. Во 1998 година, специјална владина комисија дојде на лице место да провери дали Македонија намерно ги задржува водите од сливот на Вардар или не. Откако се увери дека и акумулациите во Македонија се празни, за грчките жедни полиња единствена надеж останаа водите од Дојранското Езеро. Со меѓудржавен договор постигната е согласност, Грција да испушти вода од 5 милиони метри кубни. Меѓутоа, наместо договорената количина беше испуштена неколкупати повеќе. Како резултат на тоа, вкупната количина на вода и нивото на езерото беа толку многу намалени така што ова езеро ја доживеа најголемата еколошка катастрофа не само на Балканот ами многу пошироко.

Се уште не можат да најдат заеднички јазик двете држави за ревитализација на Дојранското Езеро. Ова е еден од многуте докази за нехуманиот однос на човекот спрема природата и нејзиното повратно дејство.

Во врска со овој конфликт еве како реагираа грчките медиуми:

На 25 јули 1988 година ”Елефтеротипија” под наслов ”Судир со Македонија околу Вардар пишува: "Ако македонската страна одбие да одговори на барањата на Грција за испуштање на дополнителни 10 $м^3$ во

секунда низ Вардар, грчкиот одговор ќе биде Дојран ". "Аврријани " оди уште понатаму па пишува: "Веднаш ќе испратиме претставници на грчката воена индустрија за да преговара со Албанија околу продавање на оружје и муниција..."

Многу често до конфликти доаѓа и кај повеќенаменските акумулации. Сите акумулации, по можност се градат за повеќе намени: за водоснабдување на населението со вода за пиење, за индустријата, за наводнување на земјоделски култури, за хидроенергија и др. Начинот на искористувањето на водата од повеќенаменските акумулации се почесто се јавува како главна причина за меѓусебни недоразбирања и конфликти. Така на пример, акумулацијата "Турија" која е наменета за водоснабдување на градот Струмица, индустријата и за наводнување на земјоделските површини, во последниве неколку години, поради малите количини на вода на земјоделците не им испорачува вода за наводнување.

Акумулацијата "Мантово" која треба да ги задоволи потребите на индустријата и наводнувањето, таа задача не може да ја исполни во целост поради недостаток на вода. Акумулацијата "Мавровица" е наменета за водоснабдување и за наводнување, но во случај на недоволни количини на вода секогаш предност има водоснабдувањето. Сличен е случајот и со акумулацијата "Липково" на Липковска Река кај Куманово. Со акумулациите "Тиквеш" и "Маврово" конфликт се јавува помеѓу наводнувањето и енергетиката, односно енергетското искористување.

Со оглед на тоа дека климатските прилики се влошуваат, од една страна и потрошувачката и загадувањето перманентно се зголемуваат, од друга страна треба да се очекува дека проблемите со водата и водоснабдувањето и во иднина ќе се зголемуваат. Дека водата како природен и незаменлив ресурс брзо се троши над сите очекувања и планирања, доволно зборува примерот со градот Тетово и неговата непосредна околина. Тетово пред неколку децении беше еден од најбогатите градови со вода, бидејќи се наоѓа во најбогатиот хидролошки реон, а денеска поради потрошувачка и големата концентрација на населението, кризата за вода од година во година се повеќе и повеќе се зголемува. Вакви и слични примери кај нас ќе се јавуваат се почесто.

## Загадувањето на водата - извор на конфликти

Сите живи суштества ја употребуваат водата, а само човекот со прекумерна употреба толку многу ја загадува, за да не може да се употреби за која било цел. Потрошувачката на вода во различни реони е различна и таа се движи од неколку литри во сушните, па се до 1000 литри за еден ден во реоните богати со вода. Најголем загадувач на водните ресурси се нафтата и

нејзините деривати, бидејќи во текот на една година во моријата и реките на еден или друг начин се испуштаат околу 10 милиони нафта.

Најголем корисник на водните ресурси е земјоделството, бидејќи за секоја единица производ потребни се големи количини вода. Поради се уште релативно ниската цена, водата не се троши рационално. Во поглед на загадувањето, нашата Република не ги искористи како поука грешките на старите индустриски земји, така што се повторија истите грешки.

Втор голем загадувач на водата се јавува индустријата. Најголем дел од индустриските отпадни води, без претходно прочистување, се испуштаат во најблискиот реципиент, поради што доаѓа до прекумерно загадување. Количествата вода кои се трошат за производство се многу варијабилни во зависност од индустрискиот процес. Така на пример, за производство на еден тон челик се употребуваат до 200 $м^3$, а за еден хартија се трошат и до 350 $м^3$ вода.

Во врска со загадувањето на водите од реката Вардар, весникот ”Апогевматини” покрај другото напиша дека: ”Еколозите од Солун ќе упатат протест до Европскиот суд поради загинувањето на рибите, бидејќи водата на Вардар е многу загадена”, додека ”Елефтеротипија” објави текст под наслов: "СОС за водите на Вардар", и пишува: "Илјадници хектари земја во подрачјето на Вардар, се во опасност поради недостиг на вода за наводнување. Нивото на Вардар падна под сигурносната граница поради честите запирања од страна на Македонија која го користи целото расположиво количество вода”.

**ЛИТЕРАТУРА**:


1. M. Murakami: Managin Water for Peace in the Middl East, Alternative Strategies, New York Tokyo Paaris, 1995
2. Tayleer, Kevin, and Andrew Cotton, Urban Upgrading: Options and Procedures and Development, University of Tehnology, 1993
3. Buros, O.K. Water Supply Improvment Association Biennial Conference, Yuma, Arizona, USA, 1993.
4. Owen S.O. Natural resource convervation, London - London, 1989
5. Journey, W.K. and Andrew J. Wastewater treatment with Duskweed Aquaculture. The World Bank, Washington, 1993
6. Национален акционен план за заштита на животната средина (НЕАП), Скопје, 1996 год
7. М. Змејковски, Човекот, водата и животната средина ( ракопис ), Скопје, 2001-02-11
8. 8. М. Андревиќ: Што се случува во Дојранската котлина и со Дојранското Езеро, Стар Дојран и Скопје, 1998

# ИСКЛУЧИТЕЛНО ВАЖНА КНИГА ЗА ИСТОРИЈАТА И ОДБРАНАТА

**Кирил ТЕМКОВ**
Кон книгата "Одбранбеното осамостојување на Македонија" од д-р Трајан Гоцевски (изд. Македонска ризница, 2001)

Пред бројна публика од колеги и еминентни гости, на 19 јануари во скопскиот Дом на АРМ беше промовирана најновата книга на професор д-р Трајан Гоцевски "Одбранбеното осамостојување на Македонија (Чекор кон суверена држава)" во издание на книгоиздателството "Македонска ризница". И кај големите народи со богати култури, со многу бележити историски настани и многубројни истражувачи, секоја историска и дефендолошка книга предизвикува внимание, бидејќи сопственото минато и одбраната спаѓаат во корпусот на самосознанието, како и меѓу најважните сознанија за практичниот живот. Кај нас оваа потреба е уште поголема, заради огромните задачи на конституирањето на независна држава и на сообразна современа одбрана на татковината. Токму тие две области ги опфаќа оригиналната и извонредно интересна книга на д-р Гоцевски.

Професорот Трајан Гоцевски беше првиот цивилен министер за одбрана на Република Македонија. Во 1992 година, новата држава која тукушто ги организираше своите институции, ги уредуваше своите бројни функции и ги создаваше своите први државни акти, се исправи пред безброј тешкотии, кои бараа од нас нивно поднесување, напор и издржливост, но уште повеќе откривање на вистинските патишта и правење на соодветни чекори. Тоа значеше нужен ангажман на умот и знаењето, на визионерските таленти и на моралните сили, храброст и енергичност, но и мера и снаодливост. Тие бројни етички и дијаноетички доблести особено беа посакувани да ги има министерот на одбраната, зашто елементите на одбраната, нејзината концепција, начинот како таа се организира и се спроведува, нејзиниот квалитет спаѓаат меѓу основните својства на егзистенција и карактеристиките на една држава.

Во тој комплекс од претпоставени доблести се вметна за нас новината на цивилен министер на одбраната. Во многуте предизвици на времето, со особен

ракурс кон аспектот на осамостојувањето и демократизацијата, не беше доволно забележан овој факт и неговото значење. Впрочем, тој беше новина и во сите бивши социјалистички земји, а само неколку децении пред тоа и во сите други земји на светот. Повеќе од сто години само англосаксонските земји (Велика Британија и САД) имаа цивилни министри на војната или на одделни делови на воената сила (морнарицата и сл.). По Втората светска војна тоа стана политички стандард и практика во сите демократски земји (оттогаш и ваквите министерства се нарекуваат "за одбрана" а не "за војна"). Ние дотогаш немавме цивилни министри на одбраната. Тоа редовно беа највисоките воени личности во земјата. Всушност, тоа беше нормално за еден систем со единственост на власта и политичката насока, зашто така се обезбедуваше единство на политичката и воената власт. Во некои периоди, дури, имаше предимна насоченост кон имплементација на воените визии во политичката практика и во политичкиот врв, со соодветна застапеност на воените и другите одбранбени (полициски, разузнавачки) раководители во централните политички тела.

Во современите демократски општества стратешкото и редовното политичко одлучување е функција на цивилниот политички врв, па така и во одбраната. Оваа цивилна надреденост над воените сили не значи неартикулирано мешање во воените работи (за коишто како технологија се одговорни воените професионалци), туку е неопходност на сложената и суптилна социјална целина на општеството. Таа претставува израз на издигнувањето на граѓанската концепција на општеството над милитаристичката, на реалноста на плуралистичкиот политички живот наспроти еднопартиската политичка организација. Во таа смисла, и кај нас со демократизацијата на општеството настапи потребата цивили да раководат со Министерството на одбраната.

Успешноста на водењето на Министерството на одбраната од д-р Трајан Гоцевски како прва цивилна личност на таква позиција кај нас беше голем придонес кон граѓанската визија и кон организацијата на светот. Се скрши навиката воените прашања да бидат одговорност само на униформираните личности. Иако со дотогашната практика се чинеше дека појасно се определени домените на одлучувањето, всушност во стариот начин имаше големи нејаснотии околу ингеренциите, владееше испреплетеност на политичките институции, неизјаснетост на задачите и на правата. Всушност, сите се вплеткаа во обврските, за да не се знае кој за што реално е обврзан. Демократијата значи определеност на правилата и постапките, стандардизација на процедурите, одговорност на чинителите. цивилниот министер на одбрана барем во оваа област појасно ги постави принципите и моделите на однесувањето.

Таквиот политички потенцијал за нас беше од корист и при разрешувањето на две горливи прашања на епохата, кои, еве, дури денес се здобиваат со своја натамошна разработка или , со особена проекција и врвна исполнителност.

Првите прашања за една држава се територијата и границите. Тие се извор на енергија за живеење и претставуваат материјален поттик за вкупното дејствување. Тие не се само географија или физичка реалност, туку и политички фактор и духовен елемент на нејзините граѓани. Затоа омеѓеноста на границите, владеењето со територијата, искористувањето на нејзините просторни и материјални потенцијали (како и одговорноста за тоа) се првите елементи на државноста. Тие се, исто така, не само дел од државната целост, туку и нејзин белег, нејзино својство, состојка на државната визија и концепција, дејствувачки елемент на реалната егзистенција, фактор на режимот, база за социјално-економско-политичко-етичките односи, прв фактор на градењето и унапредувањето на животот на луѓето.

Затоа разграничувањето од поранешната сојузна држава, определувањето на границите, преземањето на одбраната на државната територија, разделувањето на воените сили и изградбата на сопствените одбранбени потенцијали беа на преден план во организацијата на првите дејства на новата државата и во консолидирањето на нејзиното постоење.

Во тие мигови беа разгорени политичките страсти, виреења спротивни и цутеа настрвени тенденции, се јавуваа судири од секаков вид - идеолошки, стратешки, меѓународни, економски, социјални. И кај нас и во другите социјалистички земји конфликтите се закануваа да преминат во војни и во злосторнички зафати, животот беше исполнет со секакви опасности, а економската и финансиска разнебитеност (како последица од последователните инфлации и економската неефикасност) беа следени од психички трауми, социјални бранувања и егзистенцијална неизвесност. Во таква ситуација ние ги создававме нашите први демократски плуралистички институции, а пред нив се поставуваа задачи од супстанцијален карактер - признавање на државата, создавање на свои пари, обезбедување на храна, гориво и суровини, одржување на функциите и трансформација на оние кои треба да бидат изведувани на нов начин, воспоставување на неопходни услови за живот.

Од сите овие огромни и тешки задачи, кон крајот на зимата во 1992 година за ослободувањето и новиот статус на Македонија најважно беше нашето одбранбено осамостојување. Новиот политички механизам не можеше да се зафати, а државата и сите ние да тргнеме во борба за живот во присуство на нашата територија, на војска која повеќе не ѝ припаѓаше на нашата држава. Во тој миг најважно беше ЈНА да си замине, нашата територија да дојде под раководство на наши институции и единици, а одбраната да се здобие со визија, начела и сила кои треба да ја изразуваат нашата државна положба и да ги оправдуваат нашите вкупни национални и државни настојувања. Тие бележити задачи како министер на одбраната со успех ги раководеше и успеа да ги реализира професорот Трајан Гоцевски. Во книгата "Одбранбеното

осамостојување на Македонија", која со право го носи поднасловот "Чекор кон суверена држава", се разгледува токму процесот на остварувањето на овие круцијални одбранбени задачи од нашето неодамнешно минато.

Во книгата се прикажува и проблемски и историски детално, континуирано, од ден на ден, како течеше ослободувањето од присуството на една туѓа воена сила на нашите простори, какви беа проблемите и како се решаваа, односно како својот државен простор го претворивме во наша одбранбена задача и плацдарм. Во сето тоа е исто толку важно и како напоредно е барано решението за типот и формата на одбраната на нашата татковина. Тие нешта не се случија во професорскиот кабинет, туку во политичките средби, напори и дејства, на вистинското поприште на нашата најнова историја, со која се дооформуваше судбинскиот резултат на нашата одамна започната национална револуција.

Проблемот беше огромен. Во прашање не беше некој ограничен влог, изнаоѓање на времено или случајно решение, за коешто потоа ќе се бара подобрување или измена. Се решаваше се, во прашање беа концепцијата и етиката на нашето опстојување. Всушност, станува збор за првата војна во новата македонска историја. Во судирите немаше крв, тие се извршуваа како конфликт на интересите и на политичките идеи и волји. Но, во судирите имаше спротивставеност на страните, демонстрација на замислите, маневри, драматичност, заканувања, повлекување, прегрупирања и заземање на позициите како во вистински воен судир. Војната значи е и израз на политиката. Впрочем, од едната страна во овој судир беа самите воини на една дотогаш голема сила, која беше ценета во една голема држава во регионот, одгледувана со внимание, со бескрајни вложувања и со широк човечки избор, со значење паралелно на сета моќ и успеси на дотогашната федерација (заеднички водач и на државата и на таа воена сила долго време беше маршалот Тито, како персонално олицетворување на единството на политичката и на воената историја и сила на таа држава, која дури се фалеше дека е "четврта воена сила во Европа"). Од другата страна на судирот беа новите политички структури и раководители на малечката нова држава, произлезена од истата федерација, но со натамошна независна историска насоченост.

Се разбира, ослободувањето на нашата територија и осамостојувањето на одбраната не беше ниту едноставен ниту лесен потфат. Треба да се прочита книгата "Одбранбеното осамостојување на Македонија" за да се согледаат подетално проблемите, јанsите, неизвесностите и предизвиците, јачината на судирите и опасноста од заканите за нашата нова држава. Од тој судир излеговме цели, без човечки жртви. Тоа денес значи дека победивме (ако треба да се каже, победи и другата страна). Тогаш некому му изгледаше дека сме поразени, дека однесувањето на оружјето, на воената опрема, на значајните и на безначајните

делчиња од градбите, машините, апаратите е живо ранување на нашето тело. Да, така беше, но материјалното тело се реконструира, а мртвите никогаш, уште потешко жртвите од евентуалниот вистински судир на бојното поле меѓу народите кои треба засекогаш да живеат како соседи и пријатели. Ја сочувавме својата душа, што е еден од условите за позитивен однос во современиот живот.

За нас, всушност, немаше потреба од пукање за да ја завршиме војната и да извојуваме своја победа. Ние ја имавме позицијата на слободата, наша беше силата на уверувањето и на народот, кои ќе овозможеа да победиме и ако се развиеше вистинска крвава војна. Но, таа беше бесмислена за нашата историја и егзистенција. Нашиот нов одбранбен ум, олицетворен во првиот цивилен министер за одбрана, одбра добар пат и го изнајде вистинското решение. Тој покажа дека во животот се поважни стратешките отколку тактичките решенија и потези. Останавме без тенкови, но и без воени дејства на нашата територија, што секако е многу поважно од купиштето железо. Занесените по конфликти не знаеја што следува, немарните не водеа сметка за тоа што треба да се обезбеди, оние што сонуваат по поседување оружје и мавтање со него не сакаат да знаат дека стапот има два краја и дека оружјето на куп не е најважно за војната и за победата. Добро е за сите нас што д-р Гоцевски ја знаеше и следеше библиската мудрост дека од оружјето (прв) гине оној што ќе го извади, кој од него ќе припука.

Притоа, сепак покажавме дека знаеме да ги изведеме потребните дејства. И тука се искажаа вештината и способностите на д-р Трајан Гоцевски. Како првокласен организатор, тој како министер на одбраната ја изгради и спроведе идејата за осуштествување на ресурсите, од нужната импровизација отворајќи пат кон ефикасни решенија. Тој ги мобилизираше нашите резервисти и овозможи тие како први единици на новата македонска војска да ги преземат граничните сегменти. Така Владата на Република Македонија докажа дека ја владее и дека може да ја брани територијата. Веќе тоа организирање и првите вистински дејства на нашето Министерство на одбраната врз новите основи и во неповолни услови ја задолжуваат нашата општествена и научна јавност да му оддадат признание на професорот Гоцевски за нивното успешно спроведување. Но, покрај ова решавање на конфликтите и на бурните дилеми во тие незаборавни априлски денови, исклучително е значаен придонесот на д-р Трајан Гоцевски, економист, педагог и дефендолог, во осмислувањето на воената доктрина на нашата нова држава, со што се комплетираа фундаментите на нашата одбрана.

Постоењето има разни димензии и може да се спроведува на различни начини. Исто така е и со колективната егзистенција на општествата, народите и државите. И тие можат да се движат по разни патишта, со различни визии и цели, со или без амбиција за успех, со или без сообразни средства. Нашето претходно општество почна амбициозно, а заврши со дотепана душа, беше

витално, а стана бескрвно, виеше идеја за братство и единство, а се престори во најзлосторничко меѓусебно убивање во Европа на крајот на векот, се градеше универзалистичка идеја за меѓународна соработка, а се изолираше од современите текови, на зборови афимираше едно, а правеше друго, недомаќински го трошеше незаработеното, не мислеше на своите граѓани, му беше сеедно што ќе се случи. Тоа него го доведе до пропаст, од која сите моравме да се вадиме со свои сили и ум.

Д-р Трајан Гоцевски беше меѓу првите кај нас кој укажа дека нашиот пат мора да бидат животните текови на современата обединета Европа, а прв меѓу нас посочи и дека нашата одбрана треба да се изведува во рамките на колективните европски одбранбени структури.

Ние долго време имавме изолационистичка опсесија за "независноста" како неврзаност и за социјалната рамноправност како "социјалистичко самоуправување", оттука обопштувајќи ги сите визии на сите полиња како "оригинално решение". И кога не даваа резултат, ги пофалувавме нивните замислени плодови, коишто ни мирисаа иако не се раѓаа, коишто ги претставуваме како најсвежи иако беа мртвороденчиња, за коишто се бараше да се стори се, а тие не егзистираа. Од таа шизофрена ситуација потекнуваа неоформрни идеи и решенија, од кои толку се восхитувавме што заборававме да погледнеме што вистински се случува кај нас и во светот, како е кај другите и дали воопшто има и нешто подобро од нашето. Се разбира, така беше и во одбраната. Се заоструваше ситуацијата од првата деценија по Втората светска војна (воено учество и успех во неа; спротивставување на Сталиновиот притисок). Тоа служеше како голема апологија на сите тогашни, но и на сите натамошни постапки на државата, како извор на легитимитетот и оправдување на политичката моќ. Но, паднавме во стапицата на нефункционалноста. Не согледавме дека заостануваме, дека губиме, дека како општество и како федерална земја сме во загубена ситуација, на која токму и воената "моќ" ѝ служи како дегенеративен фактор.

Визијата за нашата одбрана која ја истакна д-р Трајан Гоцевски (изложена во политичките елаборации, во првичните државни акти за одбраната, во неговите бројни книги на таа тема, кои претставуваат ризница од идеи и аргументација) беше духовна новина наспроти дотогашната животна и одбранбена концентрираност "врз своите сили" и одделеност од современите светски тенденции. Д-р Гоцевски објасни дека нашата одбрана мора да се базира врз современите тенденции на колективна безбедност и дека таа мора да стане дел од меѓународниот систем на заемна одбрана. Денес тоа подобро го разбираме отколку тогаш кога за прв пат беа изнесени овие идеи и се конституираше концепцијата на нашата одбрана како дел од вкупната визија за нашата државна егзистенција. Тоа е патот по кој долго натаму ќе одиме, како дел од современото

човештво и придружен елемент на заедничкото опстанување на европските народи низ интернационална соработка и заедничка грижа за опстанокот и одбраната.

Таков е резултатот од современите пошироки сојузништва наспроти изолационизмот од централните текови како карактеристика на поранешниот режим, од ефективното искористување на малите капацитети со кои располагаме (но, да потсетиме, дека големата воена моќ на претходната сојузна држава потекнуваше од огромни вложувања на средства и усилби, кои резултираа со милитаристички визии и стратократско однесување), од изменетите меѓународни трендови и односи, кои нас не носат и не крепат да се приклучиме кон останатиот свет.

Република Македонија стана држава со идентитет. За кусо време беа решени разни прашања, имаше бурни настани и важни реализации. Во граѓанскиот дух, кој завладува со нашата свест, секое дело има носител и признание за нешто што му припаѓа на оној кој тоа го сторил. Соодветното признание му се дава на д-р Трајан Гоцевски за успесите во водењето на Министерството за одбрана во најтешката година на нашето самостојно постоење, кога ги правевме чекорите кон сувереност, за правилното разрешување на конфликтот околу разграничувањето на воените сили и капацитети на поранешната сојузна држава, за енергичноста и воената снаодливост во преземањето на нашите граници на чување од нашите новосоздадени сили, за почетоците на изградбата на правниот систем на нашата одбрана и за визиите и поставувањето на фундаментите на концепцијата на нашата одбрана денес.

Разбирањето на проблемите на животот, на одбраната, на струката се карактеристики на дејноста на професорот д-р Трајан Гоцевски. Тој свој квалитет тој го манифестираше на блескав начин тогаш кога најмногу требаше - во напорот да се ослободиме и да станеме независна и суверена земја, да создадеме сила за да ги браниме своите граници и да ја откриеме идејата и да пронајдеме концепција на одбраната која ќе соодветствува на нашите капацитети, историски традиции, моќ и национални стремежи. Впрочем, политиката во одбраната е само еден дел од вкупната политика. Затоа книгата "Одбранбеното осамостојување на Македонија" е прекрасно четиво за да се осознаеме себеси и своите сили на патот за спроведување на една своја, карактеристична и успешна национална политика.

Тоа е жестока книга. Во неа на документаристички и на впечатлив автобиографски начин, се изнесени низа потресни сведоштва и умни забелешки и визии. Пленат нејзината искреност, вистинитост и фактичност. Како во другите триесет научни дела на д-р Гоцевски, и во оваа книга реалноста е во преден план. Но, овдека реалноста проговара и самата - со својата широчина и сериозност, со својата драматичност, со свој јазик и зборови. Таа не враќа во

блиските, но далечни мигови на последната деценија од изминатиот век, кога бевме во потрага по живот, по независност, по самостојност.

Оттогаш имавме многу други искушенија и водевме други битки, како што ќе биде во сиот наш живот понатаму. А книгата "Одбранбеното осамостојување на Македонија" ги оживува оние настани од раѓањето на нашата држава, кои остануваат трајно впишани во нејзиниот код и историја, кога се испреплетуваа идеите и реалноста. Книгава е воена, без употреба на воената номенклатура, но со приказ на воениот и зрел политички ум. Од неа може многу да се научи за идеите, вештината, судирите, преговорите и општествената активност на полето на реализирањето и зачувувањето на она што е најважно и најмило. Оваа книга е и историска. Во неа се зборува за современата историја, за миговите кои тукушто изминале, без дистанца, непосредно, живо. Таа проникнува во нашето ткиво и живот, за да дознаеме кои сме и како се движиме, токму во текот на истата епоха во која е создавана таа историја. Таа е и врвна стратешка книга - дело за она што вистински ни се има случено, дело кое пред нас ја донесува стратегијата, во чиешто создавање бележита улога имаше нејзиниот автор.

Како таква, книгата "Одбранбеното осамостојување на Македонија" е поука за тоа како денес се разрешуваат и добиваат политички судири доведени во прагот на војна, таа книга-вистина за нашите случувања не потсетува на бележитите мигови од скорешната историја, кога го направивме решителниот чекор кон нашата сувереност. Зборува за тоа како ние ги преземавме во свои раце државните функции и како дејствуваше нашиот прв цивилен министер на одбраната во најтешките ситуации. Таа не учи и како треба да се осмислуваат големите прашања на нашето постоење.

# ПРИКАЗ

## НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА I, II и III дел

## (д-р Митко Котовчевски)

**Ванчо КЕНКОВ**
Филозофски факултет-Институт за одбрана, Скопје

Неодамна д-р Митко Котовчевски ѝ се претстави на нашата научна, стручна и поширока јавност со својот најнов труд "Националната безбедност на Република Македонија". Трудот е концепиран во три дела (книги) кои носат посебни поднаслови и содржински претставуваат, секоја за себе, посебни заокружени целини.

Самиот наслов на трудот асоцира дека станува збор за амбиоциозен и мултидисциплинарен труд во кој се истражува една мошне актуелна и специфична проблематика која е од суштествено значење за опстанокот на секоја држава. Амбициозноста на трудот преферирана во насловот, во основа се поклопува со очекуваната содржина што не е чест случај.

Без сомневање станува збор за оригинален научен труд базиран врз проучување на најновата научна литература од странство и од кај нас. Во многу нешта трудот со својот содржински квалитет, адекватната застапеност на презентираните ставови за фундаменталните прашања за националната безбедност на Републииата, претставува длабок пробив на научанта мисла по однос на оваа проблематика кај нас. Трудот нуди издржани образложенија, факти и решенија кои можат да послужат како фундаменти за натамошниот развој на научната мисла во оваа област. Оригиналноста на овој научен труд се огледа и во тоа што од осамостојувањето на Република Македонија не е понуден ниту еден труд од овој вид.

Научниот пристап во мултидисциплинарната безбедносно-одбранбена проблематика на трудот му дава пионерски простор од кој ќе се надградуваат

доктринарните и стратегиските определби по однос на македонското безбедносно- одбранбено организирање.

Композицијата на првата книга насловена како "Националната безбедност на Република Македонија" изложена е на 179 страници текст поделен на три дела со повеќе поглавја и библиографски единици од најнов датум.

Во првиот дел од книгата насловен како"Безбедноста како функција на државата", авторот дава основни теориски образложенија за заштитната функција на државата и за безбедноста како атрибут и функција на државата. Презентирајќи ги најновите сфаќања на поимот безбедност и неговата повеќезначност, авторот поимно и терминолошки ја определува безбедноста. Врз основа на ова поимно определување, понатаму авторот ги дефинира поимите национална безбедност, меѓународна бебнедност, заедничка, трансдржавна и глобална безбедност и нивните содржини.

Вториот дел од книгата е насловен како "Теорија на системите за безбедност". Во него авторот најнапред ги посочува  основните значења на поимот *теорија на безбедност*. Врз основа на тоа го дефинира поимот теорија на безбедноста како систем на организирано знаење за појавите на безбедноста до кои се доаѓа по научно методолошки заснован пат и во таа смисла се идентификува со науката за безбедност.

Во вториот поднаслов на овој дел "Загрозување и заштита на виталните оппттествсни вредности", авторот ги посочува  основите на Уставот на Р. Македонија врз кои е воспоставен новиот облик на политички систем - систем на парламентарна демократија.  Неговата суштина  се состои во тоа што парламентот станува најзначајна инстанца пред која владата одговара за својата политика, ограничувајќи го на тој начин политичкиот монополизам на одделни тесни слоеви од општеството. Понатаму, авторот ги елаборира темелните вредности на уставниот поредок, изложени во 11 основни уставни начела, кои претставуваат значајна афирмација на новиот Устав и континуитет  на најзначајните витални општествени вредности како и можните загрозувања на истите.

Во следниот поднаслов, покрај дефинирњето на поимите систем на безбедност и систем на национална безбедност, авторот на многу експлицитен начин шематски ни ја дава структурата на системот на националната безбедност, неговите компоненти и карактеристики. Врз основа на тоа, посочува дека нашата држава во иднина ќе мора целосно да ги дефинира елементите на својот современ систем на национална безбедност, со цел да се гарантитра безбедноста на граѓаните. Следствено на тоа, текстуално и шематски ни ја презентира сегашната состојба на системот за национална безбедност на Р. Македонија, основните елементи кои го сочинуваат - национална одбрана и внатрешна безбедност и нивната организациска структура. Покрај тоа, авторот нуди одредени системски

решенија за доградување на потсистемите (елементите) за национална безбедност и на системот за националната безбедност.

Третиот дел е насловен како "Извори на загрозување на националната безбедност"и во него авторот го дефинира поимот загрозување како секаков вид на општествена, природна и техничка опасност од поголем обем, со која се загрозува интегритетот, слободата, имотот и здравјето на луѓето, како и територијалниот интегритет и суверенитет, уставниот поредок и правото на државата, нацијата или општествените групи и поединци. Покрај дефинирањето на поимот, авторот ја дава класификацијата на изворите на загрозување, според постојните критериуми, како општествени, природни и техничко-технолошки и нивното влијание врз системот за безбедност. Понатаму врз основа на тоа се дефинирани и облиците на загрозување на националната безбедност како надворешни, вантрешни и глобални и нивната меѓусебна условеност и зависност.

Содржината на втората книга со поднаслов "Внатрешни извори на загрозување на националната безбедност" изложена е на 240 страници текст поделен на три дела со повеќе поглавја, табели и библиографски единици. Најнапред авторот поимно ги дефинира загрозувањата и нивната суштина, изворите на загрозување и облиците на загрозувањето на интегралната безбедност на Р. Македонија и шематски ја прикажува нивната поделба.

Како што укажува поднасловот на книгата авторот ги анализира внатрешните извори на загрозување на националната безбедност. На почетокот авторот ги презентира појавните облици на внатршните извори на загрозување на националната безбедност и тоа како внатерешни вооружени, внатрешни комбинирани и вантрешни невооружени облици на загрозување на националната безбедност.

Во првиот дел на книгата авторот ги анализира внатрешните вооружени облици на загрозување на интегралната безбедност. Најнапред ги дефинира граѓанските конфликти кои во себе вклучуваат примена на насилство за остварување на целите кои би можеле да се остварат на друг (насилен) начин. Понатаму авторот ја презентира поделбата на граѓанските конфликти на расни, конфликти на околината, идеолошки конфликти, конфликти помеѓу функционирањето на власта и нејзиното (не)почитување од силите на моќта, конфликти на идентитетот и нивните основни особености и причини за пројавување. На крајот аворот прави табеларен приказ на позначајните гарѓански конфликти кои се водени во периодот од 1945 до 2000 година, од кој може да се заклучи дека граѓанските конфликти ја обележија "најкрвавата декада" на овој век со тенденција да доминираат и во наредните декади на XXI век. Како заклучок авторот посочува дека најголема закана и ризик, со оглед на севкупните индикатори, за безбедноста на Р. Македонија во наредниот период претставува наднинувањето на "црвената линија" за отпочнување на граѓанска војна.

Вооружената побуна како внатрешен вооружен облик на загрозување на интегралната безбедност авторот ја дефинира како организирана вооружена акција на некоја организација, група, на дел од население (во исклучителни ситуации) заради насилно соборување на актуелната власт или уривање на уставниот поредок на државата. Понатаму се посочени и елаборирани начинот на започнување, целите на вооружената побуна и начинот на остварување на тие цели. Имајќи ги предвид настаните во нашето најтесно опкружување, а особено примерот на настаните во соседна Албанија во 1999 година, авторот констатира дека вооружената побуна претставува еден од најопасните извори на загрозување на безбедноста на државите и критична маса за избувнување на современите граѓански конфликти.

На тероризмот како појава која е мошне актуелна и присутна на светската сцена, но за жал и во Р. Македонија, авторот му дава посебен акцент во овој дел од книгата. Најнапред преку примери низ историјата авторот го прикажува еволуцискиот развој на тероризмот. При дефинирањето на тероризмот авторот презентира повеќе различи толкувања и дефиниции и врз основа на нив го дефинира тероризмот и ги посочува причините за појавата на тероризмот. Понатаму на многу суптилен начин авторот ги идентификува и ги образложува видовите на тероризмот, а посебно се задржува на мегатероризмот и супер-тероризмот како реални закани на современата цивилизација. Покрај видовите на тероризам елаборирани се и терористичките организации, нивните мотивации и стратегии, карактеристиките на операциите, почнувајќи од нивното планирање, извршување и фазите на терористичките операции. На крајот од ова поглавје авторот заклучува дека и во иднина тероризмот ќе претставува сериозна закана за стабилноста на секоја држава. Имајќи го тоа предвид секоја држава води борба против тероризмот. Борбата е мошне комплексна, тешка и неизвесна и во себе ги вклучува двата основни видови на акции и тоа антитероризмот како одбранбени мерки и контратероризмот како нападно-офанзивни мерки.

Вториот дел на книгата насловен како "Внатрешни комбинирани облици на загрозување на интегралната безбедност" има само еден поднаслов - *државен удар*. Покрај дефинирањето на поимот, авторот ги посочува причините, целите, подготвувањето и начинот на изведување на државниот удар по фази.

Третиот дел е насловен како "Внатрешни невооружени облици на загрозување на интергралната безбедност"и во него авторот почнувајќи од разузнавачко-извидничката дејност, психолошко-пропагандните дејства , саботажи, диверзи и разурнувачки демонстрации, екстремизмот, па се до социопатолошките појави, ги презентира сите невооружени облици на загрозување на интегралната безбедност. Сепак авторот највеќе се задржува на шпионажата, почнувајќи од зачетоците на современата шпионажа, дефиирањето и видовите шпионажа.

Следното поглавје го третира криминалитетот како внатрешен облик на загрозување на интегралната безбедност како облик од особено значење за безбедноста на секоја држава. Авторот најнапред ја презентира типологијата и класификацијата на криминалитетот дефининирајќи го секој тип засебно. Притоа нагласува дека во најново време особено е актуелен нуклеарниот криминал. Покрај дефинирањето на нуклеарниот криминал низ повеќе примери ги презентира нуклеарниот шверц, нуклеарните кражби и нуклеарните измами со што укажува на нивната актуелност, но и на опасноста од овој вид криминал.

Понатаму авторот укажува на организираниот криминал како на еден од најактуелните проблеми во светот. Покрај поимното определување на организираниот криминал и криминалните групи, авторот и шематски ја презентира поделбата на организираниот криминал и опасностите од организираниот криминал на националната безедност на државите во современиот свет.

Крајот од книгата ја третира наркоманијата како социопатолошка појава. Импликациите од ова најголемо зло на современиот свет се страотни и се рефлектираат во сите сфери на општеството. Авторот дефининирајќи ја наркоманијата, заклучува дека таа претставува еден од најсериозните "тивки" извори на загрозување на нашата нацинална безбедност, но и на националениот опстанок на Републиката.

Содржината на третата книга со поднаслов "Внатрешни и глобални извори на загрозување на националната безбедност" изложена е на 187 страници текст поделен на три дела со повеќе поглавја, прилози (табели и шеми) и библиографски единици. Во книгата авторот во целост ги елаборира надворешните изворите на загрозување на националната безбедност на Република Македонија.

Во првиот дел од книгата најнапред авторот ги третира надворешните вооружени облици на загрозување на безбедноста и тоа вооружената агресија, воената интервенција и пограничните вооружени судири. Дефинирајќи ја вооружената агресија авторот ни посочува каква агресија, во зависност од целта која сака да се постигне и во зависност од видот на војната, може да биде извршена спрема Р. Македонија. Понатаму дадени се причините за војна во совреният свет и најновите теории за настанок на војната и карактеристиките на војнита водени по Втората светска војна.

Воената интервенија претставува посредување, мешање на една држава или група држави во работите на друга држава за постигање на определени цели. Во поновата историја, како што забележува авторот, вакво неприкосновено "право" на воена интервенција имаат суперсилите без оглед на тоа дали имаат морално право илли се на погрешен пат во врска со тоа. Покрај меѓународно-правното дефинирање на воените интервенции, авторот ги презентира основните

обележја и цели на воените интервенции. На крајот се прикажани пограничните вооружени судири како посебен вид на вооружени судири помеѓу соседните држави, нивните карактеристики, причините, обемот и структурата на употреба на воената сила.

Во второто поглавје од овој дел на книгата, елборирајќи ја доктрината на судир со низок интензитет како мошне опасна доктрина, особено за малите земји, нејзината суштина, целите и основните задачи на вооружените сили при изведување на судирите со низок интензитет авторот констатира дека станува збор за мошне комлексна доктрина и стратегија која е доста актуелна, жилава, успешна и многу опасна за интегралната безбедност, посебно за малите и неразвиени земји.

Понатаму покрај дефинирањето на државните удари, авторот заклучува дека државните удари со надворешно мешање станаа едно од најкорисните средства на агресивната сила во повоените меѓународни односи. Низ содржините на овие облици на загрозување на безбедноста, прикажани се надворешните-комбинирани облици на загрозување на интегралната безбедност.

Третото поглавје од овој дел низ алнализа и дефинирање на неконвенционалните дејства, субверзивната дејност, политичката индоктринација, користењето и вештачко создавање на општествени кризи и психолошко-пропагандната дејност идентификувани и дефинирани се надворешните-невооружени облици на загрозување на интегралната безбедност.

Вториот дел од кигата е наслов "Глобални извори на загрозување на националната безбедност" и во него низ призмата на меѓународниот криминал, меѓународниот тероризам, биолошката, нуклеарната и хемиската профилација, верските секти, сиромаштијата и генетскиот инженеринг елаборирани се глобалните извори на загрозување на националната безбедност.

Во третиот дел на книгата авторот дава осврт, низ примерот на распадот на трите Југославии, на загрозувањето на мирот и безбедноста во некои региони во светот, на новите извори на загрозување и на новите опасности за мирот, за влијанието на геостратегиските, геополитичките и безбедоносните предизвици на националната безбедност на Р. Македонија.

Суштинската цел на презентираниот труд е да ги елаборира најзначајните загрозувања на националната безбедност (внатрешни, надворешни-вооружени, невооружени и комбинирани) на државите со посебен акцент на загрозувањата насочени пртив виталните интереси на Република Македонија.

За таа цел тежишните правци на оваа комплексна студија, особено во втората книга, се насочени кон поопширната елаборација на феномените современ тероризам, вооружена побуна, шпионажа, екстремизам, уфрлување на вооружени, криминални групи, криминалитетот (со посебен осврт на организираниот криминал и нуклеарниот криминал), како и наркоманијата како едно од најголемите современи зла насочени против младата популација.

Со нивно навремено откривање и правилно "дијагностицирање" во голема мера ќе зависи ефикасноста на системот за национална безбедност на современите држави. Ова претставува суштинско прашање од кое зависи судбината и иднината на сите држави, а посебно на Р. Македонија која во актуелниов миг се соочува со деструктивно влијание од голем број извори на загрозување на нејзините витални општествени вредности.

Авторот преку една комплексна анализа на изворите на националната безбедност на Р. Македонија, прави и сериозни прогнози за можноста (веројатноста) на нивното манифестирање, како и за последиците од жестокста на нивното деструктивно делување насочено кон рушење на виталните општествени вредности на Р. Македонија.

Деновиве за жал, се оствариja предвидувањата на авторот во однос на тероризмот, екстремизмот , вооружена побуна, уфрлување на вооружени групи кои се елаборирани во втората книга, но и во практиката се потврди заедничкото функционирање на новиот модел на системот за националната безбедност на Република Македонија.

Тргнувајќи од комплексноста на проблематиката која е предмет на истражувањето, како што се актуелните прашања по однос на облиците на загрозување на националната безбедност, од планетарен, но и од национален аспект, потребно е извонредно познавање на сите современи пулсирања во тие области. Со оглед на нивната мултидисциплинарност и барање на научна експликација на истите, авторот не само што покажа извонредно познавање на проблематиката, туку неговата големина се огледа во научната интерпретација на актуелното и на проспективното во однос на проблематиката која е предмет на неговото истражување.

Во овој труд е применет оригинален методолошки инструментариум. Тој е прифатлив за овој вид научно истражување кој на авторот му овозможува не само успешна научна елаборација на предметот на трудот, туку , врз основа на резултатите на истражувањата да даде и проспективно видување на процесите и промените во оваа област, а во тој контекст и за местото и значењето на Република Македонија.

Со оглед на актуелноста на проблематиката која е предмет на истражувањето како и на научната заснованост на експликацијата на содржините во трудот, кај креаторите на политиката на безбедносно-одбранбената политика ќе предизвика особен интерес што е и негова основна цел, потоа кај македонската научна и стручна, а и кај пошироката јавност, образовните институции, бидејќи во областа на националната безбедност сè уште се бараат најпогодни решенија.

Специфичноста и комплексноста на содржините на трудот, претставуваат фундаментална претпоставка и предизвик за натамошни проучувања и научна истражувачка работа во оваа област.

**"*СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА*"**, теоретско списание
Министерство за одбрана, "Орце Николов" б.б., Скопје

# УПАТСТВО ЗА АВТОРИТЕ

**"*СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ОДБРАНА*"** (во понатамошниот текст Списание) е теоретско списание кое по правило излегува двапати годишно. Во списанието се објавуваат:

-оригинални стручни трудови: научно стручни трудови, прикази на книги, куси соопштенија и др.

-континуирано или повремено во Списанието се објавува и библиографија, календари на научни манифестации во земјата и странство, позначајни датуми, рекламирање на фирми и претпријатија и др.

**Оригиналните стручни трудови** ги содржат резултатите на сопствените дотогаш необјавени научни истражувања кои претставуваат заокружена целина. Прифаќањето на оригинална научна статија во Списанието ги обврзува авторите да не ги објавуваат и во други списанија.

**Научно-стручните трудови** известуваат за корисни сознанија кои што помагаат во ширењето на знаењата и прилагодувањето на изворните истражувања кон потребите на науката и практиката.

**Прикази на книги** претставуваат концизни прикази на книги и сознанија до кои што дошле авторите во определена научна област, за која компетентноста на авторите во приказите е потврдена преку публикувањето - објавувањето на книгите.

**Куситe соопштенија** содржат резултати на помали, но завршени научни истражувања.

**Доминантните рубрики на Списанието се:**

1. Општо теоретски, доктринарно-стратегиски и други теми од одласта на одбраната;
2. Геополитички, геостратегиски, воснополитички и теми од меѓународен ангажман во областа на одбраната;
3. Техничко-технолошки достигнувања, вооружување и опрема;
4. Други рубрики од одласта на безбедноста, одбраната и заштитата; и
5. Прикази на книги, стручни трудови и др. од областа на одбраната.

# ПОДГОТОВКА НА РАКОПИСОТ

Ракописот треба да се доставува во **еден отчукан примерок** на ласерски печатар, без проред, на двете страни на хартијата, со формат Б5 и на дискета, за да се олесни печатењето на Списанието. Страниците и прилозите треба да бидат нумерирани.

Трудовите треба да бидат напишани на македонски или на англиски јазик, а на авторите им се препорачува апстрактот на трудовите, приказите и кусите соопштенија да ги пишуваат и на Англиски јазик.

Трудовите што не се земаат во печатење им се враќаат на авторите со образложувања.

При подготвувањето на ракописот задолжителна е употреба на Меѓународниот систем на единици (SI).

**Ракописот треба да содржи:** наслов, автори, институција, апстракт, клучни зборови, вовед, содржина на трудот, заклучок и литература.

**Наслов:** големина на масни **(Bold)** букви, 14 points, RG-MAC C Times, центрирано. Насловот на трудот треба да биде кус, но да дава верен одраз на содржините и по можност да содржи што повеќе клучни зборови од опфатената проблематика.

Еден празен ред.

**Автори:** име и презиме, мали масни **(Bold)** букви, 11 points, RG-MAC C Times, центрирано.

Два празни реда.

**Институција:** ракописни букви, 11 points, RG-MAC C Times, центрирано.

Два празни реда.

**Апстракт:** прво на македонски јазик, 11 points, RG-MAC C Times, а потоа и на англиски јазик, 11 points, Times New Roman, единечен проред. Содржината на апстрактот треба да е суштинска и независна целина.

Еден празен ред.

**Клучни зборови:** максимум до 5 збора, 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред.

**Вовед:** 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред. Во воведниот дел треба накусо да се наведе само најважното од поранешните истражувања поврзано со обработуваната проблематика, а потоа да се објасни целта и важноста на работата - истражувањето.

Еден празен ред.

**Содржина на трудот:** 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред. Содржината на трудот треба да ги опфати теоретските основи, експерименталниот дел и резултатите до кои што се дошло.

Трудовите кои што се однесуваaат на теоретски истражувања, наместо експериментален дел, треба да имаат поглавје **теоретски основи**, во кои ќе бидат изнесени подробностите за проверка на наведените резултати.

Експерименталниот дел треба да биде издвоен и да содржи податоци за употребуваните материјали и опис на применетите принципи и методи на начин кој што ќе овозможи репродуцирање на постапките, но без детално опишување на веќе познатото.

Резултатите до кои се дошло и дискусијата треда да бидат дадени во едно поглавје. Дискусијата треба да содржи анализа на резултатите и заклучоците кои што можат да се извлечат.

Еден празен ред.

**Заклучок:** 11 points, RG-MAC C Times, единечен проред. Заклучокот треба да претставува кусо резиме од трудот, а да ги опфати и резултатите до кои се дошло со истражувањето.

Еден празен ред.

**Литература:** 11 points, RG-MAC C Times, цитирана според светските стандарди. Литературата се наведува во посебно поглавје при што библиографските единици се нумерираат по оној ред по кој што се појавуваат како во фус нотите во текстот.

**Маргини:** - Б5 формат, трудовите отчукани на непровидна хартија од канцелариски формат А4 со работен простор:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - горна: 5 см | - Top: | 1.89" | | 4,8 cm |
| - долна: 5 см или Page Setup компјутерски | - Botoom: | 1.89" | или | 4,8 cm |
| - лева: 4 см параметри во инчи (inch) | - Left: | 1.58" | во см | 4 cm |
| - десна: 4 см | - Right: | 1.58" | | 4 cm |
| | - Gutter: | 0" | | 0 cm |

**Печатар:** ласерски принтер.

**Примените ракописи** уредувачкиот одбор ги испраќа на рецензенти. Рецензентите и авторите остануваат анонимни. Рецензираните трудови, заедно со евентуалните забелешки и мислења на уредувачкиот одбор, се доставуваат до авторите. Тие се должни, најмногу во рок од 15 дена, да ги извршат неопходните корекции.

**Категоријата на трудот** ја предлага авторот, но уредувачкиот одбор ја донесува дефинитивната одлука врз основа на мислењата на рецензентите.

**Пробните отпечатоци** по потреба им се испраќаат на авторите заради корегирање на печатарските грешки, ане за измена на текстот. Евентуалните нови сознанија можат да се дадат само како куса

белешка после текстот. Коригираните пробни отпечатоци треба да се вратат на редакцијата во рок од 2 (два) дена.

Брзината на објавувањето на трудот, покрај останатото, зависи и од придржувањето кон ова упатство.

**Трудот** се доставува отпечатен според горенаведените пропозиции и на дискета.

**Рокови за испраќање на трудовите:** 30.04. и 31.10. во тековната година на

АДРЕСА: 1. ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
прог. д-р Трајан Гоцевски, главен и одговорен уредник или
2. ВОЕНА АКАДЕМИЈА НА РМ - СКОПЈЕ
доцент д-р Сокле Кочоски, полковник, заменик главен уреник

***УРЕДУВАЧКИ ОДБОР***
***НА СПИСАНИЕТО***
***"Современа македонска одбрана"***

СК/СК
***Скопје, 23.12.1999 година***